

Д-р Цане Т. Мојаноски е редовен професор на Факултетот за безбедност-Скопје. Автор е на 12 книги од кои 6 универзитетски учебници: „Методологија на безбедносните науки“ во три тома, „Политичка социологија“, „Основи на статистиката на криминалот“ и „Основи на општественото уредување“ , и 11 коавторски книги и бројни трудови. Меѓу другото ги објавил монографиите: „Социјалниот, политичкиот и интересовен идентитет на политичките партии во Македонија“, „Летопис на македонската демократија“ и а во коавторство и: „Индекс на безбедност 1 и 2“„Мислењето на граѓаните за работата на полицијата“ и „Мислењето на граѓаните за корупцијата“ и др.



Д-р Марјан Ѓуровски е доцент на Факултетот за безбедност-Скопје. Докторирал и магистрирал на УКИМ-Скопје. Во 2017 година избран е за продекан за наука и развој на Факултетот за безбедност-Скопје. Претседател е на Македонското политолошко друштво. Автор односно коавтор е на универзитетскиот учебник „Управувањето со кризи меѓу теоријата и практиката“ и универзитетските монографии: „Безбедносни политики и концепти“, „Евроатланските интеграции безбедносен клуч-економскиот развој и меѓународната безбедност“, „Индекс на безбедноста I и II“, „Полицијата и јавноста“ и др. Во изминатиот период бил на повеќе функции и советнички позиции во извршната власт на државата. Сопруг и татко на една ќерка.



Д-р Гојко Павловиќ е роден во Травник, Босна и Херцеговина. Тој успешно ги завршил своите докторски студии со одбрана на докторската дисертација на Правниот факултет на Универзитетот Унион во Белград во 2015 година на тема „Државна безбедност и заштита на човековите права“ и се стекнал со научен назив: доктор на науки - правни науки. Во академска кариера, тој досега има објавено шест научни книги и монографии, над 60 научни трудови.

ВОВЕД ВО БЕЗБЕДНОСТА



### Фондација Конрад Аденауер

Почнувајќи од јули 2000, кога беше отворено претставништвото на Фондацијата „Конрад Аденауер“ во Скопје, беа реализирани значаен број на активности кои имаат за цел да придонесат натамошно да се подобруваат вкупните прилики во земјата. Во таа смисла, соработката со академската заедница за нас претставува посебен императив и предизвик, при што поддршката во издавањето на овој учебник е уште еден логичен чекор во оваа насока. Искрено се надеваме дека оваа книга ќе им ги збогати знаењата не само на студентите од Факултетот за безбедност во Скопје, туку и на останатите академци од другите високообразовни институции во државата. Истовремено, веруваме дека ова четиво ќе биде предизвик и за сите други добронамерници кои во рамките на своите професии, исто така, се занимаваат со прашањата што се третираат во него.

МОЈАНОСКИ ЃУРОВСКИ ПАВЛОВИЌ

KONRAD ADENAUER STIFTUNG

ЦАНЕ Т. МОЈАНОСКИ МАРЈАН ЃУРОВСКИ ГОЈКО ПАВЛОВИЌ

# ВОВЕД ВО БЕЗБЕДНОСТА

ФОНДАЦИЈА КОНРАД АДЕНАУЕР - СКОПЈЕ

ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ - СКОПЈЕ

**Цане Т. МОЈАНОСКИ Марјан ЃУРОВСКИ Гојко ПАВЛОВИЌ**

# ВОВЕД ВО БЕЗБЕДНОСТА

СКОПЈЕ, 2018 ГОДИНА

*Со Договорот од Преспа потпишан на 17 јуни 2018 година отпочна процесот за промена на уставното име на Република Македонија. Договорот стапи на сила на 12.2.2019 година. Бидејќи оваа публикација е започната со изработка пред стапување на сила на Договорот, во текстот за оваа издание ќе се користи името „Република Македонија“.

# ИМПРЕСУМ

**Наслов:**
Вовед во безбедноста

**Автори:**
д-р Цане Т. Мојаноски
д-р Марјан Ѓуровски
д-р Гојко Павловиќ

**За издавачите:**
**Јоханес Д. Раи,** Раководител, Претставништво на Фондацијата Конрад Аденауер - Скопје
**д-р Никола Дујовски,** Декан, Факултет за безбедност - Скопје, Универзитет „Св. Климент Охридски“, Битола

**Рецензенти:**
д-р Томе Батковски, Факултет за безбедност - Скопје, Универзитет „Св. Климент Охридски“, Битола
д-р Неџат Корајлиќ, Факултет за криминалистика, криминологија и безбедносни студии при Универзитетот во Сараево, Босна и Херцеговина

**Координација:**
Иван Јованов

**Лектура:**
Ивана Коцевска

**Дизајн и печат:**
Винсент Графика ДОО Скопје

**Тираж:** 210 примероци

**Публикацијата може бесплатно да се преземе на:**
http://www.kas.de/mazedonien/en/

**Напомена:**
Ставовите изнесени во публикацијата не се ставови на Фондацијата Конрад Аденауер, туку се лични гледишта на авторите.

Врз основа на член 110 од Законот за високо образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 82/18) и Правилникот за организирање на издавачката дејност на Универзитетот „Св. Климент Охридски“- Битола, Наставно - научниот совет на Факултетот за безбедност – Скопје, на седницата одржана на 28.02.2019 година донесе одлука број 08-189/13 од 28.02.2019 година согласно рецензиите објавени во Билтенот на Универзитетот, бр. 451 од 01.02.2019 година се одобрува печатење на книгата, како постојан учебник за предметот Современи теории и системи за безбедност.
© Сите права се заштитени.

# С О Д Р Ж И Н А

ПРЕДГОВОР ..... VII
ИЗВАДОК ОД РЕЦЕНЗИЈАТА..... XII

ВОВЕД ..... XV
Континуитет за парадигмите и моделите за безбедност..... 1
Дефинирање на безбедноста како концепт ..... 5
Тврда и мека безбедност..... 8

ГЛАВА ПРВА
ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ НА БЕЗБЕДНОСТА
Воведни разгледувања ..... 14
Првите размислувања и толкувања за безбедноста..... 15
Идејата за безбедноста во периодот од XVII до XX век ..... 20
Современи поимања на безбедноста ..... 26

ГЛАВА ВТОРА
ЕВОЛУЦИЈА НА БЕЗБЕДНОСТА
Логичка анализа на безбедноста ..... 35
Заштита ..... 39
Одбрана, стабилност, мир..... 41
Референтни интереси на безбедноста..... 44
Идентитет, специфичности, вредности на групата..... 46
Безбедносна појава ..... 51
Предмет на истражување на безбедноста ..... 54
Безбедносна дилема ..... 60

ГЛАВА ТРЕТА
ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПОИМОТ БЕЗБЕДНОСТ
Воведни разгледувања ..... 77
Етимологија на терминот безбедност (јазичен поим)..... 78
Општ и правен поим на безбедноста.....81
Содржинска анализа на поимот безбедност ..... 86

ГЛАВА ЧЕТВРТА

НАУКА ЗА БЕЗБЕДНОСТА

Карактеристики на поимот наука ............................................... 95
Конститутивни елементи на науката........................................... 95
За поимот безбедносна наука – наука за безбедност.............. 97
Асфалиалогија - наука или научна дисциплина....................... 101
На која група науки припаѓа асфалиалогијата? ....................... 103
Оправданост на асфалиалогијата ............................................. 103
Дали постои посебен предмет на асфалијалогијата?.............105
Безбедност, сигурност и заштита ............................................. 107
Безбедноста како дејност ........................................................... 108
Истражување на безбедноста ................................................... 111
Поимот науки за безбедноста (безбедносни науки) .............. 115
Универзитетски наставни дисциплини .................................... 121
Класификување на безбедносните науки ................................ 126
Проблеми со класификувањето на безбедносните науки..... 127
Критериуми за класификација на безбедносните науки ....... 132
Идентификација на безбедносните науки .............................. 139

ГЛАВА ПЕТТА

БЕЗБЕДНОСТА КАКО ПРЕДМЕТ НА НАУЧНО ИСТРАЖУВАЊЕ

Воведни разгледувања ............................................................... 149
Меѓународната безбедност, предизвиците, ризиците и заканите како предмет на истражување .............................. 152
Подрачје на интердисциплинарното истражување на асфалиалогијата ........................................................................ 159
Дисциплинарно истражување на асфалиалогијата ............... 161

ГЛАВА ШЕСТА

МЕТОДИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСНИТЕ НАУКИ

Науката и методологијата .......................................................... 171
Карактеристики на методологијата на асфалиалогијата ....... 176
Методологијата на асфалиалогијата како критичка анализа на безбедносната практика ....................................................... 178

Методологијата на асфалиалогијата како научна процедура... 184
Елементи на посебноста на методологијата на асфалиалогијата ........ 185
Кои се целите на универзитетското изучување на методологијата? ........ 188
Методи на асфалиалогијата ........ 189
Методски постапки за собирање податоци ........ 195

ГЛАВА СЕДМА
ТРАДИЦИОНАЛНИ И СОВРЕМЕНИ КОНЦЕПТИ НА БЕЗБЕДНОСТА
Воведни разгледувања ........ 211
Традиционалните концепти на безбедноста ........ 212
Современи концепти на безбедноста ........ 214
Безбедност на поединецот/човекова безбедност ........ 220
Национална безбедност ........ 228

ГЛАВА ОСМА
СУБЈЕКТИ КОИ ЈА ОСТВАРУВААТ БЕЗБЕДНОСТА
Воведни разгледувања ........ 239
Вооружени сили - Армија ........ 241
Безбедносни служби ........ 244
Јавна безбедност/полиција ........ 247
Останати државни органи со овластувања ........ 256
Приватна безбедност ........ 259
Физичко обезбедување ........ 265
Техничко обезбедување ........ 268
Детективски работи ........ 271

ГЛАВА ДЕВЕТТА
ЈАВНО-ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО
Воведни разгледувања ........ 279
Модели на јавно-приватно партнерство во безбедноста ........ 282

Предвизици и можности во партнерството ............................ 285
Индекс на автори ........................................................................ 294
Индекс на поими ......................................................................... 298

СЛИКИ И ШЕМИ

Слика број 1 Заштита и загрозување на безбедноста – безбедност и небезбедност ....................................................... 37
Шема број 1 Критериуми за класификација на безбедносните науки ................................................................. 132
Шема број 2 Приказ на системот на безбедносните науки... 140

# ПРЕДГОВОР

Основната задача на науката е да создава простор, да се соопштуваат и на судот на јавноста да се достапни погледите, гледиштата, сличностите и разликите во восприемањето на појавите и во начинот на интерпретацијата на истите.

Љубопитниот читател може да констатира дека постојат бројни пристапи во проучувањето на безбедноста, дека се дебатираат и аргументираат различни концепти, теориски модели и истражувачки искуства. Таа отворена и жива дебата упатува на тоа дека станува збор за подрачје кое подеднакво е предмет на интерес на повеќе корпуси на науки, истражувачко подрачје во кое се среќаваат теориско-методолошките дебати и контроверзи за тоа што е тоа безбедност и како се именува тоа подрачје.

Појавата на книгата „Вовед во безбедноста“ е обид на две генерации истражувачи на едно место да ги соопштат погледите, истражувачкиот фокус, но и дилемите во актуализирањето и истражувањето на прашањата поврзани со безбедноста, со нејзиното научно проучување. Таа е обид на едно место да се вкрстат дел од специфичните гледања на поврзани со поимите наука и научно сознание.

Во ова издание се понудени текстови на Цане Т. Мојаноски во четвртата, петтата и шестата глава, посветени на поимите наука за безбедност (асфалиалогија) и нејзината методологија. Тие во основа се актуелизирани, преуредени и освежени содржини соопштени на повеќе меѓународни конференции, но и во учебникот „Методологија на безбеднсните науки – основи“ Книга прва, наменет за првиот цикус универзитетски студии. Во овој дел од заедничкото издание на синтетизиран начин се нуди преглед на дел од методите и истражувачките постапки што се применуваат во истражувањето на безбедноста и се неопходни за конституирањето на посебната наука – наука за за безбедност, која се предлага да се именува со терминот „асфалиалогија“.

Авторите Марјан Ѓуровски и Гојко Павловиќ го напишаа воведот, првата, втората, седмата, осмата и деветтата глава.

Воведот во безбедноста е коавторски концепт во кој се дебатираат прашањата поврзани со проучувањето на безбедноста како подрачје, сет на научно-истражувачки пристапи и дисциплини, па се до пристапот кој ја актуелизира дебатата и потребата од конституирање на општа наука. И самиот коавторски потфат во себе ги содржи различните концепти за восприемањето што е тоа безбедносна наука, кој е нејзиниот идентитет, посебност и колку таа успева да го „монополизира“ подрачјето безбедност, каде се среќаваат, стекнуваат и афирмираат нови сознанија мноштво науки и научни дисциплини чиј идентитет е релативно значајно етаблиран во системот на науките. Конституирањето и именувањето на науката за безбедност како асфалиалогија или можеби секјуритологија, на еден или друг начин значи нудење на концепт и основа за натамошно промислување и продлабочување на овие прашања.

Авторскиот тим во оваа прилика изразува особена благодарност до рецензентите проф. д-р Томе Баткоски, редовен професор на Факултетот за безбедност во Скопје и проф. д-р Неџад Корајлиќ, редовен професор на Факултетот за криминалистика, криминологија и безбеднони студии од Сарајево, за внимателното читање на текстот и сугестиите што придонесоа ова издание да се појави во овој облик. Во оваа прилика изразуваме благодарност, до Ректорската управа на Универзитетот „Св. Климент Охридски“, до Наставно-научниот совет и Деканот на Факултеот за безбедност – Скопје, проф. д-р Никола Дујовски и до Јоханес Д. Раи, Раководител на Фондацијата Конрад Аденауер во Република Македонија, за сесрдната подршка и напор ова издание да стигне до читателите и љубопитната јавност.

Претставништвото на фондацијата Конрад Аденауер дава значаен придонес кон развојот на научната академска мисла и едукацијата во високото образование - за што сме целосно

благодарни како автори и како Факултет за безбедност. Им благодариме и на сите колешки и колеги кои преку телата на Факултетот придонесоа ова издание да добие јавност.

Скопје, Април 2019 година

д-р Цане Т. Мојаноски
д-р Марјан Ѓуровски
д-р Гојко Павловиќ

**ИЗВАДОК ОД РЕЦЕНЗИЈАТА**

Книгата „Вовед во безбедноста„ е резултат на самостојна научна работа и претставува придонес во научното промислување на безбедноста, а посебно на полето на научното проучување пошироко.

Учебникот како оригинален труд изобилува со богатство од информации, содржински иновации, афирмирање на знаењето за областите што ги покрива и со својот конзистентен педагошки пристап. Тој е содржински кохерентен, методолошки добро поставен и темелен во поставувањето на темите. Начинот на прикажување на материјата е едукативен и доволно јасен. Посебна вредност на трудот претставуваат прикажаните карактеристични случаи, кои ги појаснуваат изложените поими. Сите презентирани теми и содржини во книгата се базирани на најреномирани меѓународни истражувања и пишувања во тоа научно поле. Во трудот е видливо повеќегодишното искуство на авторите како во педагошката работа со студентите, така и како научни работиници во оваа област.

Прво, содржините кои се предмет на обработка се изнесени со јазичен израз кој од една страна има рафиниран академски тон, а од друга страна, истовремено импресионира со својата едноставност и наративна разбирливост. Второ, изнесените ставови погледи, теоретски концепти, аргументи и други факти се научно засновани, поткрепени со релевантни сознанија од домашни и странски извори. Трето, начинот на обработка и избор на темите за обработка овозможуваат квалитетен влез на читателот до суштината на безбедноста и до субјектите во безбедносниот систем.Четврто, во обликувањето на трудот се забележува значајна методичка и дидактичка обработка. Секоја глава содржи: преглед, кои цели треба да се постигнат, вовед, разработка на тематската целина, резиме, прашања за дискусија и дополнителна литература.

Потписниците на учебникот направиле опфат на најзначајните, но и најактуелни погледи за безбедноста кои имаат значење како за збогатување на учењето за безбедноста, така и за практикувањето на безбедноста како една од најважните ,,алатки,, за превенција од ризици и закани во општеството. Книгата со својата содржина, недвосмислен израз, јасна и разбирлива наративност и со другите содржински и методолошки вредности пополнува една значајна празнина во македонскиот научен простор.

Овој учебник и слични на него се насушна потреба не само за студентите, туку и за пошироката читателска публика и има функција на четиво од кое се очекува да помогне во надминувањето на симплифицираните погледи за суштинското разбирање на безбедноста, државата, меѓународната заедница, демократијата, темелните човекови права и слободи и многу други аспекти од секојдневната општествена реалност. Ако се има во предвид потребата од развивање и навлегувањето пред се во науката за безбедност, не само кај студентите, туку и кај носителите на одлуки и недржавните актери во безбедносниот систем, тогаш оваа книга доаѓа во вистинско време, со значење кое ги надминува потребите и целите за кои е наменета како учебник за студентите.

Од книгата „Вовед во безбедност„ од д-р Цане Мојаноски, д-р Марјан Ѓуровски и д-р Гојко Павловиќ секој може да научи многу важни работи за начинот и методите на истражување на безбедносните појави и секој да има практична корист и примена на стекнатите знаења, со што може да се нагласи и апликативната вредност на трудот.

Референците покажуваат дека трудот се темели како на втемелени така и на современи научни парадигми и истата му овозможува на читателите подлабоко да навлезат во оваа проблематика. Во презентирањето на материјата се користи широка литература, во која се застапени најпознатите светски

автори од областа, поради што учебникот заслужува мошне висока научна и стручна оценка и претставува вистински и оригинален придонес во својата област. Книгата заслужува посебно научно, стручно и професионално вреднување и претставува значаен придонес во академската литература.

Р е ц е н з е н т и

Проф. д-р Томе Батковски
Факултет за безбедност-Скопје при
Универзитетот „Св.Климент Охридски„-Битола

Проф. д-р Неџад Корајлиќ
Факултет за криминалистика, криминологија и
безбедносни студии-Сараево при Универзитетот во Сараево

# ВОВЕД

На крајот на XX и почетокот на XI век под влијание на промените кои настанаа во меѓународните односи (глобализацијата и регионализацијата, демографските и еколошките проблеми), истражувањето на безбедноста беше проширено со концептите на индивидуалната, социеталната, регионалната, меѓународната, глобалната безбедност и др.

Идентификувањето на суштината и природата на безбедноста претставува комплексен и мултидимензионален проблем и предизвик. Постои консензус дека безбедноста подразбира слобода од закани по основните вредности. Но, има несогласување дали главниот фокус на истражувањето треба да биде на индивидуалната, националната, меѓународната или на интегралната безбедност. Во периодот на Студената војна беше доминантна идејата за национална безбедност, која, главно, беше дефинирана со воени термини.

Безбедноста е комплексен феномен, концепт кој низ историјата многу често еднострано и тесно се дефинираше. Во меѓународните односи, безбедноста различно се дефинира и мошне често овој поим во литературата се користи без негово поблиско определување. Безбедноста е комплексен феномен и, во суштина, спорен концепт, не само поради нејзината недостижна природа и содржина со оглед на времето и местото во кое се дискутира за неа, туку и поради фактот што дискусијата за безбедноста е неизбежно поврзана со други категории: страв (за физички опстанок), отсуство на структурно насилство, мир, благосостојба и стабилност.

## КОНТИНУИТЕТ ЗА ПАРАДИГМИТЕ И МОДЕЛИТЕ ЗА БЕЗБЕДНОСТ

Парадигмите и институционалните модели за безбедноста имаат историски континуитет. Тие се менувале. Безбедноста нераздвојно е поврзувана со државата и со нејзината организа-

ција, органи и функција. Современите дебати за безбедноста се проширени на социјалната и на политичката сфера. Иако кога ќе се спомене поимот безбедност, пред сè, се асоцира на внатрешниот мир и мирниот живот на граѓаните, односно како слобода од закани, но упатува и на состојбата на одбрана од надворешен непријател и загрозување на суверенитетот. Значи, централниот интерес на поимот безбедност е државата, која може да е загрозена од внатрешни потреси, економски и општествени нарушувања, особено во заедниците кои имаат недостиг на чувство на загрозеност на идентитетот и социјалната кохезија. Оттаму, може да се констатира дека „слободата не е ништо ако нема безбедност" и дека „тест за слободата е безбедноста на малцинствата" (Актон, 2001).

Редефинирањето на безбедноста и нејзините концепти се движи во просторот на дијалектиката помеѓу сознајните и материјалните фактори, односно помеѓу изменетите услови за опстанок и просперитет и новите научни сознанија. Фокусот на оваа книга, меѓу другото, е доаѓање до најсоодветен концепт кој ќе оствари влијание во креирањето на безбедносната политика која воедно ќе одговори на потребите и ризиците на Република Македонија.

Безбедноста е поврзана со прашањето на опстанокот на државата. За безбедност зборуваме кога едно прашање или појава се изнесени како егзистенцијална закана за претходно дефинирани референтни објекти (до сега најчесто тоа беа државата, територијата, населението). Специфичната (најчесто ултимативна) природа на безбедносните закани ја оправдува употребата на вонредни мерки за излегување на крај со нив. Токму повикувањето на безбедносните закани претставува основа за давање овластување на државните органи за законска употреба на сила.

Проблемот на националната безбедност треба да се сфати како систематичен безбедносен проблем во кој и индивидуите и државите и меѓународниот систем имаат свој дел,

и во кој економските, социјалните и факторите од сферата на животната средина подеднакво се значајни како и политичките и воените. Преку ваквата интегрална перспектива, нивоата и секторите на националната безбедност претставуваат многу покорисна платформа за согледување на проблемот (Георгиева, 2004).

Потребата за проширување на безбедносната агенда се појави поради незадоволството од интензивно намалување на полето на безбедносните студии што беше наметнато од спецификите на Студената војна. Дополнителен поттик даде подемот на економските и на еколошките агенди во меѓународните односи во текот на 70-тите и на 80-тите години на 20 век, а подоцна и реактуализирањето на прашањата за идентитетот и за транснационалните криминални мрежи во текот на 90-тите години на 20 век.

Стивен Валт (Stephen Walt) на прилично едноставен начин ја објаснува традиционалната позиција. Тој вели дека безбедносните студии се во врска со појавата на војна и дека може да се дефинираат како „проучување на заканата, употребата и контролата на воената сила“.

Инаку, предлозите за проширување на безбедносната агенда, очекувано, предизвикаа реакции од традиционалистите со аргументација дека ваквото проширување ја загрозува кохерентноста на безбедносните студии и дека додавањето толку многу нови елементи во нив, наводно, придонесува за запоставување на суштинските компоненти.

Приговорите на традиционалистите за слабеење на конзистентноста треба да се третираат со должно внимание, но, исто така, е точно дека сведувањето на безбедносната агенда само на воените прашања и на државната безбедност не е ниту единствениот, ниту најдобриот начин за објаснување на новите предизвици. Притоа сосема е јасно дека не секое пра-

шање, на пример, од сферата на економијата или на екологијата може да добие третман на безбедносно прашање, меѓутоа нивното исклучување априори сигурно не го зацврстува методолошкиот пристап во истражувањето.

Клучните прашања во редефирањето на концептот на безбедноста и нејзините политики во случајот на Република Македонија се: што/кој е референтен објект на безбедноста, чија безбедност е во прашање, што значи безбедноста и кои се неопходните услови за нејзино одржување. Овие прашања се протегаат од политичките преку економските кон општествените, како и евентуалните воени проблеми на Република Македонија.

Книгата треба да даде симплифициран одговор на прашањето кој е референтен објект на безбедноста, односно безбедноста на државата, бидејќи не се задоволуваат современите димензии на концептот на безбедноста. Безбедноста на кој било од референтните објекти не може да се воспостави во вакуум или во изолација од другите актери на меѓународниот систем. Безбедноста на еден од нив претставува состојба-предуслов за безбедноста на другите субјекти (Никодиновска-Стефановска, 2009).

Во годините што доаѓаат заканите за безбедноста на Република Македонија нема да произлегуваат од класичните армии, туку од организираните криминални групи и од нивната спрега со политичкиот и со етничкиот екстремизам. Иако во изминатиов период атрактивноста на политичките идеологии е значајно намалена по серијата војни и направените меѓународни договори кои ја запреа реализацијата на идеите за големи држави на Балканот, во регионот сè уште се присутни преостанатите две страни на триаголникот на насилството: значителен арсенал оружје, како и неколку илјади луѓе чијашто единствена професија е војувањето.

Во досегашните анализи на безбедносните показатели во Република Македонија многу малку внимание е посветувано на економските фактори и тенденции и на нивното влијание и значење за создавањето позитивна безбедносна околина. Во услови кога потенцијалите на македонската економија се исклучително слаби, не е возможно значително алиментирање и поддршка на реформите и на развојот во секторите на одбраната и на безбедноста, ниту, пак, атрактивна финансиска стимулација што ќе гарантира висока мотивираност на основниот и на старешинскиот кадар во армијата и во полицијата, како и на нивните резервни компоненти.

## ДЕФИНИРАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА КАКО КОНЦЕПТ

Безбедноста е комплексен феномен, концепт кој низ историјата многу често еднострано и тесно се дефинираше. Во меѓународните односи, безбедноста различно се дефинира и мошне често овој поим во литературата се користи без негово поблиско определување. Безбедноста е комплексен феномен и, во суштина, дебатиран концепт не само поради нејзината недостижна природа и содржина со оглед на времето и местото во кое се дискутира за неа, туку, исто така, поради фактот што дискусијата за безбедноста е неизбежно поврзана со други категории: страв (за физички опстанок), отсуство на структурно насилство, мир, благосостојба и стабилност.

Како политичка концепција, безбедноста очигледно е предуслов за постоење на живот – индивидуален и социетален и се однесува на отсуство од закани и заштита од нив. Сфаќањето на безбедноста како вроден интерес на секоја индивидуа и на пошироките човечки колективитети, фамилија, општество, нација, држава, меѓународен систем, укажува на потребата од проширување на концептот на безбедноста кон овие колективитети. Оттука, во теоријата се обликуваат концепти како национална и меѓународна безбедност и, во поново време, инди-

видуална, социетална и глобална безбедност, што укажува на значајно ширење на нови димензии на безбедноста.

Многу е полесно да се дефинира безбедноста преку нејзино непостоење отколку преку нејзино присуство/постоење, односно во негативна отколку во позитивна смисла.

Валтер Липман (Walter Lipman) смета дека нацијата е безбедна доколку не е во опасност да ги жртвува основните вредности ако сака да избегне војна и е способна да ги сочува со победа во таква војна. Според Арнолд Волферс (Arnold Wolfers), безбедноста во објективна смисла подразбира отсуство од закани по постигнатите вредности, а во субјективна смисла отсуство на страв дека тие вредности можат да бидат нападнати.

Војин Димитриевиќ, пак, ја одредува безбедноста во меѓународните односи како отсуство на опасност по фундаменталните вредности на државите како што се: опстанокот, територијалниот интегритет, политичката самостојност, квалитетот на животот и т.н. витални или национални интереси.

Владимир Иблер ја одредува безбедноста на државите како „збир на фактички околности и прилики, општа состојба во која се наоѓа државата, а која ѝ овозможува и ѝ гарантира сигурност од надворешните опасности што би можеле да ги загрозат нејзините животни интереси, нејзината територијална целокупност... и, во краен случај, самиот нејзин опстанок“.

Како активност, безбедноста е поврзана со заштитната функција на државата, што подразбира голем број конкретни операции и дејства/чинења на различни државни органи и агенции и/или други субјекти што учествуваат во реализацијата на оваа заштитна функција (Стајић, 2003).

Безбедноста како активност е неделив атрибут на државата, што подразбира практицирање безбедносни задачи

со цел да се заштитат одредени вредности. Безбедноста, исто така, е дефинирана како состојба во која е осигуран балансиран физички, духовен, ментален и материјален опстанок на поединецот и на социеталната заедница спрема другите поединци, социеталната заедница и природата. Дефинирањето на поимот безбедност, иако е сложено и условено со повеќестран пристап, се наметнува како потребно за да се осознаат причините кои го предизвикуваат, односно за да се утврди организацискиот облик (систем) низ кој најефикасно се остварува таа дејност. Безбедноста, всушност, е иманентен структурен елемент на државата, која на денешниот степен на културно-цивилизациски развој бара современ пристап кон нејзиното разрешување и организирање. Заостанувањето во економскиот развој, социјалната загрозеност, асоцијалните и патолошки однесувања, технолошките и други несреќи, како и еколошките проблеми, се нови извори на негативности и видови загрозување на поединците, државите и на природата. Затоа, безбедноста, во најширока смисла, претставува состојба на стабилност во државата и во природата, која е насочена кон вршење превентивни подготовки за заштита и одбрана, пред сѐ, од различни извори на загрозување, за да не се предизвика нерамнотежа во општеството и во природата, која би го загрозила физичкиот, општествениот и духовниот интегритет на луѓето (Митревска, Гризолд и др., 2009)

Дефиниран во енциклопедиска смисла, поимот безбедност подразбира отстранување на сите активности (чинења) и пропуштања (нечинења) кои ги загрозуваат или можат да ги загрозат луѓето, редот, јавниот поредок, материјалните и духовните добра, објектите, определен простор или некоја друга вредност; во социолошка смисла, безбедноста подразбира (претставува) динамичен склоп на односи и процеси во општеството со кои се обезбедува непречено остварување на производствената дејност на луѓето, односно нивното создавање материјални и општествени вредности или нивно непречено практично дејствување; во правна смисла подразбираме постоење правен ред и поредок во државата со пропишани

казниви дела, ефикасен безбедносен систем на откривање, попречување и сузбивање на казнивите дела и постоење ефикасен судски систем за благовремено и правично пресудување. Почнувајќи од периодот на деколонизацијата (по Втората светска војна), регионалното ниво на безбедносни анализи станува сè подоминантна матрица во меѓународната политика, а по завршувањето на Студената војна, во 1989 година, овој процес добива уште поголем интензитет.

Неспорно е дека секој кохерентен пристап кон безбедноста треба да почне со повлекување јасна граница меѓу различните нивоа на анализа. Правењето разлика меѓу регионалното ниво и нивото на основната единица најчесто не е проблематично, затоа што единиците имаат препознатлив и прилично висок степен на субјективност.

## ТВРДА И МЕКА БЕЗБЕДНОСТ

Важно е да се забележи разликата меѓу т.н. тврда и мека безбедност (hard и soft security). Основните карактеристики на тврдата безбедност се:

- заканата доаѓа однадвор и има карактер на меѓудржавна закана;
- одговорот вклучува способност да се одговори со уверлива закана или со фактичка употреба на воена сила;
- капацитетот за воен одговор е географски структуриран;
- самиот концепт се потпира врз длабочината на територијата, односно врз т.н. просторна стратегија.
- Основните карактеристики на меката безбедност се:
- станува збор за внатрешни или прекугранични безбедносни закани, кои во типичното сценарио не содржат елементи на меѓудржавни спорови;
- основните средства за одговор не се состојат во употребата на воена сила, туку, пред сè, во внатрешниот

систем на кризен менаџмент во кој е нагласена превентивната функција;

- капацитетот да се одговори на меките закани не е географски структуриран;
- од суштинска важност е широчината во примената на безбедносните мерки, а не длабочината на територијата предвидена за воен судир.

Меките безбедносни закани имаат тенденција со текот на времето да се шират во просторот, за што типични примери се тероризмот или организираниот криминал. Имено, затоа при соочувањето со нив одговорот не е заснован на просторна дистрибуција на силата, туку на употреба на превентивни инструменти: контрола на движењето на луѓето, регулирање на финансиските трансакции, аналитично-истражувачка полициска работа, контрола на илегалната трговија со оружје и со дроги, навлегување во терористичките мрежи и во криминалните организации и сл. Тоа значи дека ако кај тврдата безбедност војниците се примарни актери на одбраната, меката безбедност во најголем обем зависи од планерите во политиката, односно од цивилната компонента на системот. Флексибилноста е најважната димензија кај меката безбедност, а во случаите кога се вклучени прекугранични елементи, меѓународната соработка и координацијата на оперативно ниво се круцијални за успех.

Според својата генеза и внатрешни специфики, особено во првите фази по избувнувањето, етничкиот конфликт претставува речиси во целост мека безбедносна закана. Меѓутоа, во натамошните фази, кога предизвикува ерозија на државата и надворешна интервенција и менаџирање заради ограничување на неговото евентуално влијание врз пошироката регионална безбедност, тој се трансформира во тврда безбедносна закана.

# ГЛАВА ПРВА
## ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ НА БЕЗБЕДНОСТА

## ЦЕЛИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ПОСТИГНАТ

Во овој дел се продлабочуваат знаењата за историскиот развој на безбедноста и гледиштата поврзани со одреден временски период. Од различниот приод и дебатата која се отвара во зависност од временскиот период.

Да се разгледаат и идентификуваат безбедносната и одбранбената функција во првобитните општества и во преодните општества. Една од често употребуваните класификации на државите во корелација со безбедноста е и нивната поделба на постмодерни, модерни и на предмодерни кои треба да се разграничуваат. Запознавање на парадигмите и институционалните модели на безбедноста се менувале низ историјата.

Да се утврди дека во подоцнежните историски фази на развој на човековото општество (античка и феудална доба, нов век и современа доба), потпишувањето на билатерални и мултибилатерални контракти (договори) за мир, пријателство, сојуз, здружување, разграничување, забрана на употреба сила и војување, арбитражи, взаемна помош, почитување на човековите права и слободи итн. меѓу државите, била редовна пракса во меѓународните односи.

Спознавање со поновите етапи на историски развој кога се појавуваат и институционални облици на меѓународна безбедносна соработка, како што се Светата Алијанса, Лигата на народите и Обединетите Нации. Заради поцелосен преглед на ставовите за меѓународна безбедност, потребно е да се анализираат традиционалните и модерни теоретски правци.

## ВОВЕДНИ РАЗГЛЕДУВАЊА

Поимот безбедност низ историјата се сфаќал, се толкувал и се означувал на различни начини. Исто така, тоа е поим кој како ретко кој друг поим се спомнува и се проучува во сите гранки на науката, како во природните и техничките, така и во општествените и хуманистичките науки. Токму поради користењето на поимот безбедност во разни области на животот и работата, значително е отежнато негово еднозначно дефинирање. Понатаму, факт е дека промените настанати на меѓународната сцена, по завршувањето на Студената војна, ги условиле и промените околу замислата во врска со поимот безбедност воопшто, како и за неговите концепти. Во врска со тоа во работата се истакнува дека традиционалните сфаќања за безбедноста не се повеќе во состојба да ја објаснат и да излезат на крај со сложената природа на современите безбедносни предизвици, ризици и закани.

Поимот безбедност ги интересира човекот и неговата заедница од нивното настанување, а во модерните времиња почнал да се употребува во речиси сите подрачја на човечката дејност. Меѓутоа, и покрај тоа одделни автори предупредуваат дека поимот безбедност истовремено е и еден од најмалку објаснетите поими, и дека поради тоа за негово разбирање е неопходно да се проучуваат основните категории на тој поим (Tatalović, 2006).

Така Арнолд Вулферс (*Arnold Wolfers*), уште во средината на минатиот век предупредил за повеќедимензионалноста и сложеноста на поимот безбедност, определувајќи го како „неопределен симбол" (*ambiguous simbol*) кој може но не мора да има некое значење (Wolfers, 1952).

Безбедноста како услов за опстанок и дејствување на поединецот, општеството, државата и меѓународната заедница е една од темелните општествени, т.е. државни функции, за што сведочи и континуирана зафатеност со постигнување на безбедноста во текот на целата историја на човештвото. Меѓутоа, повеќедимензионалниот и сложениот поим, каков што е без-

бедноста, немал исто значење низ историјата (Tatalović, 2006). Имено, безбедноста веќе со векови се проучува како еден мошне комплексен општествен феномен, и тоа од различни аспекти: филозофски, правен, политички, социолошки, економски итн. Токму „...проучувања на историјата на човечкото општество ни сугерираат на заклучок дека прашањата за безбедноста на животот и имотот се меѓу најстарите проблеми со кои се соочувал човекот и кои настојувал да ги реши" (Davidović, 2006).

## ПРВИТЕ РАЗМИСЛУВАЊА И ТОЛКУВАЊА ЗА БЕЗБЕДНОСТА

Првите размислувања и толкувања за безбедноста се наоѓаат уште во античката филозофија, иако безбедноста во тој период не се сфаќала како засебна категорија, туку е изведувана од поопшти содржини, пред сè, од војната и мирот, односно од примената на сила, како и од односот помеѓу територијално организираните и структурираните општествени заедници (држави) (Grizold, 1998), а потоа и слободата и нејзиното значење за човекот и општеството (Имено, сфаќајќи ја слободата како највисок идеал на човекот и одредница на сестраниот развој на човекот и општеството, античките и средновековните филозофи ја уочиле врската на безбедноста со слободата и државата, според која државата има две основни цели, и тоа: заедничка безбедност и слобода како ограничување на насилството кое општеството, т.е. државата го врши врз поединците (Bajagić, 2007: 2).

Така, меѓу античките мислители кои го разгледувале поимот и причините за војната биле и грчките филозофи Платон и Аристотел. Во своите разгледувања за настанокот на државата (Platon, 2002), Платон укажувал и на прашањето за причина за војна доведувајќи го во врска со поимот на т.н. „болна држава". Имено, за разлика од т.н. „здрава држава", во која се произведува само она што е потребно, болна е онаа држава во која не се

произведува и се троши само она што е потребно, туку и луксузни, непотребни работи. Со тоа се создава потреба за една нова група производители на таквите непотребни работи, а земјата која во здравата држава била доволна да ги прехрани сите нејзини граѓани, станува недоволна за граѓаните на болната држава. Токму во тоа лежи причина за војна според Платон, односно за да се дојде до нова земја доаѓа до војни. Платон гледал на војната како на природна законитост, како природна состојба, т.е. начин за решавање спорови (Имало и спротивни сфаќања кои ја отфрлувале и ја осудувале војната. Ваквите сфаќања биле застапени во старата кинеска филозофија (таоизам) и меѓу некои грчки мислители (Аристофан, Питагора, стоиците), кои ја осудувале војната поради нејзиниот уривачки карактер, кршењето на морални и хуманистички начела, неусогласеност со разумот или природата и спречување да се постигне општо човечко единство и усогласеност, (Vukčević, 2005: 159-172).

Според Аристотел, државите би требало да тежнеат кон постигнување среќа на своите граѓани, што би требало да биде највисока државна цел. Во неусогласеноста со правото е обидот на државата да ги потчинува соседните држави, а државата, исто така, не смее да го постави освојувањето како своја цел. Од друга страна, секоја држава мора да биде подготвена да се брани во случај на напад. Државната власт мора да направи сè за земјата да биде недостапна за непријателот и за да може самата да се одбрани. Аристотел тврдел дека воените сили не ѝ се потребни на државата во мир, но во време на нестабилност во односите со соседите и во војна треба да се направи сè за таа воена сила да биде што повеќе организирана (Vukadinović, 2005:8). Исто така, Аристотел ги делел народите на варвари и цивилизирани, и врз основа на таа поделба го застапувал гледиштето дека цивилизираните народи можат да ги покоруваат варварите. Оттаму Аристотел се смета за најстар идеолог на колонијализмот (Dimitrijević-Stojanović, 1996: 22).

Понатаму, во периодот на средновековното христијанство разликуваме т.н. праведни и неправедни војни. Единствено праведните војни можат да бидат преземани, бидејќи тие водат кон мир. За прв што ја развил христијанската доктирина за правото на војна се смета Свети Августин, кој притоа ги разликувал напаѓачките и одбранбените војни. Додека одбранбената војна е оправдана, со оглед на тоа што е природно насилството да се совладува со насилство, напаѓачката војна мора да исполнува определени услови за да биде сметана за праведна војна (*bellum iustum*). Така, одлуката за напаѓачка војна може да ја донесе само легитимна власт, а таа треба да се презема само поради праведна причина и треба да се води со цел воспоставување мир (Femić Vukčević, 2005).

Исто така, со прашањето за војната и мирот се занимавал и Тома Аквински. Разгледувајќи го поимот мир, тој го споредувал мирот со слогата, истакнувајќи дека мирот ја вклучува слогата, но и се разликува од неа. Имено, поимот мир подразбира „меѓусебна усогласеност на сопственото тежнение со тежнението на другиот“, додека слогата ги усогласува единствено тежненијата на различните лица. При разгледување на прашањето дали мирот го сакаат сите човечки суштества, тој одговара потврдно, наведувајќи дека дури и оние луѓе кои тежнеат кон војна имено го сакаат мирот, а не го поседуваат, бидејќи оние кои војуваат сакаат да ја сменат состојбата на слога и да ја претворат во вистински мир. Разгледувајќи го прашањето и природата на војната, тој смета дека мора да бидат задоволени три услови за една војна да може да се смета за праведна: војната треба да се води само според заповед на господарот, треба да постои праведна причина за војување, и треба да постои праведна намера на оние кои војуваат, а тоа е да го унапредат доброто и да го избегнат злото (Akvinski, 1990).

Понатаму, разгледувањата за војната и мирот ги замениле идеите и теориите кои безбедноста на државата ја условуваат со односите со други држави на меѓународен план. Во склоп на

тие идеи можно е да се уочат два правца, и тоа: еден, кој се темели на идејата дека соработка на државите е единствено ефикасно средство за осигурување на безбедноста на државите и воспоставување на трајниот мир; и втор, кој се заснова врз идејата за неопходноста на јакнењето на националната безбедност преку воена моќ или сила, сметајќи дека само силна и независна држава може да ја осигури својата безбедност (Femić Vukčević, 2005). Така, уште во средниот век одделни филозофи, правници, теолози и дипломати се занимаваат со прашањето за организирање на меѓународната заедница со цел зацврстување на мирот, а она што им е заедничко е настојување трајниот меѓународен мир да се оствари со формирање на над државна власт која би ги регулирала односите меѓу државите.

Се претпоставува дека прво дело, врзано за уредување на државите на меѓународен план, со цел да се обезбеди сеопшт мир а во кое се развива идејата за т.н. светска-држава монархија, која стои наспроти кралството како држава со ограничено подрачје, е *Монархија* на Данте. Во неа Данте ја истакнува неопходноста за постоење на светската држава, монархија, која единствена би била во можност да го обезбеди светскиот мир (Grizold, 1998: 66), и под која сите држави би биле обединети. За Данте мирот е највисока цел на човештвото, односно „најдобро од сè што е дадено за нашето блаженство“ (Aligijeri, 1976).

*Кон крајот на* XV *и почетокот на* XVI *век, Макијавели во своето познато дело Владетел* пишува дека безбедноста е прва и најважна човечка грижа и дека поради тоа на чело на државата треба да биде оној кој е храбар и кој е во состојба да се избори за својата безбедност и безбедноста на заедницата.

За Макијавели било нормално секоја држава да тежнее кон владеење врз другите, што во односите создава постојана ривализација со цел максимализација на сопственото добро (Vukadinović, 2005:10). Сите држави, односно владеења се

здобиваат со помош на туѓо или свое оружје, или со среќа или храброст (Makijalveli, 2005: 13). Анализирајќи ги воените односи, Макијавели тврдел дека граѓанска армија е значително подобра од привилегираната елита или наемницте (Макијавели пишувал „дека главните темели на сите владеења, како на новите, така и на старите или мешаните, се добрите закони и добрата армија, и дека не може да има добри закони таму каде нема добра армија, а каде се добрите армии, треба да има и добри закони. Армијата, истакнува понатаму Макијавели, со која владетелот ја брани својата држава, или е негова лична, или наемничка, или помошна или мешана. Наемничка и помошна армија е некорисна и опасна: ако некој владеењето со својата држава го заснова врз наемничка армија, никогаш нема цврсто да стои и да биде сигурен. Оваа армија е раскината, завидлива, недисциплинирана, неверна; храбра спрема непријателите, не се плаши од Бога, не им е верна на луѓето; постои само додека не биде нападната; во мирот таа те ограбува, а во војната тоа го прават непријателите. Тоа доаѓа оттаму што таа нема друга љубов ниту друга причина која ја држи во служба освен малку плата која не е доволна наемниците да се согласат да умрат за владетелот“. На крај, Макијавели заклучува дека наемничката армија носи само штета, бидејќи платеничките армии носат само бавни, задоцнети и слаби добивки, но ненадејни и големи загуби (Makijaveli 2005: 54).

Во средиштето на интересот на Макијавели се моќта, прашањето за нејзино прибавување и одржување. На владетелот му дава јасни совети како да ја осигури внатрешната и надворешната безбедност на својата држава, користејќи ги притоа сите расположливи средства (Vukadinović, 2005:10).

Понатаму, Ј. Боден *(Jean Bodin)* ја поставува тезата дека стабилната власт и поредок се најголеми општествени потреби. Во своето дело *Шест книги за републиката,* Боден ги развил условите за осигурување на државниот поредок, чиј основен предуслов

е постоење на сувереноста на државата која ја претставува највисоката власт и која не зависи од поданиците (Milosavljević, 2011: 56). Сите суверени владетели се еднакви, а нивната власт е неограничена, бидејќи им подлежи на божеското право, природното право на разумот и правото на народот. Боден е и прв автор кој ја дефинирал сувереноста како вид на апсолутна власт во државната заедница. Суверената власт на едните е ограничена со суверената власт на другите заедници на држави. Во меѓународните односи Боден уочил две основни правила, и тоа: сила и доверба. Исто така, се заложил и за стриктно почитување на меѓународните спогодби (*pacta sunt servanda)* (Vukadinović, 2005:11-12).

## ИДЕЈАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТА ВО ПЕРИОДОТ ОД XVII ДО XX ВЕК

Понатаму, идејата за безбедноста се наоѓала во срцето на европската политичка мисла од XVII век. Исто така, тоа е идејата чие политичко значење, како и самото значење на зборот континуирано се менувало низ историјата, првично подразбирајќи под него состојба и цел на поединците, групите и државите. Значи, најдоследна смисла на безбедноста, во тој период, е дека тоа е состојба или цел што создава определена врска помеѓу поединците и државата (Rothschild, 1995).

Ставот државата да се гледа како главен давател на безбедност (Bailes, 2007) може да се следи од концептот на Хобс за легитимна влада, кој е создаден со согласувањето на луѓето преку општествен договор, до Веберовата идеја за монопол на државата врз легитимна употреба на физичка сила. Заедно, овие ставови претставуваат основен филозофски столб на улогата на државата во создавањето и одржувањето на монополот врз средствата на сила. Имено, уште од Вестфалскиот мировен договор (Schreier-Caparini, 2005: 1), склучен во 1648 година, усвоена е идејата дека државата е таа која мора да им осигури и им даде безбедност на своите граѓани. Двата главни принципа

произлезени од оваа спогодба се суверенитетот и еднаквоста на нациите. Државата, значи, го зела монополот врз примена на сила, со цел да ги осигури своите граѓани и својот суверенитет од внатрешни и надворешни закани (Pavlović, 2011: 5).

Томас Хобс, кого го нарекуваат „теоретичар на безбедноста и поредокот" (Milosavljević, 2011: 57), во Левијатан истакнува дека целта на државата е поединечна безбедност („Се откажувам од своето право да владеам со самиот себе и го овластувам со тоа овој човек, или овој собир на луѓе, под услов ти на него да му го препуштиш своето право, и подеднакво да ги признаеш сите негови постапки". Кога ќе се направи така, множеството, на тој начин соединето во една личност, се нарекува „држава", на латински *civitas*. Ова е настанување на оној голем *leviathana*, или подобро, со повеќе почит кажано, на оној „смртен бог", на кого под „бесмртен бог" му го должиме својот мир и одбрана. Бидејќи со тоа овластување, кое му го дал секој одделен човек во државата, тој може да употреби сила и моќ, кои му се доделени за со создавање страв со истата може да врши волја на сите нив заради мирот дома, и да спроведува заемна помош против надворешните непријатели, Hobbes, 1885, Bošnjak i dr., 1954. 194-195).

Спротивно, Лајбниц (*Gottfried Wilhelm - Leibniz*) пишува „мојата дефиниција на државата е дека таа е големо општество чија цел е заедничка безбедност" (Rothschild, 1995). *Додека за Монтескје* (*Charles-Louis de Secondat Montesquieu*) безбедноста е израз во дефиницијата на државата, а, исто така, и во дефиницијата на слободата: „политичката слобода се состои од безбедноста, или барем во мислењето кое го има некој за нечија безбедност" (Montesquieu, 1973: 202).

Според тоа, безбедноста е цел на поединците. Тоа е нешто во чиј интерес поединците се спремни да се откажат од другите добра. Односно, тоа е доброто кое зависи од чувствата на поединците, т.е. мислењето кое некој го има за нечија безбедност, а кое за возврат овозможува остварување и на други

чувства, вклучувајќи ја и можноста на поединците да преземат определен ризик, или да ја планираат иднината. Исто така, Адам Смит *(Adam Smith*) во своите дела ја идентификува слободата и безбедноста на поединците како најважни предуслови за развој на јавното богатство. Под безбедност тој подразбира слобода од можноста за ненадејни или насилни напади врз нечија личност или имот (Rothschild, 1995). Односно, Адам Смит проповедајќи го економскиот либерализам, во своето дело *Истражувајќи ги природите и причините за богатство,* истакнувал дека единствена должност на државата е да му обезбеди безбедност на населението (Spektorski, 2000: 49). Според тоа, безбедноста на поединците во смисла на слобода од страв и лични повреди била од пресудно значење за либералната политичка мисла.

Понатаму, зборот безбедност има добиено ново јавно значење во раниот либерален период на Француската револуција. Природните права на човекот се состојат од слободата, имотот, безбедноста и отпорот кон угнетување (член 2 од Декларацијата за човекови и граѓански права на Националното собрание на Франција, 26. 8. 1789 година, fr: *La Déclaration des droits de l'Homme et du citoyen).* Значи, безбедноста и понатаму е состојба на поединците, но сега е и нивно природно право. Исто така, врз безбедноста како едно од основните природни и незастарувачки права на човекот, укажувала и познатата Декларација за правата на човекот и граѓанинот од 1793 година (Устав од 24 јуни 1793 или т.н. Втора декларација. Имено, по укинувањето на монархијата во Франција, Конвентот изработи нов устав т.н. Монтањарски устав, во кој воведниот дел го сочинуваше посебна декларација на правата т.н. *Declaration Jacobine*. Оваа Јакобинска декларација ги задржа основните ставови на Декларацијата од 1789 година, но ѝ додаде и значителни дополнувања, па така бројот на членови е зголемен од 17 на 35 (Stojanović, 1989: 26–27).

Во член 2 од Декларацијата се вели дека целта на општеството е среќа за сите. Владата постои за да му гарантира

на човекот уживање на природните и незастарувачки права, а тоа се: еднаквоста, слободата, безбедноста и сопственоста. Во член 8 од оваа Декларација се нагласува дека безбедноста се состои во заштитата која општеството ја дава на секој од своите членови за одбрана на неговата личност, неговите права и неговата сопственост (Pavlović, 2011). Значи, безбедноста е конципирана во смисла на слобода од лично загрозување, која требало да биде осигурена од страна на граѓанското општество. Односно, поединечна, т.е. лична безбедност, во либерална мисла на просветителството, е и лично и колективно добро. Тоа е состојба и цел на поединците, кои можат да се постигнат само во некаков вид колективен потфат. Ваквото сфаќање е сосема поинакво од сфаќањето на безбедноста како внатрешна состојба на поединецот во римската политичка мисла (Rothschild, 1995).

Новата идеја за безбедноста, првенствено како колективно добро кое треба да биде обезбедено со воени или дипломатски средства, е идејата која дошла на европските простори во периодот на револуции и Наполеоновите војни, а била поинаква од претходните сфаќања. Така, концептот за безбедност на државата, во смисла на заштита од надворешни воени напади, бил воопшто место за политички дискусии во Германија (*Sicherheit* или *assecuratio pads)* во текот на осумнаесеттиот век, додека во Франција, како и во Англија, колективната смисла на зборот „*siirete*", „*securite*" и „*security*" била иновација, која се јавила на самиот крај на осумнаесеттиот век (Pavlović, 2018).

Подоцна безбедноста на поединците се подведува, како политички епиграм, под безбедност на нацијата. Така, Русо, како Локо или Монтескје, го опишал општествениот договор, како резултат на желбата на поединците за безбедноста на животот[*] и слободата, и укажал дека тоа е основен проблем за кој институцијата на државата треба да даде решение (Rousseau,

[*] За Кант (*Immanuel Kant*), и поединците и државите бараат „мир и безбедност" во правото, односно кога се зборува за државата се работи за јавна безбедност (*offentlichen Staatsicherheit*) на космополитскиот систем. Види (Reiss, 1970: 47-49).

1964: 290). За Бентам Ј. (*Bentham Jeremy*) безбедноста е видена како услов на општа благосостојба, фундаментална општествена цел, политичка радост која ја сочинуваат: опстанокот, изобилството, еднаквоста и безбедноста, од кои безбедноста е најважна (Bentham, 1837: 302, наведено според: Burke, 2002).

Односно, првата голема јавна употреба на зборот безбедност, во оваа нова, т.е. национална смисла може да се пронајде и во времето пред одржувањето на Виенскиот конгрес во 1814 година. Имено, сојузниците најпрвин го потпишале Парискиот мировен договор, според кој Франција уште еднаш требало да стане гарант на „безбедноста и стабилноста“ (*un gage de securité et de stabilité*) за Европа (Pavlović, 2015). Токму целта на претстојните преговори, на Виенскиот конгрес, била да се обезбеди мир во светот, односно да настапи нова епоха, во која големите сили се здружиле за да ја обноват безбедноста на престолите (*la sûreté des trônes*) (Rothschild, 1995).

Според тоа, периодот на европската историја од Вестфалскиот мир па до избивањето на Првата светска војна се смета за златен период на дипломатијата, рамнотежата на моќта, сојузите и меѓународното право. Повеќето политички мислители во тој перид биле насочени кон суверената национална држава, односно врз нејзиното настанување, функциите, ограничувањата на владеењето, правата на поединците внатре во државите и др. (Grizold, 1998: 68). Во периодот помеѓу светските војни доаѓа и до први разгледувања на безбедноста во рамките на научните и наставните дисциплини, познати под називот безбедносни студии. По светските војни, како определувачки инструменти за промовирање на меѓународниот мир и безбедноста, на сцена стапуваат теоретски разгледувања за демократијата, националното самоопределување, разоружувањето и арбитражата (Tatalović, 2006). Од тој период за безбедноста на државата традиционално се користи синтагмата национална безбедност (Од оваа дистанца може да се каже дека „нејзина употреба не била целосно исправна, со оглед на тоа дека со

неа се обележувала безбедноста на државата. Поради тоа и називот државна безбедност, кој помалку се користел, имено, бил покоректен, бидејќи со него се обележува безбедноста на државните вредности и интереси, пред сè, на суверенитетот, опстанокот на државата и оштеството, уставното уредување и поредокот на власта. Ова поради тоа што феноменот на нацијата е најчесто со поширок (географски) обем од државата и што државите и не мора да бидат национални, односно територијално да се совпаѓаат со простирањето на нациите". Наведено според, Mijalković,2009:79-80), без оглед на дистинкцијата на поимите држава и нација. Се смета дека неа прв ја употребил Волтер Липман (*Walter Lippman)* во 1943 година, во својата книга *Американска надворшена политика*, наведувајќи дека „нацијата има сигурност кога не мора да ги жртвува своите легитимни интереси за да ја избегне војната и кога е способна да ги зачува со војна доколку биде предизвикана" (Keković, 2009: 130), а што по Втората светска војна станал стандарден назив на овој концепт на безбедноста, а се врзувал за заштита на целовитоста на суверените држави (Dragišić, 2009).

Периодот на Студената војна претставувал период на голема нуклеарна конфронтација помеѓу Истокот и Западот, а бил исполнет со страв од нуклеарна катастрофа. Истовремено, во овој период е забележливо слабеењето на заштитата на безбедноста на граѓаните. Вниманието на полициските и правосудните системи често било насочено кон спречување и справување со политички криминал и дејствување на т.н. внатрешен непријател на државата. Човековите слободи и права во многу земји не само што се занемарувани, туку биле и објект на структурно насилство (Milosavljević-Resanović, 2001), т.е. систематско и безобѕирно загрозување и кршење. Така, безбедноста на државата јакнела за сметка на безбедноста на луѓето (Mijlković, 2009).

Според тоа, од нејзиното настанување, а потоа и со востановување на современиот меѓународен систем на држави, како и во текот на целиот период на биполаризмот, стварноста

на безбедноста е освојувана речиси исклучително со воени поими, а главниот објект и субјект била суверената држава. Клучевите за достигнување, зачувување и унапредување на безбедноста на кое било ниво и на кои било објекти на безбедноста биле, следствено на тоа, во рацете на државата (Simić, 2007). Идејата за безбедноста во периодот од три века е набљудувана преку безбедноста на државата (*state security*), т.е. како концепт на национална безбедност (*national security*), во чие средиште е суверената држава, нејзиниот опстанок, територијата и суверенитетот како витални вредности и интереси кои се штитат со воени капацитети. Поради тоа овој концепт се нарекува државно-центричен и ортодоксен. Примарно средство за заштита на државите е нивната моќ. Таа генерално се сведувала на воена, а потоа и на економска моќ, како и на пристапување на државата во определени сојузи, со што стекнатата моќ би ја надминала големината и деструктивноста на потенцијалните и активни закани за неа или за нејзините сојузници. Имено, безбедноста е поистоветувана со т.н. надворешна безбедност на земјата (Mijalković, 2009).

## СОВРЕМЕНИ ПОИМАЊА НА БЕЗБЕДНОСТА

Во современата содржина на безбедноста доминираат два концепта, и тоа: универзалноста – која подразбира почитување на содржинска целост на поимот безбедност, и демилитаризација – која овозможува превладување на досегашното врзување на безбедноста со воената сила (Grizold, 1998: 15-16).

Имено, крајот на Студената војна и распадот на биполаризмот влијаеја и врз разбирањето на поимот безбедност, а особено значајна расправа е водена околу прашањето за природата и значењето на безбедноста. Една група автори инсистирала врз проширувањето на концептот за безбедност преку вклучување нови, пошироки потенцијални закани за безбедноста, вклучувајќи ги тука, пред сè, економскиот развој,

еколошката деградација, нарушување на човековите права, и големи миграциски движења, како пошироки потенцијални закани за безбедносниот комплекс. Втора група автори, поаѓајќи од оваа поширока димензија на безбедноста, инсистирала на продлабочување на агендата на безбедносните студии, вклучувајќи го во истражувањето целиот низ сегменти на безбедноста, почнувајќи од индивидуалната или човекова безбедност, преку националната безбедност или безбедноста на општеството, па сè до регионалниот, меѓународниот и глобален аспект на безбедносното прашање. Додека трета група автори, останувајќи кај традиционалниот државно-центричен пристап кон безбедносното прашање, во него ги вклучувала новите форми за определување на безбедноста (заедничка безбедност, колективна безбедност, кооперативна безбедност и др.), креирајќи со тоа нови теоретски модели на мултилатерални меѓудржавни безбедносни односи, а кои би можеле да водат кон решение на безбедносното прашање во меѓудржавните односи (Tatalović, 2004).

Исто така, крајот на XX век е обележан и со глобални промени кои придонесоа да стане активен процесот на пренесување на традиционалните овластувања со кои располагала единствено државата врз приватниот сектор. Односно, денес сè повеќе се зборува и се пишува за приватизација на безбедноста (Mandel, 2001) како појава која широко е распространета и прифатена, повеќе отколку во кој било поранешен период во историјата на модерната национална држава. Питер Сингер (*Peter Singer*), еден од попознатите автори кои се занимаваат со оваа тематика, истакнува дека е јасно оти трендот на приватизирање на безбедноста отишол предалеку и премногу брзо (Singer, 2007). Штотуку сме сведоци дека разни компании, поединци, меѓународни организации, невладини организации, па дури и самите држави користат услуги и сè поголема доверба му укажуваат на приватниот сектор и му препуштаат да се грижи за нивната безбедност (Pavlović, 2011: 6). Значи, по речиси четиристотини години државата и нејзините институции не се

повеќе единствените субјекти кои се грижат за надворешната и за внатрешната безбедност на своите граѓани (Petrović, 2007). Вестфалскиот систем на национални држави, како неприкосновен столб на меѓународниот поредок, денес е заменет со значително покомплексна стварност која ја вратила на сцената приватизацијата на војната и конфликтите (Schreier-Caparini, 2005: 1), а во системот за безбедност се појави еден нов сектор, приватен по својот карактер, кој е воспоставен и дејствува врз комерцијална основа. Во теоријата се наведува дека овој нов модел на давање  воени и безбедносни услуги им овозможува на државите и на јавните институции да ја зголемат ефикасноста концентрирајќи се врз најзначајните работи, додека одговорноста за извршување на помалку значајните работи ја префрлуваат врз приватниот сектор за безбедност (Richards-Smith, 2007: 3-5). Според тоа, денес освен државата за безбедноста се значајни и многу други субјекти кои дејствуваат на внатрешна, но и на меѓународна сцена, како што се поединци, општествени и приватни колективи, невладини организации, меѓународни организации итн. (Mijalković, 2009: 79).

Од настанувањето на човечката заедница, војната поради своите последици претставувала најголема опасност и загрозување за човечкото општество, и поради тоа речиси до крајот на XX век, безбедноста е гледана како цел на државите која се остварува со комбинација на воени и дипломатски средства. Значи, државите проблемот на безбедноста го ограничувале врз воените прашања, а, исто така, и го спроведувале со воени активности, додека другите видови безбедност биле запоставувани. Меѓутоа, веќе од втората половина на XX век човекот сè повеќе станувал свесен и за други опасности кои доаѓаат од природното и од општественото опкружување, а кои истовремено го загрозуваат секој човек. Конечно, на почетокот на XXI век безбедноста се гледа како одредница на опстанокот, т.е. како услов кој создава односи помеѓу поединецот, општеството и државата (Tatalović, 2006).

Со оглед на тоа дека безбедноста е динамична појава, се менуваат референтните вредности кои се штитат, потоа и изворите и формите на загрозување кои им се закануваат на тие вредности, потоа носителите, т.е. субјектите на загрозување, како и начините и средствата за работа на органите задолжени за остварување на безбедноста.

Значи, безбедноста на поединецот, општеството и државата во современата цивилизација има добиено ново значење. Сегашните односи и промени внатре во современите држави, но и во односите помеѓу државите бараат нов пристап кон безбедноста кој ќе ги опфати сите нејзини содржини како подеднакво важни, вклучувајќи ги првенствено невоените средства и механизми во безбедносните дејности. Според тоа, во постоечките цивилизациско-културни односи безбедноста има универзално значење, кое јасно се искажува во тоталноста на зафаќањето и преплетувањето на сите подрачја во определена држава и општество (економското, политичкото, социјалното, еколошкото, воено-одбранбеното итн.), како и во сè поголемата поврзаност и меѓусебна зависност на глобалното општество (Grizold-Tatalović-Cvrtila, 1999: 7-8).

**Прашања за дискусија:**

Од кога потекнува идејата за безбедност и како се развива?

Објаснето го проширувањето на концептот за безбедноста?

Каде е ставен фокусот на безбедносните студии?

Што опфаќа традиционалниот државно-центричен пристап кон безбедносните прашања?

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ЗА ПОГЛАВЈЕТО

Akvinski, Toma. *Država*. Zagreb: Globus. 1990; Aligijeri, Dante. *Djela*. Knjiga 1, Zagreb: Liber, Nakladni zavod Matice Hrvatske. 1976; Bailes, Alyson. „The Private Sector and the Monopoly of Force“. In *Revisiting the State Monopoly on the Legitimate Use of Force*: Policy Paper – №24, Ed. Alyson Bailes, Ulrich Schneckener, Herbert Wulf, 1-9. Geneva: DCAF. 2007; Bajagić, Mladen. *Osnovi bezbednosti*. Beograd: Kriminalističko-policijska akademija. 2007; Bentham, Jeremy. „The Principles of Civil Life“. In: *The Works of Jeremy Bentham*, Vol. 1, Editor John Bowring, London: Simpkin, Marshall, 1837; Bošnjak, Branko, Vladimir Filipović, Milan Kangrga, Đorđe Mažuran, Gajo Petrović, Vanja Sutlić i Predrag Vranicki. *Antologija filozofskih tekstova s pregledom povijesti filozofije*. Zagreb: Školska knjiga. 1954; Burke, Anthony. „Aporias of security“. *Alternatives*, Vol. 27, Issue 1 (2002):1-27; Davidović, Dušan. *Alternativni činioci bezbednosti (privatni polising) – Hrestomatija*. Beograd: Fakultet bezbednosti. 2006; Dimitrijević, Vojin i Radoslav Stojanović. *Međunarodni odnosi*. Beograd: Službeni list SRJ. 1996; Dragišić, Zoran. „Sistem nacionalne bezbednosti – pokušaj definisanja pojma“. *Vojno delo*, br. 3 (2009):162-176; Femić Vukčević, Dejana. „Razvoj ideja vezanih za bezbednost države i međunarodne zajednice“. *Politička revija*, god. (XVI) IV, vol. 6, br. 1 (2005):159-172; Grizold, Anton. *Međunarodna sigurnost, Teorijsko-institucionalni okvir*. Zagreb: Sveučilište u Zagrebu – Fakultet političkih znanosti. 1998; Grizold, Anton, Siniša Tatalović i Vlatko Cvrtila. *Suvremeni sistemi nacionalne sigurnosti*. Zagreb: Fakultet političkih znanosti Sveučilišta u Zagrebu, Hrvatska udruga za međunarodne studije. 1999; Hobbes, Thomas. *Leviathan or the Matter, Form and Power of Commonwealth, Ecclesiastical and Civil*. London: George Routledge and Sons. 1885; Keković, Zoran. *Teorija sistema bezbjednosti*. Banja Luka: Univerzitet Sinergija – Fakultet za bezbjednost i zaštitu. 2009; Makijaveli, Nikolo. *Vladalac*. Beograd: Dereta. 2005; Mandel, Robert. „The Privatization of Security“. *Armed Forces & Society*, Vol. 28 Issue 1 (2001):129-151; Mijalković, Saša. *Nacionalna bezbednost*. Beograd: Kriminalističko-policijska akademija. 2009; Mijalković, Saša.

„Nacionalna bezbednost – od Vestfalskog do posthladnoratovskog koncepta“. *Vojno delo,* br. 2 (2009):55-73; Milosavljević, Bogoljub i Aleksandar Resanović. *Državno nasilje nad građanima u Jugoslaviji*. Beograd: Centar za antiratnu akciju. 2001; Milosavljević, Bogoljub. *Uvod u teoriju ustavnog prava*. Beograd: Pravni fakultet Univerziteta Union i Javno preduzeće Službeni glasnik. 2011; Montesquieu, Charles-Louis de Secondat. *De l`esprit des lois*, (1748, bk. XII, chap. II), vol. I, Paris: Gamier. 1973; Pavlović, Gojko. „Zaštita ljudskih prava kao imperativ bezbednosne funkcije države“. *Strani pravni život,* br. 3 (2011): 284–299; Pavlović, Gojko. *Pravo privatne bezbjednosti – uporedna studija*. Banja Luka: Defendologija centar za bezbjednosna, sociološka i kriminološka istraživanja. 2011; Павловић, Гојко, „Развој идеје безбједности“, *Социолошки дискурс,* година 3, број 5, Бања Лука, 2013, стр. 51–66; Павловић, Гојко, *Безбједносна функција државе и заштита људских права*. *Докторска дисертација.* Универзитет Унион у Београду: Правни факултет, 2015; Павловић, Гојко, *Безбједносна функција државе – прилог безбједносним и правним наукама.* Источно Ново Сарајево: ЈУ Завод за уџбенике и наставна средства, 2018; Petrović, Predrag. „Privatizacija bezbednosti u Srbiji“. *Bezbednost Zapadnog Balkana*, br. 4 (2007):13-21; Platon, *Država*. V izdanje, Beograd: Beogradski izdvačko-grafički zavod. 2002; Reiss, Hans (ed.). *Kant's Political Writings.* Cambridge: Cambridge University Press. 1970; Richards, Anna and Henry Smith. *Addressing the role of private security companies within security sector reform programmes.* London: Saferworld. 2007; Rothschild, Emma. „What is Security?“. *Daedalus*, Vol. 124, No. 3, (1995):53-98; Rousseau, Jean-Jacques. "Du Contract Social". In: *Oeuvres Complètes,* vol. III, Paris: Gallimard. 1964; Schreier Fred and Marina Caparini. *Privatising Security: Law, Practice And Governance Of Private Military And Security Companies*. Geneva: DCAF, 2005; Simić, Dragan. „Savremene teorije bezbednosti“, u *Antologija tekstova sa Škola reforme sektora bezbednosti:* zbornik radova, urednik Pavle Janković, 165-193. Beograd: Centar za međunarodne i bezbednosne poslove – ISAC. 2007; Singer, Peter. *Can't Win With 'Em, Can't War Without 'Em*: *Private Military Contractors and Counterinsurgency*. Policy Paper, Number 4, Washington D.C:

The Brookings Institution. 2007; Spektorski, Evgenije Vasiljevič. *Država i njen život*. Beograd: Pravni fakultet Univerziteta u Beogradu – Centar za publikacije. 2000; Stojanović, Dragan. *Osnovna prava čoveka*. Niš: Pravni fakultet Univerziteta u Nišu – Institut za pravna i društvena istraživanja. 1989; Tatalović, Siniša. „Koncepti sigurnosti na početku 21. stoljeća“. *Međunarodne studije*, god. 6, br. 1 (2006):60-80; Tatalović, Siniša. „Novo razumijevanje sigurnosti i sigurnosno okruženje na jugoistoku Europe“. u *Demokratski nadzor i kontrola nad bezbjednosnim sektorom u regionu.* zbornik radova, urednik Branko Vignjević, 45-55. Banja Luka: M-impeks. 2004; Vukadinović, Radovan. *Teorije međunarodnih odnosa*. Zagreb: Politička kultura. 2005; Wolfers, Arnold. „National Security as an ambiguous symbol“. *Political Science Quarterly*, vol. 67, No. 4 (1952):481-502.

# ГЛАВА ВТОРА
# ЕВОЛУЦИЈА НА БЕЗБЕДНОСТА

## ЦЕЛИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ПОСТИГНАТ

Во вториот дел се продлабочуваат знаењата дека безбедноста е комплексен феномен и, во суштина не само поради неговата недостижна природа и содржина со оглед на времето и местото во кое се дискутира за него, туку, исто така, поради фактот што дискусијата за безбедноста е неизбежно поврзана со други категории: страв (за физички опстанок), отсуство на структурно насилство, мир, благосостојба и стабилност. Се развиваат знаењата дека политичка концепција, безбедноста очигледно е предуслов за постоење на живот - индивидуален и социетален и се однесува на отсуство од закани и заштита од нив. Да се зацврстат сфаќањата за безбедноста како вроден интерес на секоја индивидуа и на пошироките човечки колективитети - фамилија, општество, нација, држава, меѓународен систем, укажува на потребата од проширување на концептот на безбедноста кон овие колективитети. Оттука, се обликуваат концепти како национална и меѓународна безбедност и, во поново време, индивидуална, социетална и глобална безбедност, што укажува на значајно ширење на нови димензии на безбедноста се наведува меѓу другото во вториот дел.

## ЛОГИЧКА АНАЛИЗА НА БЕЗБЕДНОСТА

Човештвото е „окупирано со безбедноста“ и „опседнато со барање за нејзино унапредување“. Иако механизмите за заштита на безбедноста никогаш не биле развиени, општеството никогаш не се чувствувало поранливо. Често се поставува прашањето: Што е безбедност? Што значи да се биде безбеден? Уште почесто се прашуваме дали воопшто и треба да се поставуваат ваквите прашања, затоа што многу нешта, сами по себе, се јасни. Меѓутоа, дали е така?

Неспорно е дека безбедноста е една од основните човекови потреби: непобитна гаранција на опстојување, напредок и благосостојба, економска сигурност и можностите, хуманоста и поредокот; слободен живот без страв или потешкотии; универзално добро на кое сите имаат право, но и свечено ветување на политичките лидери на кои безбедноста на луѓето им е „прва обврска“, најважната цел во внатрешната и надворешната политика; подготвеноста да се воспостави јака врска помеѓу поединецот и светот, државата и граѓанинот, да се надминат стравовите и несигурноста што ја носи секојдневниот живот, како и огромни просторни, културни, економски и геополитички сложености на современото човештво. Накратко, тоа е еден од „најтврдоглавите и најтрајните сништа на модерната доба затоа што не е стабилна појава и се темели врз несигурноста и страдањата“ (Burke, A, 2002).

Трагањето по безбедноста е континуиран и бесконечен процес, а безбедноста е сознајна појава, неспорна и универзална потреба. Тоа е цел кон која тежнее човекот, а во метафизичка смисла – и растителниот и животинскиот свет.

Суштината и филозофијата на безбедноста отсекогаш се исти, само се менувале природата и облиците на загрозување, како и стратегијата на човековото реагирање на нив. Некогаш тоа биле само појави од природно потекло, како глад, суша, поплава, земјотрес, опасни животни, епидемија на заразни и смр-

тоносни болести итн. Со времето најголема закана на човекот станал друг човек кој ги водел војните, освојувал и експлоатирал други, ги убивал итн. Денес тоа се уште и последиците на техничко-технолошкиот развој: загадување на животна средина, технолошки несреќи, вештачки генерирани заразни и смртоносни болести, оружје за масовно уништување, геофизичко оружје итн.

Како да нема збор како што е „безбедност“ кој повеќе се користи во современиот живот, а да е поимот кој со него се означува истовремено помалку одреден и јасен. Подеднакво го употребуваат теоретичарите на безбедноста, но и политичари, државници, претставници на меѓународни организации и на невладиниот сектор, индустријалци, земјоделци, медицинари, еколози, просветни работници, правници, економисти, метеоролози, граѓани..., да не зборуваме за полицајците, војниците, разузнавачите, судиите и слични професии (Mijalkovič, Keserovič 2010).

Така доаѓаме до заклучок дека одредувањето на безбедноста е мултидефинициско и неуниверзално. Неспорно е дека, во најопштата смисла, *безбедноста постои кога постои и непречено се исполнува (се достигнува, се развива и унапредува, може да се ужива) она што (за нас) е вредно и значајно, и кога таквата состојба е очигледно извесна, предвидувана (Dimitrijevic 1973) и контролирана, што подразбира и (наша) способност да го заштитиме од несаканите влијанија.*

*Значи, безбедноста може да се смета за процес, а, пред сè, (сакан) производ на тој процес – состојба. Да бидеш безбеден значи да бидеш заштитен од влијанијата на несаканите појави и да се чувствуваш заштитен (сигурен, без страв) во предвидениот и контолираниот амбиент. Безбедноста е резултант на односите помеѓу вистинска и потенцијална загрозеност на референтните вредности и интереси и постоечките капацитети (човечки, материјални, организациски и функционални) кои ги штитат. Апсолутна безбедност е идеална категорија. Зборот, безбедност е симбиоза на безопасноста (отсуство на*

*закани) и сигурноста (отсуство на страв) во однос на извесни вредноси и интереси.*

Во ист обем се употребува и синтагмата „загрозување на безбедноста“. Иако нејзиното одредување е спротивно на поимот „безбедност“ (па и нејзиното разбирање е условено со разбирање на безбедноста), изгледа појасно. Генерално, загрозување на безбедноста постои секогаш кога се доведува во прашање постоење, исполнување и уживање на она што (за нас) е вредно и значајно, односно кога на референтните вредности се јавуваат или можат да се јават несаканите промени или не можат (делумно или потполно) непречено да се уживаат. Значи, и загрозување на безбедноста е процес (деструкција, разурнување на вредностите), а и состојба што е негова последица (небезбедност, загрозеност, несигурност).




**Слика 1** заштита и загрозување на безбедноста – безбедност и небезбедност (Mijalković, Keserović, 2010)

По логиката на изложеното, безбедноста е потреба, процес – дејност и функција, потоа состојба, на организација и најпосле, отсуство на загрозувачки појави и страв (безбедност и сигурност), а во нејзиното средиште се извесни вредности и интереси. Меѓутоа, прва дилема на која наидуваме е за чија безбедност, односно за чии, какви и кои вредности и интереси зборуваме, како и за какви, кои појави на загрозување станува збор и кој е должен да им се спротивстави. Без претенциозноста да даваме револуционерни и универзални одговори на ова

прашање, ќе настојуваме аналитички да ги изложиме досегашните теориски домети во поимањето на безбедноста и да ги образложиме концептите на безбедноста. Конструвистичкиот пристап ја дефинира безбедноста како отсуство на закани кон воспоставените клучни вредности. Во објективна смисла безбедноста го одразува отсуството на закани кон овие вредности, додека во субјективна смисла отсуство на страв дека вредностите би биле загрозени (Георгиева, 2006).

Сигурноста е резултанта на објективна и субјективна димензија на безбедноста. Објективната состојба на безбедноста може да биде различна од субјективното доживување на поединецот: присуство или отсуство на загрозувачка појава не мора да биде реално, туку умислено; односно, во иста животна ситуација некој може да се чувствува безбеден, а некој небезбеден, што зависи од личниот став спрема состојбата.

Значи, сигурноста е извесност и предвидливост, односно самодоверба и степен на објективна веројатност (доверба) кои гарантираат настанување на саканата состојба во поглед на извесни вредности, т.е. владеење со ситуацијата што го неутрализира стравот.

Доколку именката сигурност се претвори во глагол – осигурување, се добива назив за случување, работи и активности со кои се „произведува“ сигурност и безбедност. Значи, со осигурување се означува функција, која во својата поширока смисла подразбира и субјект што ја врши (поединец, група, организација, систем), а со зборот „(не)сигурност“ се означува психолошко доживување на состојбата што настанала со (не) вршење на таа функција.

Најпосле, дојдовме и до зборот „безбедност“. Во нашата земја не постои единствено сфаќање на поимот безбедност, а ниту на потекло и значењето на овој термин. Принципите на научно истражување се упатуваат на тоа дека во етимолошко-

то толкување критички го прифаќаме значењето на поимот на некоја појава во другите јазици. Значи, прикажаните одредувања на поимот безбедност во грчкиот и латинскиот јазик не смеат да се доведат во некритична недвосмислена корелација со зборот „безбедност“ во македонскиот јазик, затоа што јазиците често се развиваат независно едни од други. Ваквите толкувања се потипични за германската и романската група на јазици, кои се послични со латинскиот јазик.

Очигледно е дека зборот „безбедност“ е сложен чии корени се *без* и *бедност – бедно*. *Без* подразбира отсуство, односно негација на феноменот кој се обележува со делот од сложениот збор што следува. Значи, „со негација на негација“ може да се заклучи дека безбедност подразбира опстанок, развој, имотност, здравје, ситост, победа, остварување цели, среќа, мир, слобода, правда, морал, култура, неповредивост, доминација, владеење со ситуација (само)доверба, отсуство на страв – *сигурност*, односно отсуство на опасностите што го доведуват во прашање нивното остварување и постоење – безопасност.

Аналогно на споредбената анализа на именката сигурност и нејзината глаголска верзија, може да се заклучи дека со именката безбедност, пред сè, се означува состојба, а со глаголот да *обезбеди* дејност, односно функција и нејзиниот носител. Со зборот „обезбедување“ денеска најчесто се означуваат механизми (служби, организации, дејности) на заштита на објекти и личности од загрозување.

## ЗАШТИТА

Мора да се истакне дека во честа теоретска и оперативна употреба е и зборот „заштита“. Со него, пред сè, се означува дејноста со која се спречува и се сузбива деструкција на извесни вредности. Состојба која настанала како производ на заштита е *заштитеност*, што делумно е синоним на безбедноста.

Ова поради тоа што покрај заштитеноста, безбедност подразбира и достигнување, унапредување и уживање во вредноста.

Денес со терминот „заштита“ се обележуваат одредени потсистеми и работи на националниот систем на безбедноста кои се грижат за безбедноста на граѓаните, имотот и животната средина во ситуациите на природни, техничко-технолошки и воени разурнувања. Зборот е за службите и функциите на цивилната заштита, службата за заштита и спасување на лица и имот, службите за физичко-техничка заштита на лица и имот, служби за заштита (безбедност и здравје) на работа итн.

Интересно е одредување на поимите на безбедноста, небезбедноста и заштита во црковнословенскиот јазик. Имено, во речиси сите православни молитви (за пример е земен крај на Велика Ектенија во литургијата од *Службеник на Православна црква*) се содржани молби до Господ за заштита од различни зла. Тоа во верзија на молитва на македонскиот јазик свештениците го изговараат како „...*спаси го него и нас од секоја жалост, гнев, беда и нужда*“. Притоа, некои свештеници наместо збор жалости, а другите наместо *беда*, спомнуват *опасност*, што би бил нивен синоним. Исто така, наместо зборот *спаси* го користат збор *заштити* или *спаси*.

Натаму, Молитва господова (Оче наш) завршува со реченицата „...и не воведе нѐ во искушение, но спаси нѐ од злото“. Во верзијата на црковнословенскиот јазик се спомнува *лукавго* – лукавство, лукави, зли. Со него се обележува ѓаволот, односно сѐ што е лошо, зло, а тоа доаѓа од *ѓаволот* кој предизвикува војни, земјотреси, поплави, пожари, (смртни) гревови и други човечки несреќи и опасности.

Мисија на сите религии е човекот да го сочува од себеси, од друг човек и од опасностите што владеат во светот, така што го насочува кон безгрешен живот, укажувајќи му на тоа што е добро а што е лошо, за да го „подготви за вечен задгробен живот“. Поради тоа слободно може да се рече дека (мета-

физички и во пренесено значење), основната идеја на религијата, всушност, е *развивање извесна безбедносна култура*, а нејзината цел – *безбедност на човечката душа*.

## ОДБРАНА, СТАБИЛНОСТ, МИР

Најпосле, во теоријата и праксата на безбедносните науки во поширока смисла, во употреба се и зборовите „одбрана“, „мир“, „слобода“ и „стабилност“. Според традиционалното сфаќање, „безбедноста има две димензии: одбегнување војна (*негативна димензија*) и изградба на мир (*позитивна димензија*)“. Значи, одбраната и мирот се недвосмислено поврзани со безбедноста.

Со зборот одбрана се означува потсистем на националниот систем на безбедноста кој опфаќа субјекти на државниот и недржавниот, воениот и цивилниот сектор кои ги штитат општествените вредности од вооружени – воени закани и напади, но и подфункција на националната безбедност што тие ја вршат. Освен тоа, постојат и наднационални механизми – воени сојузи, наменети за одбрана на земји членки (*колективна одбрана*). Одбраната е функција, организација и систем на заштита на виталните општествени вредности (пред сè,  на населението, уставниот поредок, суверенитетот и територијалниот интегритет) со вооружени и невооружени средства (воена и цивилна одбрана) од закани од воен карактер. Значи, одбраната е поткатегорија на безбедноста.

Многу теоретичари на безбедноста ја застапуваат тезата според која безбедноста, всушност, е продукт на заштита и одбрана на референтните вредности, искажувајќи ја при тоа со формула *заштита + одбрана = безбедност*. Ваквото сфаќање делумно е исправно, поради ограничувањата што произлегуваат од наведените разлики помеѓу безбедноста, заштитата и одбраната. На оваа теза е изграден нов научно-теориски пристап кон синтетичко проучување на овие три феномени во рамката на Дефендологија, наука за заштита, безбедност и одбрана.

Со зборот мир традиционално се означува состојба на непостоење војна и воени опасности, но и состојба на отсуство на други безбедносни закани преку вооружен бунт, тероризам од масовни размери или посериозни социјални потреси и конфликти. Мирот е продукт (безбедност како состојба) на хармонично живеење на општеството и коегзистенција на државите, но и одбегнување војна, употреба на превентивна дипломатија и други ненасилни средства во потенцијално конфликтни ситуации, односно одржување, создавање и/или изградба на мирот со воени и невоени средства (безбедност како функција) од страна на граѓаните, општествените групи, државата, меѓународните организации и други механизми на меѓународната заедница (безбедност како организација и систем).

Современиот поим на мирот е потесен од поимот безбедност и се сфаќа како т.н. позитивен и демократски мир. *Позитивен мир* е отсуство на насилство внатре во државите и помеѓу нив, односно идеален поредок без структурно насилство што влијае врз сиромаштијата, нееднаквоста, зависноста и загрозеноста. *Демократскиот мир* е наклонетост на државата во која постои демократско владеење на закони и цивилна контрола на војска да ги прави компромисите во внатрешната и надворешната политика, односно конфликтите да ги решава по мирен пат. Како таков, претставува врска помеѓу внатрешната и надворешната безбедност на државата.

Значи, „мир е нешто повеќе од отсуство на војна: тоа е и отсуство на страв од отсуство на правдата, но и почитување на сите човекови потреби, како и услов дека силата, во сите свои облици, не е инструмент на националната или интернационалната политика.

*Слобода* е можност на непречено и независно остварување биолошки, материјални и духовни потреби и афирмација на поединецот и колективот. Антипод на слобода е ропство во најширока смисла, со кој овие можности се ограничуваат или

се исклучуваат. Очигледно е дека и одбраната и заштитата се во функција на мирот, а нивниот продукт е слобода. Тоа е, значи, една од поткатегориите и условите за безбедноста: „државите се, како и луѓето, безбедни во мерка во која се слободни. Без нивната слобода, нема ниту нивна безбедност“.

Со терминот „стабилност“, пред сѐ, се обележува (редовно, оптимално, посакувано) состојба на безбедноста, т.е. рамнотежа и хармонија, продукт на заштитеноста, регуларното функционирање, како и остварување сакана и планирана состојба и на развојот на одделни општествени вредности преку економијата (економска стабилност), финансиите (финансиска стабилност), политиката (политичка стабилност), енергетиката (енергетска стабилност), меѓународна политика и односи (меѓународна – регионална стабилност) итн., но и хармонија внатре во одредени колективи (на пр., стабилно семејство, локална заедница, меѓуетнички и меѓуверски односи итн.).

Нестабилноста е нарушена стабилност на референтните вредности. Се неутрализира со дејностите на одредени субјекти (стабилизација, нормализација) кои често и не се субјекти на безбедноста во потесна смисла (на пр., економски, финансиски, енергетски субјекти). Субјектите од кои најмногу зависи стабилноста на одредени вредности се нарекуваат и *фактор на стабилноста*. Стабилноста и безбедноста се делумно синоними: стабилноста е инструментална поткатегорија на безбедноста, но и нејзин краен продукт.

Наведените тези ги оправдуваат и современите трендови во „партикуларизацијата на разбирање на безбедноста“ што произлегува од неможноста на единствено согледување на севкупна секјуритизација на многу сфери од животот на човекот, општеството, државата и меѓународната заедница. Иако во теоријата непрекинато се укажува на опасноста од „безболна и неселективна секјуритизација“, во пракса сѐ почесто се говори за политичка безбедност на граѓаните, економска и со-

цијална безбедност на граѓаните, енергетска, информациска, индустриска, прехранбена, здравствена, нуклеарна, еколошка безбедност, безбедност на домување, индустриска безбедност, индустрија на безбедноста итн. Во врска со тоа, многу појави почнале да се доведуват во врска со загрозување на овие сфери на безбедноста (на пр., сиромаштија, невработеност, загрозување на животна средина, илегална миграција итн.).

Речиси сè може да се гледа низ објективот на безбедноста: се зборува за безбедноста на „сè“; во исто време „сè“ е во функција на безбедноста, односно „сè е безбедност и безбедноста на сите им е неопходна“. Спротивно, десекјуритизација (desecuritization) е престанок на разгледување  одредена појава дека безбедносно е значајна.

## РЕФЕРЕНТНИ ИНТЕРЕСИ НА БЕЗБЕДНОСТА

Вредностите (Stajič L.; Mijalkovič, S. Stanarevic, S., 2008) се својства на одредени предмети, општествени појави, процеси и содржина кои луѓето (поединечно и/или колективно) им ги даваат, а кои ги чинат посакувани затоа што им овозможуваат задоволување на потребите, подобрување на животот, односно уживање во нив.

Се тежнее кон достигнување и уживање во вредностите, макар што некои од нив често не можат да се достигнат или не се прифаќаат и се отфрлаат. Вредностите можат да бидат материјални и духовни. Релативно се постојани и динамични појави, условени со историски, културолошки, религиски, идеолошки, географски, временски и други критериуми, поради што и се разликуваат меѓу државите и општествените групи (вредносни системи).

Меѓутоа, и покрај очигледен плуралитет и различности, може да се зборува за некои *универзални вредности*, кои се својствени на поголемиот дел на човештвото. Вредностите кои имат релативно трајно и големо значење на човекот како

поединец или колектив, се нарекуваат *општествени. Витална* е општествената вредност која е од пресудно значење за опстанок и развој на одделни референтни објекти на безбедноста.

Општествените вредности и интереси својствени за одредени објекти на безбедноста, односно на нивоата на анализа на безбедноста (поединец, општествени групи и општество, држава, меѓународна заедница, човештвото и планетата) се нарекуват *референтни вредности и интереси*. Поради тоа и можат условно да се поделат на индивидуални, општествени, државни и национални, меѓународни и глобални вредности на човештвото.

Индивидуалните вредности се врзуваат за непреченост за задоволување основни животни и биолошки потреби, можност за непречено обезбедување  услови и средства за живеење, неприкосновеност на ментален и физички интегритет, достоинство и личен имот, како и слободно искажување на волјата, духот и самоафирмација на поединецот.

Вредностите на поединецот генерално се искажуваат преку концептот на човековите права. Што значи „збир на принципи, стандарди и норми на кои целта им е заштита на човекот, неговото достоинство и обезбедување животни услови кои му овозможуват да ги задоволи и да ги развие своите духовни и биолошки потреби“. Исто така, тие претставуваат посебен вид на природни права затоа што се изведуват од природна состојба. Во исто време, се темелат врз морална визија на човековата природа и произлегуваат од вроденото достоинство на човековата личност. Човековите права се: универзални (ги поседува секој и важат секаде во светот); *неотуѓиви* (не можат да се одземат ниту ограничат, освен во случаите кои однапред се предвидени со закон, односно ограничени се правата на други членови на општеството) и *се стекнуват со раѓањето (*Avramov, S., Kreca, M., 1999).

Станува збор за минимум општи претпоставки што се потребни да се исполнат за на секое човечко суштество да му

се обезбеди лична безбедност. Бидејќи човековите права се во тесна корелација со опстанокот, односно животот и квалитетот на живеење, безбедноста на човекот би можела да се одреди и како заштитеност од загрозување на неговите човекови права и слободи.

### ИДЕНТИТЕТ, СПЕЦИФИЧНОСТИ, ВРЕДНОСТИ НА ГРУПАТА

Вредностите на колективот (група) се својствени на одделни општествени групи, односно малцинства како национални групи и малцинства, бегалци, интерно раселени лица, лица со инвалидитет, родни, полови, професионални, сексуални и други малцинства. Секоја група има свои специфични вредности, кои генерално и збирно се нарекуваат *идентитет*.

Со операционализација на идентитетот се доаѓа до конкретни вредности, како што се јазик, култура, религија, верски обреди, народни обичаи и верувања, форми на здружување по етничко, расно, полово, родно, политичко или критериумот на географско потекло и сексуално определување и други, по кои се разликуваат од други колективитети. Поради тоа неговите припадници (поединечно или колективно) не ретко стануваат цели на различни загрозувања од страна на носители на други идентитети.

*Националните вредности* се од значење за целосно општество и држава. Во најширока смисла, можат да се поистоветат со нивната безбедност. Потесно гледано, тоа се: Опстанокот на држава и нација, пред сè, одржување на нивните конститутивни елементи и битие; Квалитетот на живеење на народот и нацијата и социјална благосостојба; Уставниот и правен поредок на држава, односно системот на правни прописи, регулиран државен и општествен живот, процеси и односи; Јавниот поредок, ред и мир, со кои се штитат јавни и лични интереси и вред-

ности, и се остварува хармоничен (со)живот на поединецот, група и малцинство; Економскиот просперитет, енергетска стабилност и информациски ресурси, кои се основа на квалитетот на живеење, функционирање на општеството и државниот апарат, како и опстанокот на државата и нацијата; Политичката стабилност и националното единство, односно легална и легитимна власт, отсуство на политички турбуленции кои можат да ги загрозат вредностите и интересите, и единството на народот и нацијата во определување за прашањата значајни за националните вредности и интереси; Територијалниот интегритет по кој сите административни области на држава функционираат како целина, исклучувајќи ја можноста на нелегално и нелегитимно одвојување на делот од територијата; Суверенитетот со кој држава на својата територија сама непречено го уредува внатрешниот поредок и ја врши законодавната, извршната и судската власт, без влијание на политички, економски или воени центри на моќ внатре и надвор од својата територија и самостојно одлучува за својата иднина и улога во меѓународната заедница; Националната гордост и достоинство, односно чест и углед кои државата ги црпи од својата историја, традиција и меѓународно право; Националниот идентитет, односно посебности по кои државите и нациите меѓусебно се разликуват; Здравата животна средина и други вредности.

*Меѓународните вредности* се својствени на меѓународниот систем и поредок, прокламирајќи ги државите во рамките на меѓународната заедница, односно низ меѓународни организации и сојузи на држави. Индивидуалните вредности, вредностите на група и националните вредности воедно се и вредности на меѓународната заедница, затоа што таа со многу меѓународни документи и акти ги промовира, ги гарантира и интервенира ако се загрозени. Најзначајни меѓународни вредности се: Политичката стабилност и националното единство, односно легална и легитимна власт, отсуство на политички турбуленции што можат да ги загрозат вредностите и интересите, и единство на народот и нацијата во определување за прашањата значајни за

националните вредности и интереси; Територијалниот интегритет, според кој сите административни области на држава функционираат како целина, исклучувајќи ја можноста на нелегално и нелегитимно одвојување на делот од територија; Суверенитетот со кој држава на својата територија сама непречено уредува внатрешен поредок и врши законодавна, извршна и судска власт, без влијаните на политички, економски или воени центри на моќта внатре и надвор од својата територија и самостојно одлучува за својата иднина и улога во меѓународната заедница; Националната гордост и достоинство, односно чест и углед кои држава ги црпи од својата историја, традиција и меѓународното право; Националниот идентитет, односно посебностите според кои државите и нациите меѓусебно се разликуваат; Здравата животна средина и други вредности.

*Меѓународните вредности* се својствени на меѓународниот систем во поредокот. Ги прокламират државите во рамките на меѓународната заедница, односно преку меѓународни организации и сојуз на држави. Индивидуалните вредности, вредностите на групите и националните вредности воедно се и вредности на меѓународна заедница, затоа што таа со меѓународни документи и акти ги промовира, ги гарантира и интервенира доколку се загрозени. Најзначајни меѓународни вредности се: меѓународен мир и безбедност, и опстанок на човештвото; меѓународно пријателство, односно искрена соработка и (севкупни) пријателски меѓудржавни и меѓунационални политички, економски, културни, социјални, хуманитарни, воени и други односи; искрена меѓународна помош на загрозени држави и народи; меѓудржавна и меѓунационална толеранција и уважување и почитување на различностите, правата, честа, угледот, достоинството и останати вредности на другите; меѓународна правда, со која меѓународниот правен поредок се штити од секупното загрозување, со што се гарантира остварување меѓународни и останати вредности; меѓународен поредок, заснован врз системот на наведените вредности и други.

На крај, како *глобални (на човештвото, планетарни) вредности*, покрај наведените, можат да се издвојат уште и: опстанок на човековиот вид, демографска стабилност и подмладување на човештвото; квалитет на живеење и здравје на населението во светот, што сè повеќе е загрозено со недостиг на храна и вода и со нови болести (сида, грип, антракс, САРС, свински грип); здрава животна средина и нови (обновливи) извори на енергија; безбедност на вселенското пространство, пред сè, од нерационално користење, злоупотреба во воените потреби и загадување; стабилно и прогресивно светско стопанство, засновано врз недискриминација, неексплоатација и рамномерна географска застапеност и развиеност; контролирање на ширење на оружјето за масовно уништување и појави со кои масовно се загрозува безбедноста на луѓето (НХБ тероризам); глобална безбедносна култура и етика засновани врз компромисно дефинирани универзални вредности, мирољубива коегзистенција и толеранција и други.

Спомнатите вредности се во меѓузависност и дополнување; вредностите на повисоки нивоа на анализа ги консумираат вредностите на пониски нивоа, а состојбата на вредностите на пониски нивоа се рефлектира на квалитетот на вредностите на повисоки нивоа, и спротивно. Безбедноста на овие нивоа на анализа е загрозена секогаш кога е загрозена некоја од претставените вредности од нивниот фокус.

За разлика од вредностите кои се општи и универзални, интересот се наоѓа во средиштето на разгледување за поединецот, општествените групи, но и за настанокот, природата и функциите на држава. Латинскиот корен на овој збор (*interesum, interese*) значи да се учествува во нешто, да се биде заинтересиран за нешто. Модерно, проширено поимање на интересот опфаќа и категории како вредности, ставови, очекувања и тежненија; зборот интерес е мотивирачки фактор, регулатор на поединечно и колективно однесување, синоним за потреба и тесно е врзан за вредностите. Во одредување на интерес

треба да се тргне од потребите и целта на тој за чиј интерес се расправа. Од преовладувачка свест, системот на вредности и идеи зависи и дефинирањето на интереси и приоритети во неговото достигнување; во исто време, интересите го движат општественото однесување, но и повратно го редефинираат системот на вредности и идеи (Živković, M.1995).

Значи, интересите се рефлексија на проектираните потреби за достигнување, уживање, заштита и унапредување на одредени вредности, што ги детерминираат и во чија функција се. Генерално, интересот е тежнение кон достигнување и остварување конкретни цели, планови, идеи, кои раѓаат нови интереси. Зачувување и унапредување на виталните вредности е еден од доминантните интереси на секој референтен објект на безбедноста. Меѓутоа, „листата на интереси" често е многу поширока.

Односот на националните вредности и интереси е каузален, но не секогаш двонасочен. Начелно, интересите на една земја можат да бидат загрозени, а во исто време да не се загрозени нејзините витални вредности, и спротивно. Во исто време, субјектите ја прават хиерархијата на приоритетите и значењето на личните интереси. Така, некогаш на патот до остварување на поглавните интереси свесно се прифаќаат на штета на други интереси. Најпосле, не ретко поединците или интересните групи ги претставуваат личните интереси како општи.

Значи, интересите и вредностите можат но и не мора да се совпаѓаат. Генерално, поимот интерес е со потесен обем отколку поимот вредности кога подразбира корист, добивка со која се унапредува квалитетот на постоечки, но може да биде и од поширок обем, кога со него се остваруват нови вредности. Исто така, виталните вредности се база од која се црпат потенцијалите за реализирање на интересот. Доколку и не се совпаѓат, сигурно се комплементарни категории.

Општествените вредности и интереси ги одржуваат групите, општеството и државата во целост, ги прават постабилни, покомпактни и ги насочуваат нивните дејствувања кон заеднички напредок. Посакувани вредности и интереси можат да бидат силен чинител на промени. Исто така, со време доаѓа до промена во вредносниот систем на општеството, па одредени вредности се отфрлуваат, се менуваат или се прифаќаат нови, односно може да дојде до промена во хиерархијата на интереси. Најпосле, националните интереси често се проекција на владејачката општествена група, т.е. носители на политичка власт, што секогаш се совпаѓа со општите интереси на народот.

## БЕЗБЕДНОСНА ПОЈАВА

Безбедносната појава е фокус на предметот на безбедносни науки. Поради тоа непостоењето сеопфатна и современа дефиниција на нејзиниот поим е нелогичност, која, за жал, е загрозена во домашната теорија. Досегашните настојувања да се дефинира не се сеопфатни и првично се од човечко центричен карактер.

Меѓутоа, современата безбедносна пракса укажува на сè поголемата застапеност на појави со кои се загрозува безбедноста и кои се, сè почесто, предизвикани со природни појави и/или со дисфункција на техничко-технолошки системи. Факт е дека САД, супер сила со најразвиен систем на безбедноста, не успеаја да спречат и да го сопрат налетот на серија разурнувачки урагани (под име *Катрин*) кои на крајот на август 2005 година ја „фрлиле на колeници“ разурнувајќи ја Алабама, Флорида, Луизијана и Мисисипи. Голем број човечки жртви, материјална штета, експанзија на криминал и неефикасноста на органите на формална социјална контрола резултираа со прогласување вонредна состојба и ангажирање на војската и националната гарда заради воведување јавен ред. Слично се случило и во летото 2011 година

со ураганот *Ајрин*. Исто така, експлозијата на нуклеарната електрана во Чернобил во 1986 година, покрај енормна материјална штета, резултираше со масовни миграции, со смрт и болест на населението, како и со трајна деградација на животната средина на СССР, додека во сите земји во Европа дошло до загадување на животната средина. Во отстранување на последиците на таа техничко-технолошка несреќа е ангажиран севкупен систем на безбедноста на велесилата, кој се покажал ефикасен во водење на Студена војна, односно во одбрана на земја од вооружен напад, специјална војна и внатрешен непријател. Слично на тоа било и со серијата земјотреси и цунами што ја погодиле Јапонија во 2011 година, предизвикувајќи големи човечки загуби, материјална штета и хаварија на нуклеарната електрана *Фукушима*.

Во исто време, многу појави од човечко, природно и техничко-технолошко потекло многу придонесуваат за достигнување, уживање, развиток и заштита на одделни вредности и интереси.

Од наведените примери може да се заклучи дека обемот на поимот безбедносни појави нужно се проширил со нови содржини, со што се опфатени сите аспекти на современото разбирање на безбедноста, уважувајќи ги појавите на загрозување, но и појавите што придонесуваат на заштита и унапредување на безбедноста. *Значи, безбедност е секоја појава (субјект или состојба) која врши позитивно или негативно влијание врз безбедноста, односно врз заштитеност на референтните вредности на поединецот, општеството, државата и/или меѓународната заедница.*

Значи, сите безбедносни појави можат да се распределат во две групи, како: појави на создавање на безбедноста и појави на разурнување на безбедноста.

Станува збор за неспорна поделба на *безбедносно-конструктивни појави*, односно појава на достигнување, заштита

и унапредување на безбедноста, и на *безбедносно-деструктивни*, т.е. појави на загрозување на безбедноста.

Безбедносните појави се согледуват во корелација на безбедносните факти со кои тесно се поврзани, но од кои поимно се разликуваат.

*Безбедносните факти* се оцени на утврдена и објективна состојба на безбедноста, односно загрозување на безбедноста. Со нив се утврдуваат квалитетот и ефектите на безбедносните појави, кои можат да бидат позитивни и негативни по состојба на безбедноста. Се разликуваат од *индикаторите на безбедносните појави* по тоа што се индикатори, уочливи ознаки или симболи во процесот на остварување на безбедноста, што значи дека со нив се утврдува постоењето и квалитетот на безбедносните појави. За безбедносните факти да се уочат, да се оценат и да се квалификуваат е неопходно наслонување врз безбедносната теорија, што, од друга страна, се дополнува со искуствени сознанија. Според тоа, безбедносниот факт е од потесен обем од безбедносната појава и укажува на квалитет, значење и влијание на безбедносната појава врз референтни вредности.

*Безбедносна ситуација* е збир на загрозени елементи кои одделно или собирно се одразуваат врз состојбата на безбедноста во конкретно време и простор. Ја сочинуваат сите извори, носители, облици и последици на различни загрозувања на безбедноста, омеѓени со извесни временски и просторни граници. Може да се однесува на заштитеност/загрозеност на конкретна средина, група или сите вредности. Според тоа, безбедносната ситуација е безбедносна категорија која е поширока од безбедносната појава и опфаќа постоење и дејствување на повеќе безбедносни појави, чиј резултат, односно продукт, е, всушност, безбедносна ситуација.

Б*езбедносен амбиент* е вкупност на одреден геопростор и на него застапени културолошки, политички, воени, економ-

ски и други прилики и околности кои се од значење за заштита на извесни вредности и добра со што се придонесува кон создавање или загрозување на безбедноста. Така, некои амбиенти можат да се карактеризираат како *хармонични*, други како *невралгични* (конфликтни или потенцијално конфликтни), *еколошки небезбедни* (загадена животна средина, трусни, подложни на поплави, лизгалишта итн.) и слично. Безбедносниот амбиент, исто така, е од поширок обем и содржина од безбедносната појава.

Појавите на создавање на безбедноста се согледуваат низ призма на *системот и култура на безбедноста* чија функција е да ја организираат и да спроведат заштита на референтни вредности од многубројни *појави на загрозување на безбедноста* кои тежнеат кон нивно разурнување.

## ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА

Многу изменетата природа на безбедносните предизвици и закани го отежнува и утврдувањето на вистинското средиште, како и определување на границата на предметот на истражувањето на студиите за безбедноста како наука. Без определување на науката за безбедноста врз определени, само за неа својствени прашања и проблеми, постои опасност вкупниот концепт да се развие во широчини на науката за општеството или, да се врати во нејзините „претерано тесни и претерано воени“ рамки и видови, т.е. да се сведе на воена стратегија која, како што е познато, претежно се занимава со употреба на принудна сила со цел постигнување политички цели.

Како своевидна „поврзувачка наука“, која ги спојува внатрешната и надворешната политика, потоа, лидерството и воената стратегија со политичката економија, политичките студии и „нормативната општествена теорија“, филозофијата со психологијата и антропологијата, ако на тоа ги додадеме не-

опходните сознанија, на пример, на хемијата и биологијата, за науката за безбедност не е лесно да ги постави јасните граници на протегање на сопствениот проширен концепт, и на тој начин да ја зачува сознајната непротивречност и аналитичка точност.

Дека прашањето на точно утврдување на предметот на истражување за науката за безбедност не е само методолошко и епистемолошко, туку и онтолошко, се согласува мнозинството на оние што го вградуваат овој концепт во новите околности. Џил Стинс (Jill Steans), на пример, основано смета дека недискриминативното ширење на концептот на безбедноста ја претвора оваа наука во краен исход во некакви студии или дисциплина кои се „сè или ништо“. Иако науката за безбедност, нужно за нејзиниот почетен стадиум на развитокот, еклектички ги опфаќа, како во „кенгурова торба“, сознанијата на науката за меѓународните односи, политичките науки, историјата, политичката економија, социологијата, психологијата, поедини природни науки, филозофијата со, се подразбира, војноводството и воената стратегија, точно утврдување на предметот на истражување, сепак, се поставува како на нејзиното *conditio sine qua non* воспоставување како наука.

За многумина од тие што ја изучуваат безбедноста, благодарејќи им на спомнатите многу изменети околности, таа сè помалку се поистоветува само со стратегиската национална безбедност; некои, меѓутоа, и понатаму не прават неопходна разлика помеѓу безбедносен предизвик, безбедносна закана и безбедносно прашање. Дури и повеќе, и тие што наводно се залагаат за методолошка и поимно-категоријална строгост на науката за безбедност, спомнатите кованици често „стручно“ ги употребуваат како синоними.

Значењето на точното утврдување на содржината на безбедносното прашање за оваа наука најпрво го истакнал Бери Бузан во прочуеното дело *Луѓето, државите и стравот*

(People, States and Fear). Тој предупредил на опасноста од некритичко ширење на полето на изучувањето на науката за безбедност, посебно кога станува збор за сè поприсутни и сè побројни еколошки прашања и проблеми: не одрекувајќи им го огромното значење за животот на луѓето и општеството, тој укажал на потребата од сигурно утврдување кога еден еколошки проблем претставува „легитимно поле“ (предмет) на истражување за науката за безбедност. Заради примерот, според заговорниците на проширениот концепт на безбедноста кој и да било проблем врзан за природната средина е истовремено и безбедносен проблем. Од другата страна се оние кои претпазливо истакнуваат дека само оние еколошки прашања што се закануваат да предизвикаат насилни судири помеѓу организираните политички заедници можат да се квалификуваат како безбедносни прашања, и дека како такви се изучуваат во рамките на науката за безбедност. Некаде, на средина, помеѓу ваквите крајни сфаќања е мислењето на Норман Мајерс (Norman Mayers), кој смета дека наспроти фактот дека секој еколошки проблем не води нужно кон насилен судир може, сепак, да се најде причинска врска на подолг рок помеѓу еколошките прашања и промените во политичкото дејствување. Хомер Диксон (Tomas Homer-Dixon) ваквиот став го појаснил со издвојување на три групи еколошки предизвици и закани за безбедноста: првата група се однесува на меѓудржавните судири што избиваат поради полагање на право или искористување на необновливите и обновливите природни извори; на другата група ѝ припаѓаат движењата на населението од голем обем кои се предизвикани со „еколошки удари“, а кои можат да водат кон судирите на спротивставени интереси и групи со различни етнорелигиски идентитети, и третата група се однесува на уривање на општествените установи и на внатрешната „социетална нестабилност“ кои имаат голема извесност дека ќе прераснат во насилни судири, а кои се предизвикани со загрозување од поголем број на населението поради осиромашување на поедини природни извори на енергија и суровини, загадување на околината, климатските промени итн.

Во однос на ваквите сфаќања на Мајерс и Хомер-Диксон, на сосема друг крај, Марк Леви (Marc Levy) и, посебно Даниел Дедни (Daniel Deudneu), тврдат дека поврзувањето на ваков начин на еколошките проблеми и националната безбедност, т.е. „тие да се милитаризираат“ може да доведе до сериозна концептуална, како и политичко-делотворна забуна во поимањето на безбедноста.

Најпосле, според наше мислење, највпечатлив пример на неодрживоста на безграничното ширење на „истражувачкото поле“ на науката за безбедноста доаѓа од редовите на приврзаниците на т.н. критички пристап; малку има прашања за општествените односи, внатрешни, меѓународни како и глобални, имено, кои останале надвор од легитимното занимавање на вака проширениот концепт на науката за безбедност, доколку би ги прифатиле сите последици кои ќе произлезат, од порано наведеното Галтунгово определување на „структуралното насилство“.

Оттаму од суштествено значење за предметот на науката за безбедност е сигурно да се определи кога и на кој начин многубројните нови предизвици, меѓу кои се и т.н. закани без непријател (threats without enemies – Gwyn Prins), претставуваат и вистинска безбедносна закана – легитимно поле на проучување (предмет на проучување), како и основа за преземање соодветни заштитни работи. За таква намера не е од голема корист, на пример, недоволно определениот став на Гвин Принс, според кого веќе самото „постоење на заканата е определувачка црта на безбедносниот проблем“.

Наспроти наведениот став на Принс, кој дозволува речиси целосна слобода во определување кои сè се безбедносни предизвици истовремено и безбедносни закани, Џозеф Нај и Шин Лин-Џонс, поттикнати со недискриминаторско ширење на предметот на науката за безбедноста, тврдат дека: „централните прашања на студиите на безбедноста се прашања што се поврзани со меѓународно насилство, како и дека референтен објект и субјект на безбедноста суверена е државата“.

Во таа смисла Стефан Волт понатаму го изострува ваквото своевидно сведување на науката за безбедност на една, во поглед на предметот, „проширена стратегија“, определувајќи ја како: „истражување на условите што ја прават поверојатна употребата на сила, начинот на кој употребата на сила ги погодува поединците, државите и општествата и посебните постапки кои државите ги усвојуваат во намера да се подготват или да се вклучат во војна“.

Како што може да се заклучи од кажаното, науката за безбедност, системот на безбедност, како и замислата на безбедноста, се соочени со голема дилема: од една страна, традиционалното определување на безбедноста кое преовладувало речиси во целост во изминатите столетија не дава потребна основа за сигурно објаснување на многустраната, многу изменета речиси непоимно сложената природа на поединечната, националната, меѓународната и глобалната безбедност која е во настанување. Од друга страна, често и недискриминаторското ширење на дефиницијата за безбедноста како и на предметот, полето на изучување на науката за безбедноста се заканува да го направи целиот концепт растеглив и целосно неповолен за научна анализа.

За понатаму концептот како таков да биде „целосен“ (Радомир Д. Лукиќ), наспроти спомнатата дилема, таа (замислата), секако, треба да го вклучи во својот предмет, покрај истражувањата на причините на судирот и самите насилни судири помеѓу организирани политички заедници, *и условите кои се поволни за откажување од употреба на сила* и кои востановуваат односи на траен мир и плодотворна соработка. Кажано со јазикот на Јохан Галтунг, науката за безбедност во содржината на својот предмет треба да ги вклучи *grosso modo* двете димензии: негативен (причини за војна итн.), но и позитивен вид (мирот и соработката, односот на демократијата и мирот, безбедноста и здружувањето, како и, најшироко, теоријата на стабилниот и демократски мир). Задачата на натамошното расчленување и изострување на предметот на науката за безбедност допрва стои пред истражувачите во векот од третиот милениум.

Најпосле, определувањето што не ја занемарува многу изменетата природа и го зголемува бројот на безбедносни предизвици и закани а, истовремено, ја задржува сознајната непротивречност и аналитичката прецизност, го дал Адријан Хајд-Прајс, кажувајќи дека во средиштето на науката за безбедност се: „заканите врз вредностите и начинот на живот на политичките заедници, заедно со судирите, посебно насилните судири". Хајд-Прајс со едно вакво определување успеа да ја избегне опасноста на „обезбедување" (securitization) на речиси сите општествени прашања, но и непотребното сведување на науката за безбедност на нејзиниот и понатаму најважен, се разбира, повеќе не и единствен, понекогаш и понекаде ниту првенствен, предмет на истражувачкото занимавање – насилните општествени судири. Со вака определената содржина на предметот на истражување и изучување науката за безбедност, *inter alia*, е и во самото „срце" на студиите за меѓународните односи.

Дека работите по повод определувањето на содржината на предметот на науката за безбедност не се ниту едноставни, а до сега ниту доволно разјаснети, кажува и Хајд-Прајсовото разликување на трите „дневни реда" на прашањата на современите „студии за безбедност": прво, станува збор за употреба на воена сила за постигнување на политичките цели („дневен ред" кој најсодржајно ја отсликува теоријата на војување и начинот на размислување на Карл фон Клаузевиц); второ, „дневен ред" кој се однесува на сфаќањето и управувањето со безбедносните прашања, ризиците и предизвиците по пат на дипломатските постапки и државничките дејности (Хајд-Прајс како најистакнат претставник на ваквото мислење и дејствување ја гледа политиката што ја водеше кнезот Метерних); најпосле, третиот „дневен ред" содржи прашања кои се однесуваат на истражување на условите за мирот (тука се наведува како идејно поттикнување филозофијата на Имануел Кант: иако, Хајд-Прајс не би згрешил, ниту доколку третата група на „дневниот ред на прашања", би ја врзал за името на норвешкиот истражувач на мирот Јохан Галтунг).

## БЕЗБЕДНОСНА ДИЛЕМА

Однесувањето на државите во текот на целата историја на меѓународните односи, како и во т.н. период на Студена војна, го карактеризираат таквите дејности кои се насочени кон достигнување на безбедноста, пред сѐ, преку зголемување на сопствените способности, отколку по пат на намалување на заканите (*threat abatement*), преку т.н. заедничко дејствување и, пред сѐ, соработка во прашањата за безбедноста. Меѓутоа, кога безбедноста се определува како отсуство на закани, или како способност да се одврати заканата во, што е најзначајно, односите на непрекинато натпреварување во моќта и урамнотежување на силите, тогаш е неизбежно размислувањето и однесувањето во образецот на безбедносната дилема. Не е лошо, уште еднаш, да се проучи содржината на ваквото мислење и однесување во прашањата за безбедност, бидејќи денес, имено, постојат оние кои веруваат дека главните субјекти на меѓународните односи, сеедно дали тоа го признаваат или не, дејствуваат во рамката на безбедносната дилема. Не е тешко да се заклучи дека таквата гледна точка доаѓа од таборот на поборниците на реалистичкиот пристап кон меѓународните односи. За реалистите, како што е познато, системот држава и натаму претставува основа, скелет на светските односи, при што стратешката калкулација ја чини самата срж на мислењето за безбедноста на државите членки на системот. Некои од нив даваат можност дека меѓународните организации играат второстепена улога, дека посредуваат со изворна државна волја (Bull), но ги отфрлаат оцените дека системот на државата е застарен (Falk) и дека се наоѓа во фаза на свое „историско, стратешко отстапување пред предизвиците и заканите на кои објективно веќе не им е дораснат“, како што тврдат глобалистите. Неореалистите, структуралистите и неоструктуралистите, на пример, се согласуваат дека системот на државите сериозно е нападнат со крупни промени во меѓународните односи и, посебно, на последиците што ги предизвикуваат зголемената и сложената меѓузависност и глобализацијата. Тие, меѓу друго-

то, го условуваат и споменатиот процес на т.н. *разгранување на глобалната структура*. Истите автори сметаат дека системот на државите, со неопходните приспособувања во практиката до кои неминовно ќе дојде, за сега, како и во догледна иднина, е незаменливо основно начело на организирање на меѓународните односи и светската политика.

Самото „невралгично јадро на безбедносната дилема" (Security dilemma) најточно и најкратко го определил Роберт Џервис (Jervis) со тврдењето дека безбедносната дилема е состојба во која „постапките со помош на кои една држава се обидува да ја зголемува сопствена безбедност ја намалуваат притоа безбедноста на другите". Постоењето на безбедносната дилема, го образложува Џервис, наведеното определување, подразбира таква состојба, во која, дури и кога државите се вооружуваат со цел за самоодбрана, тие со самото тоа (*ipso facto*) ја намалуваат безбедноста на своите соседи со поместување на „клацкалката" на рамнотежа на моќта на своја страна. Соседите и другите, следејќи ја истата логика, ќе бидат принудени поради чувството на загрозеност да ја зголемуваат сопствената моќ со цел повторно воспоставување на рамнотежата. Зависни од најчесто каприциозните промени на чувството на загрозеност и надмоќ, попрво отколку од засновање на дејностите врз основите на согледување на вистинската состојба на „меѓународната работа", (*verita effetualle delle cose* – Макијавели), милениумски старото размислување и однесување во клучот на безбедносната дилема не доведе до стабилни меѓудржавни односи и траен мир, туку спротивно.

Тесно сфаќајќи ја безбедноста само во нејзиниот воен вид, во форма на стратегиска национална безбедност, при што и *способноста и заканата* се искажуваат во воената димензија, безбедноста еднозначно и еднонасочно се врзувала за зголемување на моќта, а речиси целосно се предвидувало дека во веќе незначителна поширока рамка на сфаќање таа може да биде поделотворно врзана за „намалување на заканите". Тој

традиционален пристап кон безбедноста се темелел врз уверувањето дека само по пат на зголемена воена моќ може да се достигне или да се зголеми безбедноста, односно да се намали веројатноста од пораз. По тоа сфаќање, кога веројатноста на поразот во војна за една држава е рамна со нула, тогаш таа држава е „апсолутно“ безбедна, независно од веројатноста за војна. Војната и насилните судири во ваквиот пристап, како што може да се види, се „вкнижени“ во безбедносната пресметка на која било држава. Најсаканите и речиси единствените форми на соработка во безбедноста на главните субјекти „на анархичното општество на државите“ се практикувани преку т.н. различни стратегии на меѓународно осигурување: воени или династички сојузи, пактови, рудиментални регионални безбедносни системи. Заговорниците на реалистичниот пристап, повикувајќи се на „вистинската стварност“, испуштаат од вид еден крупен, практичен недостаток на ваквото размислување и однесување. Иако, имено, војничкото јакнење на една држава, сеедно дали до него се доаѓа самостојно или по пат на здружување во пактови или сојузи, понекогаш и само со добивање на безбедносните гаранции од некои од големите сили, вистински може да ја намали извесноста на поразот, но таквите постапки истовремено ја предизвикуваат другата страна, со што го поништуваат безбедносниот учинок на напорите на државата за која станува збор.

Со доведување на поимите на безбедноста и моќта во врска на ваков начин, се поставуваат и некои други прашања: добро е познато дека наспроти многубројните обиди од тој вид, тешко е точно и сигурно да се мери моќта, па дури и воената, која, инаку, во значителен број на своите видови и чинители може егзактно да се искаже. Оттаму, вистинскиот однос на моќта, најмногу поради спомнатата несигурност во мерењето, е видлив дури во воениот судир – што, меѓу другото, ќе каже дека ниту најголемата, апсолутна безбедност не лежи во натрупување на традиционалните видови моќ. Понатаму, без ог-

лед на тоа како се оправдува зголемувањето на сопствената моќ, дури и кога е преземено со цел за самоодбрана, таквите постапки секогаш произведуваат противмерки. Никогаш во целост искоренлива ирационалност на носителите на политичките одлуки во запазување на моќта, туѓата и својата, предизвикува постојана непријатност, неизвесност и страв во поглед на сопствената безбедност. На тој начин, мислењето и дејствувањето во клучот на безбедносната дилема претставува, сликовито кажано, само движење низ помал или поголем број на концентрични кругови, по пат на кои неизбежно се стигнува и до самото средиште, крајно и најсигурно одмерување на силите – до војна.

Има многу, за жал и премногу, примери во историјата на меѓународните односи кои ја потврдуваат вистинитоста на наведеното гледиште. Еден од најпознатите случаи од тој вид го наведува Тукидид во *Пелопонеската војна* – Лакедемонјаните го „огласиле“ претходното склучување на мировен договор од страв (*phobos*) од неодмерено јакнење на својот единствен соперник во тогашниот хеленски свет – таласократската Атина, и влегле во војна со неа и нејзините сојузници.

**ПРАШАЊА ЗА ДИСКУСИЈА**

Што е безбедносна појава?

Што означуваат безбедносните факти?

Кои се елементите на безбедносната ситуација?

Која е содржината на безбедносниот амбиент?

Кое е предметот на истражување на безбедноста?

Дефинирај ја безбедносната дилема?

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ЗА ОВА ПОГЛАВЈЕ

Abbott C, Rogers P. and Sloboda 1, Global Responses to Global Threats, Oxford Research Group, June 2006, Ayoob, Mohamed (1993): Squaring the Circle: Collective Security in a System of States, pp. 45-63. In: Thomas G. Weiss (ed.): Collective Security in a Changing World. Lynne Rienner Publishers, Boulder & London, Апостолски М., „Создавање на македонската војска", Историја, VII/2, Скопје, 1971, Антољак С, Средновековна Македонија, Т. 1, Скопје, 1985. Andreas P. and Price R., "From War Fighting to Crime Fighting: Transforming the American National Security State", in International Studies Review, no. 3, 2001. Barash D. P., Approaches to Peace (A Reader in Peace Studies), Oxford University Press, New York & Oxford, 2000, Barroso J. M., "Europe and the challenges of globalization", President of the European Commission, Speech given at St Antony's College , Oxford, 11 October 2007, Бакрески О., Контрола на безбедносниот сектор, Филозофски факултет, Скопје, 2008, Бакрески О., Координација на безбедносната заедница во Република Македонија, Филозофски факултет, Скопје, 2005, Бакрески О., Координација на безбедносниот сектор, искуства и практики, Филозофски факултет, Скопје, 2006, Betts R. K., „Fixing Intelligence", in Foreign Affairs, Vol. 81, no. 1, 2002. Beuman P., Terror and Liberalism, New York: W. W. Norton, 2003. 'Bodansky Y, Bin Laden, Roosevelt, Calif.: Prima Publishing, 1999. Bone A., 'Conflict Diamonds: The De Beers Group and the Kimberley Process,' in Bailes, A. and Frommelt, I. (eds) Business and Security: Public-Private Sector Relationships in a New Security Environment, Stockholm: Oxford University Press, 2004, Boskovic M., Oblici organizovanog kriminaliteta i metodi suprostavljanja, Beograd, 1994, Brown H., "Thinking About National Security: Defense and Foreign Policy", in A Dangerous World, Colorado: Westview Press, 1983, Baric, R., "Prilagodba Sporazuma o konvencionalnim snagama (CFE Treaty)", Medunarodne studije, Vol. I, broj 1/2000., Basic N. i Stoett P. (ur.), Sigurnosne studije u tranziciji, Univerzitet u Bihacu, Centar za ljudska prava i prevenciju konflikta i Univerzitet u Banja Luci, Centar za geostrateska istrazivanja, Bihac, 2003, Booth K., "Security in Anarchy: Utopian Realism in Theory and Practice", International Affairs, vol. 67, no. 3, 1991, Bruneau T., "Controlling Intelligence in New Democracies", in International Journal

of Intelligence and Counterintelligence, vol. 14, no. 3, 2001. Bruneau, T. C, 'The Military in Post-Conflict Societies: Lessons from Central America and Prospects for Colombia,' in Security Sector Reform and Post-Conflict Peacebuilding, ed. Schnabel, A. and Ehrhart, H.-G., 233-242, Tokyo: United Nations University Press, 2005, Buzan B., People, States and Fear: An Agenda for International Security in the Post-Cold War Era, Second Edition, Harvester Wheathtsheaf, London, 1991, Buzan B., Waver O., and De Wilde J., Security: A New Framework For Analysis, Boulder, CO: Lynne Reinner Publicaqtions, 1998, Vankovska B., "The Human Security Doctrine for Europe: A View from Below", in International Peacekeeping, Vol. 14, No. 2, April 2007, Ванковска Б. Реформа на безбедносниот сектор во пост-конфликтно општество: меѓу владеење на правото и градење на мирот?, материјал презентиран на конференцијата „Владеење на правото и реформите во судската власт и во безбедносните владини структури" одржана во Скопје на 21 април 2006, Ванковска Б., „Национална и/или хумана безбедност: Дилемите на постконфликтните општества во Југоисточна Европа", во Перспективите на Република Македонија на патот кон НА ТО и Европската унија, МО на РМ и Филозофски факултет, Скопје 2006, Ванковска Б., Политички систем, Бомат Графикс, Скопје, 2007. Вујаклија М., Лексикон страних речи и израза, ИРО „Просвета», Београд 1980, Георгиева Л., Менаџирање на ризиците, Филозофски факултет, Скопје, 2006 година. Георгиева Л., Творење намирот, Студио АДА, Скопје, 1999, Гоцевски Т., Бакрески О., Славески С, Европската унија низ призмата на европската безбедност, Филозофски факултет, Скопје, 2007, Гоцевски Т., Економика на одбраната, Универзитетска печатница «Свети Кирил и Методиј», Скопје, 1996, Гоцевски Т., Основи на системот на националната одбрана, Филозофски факултет, Скопје, 2006, Cvrtila, V., Nacionalna sigurnost neutralnih drzava Europe: politicke i geostrategijske odrednice, doktorska disertacija, Fakultet politickih znanosti, Sveuciliste u Zagrebu, 1999. Duncan, S., "Relative Gains and the Pattern of International Cooperation", American Political Science Review, no.85, 1991, Grizold, A., Medunarodna sigurnost: Teorijsko-institucionalni okvir, Fakultet politickih znanosti, Zagreb, 1998, Grizold, A. (ur.), Raspotja nacionalne varnosti, FDV, Ljubljana, 1992, Grizold Anton , Evropska varnost, Fakulteta za druzbene vede, Ljubljana, 1999, Гризолд А., Словенија

во изменета безбедносна средина, Министерство за одбрана на РМ, Скопје, 2006, Grizold, A. „Oblikovanje Slovenske nacionalne varnosti„. In: An ton Grizold (ed.): „Razpotja nacionalne varnosti„. Fakulteta za druzbene vede, Ljubljana, str. 59-93. 1992, Grizold, A. „The Concept Of National Security in The Contemporary World„ . International Journal on World Peace, Vol. XI (September 1994) 3,pp.37-53.1994 Grizold, A. „Institutionalization of the Prevention and Solution of Conflicts Between States„. Teorija inpraksa, 31, 5-6, pp. 452-468. 1994, Grizold, A. „Posameznikova varnost in obvescevalne sluzbe„. Zbornik strokovno-znanstvenih razprav. Ministrstvo za notranje zadeve Re-publike Slovenije, Ljubljana, pp. 108—115. 1996, Ghzold, A. „Vamost malih drzav v okviru novega evropskega vamostnega okolja„. In: Anton Kramberger (ed.), „Slovenska Drzava, Druzba in Jcnnosi„. Fakulteta za druzbene vede, Ljubljana, pp. 65-74. 1996, Godson R., “Organized Crime-Characteristics of Global Threat”, International Organized Crime, 2002, Gray S., ‘Iraq’s New Leaders target Private Guards’, The Sunday Times, 6 June 2004, Greene, O. ‘Security Sector Reform, Conflict Prevention and Regional Perspectives’, Journal of Security Sector Management Volume 1, No. 1, March 2003, Gurr N. and Cole B., The New Face of Terrorism: Threats from Weapons of Mass Destruction, New York: I. B. Tauris, 2002, Gyarmati I. (ed.), Security Sector Governance in the Western Balkans 2004, DCAF, 2004, Даскаловски С. „Кризата во Македонија 2001 - Внатрешен вооружен конфликт или војна„, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, Скопје, 2005, Даскаловски С. „Од покана до приклучување во НАТО„, Научна трибина на Институтот за одбранбени и мировни студии, Скопје, 2006, Даскаловски С. „Меѓусебните односи и димензионирањето на видовите во војските на НАТО земјите-состојби и перспективи„, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, 2006, Даскаловски С. „Создавање на нови воени сили како одговор на новите закани„Годишен зборник на Филозофски факултет, Скопје, 2007, Даскаловски С. „Новата конфликтна средина и нејзините импликациина конвенционалните сили„, Современа македонска одбрана, Бр.16, Скопје, 2007, Danikar G., Nature and Deployment of Armed Forces - Turning Point Gulf War 1991, Frauenfeld, 1992, Dimitrijevic, V. „The Concept of Security in International Relations„, Beograd: Savremena Administracija. 1973.

Dearth D. H., “National Intelligence: Profession and Process,” in Douglas H. Dearth and R. Thomas Goodden, (eds.), Strategic Intelligence: Theory and Application, Washington, DC: Joint Military Intelligence Training Center, 1995, Димишковски С, Основи на националната одбрана на Република Македонија (воено-политички аспекти), НИП „Глобус», Скопје 1996, Caparini M. and Schreier F., ‘Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies,’ DCAF Occasional Paper No. 6, March 2005, Carter A., Deutch J., and Zelikow P., “Catastrophic Terrorism,” Foreign Affairs, 77, November/December 1998, Channa J., Security Sector Reform: Issues, Challenges and Prospects, IISS Adelphi Paper 344, 2002, Chesterman S., ‘Shared Secrets: Intelligence and Collective Security’, Lowy Institute Paper 10, Double Bay: Lowy Institute for International Policy, 2006, Christie N.. Crime Control as Industry, London & New York: Routledge, 1994. Cookridge E. H., Gehlen: Spy of the Century, New York, Random House, 2004, Crawford A., “The Governance of Crime and Insecurity in an Anxious Age”, in Crawford (ed.). Crime and insecurity,. Devon: Willan, 2002, Цветковски Г., Македонскиот октопод, Силсонс, Скопје, 2008, Crawford A., “The Governance of Crime and Insecurity in an Anxious Age”, in Crawford (ed.). Crime and insecurity,. Devon: Willan, 2002, Falkenrath R. A., Newman R. D., and Thayer B. A., America’s Achilles’Heel:Nuclear, Biological, and Chemical Terrorism and Covert Attack, Cambridge, Mass.: MIT Press, 1998, Falkenrath R., “Confronting Nuclear, Biological and Chemical Terrorism,”Survival, 40, Autumn 1998, Fischer D., Nonmilitary Aspects of Security: A Systems Approach, Aldershot: United Nations Institute for Disarmament Research, 1993, Flanagan S. J. and Schear J. A. (ed.), America’s Global Security Agenda, Institute for National Strategic Studies, Library of Congress, 2008. Hadzic M., „Zamisao reforme sektora bezbednosti”, Smisao reforme sektora bezbednosti (prirucnik), Centar za civilno-vojne odnose, Beograd, 2004, Ханс Борн и Иан Ли, Создавање отчетно разузнавање: Правни стандарди и најдобри практики за надзорот над разузнавачките агенции, Скенпоинт, Осло, 2005, Hanggi H. and Winkler T. (eds.), Challenges of Security Sector Governance, LIT: Munster, 2003, Harkleroad D., “Actionable Competitive Intelligence,” briefing to SCIP Conference, Alexandria, VA, March 28,1996, Harris G., “Evaluating Intelligence Evidence,” in Ronald D. Garst, (ed), A

Handbook of Intelligence Analysis, Washington, DC: Defense Intelligence College, 1989, Hasted G. (ed.), Controlling Intelligence, Frank Cass, London, 2001, Herman M., “Intelligence After the Cold War: Contribution to International Security?”, Brassey ‘s Defence Yearbook, 1995, Heymann P. B., Terrorism and America: A Commonsense Strategy for a Democratic Society,Cambridge, Mass.: MIT Press, 1998, Haftendorn, H. „The Security Puzzle: Theory Building in International Security„. International Studies Quarterly 35(1), pp. 3-17. 1991, Herz, John H. “Idealist internationalism and the security dilemma.”World Politics, 3 (1950) 2. 1950, Hewedy, A. „Militarization and Security in the Middle East„, London: Pinter Publishers. 1989, Hinley, F. H. „Power and Pursuit of Peace„. Cambridge University Press, Cambridge.1963, Hoffmann, S. “Weighting the Balance of Power.„Toreign Affairs. July 1950, Hoffman B., “Holy Terror: The Implications of Terrorism Motivated by a Religious Imperative,” Studies in Conflict and Terrorism, 18, October-December 1995, Hoffman B., “Intelligence and Terrorism: Emerging Threats and New Security Challenges in the Post-Cold War Era”, in Intelligence and National Security, Vol. 11, no. 2, 1996, Hoffman B., Inside Terrorism, New York: Columbia Univ. Press, 1998. Holmqvist C, ‘Private Security Companies: the Case for Regulation,’ SIPRI Policy Paper, no. 9, 2005, Hornqvist M., “Risk Assessments and Public Order Disturbances: New European Guidelines for the Use of Force?”, Journal of Scandinavian Studies in Criminology and Crime Prevention, Vol. 5, 2004, Hughes G. and Edwards A. (eds.), Crime Control and Community. Cullompton: Willan, 2002, Huntington S., The Solder and the State, Cambridge, MA: Harvard/Belknap, 1987, Hutchful E., ‘A Civil Society Perspective’, in Lala A. and Fitz-Gerald A.M. (eds.), Providing Security for People: Security Sector Reform in Africa, GFN-SSR, 2003, Ивановски З. и Ангелески М., Безбедносни системи, „Југореклам», Скопје, 2005, Ioannides I., “European Policing? A Critical Approach to European Union Civilian Crisis Management with Special Reference to Macedonia”, Conference Proceedings “Globalization, Nationalism and Ethnic Conflicts in the Balkans and Its Regional Context”, Belgrade: Forum for Ethnic Relations, 2007, Jenkins B. M., The Likelihood of Nuclear Terrorism, Santa Monica, Calif.: RAND, July 1985, Jeske J., „Organizirano kriminalno djelovanje stranaca i medunarodna suradnja na primjeru kriminala vezanog za drogu”, Izbor, Zagreb,

1/1989, Jervis, R.; „Perception and Misperception in International politics„. Princeton: Princeton University Press. 1976, Kissinger, H.A. „Diplomacy„. Simon & Schuster, London.1994, Krause, L.B. and J.N.: „Reflections on the Economics and Politics of International Economic Organizations An„: C.F.Bergsten and L.B.Krause (eds): World Politics and International Economics. Washington D.C.:Brookings Institution.1975, Krell, G."The Development of the concept of security" Arbeitspaper 3. Frankfurt: Peace Research Institute. 1979, Kaplan R., "The Coming anarchy", The Atlantic Monthly, Vol.273, No.2,1994, Котовчевски М., „Разузнавачко-безбедносна заедница на Република Хрватска», Современа македонска одбрана, Министерство за одбрана, Скопје, бр. 16/2007, Котовчевски М., „Разузнавачко-безбедносниот систем на државната заедница Србија и Црна Гора», Современа македонска одбрана. Министерство за одбрана, бр. 7, 2003, Котовчевски М „Извори на загрозување на мирот и на националната безбедност„ Балкански центар за мир, Скопје, 1999 година, Котовчевски М. „Дефендологија„, Македонска ризница, Куманово, 2002 година, Котовчевски М. „Дефендологија (второ изменето и дополнето издание)„ Македонска ризница, Куманово, 2005 година, Котовчевски М. „Етиологија на вооружените конфликти„ Скопје, 2007 година, Котовчевски М., Национална безбедност на Република Македонија, I, 11,111. книга, Македонска цивилизација, Скопје, 2000, Котовчевски М., Современи разузнавачки служби, Скопје, 2002, Кузев С, Стратегија за одбрана, „Југореклам», Скопје, 2001, Knesel M., „Preventivno suzbijanje krivicnih djela - odbrana od opasnosti ili krivicno gonjenje», Izbor, 3/1989, Knightley P., The Second Oldest Profession: Spies and Spying in the Twentieth Century, W.W. Norton, New York, 1998, Krivokapic V.,Problemi reintegracije i reforme jugoslovenskog krivicnog zakonodavstva, Beograd, 1995, Kuus M., «European Integration in Identity Narratives in Estonia: A Quest for Security», Journal for Peace Research, vol. 39, no. 1,2002, Quillen C, «A Historical Analysis of Mass Casualty Bombers,» Studies in Conflict and Terrorism, 25, September/October 2002. Lab S., "Crime Prevention: Approaches", Practices and Evaluations., Cincinatti:Anderson Publishing, 1997, Laguer W., A world of secrets, New York Basic Books Inc. 1985, Laqueur W., "Terror's New Face", Harvard International Review, 20, Fall 1998, Laqueur W., No End to War: Terrorism in the Twenty-First

Century, New York: Continuum, 2003, Law D., ‘Security Sector Reform and the Future of the Code of Conduct’, Helsinki Monitor 17, no. 2,2006, Law D., ‘Security Sector Reform in the North Atlantic Area: unfinished business’, in Reform and Reconstruction of the Security Sector, eds. Alan Bryden and Heiner Hanggi, Geneva: DCAF, 2004, Law D., “Intergovernmental Organizations and their Role in Security Sector Reform”, in David Law (Ed.), Intergovernmental Organizations and Security Sector Reform, DCAF, 2007, Lippman, W. “US Foreign Policy”, Boston.1943, Lowenhard, P.: “Is war Inevitable”, International Journal on World Peace, March.1991, Mearsheimer, J. John, “The False Promise of International Institutions”, International Security, vol. 19, Winter no. 3, 1994/95, Morgenthau, H., “Another “Great Debate”: The National Interest of the United States”, in: Vasquez, J. (ed.), Classics of International Relations, NJ: Prentice Hall, Englewood Cliffs, 1982, Mangold, P.: “National Security and International Relations”. Routledge, New York.1990, Miletic, A.“National Interests in the US Theory of International Relations”, Sarajevo, Beograd: Savremena Administracija, pp. 131-169 and 193-217.1978. Mlinar, Z.: “Sovereignty, Interdependence and Menace”, Theory-and Practice, October-November, pp. 1163-1174.1991, Malik S. K., The Quranic Concept of War, Lahore, India: Wajidalis, 1979, Mandel R, Armies Without States: The Privatization of Security, Boulder: Lynne Rienner, 2002, Маслеша Р., Теорије и системи сигурности, „Магистрат», Сарајево, 2001, Мендел Т., Слободен пристап до информациите: Споредбен правен преглед, ПРО МЕДИА, Скопје, 2004, Милевски Т. „Македонија Рубикова коцка на Балканот”, Скопје: Филозофски факултет, 2005, Милевски Т., Еколошка брезбедност, Филозофски факултет, Скопје, 2006, Милошевиќ М., Систем државне безбедности, Полициска академија, Београд, 2001, Митревска, М. „Кризен менаџмент„, Европа 92, Кочани, 2008 година, Митревска М. и други. „Превенција и менаџирање на конфликти-случај Македонија„, Бомат графикс-Скопје, Скопје, 2009 година, Митревска, М. „Цивилна одбрана„, Филозофски факултет, Скопје, 2010, Митревска М. „Превентивна дипломатија и мировни операции„, Филозофски факултет, Скопје, 2010, Milosavljevic B., Nauka o policiji, Prosveta, Beograd, 1985, Muller H., «Terrorism, proliferation: a European threat assessment», Chaillot Paper 58, EU Institute for Security Studies, Paris, 2003, Miiller-Ville B., For our eyes only? Shaping an intelligence

community within the EU, Occasional Papers no. 50, Institute for Security Studies, January 2004, Нацев З. и Начевски Р., Војна, мир и безбедност, Македонска ризница, Куманово, 2000, Нацев З., Теориски основи на доктрината и стратегијата на националната одбрана, НИП Ѓурѓа, Скопје, 1999, Nobilo, M. “The Concept of Security in the Terminology of International Relations”, Political Thought, October-December.1988, Nef J., Human Security and Mutual Vulnerability: The Global Political of Development and Underdevelopment, Second Edition, International Development Research Centre, Johannesburg, 1999, Панов Б., Дејноста на кирил и Методиј во Македонија, 36. Кирил Солунски 1,МАНУ,Скопје, 1970, Папазоглу Ф., Историја на хелинистичкиот период, Скопје, 1995, Печар Ј., „Словенска полиција у новим друштвено политичким приликама», Приручник, 1/1991, Проева Н., Студии за античките Македонци, Скопје, 1997, Пусиќ Е., Управни системи, ГЕХ Загреб, 1985, Ransom H. H.,The Intelligence Establishment, Harvard University Press, Cambridge, 1970. Rapoport D. C, “Fear and Trembling: Terrorism in Three Religious Traditions,” American Political Science Review, 78, September 1984, Rapoport D. C, “The Fourth Wave: September 11 and the History of Terrorism,” Current History, December 2001, Richelson G., Foreign Intelligence Organizations, 2003, Richelson J., A Century of Spies: Intelligence in the XX Century, Oxford University Press, Oxford, 1995, Roberts B., (ed)., Terrorism with Chemical and Biological Weapons: Calibrating Risks and Responses Alexandria, Va.: Chemical and Biological Arms Control Institute, 1997, Rosow C. J., Globalization as Democratic Theory, Journal of International Studies, Vol. 29, No. 1, 2002, Schreier F. and Caparini M, ‘Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies’ Geneva Centre for the Democratic Control of the Armed Forces. Occasional Paper, no. 6, 2005, Silverstein K., Private Warrio ‘s, Verso: London, 2000, Singer W., ‘Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry and its Ramifications for International Security’, International Security 26/3, Winter 2006/07, Singer P. W., Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry, Ithaca: Cornell University Press, 2003, Славески С, „Интеграцијата на земјите од Западен Балкан во евроатлантските структири:Прилог кон регионалната безбедност», во Перспективите на Република Македоноија на патот кон НАТО и

Европската унија, МО на РМ, Скопје, 2006, Славески С, Националната безбедност на Република Македонија и евроатлантските интеграции, Дигипринт, Скопје, 2003, Slaveski S., "Security of information - precondition for membership of the Republic of Macedonia to NATO", in Macedonia in NATO, Ministry of Defence of the Republic of Macedonia, Skopje, 2003, Slaveski S., „The Societal Security Dilemma: The Case of the Republic of Macedonia", Macedonian Affairs, Vol. IV, No. 9, March 2003, Schiffer, W.: "The Legal Community of Mankind: A Critical Analysis of the Modern World Organization". Columbia University Press, New York.1954, Shultz, R., Roy G., Ted G. (eds.): "Security Studies for the 1990's". Washington D.C., New York: Brassey's. Stein Wrightson, Patricia and Alice Ackemiann (1994) in: Michael T. Klare (ed.) Peace and World Security Studies 1994, Symonides, J. "The General State of European Security". In: Robert D. B., F. Stephen L.(ed.): "Conventional Arms Control and East-West Security". Clarendon Press, Oxford, New York. 1989, Стајиќ М., „Безбедноста и заштитата на класифицираните информации кои се чуваат, обработуваат и пренесуваат преку комуникациско-информатички системи», Современа македонска одбрана, бр. 11, јуни 2005, Стаменковски А., Менаџмент со одбраната, Ѓурѓа, Скопје, 2004, Стевковски Л., „Предизвиците за современото разузнавање», во Предизвиците за реформите во безбедносниот сектор на Република Македонија, Институт за одбрана и мировни студии (Филозофски факултет) - Скопје и Центар за демократска контрола на вооружените сили - Женева, Скопје, 2003, Стојановски, Полицијата во демократското општество, „2 Август « Штип „Астор» ДОО Скопје, 1997, Стојчев В., Воена историја на Македонија, Сојузот на друштвата на историчарите на Република Македонија и Воена академија „Генерал Михаило Апостолски», Скопје, 2000, Smith A. K., Turning on the DIME: Diplomacy's Role in National Security, The Strategic Studies Institute, October 2007, Smith A., "The Ethnic Sources of Nationalism", Survival, Vol. 35, No. 1., 1993, Sparks R., "Perspectives on risk and penal politics", in Hope T, Sparks R (eds.), Crime, Risk and Insecurity,. London: Routledge, 2000, Stern J., The Ultimate Terrorists, Cambridge, Mass.: Harvard Univ. Press, 1999, Stojanovic Z., "Organizovane forme kriminaliteta", Bezbednost i DSZ, Beograd, 5/1990, Tatalovic S. i Bilandzic M., Osnove nacionalne sigurnosti, Ministarstvo unutarnjih

poslova Republike Hrvatske, Zagreb, 2005, Tatalovic S., „Novo razumijevanje sigurnosti i sigurnosno okruzenje na jugoistoku Europe",u: Demokratski nadzor i kontrola nad bezbjednosnim sektorom u regionu, Banja Luka, 2004., Трапанс Ј. А., „Безбедносните реформи во Македонија», во Предизвиците за реформите во безбедносниот сектор на Република Македонија, Институт за одбрана и мировни студии (Филозофски факултет) - Скопје и Центар за демократска контрола на вооружените сили - Женева, Скопје, 2003, Шанев Р.„„Законот за класифицирани информации - новина во нашето законодавство», Одбрана, бр. 96, април 2004, Шкариќ С, Македонија на сите континенти (мир, демократија, геополитика), Унион трејд, Скопје, 2000, Wendt A., Anarchy Is What States Makes of It: The Social Construction of Power Politics, International Organization, Vol. 46, no. 2, 1992, Winkler, T., "Central Europe and Post-Cold War European Security Order", u: Jacob Kipp (ur.), Central European Security Concerns, Frank Cass, London, 1993, Wolfers, A. National Security as an Ambiguous Symbol, Discord and Collaboration, John Hopkins University Press, Baltimore, 1962, Wacquant L., "The Penalisation of Poverty and the Rise of Neo-liberalism", European Journal on Criminal Policy and Research, 9/2001, Waver O., Buzan B., Kelstrup M. and Lemaitre P., Identity, Migration and the New Security Agenda in Europe, St. Martins's Press, New York, 1993, Warner M., "Wanted: A Definition of Intelligence", in Studies in Intelligence, vol. 46, no. 3, 2002, Wilkinson P., "Terrorist Targets and Tactics: New Risks to World Order", Conflict Study, 236, Washington: Research Institute for the Study of Conflict and Terrorism, December 1990, Wolf P., "O Pravnim i socijalnim osnovama egzistencije i zadacima njemacke vojske", vo Polemos, Casopis za interdisciplinary istrazivanja rata i mira, Hrvatsko sociolosko drustvo i Jesenski & Publishing House, Sv. 4, broj 1(7), Zagreb, sijecan-lipanj, 2001, Woodhouse T., and Ramsbotham O., 'Cosmopolitan Peacekeeping and the Globalization of Security'. International Peacekeeping, vol. 12, no. 2, 2005. Wulf H., Internationalizing and Privatizing War and Peace,. Basingstoke: Palgrave Macmillan, 2005. Woifers, A. "National Security as an Ambiguous Symbol" Science Quarterly, Vol. 67, No.4. December 1952, pp. 167-168. 1952, Wolfers. A. "National Security as an ambiguous Symbol". Discord and Collaboration 7.Baltimore: John Hopkins University. 1962.

# ГЛАВА ТРЕТА
# ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПОИМОТ БЕЗБЕДНОСТ

**ЦЕЛИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ПОСТИГНАТ**

Да се прошираш знаењата и сознанијата во енциклопедиска смисла, поимот безбедност подразбира отстранување на сите активности/чинења и пропуштања/нечинења кои ги загрозуваат или можат да ги загрозат луѓето, редот, јавниот поредок, материјалните и духовните добра, објектите, определен простор или некоја друга вредност; во социолошка смисла, безбедноста подразбира/претставува динамичен склоп на односи и процеси во општеството со кои се обезбедува непречено остварување на производната дејност на луѓето, односно нивното создавање на материјални и општествени вредности или нивно непречено практично дејствување; во правна смисла подразбираме постоење на правен ред и поредок во државата со пропишани казниви дела, ефикасен безбедносен систем на откривање, попречување и сузбивање на казнивите дела и постоење на ефикасен судски систем за благовремено и правично пресудување. Да се обноват и прошираm знаењата за поимовното определување на безбедноста и преку содржината на оваа глава читателот ќе навлезе низ многу валиринти и дилеми кои може ќе отворат дополнителни прашања за безбедноста што е основа цел на ова поглавје.

## ВОВЕДНИ РАЗГЛЕДУВАЊА

Зборот безбедност има многу широка употреба во секојдневната комуникација. Притоа поимот безбедност е еден од најмалку објаснетите поими. Како за еден мошне комплексен општествен феномен, за безбедноста веќе со векови се размислува, и тоа од различни аспекти: филозофски, правни, политички, социолошки, економски итн. Меѓутоа, и покрај тоа, во теоријата сè уште не постои единствено определување на поимот безбедност. Потешкотиите кои се јавуваат при определување на поимот безбедност настануваат поради тоа што, мошне често, при разгледување на безбедносните прашања во прв план се става дилемата за кого е потребно да се обезбеди безбедноста, што содржи поимот безбедност, од кого доаѓа заканата по безбедноста, кој е одговорен за безбедноста и со кои постапки, средства и начини се достигнува, се чува и се унапредува безбедноста. Истражувајќи ја домашната правна литература се дојде до заклучок дека поимот безбедност не е доволно третиран. Поради тоа е потребно најпрво да се образложи самиот поим на безбедноста, а потоа да се направи разлика помеѓу него и другите слични термини, односно да се определи општиот и правниот поим на безбедноста, а потоа да се направи и содржинска анализа на поимот безбедност. При анализа на содржината е потребно да се образложат два битни елемента, неизбежни при определување на безбедноста, а тоа се усвоените безбедносни вредности и опасности за тие вредности (Павловиќ, 2016).

Промените внатре во современите држави, како што се втемелување на демократијата, човековите права и владеењето на правото, бараат изградба на соодветен безбедносен систем и контрола врз тој систем. Наведените промени, како и промените во односите помеѓу државите, бараат и нови пристапи на безбедноста кои мора да ги опфатат сите сектори: економскиот, политичкиот, социјалниот, еколошкиот, воениот итн., и сите нивоа: човекова, национална и меѓународна, т.е. регионална и глобална безбедност (Pavlovič and Gjurovski 2012).

Современата национална безбедност претставува синтеза на безбедноста на граѓаните (поединците) и безбедноста на државата, но и нивно партиципирање во меѓународната безбедност. Заштитата на виталните вредности се остварува со реализација на функцијата на безбедноста, т.е. со активности на државниот, но и на недржавниот сектор за безбедност, како и со помош на меѓународната соработка во областа на безбедноста. Референтните вредности кои се штитат на овој начин се мирот, слободата, човековите права, безбедноста на луѓето и општествените групи; квалитетот на животот; националното единство, достоинството, гордоста и идентитетот; животната средина; енергетската стабилност, економски и социјалниот просперитет; информациските ресурси; правниот поредок и владеењето на правото; територијалниот интегритет; политичката самостојност и опстанокот на државата и општеството (Katzenstein, 1996). Со оглед на тоа што во последно време посебно значење им се дава на заканите (тероризам; организиран, сајбер и прекуграничен криминал; природни непогоди), безбедноста добива ново значење.

## ЕТИМОЛОГИЈА НА ТЕРМИНОТ БЕЗБЕДНОСТ (ЈАЗИЧЕН ПОИМ)

Повикувајќи се на Мајкл Дилан (*Michael Dillon*) и домашните автори кои се занимаваат со теоријата за безбедноста, зборот безбедност своите корени ги влече од грчкиот израз *asphaleia* (ασφαλεια), кој е изведен од зборот *sphallo* (Бајагиħ, 2007). Дилан го преведува зборот *sphallo* како грешка, причина за пропаст, пораз, збунетост и разочарување, а за *asphaleia* вели дека тоа, имено, е неација на овој збор, кој би значел избегнување грешка, лага, пропаст, пораз и разочарување. Овој израз се користи за да истакне нешто постојано, нештата да ги направи стабилни, осигурени од опасноста, да биде сигурно или уверено (Dillon, 2003: 124).

Меѓутоа, во повеќето современи јазици формите на зборот безбедност водат потекло од латинскиот збор *securitas**, „на пример, *sècuritè* и *sûretè* во францускиот, *security* и *safety* во англискиот, *sicurezza* и *sicurità* во италијанскиот, *sicher* и *sicherhiet* во германскиот“ (Милосављевић, 2014: 97), како и *securitate* во романскиот, *seguridad* во шпанскиот јазик, *безопасност* и *сигурност* во рускиот и бугарскиот, *сигурност* во хрватскиот јазик.

Притоа, изразот *securitas* значи безгрижност, сигурност, безопасност, односно состојба без грижа, без страв, без загриженост, сигурност, постојаност, во која некој е сигурен (Авис, 2005: 895). Во врска со тоа, Ема Ротшилд (*Emma Rothschild*) наведува „дека во својата основна класична смисла *securitas* се однесува на состојба на поединецот, особено врз неговиот внатрешен мир, а означува сталоженост, мир на духот, ослободеност од грижа“ (Rothschild, 1995: 61).

Во македонскиот јазик во употреба се два израза: *безбедност* и *сигурност*. Долго време беше отворено прашањето за тоа дали овие изрази се синоними или не. Изразите безбедност и сигурност се и не се синоними. Може да се претпостави дека двата израза значат исто, иако зборот „сигурност“ веројатно има поширока смисла, бидејќи не подразбира само отсуство на опасност туку и извесност, самодоверба, па и лесномисленост. Безбедноста може да се определи воопшто како отсуство на опасност за фундаменталните вредности.

Современото кривично законодавство, исто така, ги користи изразите безбедност и сигурност како синоними. Од една страна, во Кривичниот закон се користат изрази „загрозување на сигурноста на лицето“ и „општа сигурност на луѓето и имотот“, а, од друга страна, изразите „безбедност на Републи-

* *Securitas* бил назив на римско божество – божица, која ја персонифицирала безбедноста на римскиот владетел и римскиот народ, а нејзиниот лик бил втиснат на металните пари на Римското Царство.

ката“, „безбедност на јавниот сообраќај“, „безбедност на компјутерските податоци“ и сл.

Вршејќи теоретско-правна анализа на поимот безбедност, овие термини не се синоними. Како потврда на својот став се наведува фактот дека зборот сигурност има самостојни значења, како социјална сигурност или правна сигурност.

Во врска со тоа, „од аголот на овие значења, би можело да се заклучи дека „сигурност“ припаѓа на категорија на посебни потреби, бидејќи се однесува на оние кои се во состојба на некои од посебните социјални потреби (стари, неспособни за работа, сироти, болни, невработени итн.). За разлика од тоа, поимот „безбедност“ би припаѓал на категорија општи потреби, како што се, на пример, правдата, доброто, слободата или здрава храна и вода, општо образование или здрава животна средина“ (Милосављевић, 2014: 98).

Во македонскиот јазик зборот *безбедност* значи отсуство на опасност, безопасност, состојба во која не се чувствува никаква опасност. Безбеден е оној кој е осигурен од опасноста, заштитен, стабилен, сигурен, обезбеден; па безбедноста би била состојба на оној кој е безбеден или она што е обезбедено. Од аголот на поединецот, би можело да се каже дека безбедноста значи отсуство на страв за себе, своите блиски и своите добра, а од аголот на некоја општествена група или целото општество – отсуство на закани за опстанок на таа група, односно општеството и нивните вредности („на поредокот на работите“) кои се сметаат за суштински за одржување и напредок и кои како такви треба посебно да се штитат од загрозување“ (Милосављевић, 2014: 97). Прифаќајќи го наведениот став, а со цел избегнување определени нејаснотии во врска со јазичниот поим, во овој труд се определуваме за терминот безбедност.

## ОПШТ И ПРАВЕН ПОИМ НА БЕЗБЕДНОСТА

Постојат голем број дефиниции и разни обиди за определување на поимот безбедност, но засега нема една општа дефинциија на безбедноста околу која би владеела согласност. Дејвид Болдвин (*David Baldwin*) истакнува дека поимот безбедност во својата суштина е спорен и сложен концепт (Baldwin, 1997). На повеќедимензионалноста и сложеноста на поимот безбедност предупредил, во средината на минатиот век, Арнолд Вулферс (*Arnold Wolfers*), определувајќи го како „неопределен симбол“ (*ambiguous simbol*), кој може но не мора да има некое значење (Wolfers, 1952).

Во обидот да го определат поимот безбедност авторите најчесто истакнуваат дека „безбедноста може да се разбере како состојба на стабилност на виталните вредности на општеството...“ (Радуловић, 1994: 14). Односно, како „состојба на отсуство на опасноста за основните вредности и интереси на поединците, општеството и државата во однос на сложени меѓународни односи“ (Гризолд, 1998: 27), или како „состојба во која е обезбеден урамнотежен физички, духовен и материјален опстанок на поединецот и општествената заедница во односот спрема другите поединци, општества и природата“ (Гризолд, 1992: 65).

Одделни автори го застапуваат ставот „дека безбедноста е релативна категорија, поради тоа што има физичка и психолошка димензија, односно не е доволно само отсуство на опасноста, туку е потребно и присуство на чувството за безбедност“ (Snow, 2008: 166). Оттаму безбедноста се дефинира и како „отсуство на закани врз усвоените вредности (објективна смисла) и отсуство на страв (т.е., ослободеност од страв) дека тие вредности ќе бидат загрозени (субјективна смисла)“ (Wolfers, 1952: 485).

Во врска со тоа, Синиша Таталовиќ истакнува дека „едноставното сфаќање на безбедноста како субјективна катего-

рија, односно како чувство на безбедност, е мошне проблематично со оглед на тоа дека неуочување опасност не значи дека опасноста не постои. Додека, од друга страна, претерано уочување опасности може да доведе во своевидна параноја која повторно може да резултира како со физичка, така и со психичка деструкција на поединецот, групата или општеството. Исто така, сфаќањето на безбедноста исклучително како објективна категорија (на пример, зачувување на постоечката состојба) може да залаже, односно може да биде изговор за избегнување на соочувањето со современите проблеми кои го опкружуваат човекот, општествената заедница, државата, па дури и меѓународната заедница“ (Таталовић, 2006: 65). Поради тоа, Слободан Милетиќ наведува дека „покрај условите за безбедност во објективна смисла, кои првично спаѓаат во надлежност на органите за безбедност (полицијата), постојано треба да се создаваат и да се доградуваат условите за безбедност во субјективна смисла, што главно спаѓа во дејноста на другите органи, установи и организации, и тоа оние кои се занимаваат со образование, социјална работа, здравство, јавно информирање, како и други човекови потреби“ (Милетић, 1997: 2). Според овие сфаќања, безбедноста има и субјективно и објективно значење, со што, имено, се сака да се нагласи дека е лично чувство на спокојство значајно колку и вистинското отсуство на закани врз усвоените вредности (Павловић, 2015).

Покрај овие, постои т.н. интерсубјективно разбирање и дефинирање на безбедноста, според кое безбедноста е дискурзивна конструкција. Односно, безбедноста е „говорен чин со кој претставниците на државните или некои други власти прогласуваат состојба на загрозеност и врз основа на тоа добиваат легитимитет за преземање мерки кои инаку не би биле легитимни“ (Ејдус, 2012: 34). Во објаснувањето на ваквото сфаќање на безбедноста најдалеку отидоа претставниците на т.н. теорија на секуритизација*, која го опишува процесот врз основа на

* Теоријата на секуритизација ги нагласува токму субјективната и контекстуалната содржина на безбедноста и со тоа прави јасна разлика

кој некое прашање станува безбедносно. Според оваа теорија, овој процес настанува не поради постоење на некоја вистинска, објективна закана, туку поради тоа што успешно е претставен и именуван и/или означен од страна на релевантен актер како безбедносно прашање (Buzan, Wæver, de Wilde, 1998).

Токму поради тоа што поимот безбедност е недоволно определен, еластичен, необјаснет и вредносно оптоварен, одделни автори истакнуваат дека е невозможно да се постигне консензус околу единственото значење кое би било општо прифатено. Така Болдвин, наместо обидот за дефинирање и определување на поимот безбедност, нуди листа од седум прашања на кои мораме да дадеме одговор за да го определиме општиот поим на безбедноста. Тие прашања се следните: *Безбедност за кого*; *Безбедност за кои вредности*; *Колку безбедност*; *Од кои закани*; *Со кои средства*; *По која цена*; *За кој временски период?* (Baldwin, 1997: 13–17).

Првото прашање се однесува на референтниот објект на безбедноста кој сакаме да се заштити. Референтниот објект може да биде поединец, држава или меѓународен систем. Со второто прашање се нагласува дека е потребно да се идентификуваат вредностите кои ќе се штитат со системот за безбедност. Тие вредности можат да бидат различни, а зависат токму од референтниот објект на безбедноста. Кога е во прашање поединецот тие вредности се животот, интегритетот, имотот и др., а кога е во прашање државата станува збор за суверенитетот, политичката независност, територијалниот интегритет и др. Со третото прашање се сака да се даде одговор колку безбедност е потребно за нормално функционирање на општествениот и политичкиот систем во државата. Во таа смисла се истакнува дека апсолутна безбедност не постои, и дека единствено може да се тежнее кон определено ниво на безбедност. Одговорот на наредното прашање подразбира да се идентификуваат

на оваа теорија од традиционалната која ја сфаќа безбедноста како објективна и независна од перцепцијата на субјектот (Дулић, 2011).

изворите, носителите и формите на загрозување на заштитените вредности, односно опасности кои им се закануваат на усвоените вредности. Изворите на загрозување можат да бидат од природен, човечки и техничко-технолошки карактер. Исто така, неопходно е притоа да се идентификуваат методите, средствата и дејностите за заштита на загрозените вредности, а што воедно претставува и одговор на петтото прашање. Безбедноста може да биде достигнувана со разни средства, како што се воени, дипломатски, економски, разузнавачки, полициски и други средства. Со одговорот на шестото прашање се сака да се нагласи дека секоја безбедносна политика секогаш има своја економска, но и општествена цена. Во врска со тоа може да се постави и дополнително прашање: Колку луѓето се подготвени да ја жртвуваат слободата (своите права) заради достигнување соодветно ниво на безбедност? Конечно, со одговорот на седмото прашање се сака да се нагласи дека безбедноста е променлива категорија, односно дека со време се менуваат вредностите кои се штитат, како и опасностите кои им се закануваат. Средствата со кои се достигнува долгорочна безбедност, краткорочно можат да имаат негативни безбедносни последици и обратно.

Во врска со општото определување на поимот безбедност, постојат најмалку четири групи проблеми кои го отежнуваат неговото единствено определување. Тие проблеми се врзани за повеќекратно значење на поимот, листата на вредности кои со него се опфатени, постојаната еволуција и идеолошката основа на поимот безбедност. Врз основа на детална анализа на наведените групи проблеми, Милосављевиќ го дава следното определување на општиот поим безбедност: „безбедност е состојба во која не постојат изразени опасности за усвоените безбедносни вредности на едно општество“ (Милосављевић, 2014: 113).

Имајќи го предвид значењето на безбедноста, таа се уредува со правните прописи на државата и се обезбедува неј-

зиното остварување. Нормативно безбедноста се уредува со уставот и законите, а се остварува со извршување на истите. Безбедноста на државата и нејзините граѓани се остварува со помош на безбедносните органи кои за таа цел се организираат и се снабдуваат со овластувања.

Во врска со тоа е и правната дефиниција која ја дефинира безбедноста како: „со правно уредувани и обезбедувани општествени односи воспоставената, одржуваната и унапредуваната состојба во државата која овозможува ефективна заштитеност на државата и граѓаните кои живеат во неа од сите (надворешни и внатрешни) противправни акти (активности) со кои се загрозува уставниот поредок, суверeноста, независноста и територијалната целокупност на државата, работата на државните органи, извршувањето на стопански и оштествени дејности и остварувањето на слободите, правата и должностите на човекот и граѓанинот" (Милетиħ, 1997: 13).

Дефиницијата за безбедноста од правно гледиште е „онаа состојба на отсуство на опасност која се проектира со правото и која ја обезбедува државата со правно уредено дејствување на своите органи и други субјекти" (Милосављевиħ, 2014: 115).

Од претходно елаборираните различни дефиниции на безбедноста може да се заклучи дека исклучиво со донесување на уставот, законите и другите прописи кои ја третираат безбедноста се создаваат неопходни правни претпоставки со кои на сите членови на општеството им се обезбедува сигурна рамка за одвивање на сите животни текови. Со наведените прописи се уредува и се обезбедува работата на органите за безбедност кои можат и мора да дејствуваат исклучително според правилата кои на граѓаните им се однапред познати. Единствено на тој начин се гарантира законитоста на нивното постапување.

## СОДРЖИНСКА АНАЛИЗА НА ПОИМОТ БЕЗБЕДНОСТ

Со анализа на претставените дефиниции и поимот безбедност се уочуваат два битни елемента како неизбежни при определување на поимот безбедност. Тие елементи се: усвоени безбедносни вредности („Вредностите воопшто имаат две основни значења, и тоа: политичко-економско и филозофско. Според првото значење, вредноста е својство кое му се припишува на едното добро со оглед на неговата способност да ги задоволи определените потреби. Додека во другото, вредноста е ознака за оние својства на лица, предмети, настани, состојби и сфаќања, кои поради своите подобности да ги задоволат извесните цели, стануваат предмети на човечки желби" (Барух, 1966: 1315–1316) и опасности за тие вредности.

Како што одделни автори наведуваат, „без оглед дали станува збор за безбедност на поединецот, државата, група на држави или меѓународната заедница секогаш се работи за настојување да се осигураат определени вредности и состојби за кои се смета дека се од витално значење" (Таталовиќ и Биланџиќ, 2005: 4).

Токму поради значењето на тоа какви вредности имаат за човекот, многумина автори ја доведуваат во блиска врска вредноста со безбедноста (Исто така, постојат сфаќања според кои безбедноста е основна човекова потреба. Една од најпознатите и најшироко прифатените теории кои ова го тврдат е психолошката теорија на хиерархија на човековите потреби од Абрахам Маслов (*Abraham Maslow*). Маслов сметал дека сите човекови потреби можат да се распределат во групи, и дека постои јасна хиерархија помеѓу тие групи на потреби. Пониските нивоа на потреби мора да се задоволат пред активирањето на потребите на повисоките нивоа. Хиерархијата на Маслов за човековите потреби се состои од пет групи на потреби, а тие се, гледано од најниската до највисоката: физиолошки потреби, *потреби за безбедност*, потреби за припадност, по-

треба за уважување и потреба за самоостварување. Во групата на потреби за безбедност спаѓаат: незагрозеност на животот, постојана работа, безбедноста на семејството, здравјето и имотот (Маслов, 2004: 24).

Усвоените безбедносни вредности (Учењето за вредностите, односно теоријата за вредностите е *аксиологија*, зборот потекнува од грчките зборови: *aksios* – вреден и *logos* – учење), „претставуваат множество на квалитативни искази за содржината на поимот безбедност. Тие ни зборуваат што тоа се штити од опасноста, што е крајната цел и причина (*ratio*) на безбедносното дејствување и мерило за оцена на состојбата на безбедноста... референтниот објект на безбедноста (оној кој се штити) може да биде поединец, општество, држава, меѓународен систем или некој друг објект. Оттаму вредностите кои се штитат му припаѓаат на референтниот објект" (Милосављевић, 2014: 114–115).

Исто така, по Втората светска војна особено било изразено определувањето на безбедноста како една од виталните вредности на државата. Безбедноста не е сфаќана како примарна цел на сите држави во секое време, туку како една од неколкуте државни вредности, чие значење зависело од државната политика. Меѓутоа, подоцна безбедноста е толкувана како вредност која проистекува и има смисла само додека е во функција на другите вредности кои е важно да се зачуваат и да се заштитат од закани (Baldwin, D., 1996). Ентони Бурке наведува (*Anthony Burke*) дека „безбедноста е и примарна и крајна човечка вредност и основен услов за живот и слобода" (Burke, 2002: 3).

Кога зборуваме за поединецот, се истакнува дека тие вредности се животот, физичкиот и психичкиот интегритет, личната слобода, приватниот живот, бракот и семејството, домот и другите компоненти на неговата слобода, како и неговиот имот. Од друга страна, кога зборуваме за држава, вредности-

те кои се штитат се независноста, суверенитетот, територијалниот интегритет и други. Сите наведени вредности влегуваат во рамките на поимот безбедност во зависност од нивото на анализа.

Од друга страна, „опасноста како можност за изложеност на повреда и штета е претпоставка или предуслов *(conditio sine qua non)* за секоја расправа за безбедноста (безбедност значи исто што и безопасност). Со дознавање за опасноста, нејзината процена и спречување на нејзиното материјализирање (претворање во „опасен настан“) се постигнува безбедноста“ (Милосављевић, 2014: 113). Опасностите имаат своја манифестирачка форма, и во современата литература се распределуваат на безбедносни предизвици, ризици и закани. Исто така, опасностите мора да бидат подобни да предизвикаат загрозување на безбедноста. Поради тоа често се нагласува дека тие мора да бидат изразени. Со оглед на тоа дека апсолутна безбедност (како отсуство на какви било опасности) реално не е можна, можно е само да се неутрализираат оние опасности кои во определениот момент се поизразени.

Во поглед на нивото на општоста на формата на покажување на опасноста, тие се претставуваат по следниот редослед: предизвици, ризици и закани (Бајагић, 2007: 127 и др.). Во поглед на содржинска анализа на манифестирачките форми на опасноста, Ф. Ејдус истакнува дека „*предизвик* е ситуација која може да доведе до загрозување на безбедноста, но и не мора, односно ситуација која некого или нешто ги става на проба и може да има позитивен или негативен исход (на пример, глобализацијата и нејзините процеси). Вториот тип на опасност е *ризик,* кој може да се дефинира како можност за загуба, повреда, создавање неповолна ситуација или уништување. За разлика од предизвикот, ризикот главно има негативно значење, и додека предизвиците и заканите или постојат или не постојат, ризикот е само помалку или повеќе веројатна можност за загрозување на безбедноста (на пример, ризик од

избивање природни или технолошки несреќи, незгоди и катастрофи). Третиот вид опасност е *закана,* која може да биде дефинирана како изразена намера да се повреди, да се уништи или да се казни, односно заканата се огледа во вербално или дејствително покажана намера за загрозување на безбедноста (на пример, закана дека ќе се употреби сила или ќе се нанесе штета)" (Ејдус, 2012: 36–37).

Постојат бројни класификации на предизвиците, ризиците и заканите за безбедноста. Инаку, ја имаме и следната класификација: „според насоченоста се делат на: воени и невоени, политички, економски, еколошки итн.; според потеклото на: внатрешни и надворешни (т.е., потекнуваат од домашна територија или се со странско потекло); според изворот на: човечки и природни; според носителот: на оние кои потекнуваат од поединецот, од групата, од државата или од процесот; според времето на настанување на: стари и нови; според трајноста на: краткорочни, среднорочни и долгорочни; според интензитетот на: оние кои се со низок, среден и висок интензитет итн." (Милосављевић, 2014: 113–114).

**ПРАШАЊА ЗА ДИСКУСИЈА**

1.Дефинирај го општиот и правниот поим на безбедноста?

2. Направи содржинска анализа на поимот безбедност?

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ЗА ОВА ПОГЛАВЉЕ

Авис, А. (2005). *Српско–латински и латинско–српски речник = Lexicon serbico–latinum latino serbicum*, *5. изд*. Земун: ЈРЈ; Бајагић, М. (2007). *Основи безбедности*. Београд: Криминалистичко-полицијска академија; Baldwin, D. (1996). Security Studies and the End of the Cold War. *World Politics*, *1/1996, 117–141;* Baldwin, D. (1997). The concept of Security. *Review of International Studies, 23/1997, 5–26;* Барух, И. (1966). *Мала политичка енциклопедија*. Београд: Савремена администрација; Burke, A. (2002). Aporias of security. *Alternatives*, *1/2002, 1–27;* Buzan, B., Wæver, O., de Wilde, J. (1998). *Security: a new framework for analisis*. London: Lynne Rienner Publishers; Димитријевић, В. (1973). *Појам безбедности у међународним односима*. Београд: Савез удружења правника Југославије; Дулић, Д. (2011). Постмодерно схватање безбедности. у: Бралић, Ж. (ур). *Годишњак Факултета безбедности 2011*. Београд: Факултет безбедности, 43–64; Dillon, M. (2003). *Politics of Security, Towards a political philosophy of continental thought*. London – New York: Routledge, Published in the Taylor & Francis e-Library; Ејдус, Ф. (2012). *Међународна безбедност: теорије, сектори и нивои*. Београд: ЈП Службени гласник, Београдски центар за безбедносну политику; Гризолд, А. (1998). *Међународна сигурност, Теоријско-институционални оквир*. Загреб: Свеучилиште у Загребу – Факултет политичких знаности; Grizold, A. (1992). Oblikovanje slovenske nacionalne varnosti. u: Grizold, A. (ur.). *Raspotja nacionalne varnosti*. Ljubljana: Fakulteta za družbene vede, 59–93; Илић, П. (2011). Семантичко-лексиографски аспекти појма безбедности. *Војно дело, 85–99;* Katzenstein, P. (ed.), (1996). *The Culture of National Security: Norms and Identity in World Politics*. New York: Columbia University press; Маслов, А. (2004). *Психологија у менаџменту*. Нови Сад: Адижес; Милетић, С. (1997). *Полицијско право*, *I књига*. Београд: Полицијска академија; Милосављевић, Б. (2014). Прилог теоријскоправном одређењу појма безбедности. *Правни записи, 1/2014, 95–119;* Павловић, Г. (2015). *Безбједносна функција државе и заштита људских права*. *Докторска дисертација.* Универзитет Унион у Београду: Правни

факултет; Павловић, Г. (2016). Појмовно одређење безбједности. *Безбједност Полиција Грађани*, број 1-2, Бања Лука, стр. 147–158; Павловић, Г. (2018). *Безбједносна функција државе – прилог безбједносним и правним наукама.* Источно Ново Сарајево: ЈУ Завод за уџбенике и наставна средства; Pavlovic, G., Gjurovski, M. (2012). Traditional and contemporary concepts of security. *Security Dialogues, 2/2012, 137–147;* Пусић, Е. (1989). *Друштвена регулација.* Загреб: Глобус; Радуловић, Р. (1994). *Лексикон безбедности и заштите*. Нови Сад: Правни факултет Универзитета у Новом Саду – Центар за издавачку делатност; Rothschild, E. (1995). What is Security?. *Daedalus*, *1995/3, 53–98;* Snow, D. (2008). *National Security for a New Era – Globalization and Geopolitics After Iraq*, *3rd ed*. New York: Pearson Longman; Таталовић, С. (2006). Концепти сигурности на почетку 21. стољећа. *Међународне студије*, *1/2006, 60–80;* Таталовић, С., Биланџић, М. (2005). *Основе националне сигурности*. Загреб: Министарство унутарњих послова Републике Хрватске; Wolfers, A. (1952). National Security as an ambiguous symbol. *Political Science Quarterly*, *4/1952, 481–502;* Вуковић, Д. (1998). *Системи социјалне сигурности*. Београд: Факултет политичких наука, Институт за политичке студије, Центар за социјалну политику.

# ГЛАВА ЧЕТВРТА
# НАУКА ЗА БЕЗБЕДНОСТА

**ЦЕЛИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ПОСТИГНАТ**

Да се стекнат сознание и знаење за поимите, наука и наука за безбедност;

Да се утврдат знаењата за конститутивните елементи на науката;

Да се стекнат со знаење што е тоа наука за безбедност;

Да се стекнат со знаење и се влучат во дебатат за поимиот асфалиологија, нејзината оправданост, потреба и специфичност;

Да се запознаат со поимот безбедносни нануаки и да ги сфатат класификациските основи на овие науки;

Да се стекнат со знаење и свест за видовите проблеми при класификацијата на безбедносните науки;

Да се стекнат соо знаења и способности за безбедноста како предмет на истражување;

## КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПОИМОТ НАУКА

Првиот проблем со кој се сретнува една методологија на научното истражување воопшто е определувањето на значењето на терминот „наука“. Само ако ни е јасен поимот наука, може да ни биде доволно определен предметот со кој треба да се занимаваме, бидејќи покрај методологијата на науките можна е и методологија на другите форми на човечката практична дејност, на пример, на уметничкото творештво. Терминот наука има повеќе значења. „Логос“ (λογοσ) е старогрчкиот термин за наука. Тој уште има значење: „збор, говор, вистина, ред, разум, учење, доказ, аксиома“. Латинскиот термин *science* значи: знаење, познавање, вештина, а најчесто се користи во смисла на наука и поблиску се однесува на природните науки (Сакан, 2006, стр. 19).

## КОНСТИТУТИВНИ ЕЛЕМЕНТИ НА НАУКАТА

Науката како **вистинито** и **методски** изведено знаење за стварноста, ја определуваат два конститутивни елемента: а) предметот на истражување, и б) методот на истражување. Предметот и методот се нераздвојно поврзани, и еден без друг не може да се конституираат. Секое сознание за стварноста може да има научен карактер и статус само ако е методски изведено, односно ако ги задоволува основните методолошки барања – објективност, сигурност, општост и систематичност. Од друга страна, точен метод на истражување на едно определено подрачје може да се изгради дури откако ќе се земат предвид специфичностите на проучуваниот предмет.

„**Терминот наука** подразбира **кохерентен** *(синхронизиран + разбирлив + транспарентен + конзистентен + сигурен)* **систем на знаења од некоја област или мрежи дисциплини.** Во тој систем се вклучени и претходните знаења (познати научни факти, научни закони и принципи, научни хипотези и

методи на нивното тестирање) и нови знаења (нови факти и правила во односната област и стварноста)“ (Pertz, 1996, стр. 10). Под наука се подразбира човечкото сознание за природата, човекот и општеството што релативно ѝ одговара на објективната стварност – и од неа произлегуваат следните *три основни карактеристики*: а) прво, *дека таа е човеково дело, резултат на неговата мисловна и практична дејност*; б) второ, *дека тоа сознание е објективно, затоа што кореспондира со објективната стварност*, и в) трето, *дека научното сознание е релативно, затоа што таа кореспонденција никогаш не е потполна, туку секогаш е делумна и апроксимативна* (Šešlija, 2009, стр. 5).

Науката се разликува од секојдневното мислење според тоа што таа *е селективно насочена* на сознавање определено подрачје, таа е *посистематична, пообјективна и повеќе контролирана* и е *повнимателна во генерализацијата.*

Во најопшта смисла на зборот, **предмет на науката е** објективната стварност, т.е. целокупноста на појавите, процесите и односите што ја сочинуваат таа стварност. Меѓутоа, треба да се истакне дека предметот на една наука не е, како што често се мисли, дел од објективната стварност „по себе“, независно од човекот и неговата дејност. Конституирањето на предметот на секоја наука, односно издвојување на конкретните содржини и проблеми во стварноста како предмет на одделни науки, во голема мера зависи од човекот, неговата дејност и потреби. Значи, предметот на која било наука секогаш се определува како „комплекс на нови актуелни и меѓусебно сродни проблеми кои настануваат во процесот на практичната интеракција на човекот и објективниот свет“ (Марковић, 1999).

## ЗА ПОИМОТ БЕЗБЕДНОСНА НАУКА – НАУКА ЗА БЕЗБЕДНОСТ

Едно од прашањата што предизвикува интерес во научната и општествената јавност е дефинирањето на поимот безбедносна наука. Тоа е поврзано со поимот безбедност. За овој поим во различните јазични системи се употребуваат различни термини: англиски - *security*, словенечки - *varnost*, француски - *sécurité*, германски – *sicherheit*, шпански – *seguridad*, руски – *безопасность*, турски – *güvenlik,* украински – *bezpeka,* шведски – *säkerhet,* бугарски – *сигурност*, албански – *siguri, sigurim,* грчки - *asfalia* (η ασφαλεηζ), српски – *безбедност*, хрватски – *sigurnost.* Еден од основните проблеми е именувањето на науката која се занимава со безбедноста. Зошто е значајно именувањето? (Печујлиќ & Милиќ, 1995, стр. 12). Што е именувањето? Семантиката е учење за значењето на јазикот и јазичните изрази. Термините ја чинат именската страна на јазикот (од латинскиот збор *terminus* – назив, израз). Зборовите се основните единици на јазикот. Значи, зборот е ознака за некоја научна предметна содржина. „Зборовите како елементи од знаковиот систем на јазикот нѐ упатуваат на некакви предмети, појави, означуваат различни нешта, вели Виолета Панзова во учебникот *Логика*. Тој сооднос со нештата, со предметите и појавите се нарекува значење на зборовите. Науката за знаците – семиотиката, значењето на зборовите го именува со општото име десигнат. Кога зборовите означуваат реално постоечки нешта, се вели дека тие имаат денотат (Панзова, 2004, стр. 22). Но, човекот ги користи зборовите и за да искаже некаков субјективен однос кон нештата, некаква состојба или смисла. Смислата на зборовите се нарекува конотат и таа ни дава определени информации за нештата означени со зборовите“ (Панзова, 2004, стр. 22). Со поврзувањето на зборовите во реченици, односно ставови, се градат јазичните целини. Нема развиена наука без развиен јазик на таа наука. Затоа изградбата на јазикот е едно од сериозните прашања на науката. „Во науката термините се со специфичен карактер и се однесуваат на т.н. технички термини

*(terminus technicus).* Изразот технички термин (*tehne* – вештина) означува способност јасно да се изрази некоја суштина на научниот предмет. Стремежот на науката е определен поим да го дефинира со помош на јазични операции со што помалку зборови, ако е можно тоа да биде и со само еден збор“ (Печујлиќ & Милиќ, 1995, стр. 13). Самиот поим „значење“ различно се сфаќа: номиналистичката теорија го определува како однос меѓу знакот и емпириските факти, но знакот мора секогаш да е знак на нешто, на некаков предмет. Под предмет, во најширока смисла на зборот, ги подразбираме сите видови физички нешта, психички реалитети, како и сите видови човекова теоретска и практична дејност. Затоа, знакот може да биде знак на некој предмет само за свесно битие. Нема знак без свест за значењето. Јазикот на науката е научното средство со чија помош се изразува научната содржина. Тој е специфичен систем на знаци за соопштување на основните судови за стварноста. „За разлика од другите знаци кои содржат и чувства, јазикот на науката е орудие на мислата кое е формирано по логички пат. Раководен од логиката, но и од потребата цврсто да стои на теренот на податоците, јазикот на науката е од посебно симболично значење. Само така, ако овозможува постигнување на неопходната комуникативност за научна работа, научниот јазик е плодотворен“ (Schratz & Walker, 2005, стр. 1-16).

Ни се чини за потребно да извршиме прецизирање на терминолошката и содржинската страна на термините и поимите безбедносна наука и безбедност. За да се направи дистинкција меѓу овие два поима, предлагаме именувањето на науката за безбедноста да се врши со термин кој ќе биде пошироко прифатен и ќе се практикува на единствен начин. Имено, преку сложенката на два старогрчки поима (*asfalia,* η ασφαλεια = старогрчки – безбедност; *logia* – наука), именувањето на науката за безбедноста би го вршеле со поимот ***асфалиалогија*** = наука за безбедноста). Етимолошки, зборот безбедност е од старогрчко потекло ασφάλεια (***asphaleia - асфалиа***), кој има повеќе значења, како што се: **безбедност**, **сигурност**, **гаран-**

**ција**, **трајност**, **заштита**, **обезбедување**, без грешка, претпазливост, верност, увереност, доверба, надежност, силост, цврстина, разборитост, внимателност, неколебливост и (бушон – електричен осигурувач). Овој израз ( η ασφαλεια) го задржал своето значење од класичниот старогрчки јазик до новозаветниот библиски византиски грчки јазик, сѐ до катеревуса и до современиот говорен грчки јазик – димодики (Гроздановски, 2011). Но, еден број автори тврдат дека старогрчкиот израз асфалиа е изведен од зборот *sphallo* (σφάλμα - грешка, причината за пад, пропаст, пораз, збунетост, разочарување, фрустрација), и значи избегнување грешки, лаги, порази. Но, изразот α – σφάλμα се преведува „без грешка“*. Овде треба да напоменеме дека со оваа дебата не постои намера да се унифицира поимот безбедност, туку **се трага по поим** кој на единствен начин **ќе го опишува сознајниот резултат**, новото научно знаење, **науката за безбедноста**.

Тоа не значи дека не може да се трага и по други начини на именување. Таков е поимот „**секјуритологија**“. Тој се изведува од *secutity* – безбедност и *logia* – наука. Имено, англискиот термин ***security*** изведен од латинската именка *securitas*, која означува положба на единица со посебна внатрешна структура. Зборот *securitas, securus* е изведен од кованицата *sine cura*, составена од зборот *sinee,* што значи без, и *cura* – неволја, загриженост, внимание, страдање, страв, тага итн. Врз основа на тоа, *securitas* значи слобода (отсуство) на загриженост, опасност, безгрижност, смиреност, безбедност, сигурност. Значи, терминот *security*, кој најчесто е употребуван во политичката теорија, во пракса во англиското говорно подрачје ги опфаќа: состојбата на безбедност, средствата за постигнување на безбедност, чувство на безбедност.

* Свети Григориј Богослов кога пишува Послание до Свети Василиј го употребува глаголот σφάλλω – сфало - употребен со значење „грешам“, во следниот контекст: Ако грешам (σφάλλω) да ме поправиш, како што често правиш за сè...“. (Грамбозов, 2018)

Во нашата литература терминот ***security*** подеднакво се преведува како безбедност и сигурност, кои најчесто се синоними, иако постојат толкувања дека без оглед на истоветните значења, зборот сигурност има поширока смисла, каде „не се подразбира само отсуство на опасност, туку и извесност, самодоверба, па и лекомисленост“. Сепак, со цел да се надмине дебатата за тоа, се определуваме, како и повеќето теоретичари, за употреба на терминот безбедност.

Во продолжение ќе ја актуелизираме расправата за разликата меѓу дејноста безбедност и науката која се занимава со неа, односно научното промислување и откривање на научните закони и законитости во општествената област безбедност. За овие две нешта најчесто се употребуваат поимите безбедност и безбедносна наука, или во множина науки. Но, меѓу нив не се прави јасна дистинкција. Најчесто, кога се зборува за безбедносната наука расправата се води за безбедноста и нејзината структура. Во таа смисла денес поимот безбедност се употребува во повеќе значења.

Што е науката? Овде го поставуваме и прашањето – што е тоа асфалиалогија? Дали денес на ова прашање може да се даде изречен, потполн, решителен, и за мнозинството истражувачи, прифатлив одговор? И најлапидарниот одговор на овие прашања ќе покаже дека науката се сфаќа како систем на знаења за стварноста (Ristić, 1995, стр. 17). Медавор (Medawar) смета дека науката е „организирано знаење“. За Ракитов, науката е знаење, таа е систем на знаења за законите на функционирањето и развојот на објектите. Мунц (Munz), пак, смета дека изразите „наука“ и „знаење“ се синоними и дека, освен збрката, ништо не настанува од настојувањето да се одржи општата разлика меѓу значењата на тие два израза (Ristić, 1995, стр. 18).

Науката е интернационална и социјална дејност. Како и секоја друга дејност на човекот, таа е насочена кон некоја

намера. Намерата не е да се манифестира некоја функција, туку нејзиниот контекст е општественото битисување на човекот, а нејзината телеологија е социјалната телеологија, таа им служи на општествено спознаените цели. Значи, станува збор за сознајна дејност на стекнување знаења што се во функција на општествените потреби и цели. Можеме да констатираме дека науката е форма за човековата сознајна дејност која е целно определена и насочена и која историски се развива. Таквата определба произлегува од нејзината природа која не може да биде сфатена и да се развива надвор од нејзините цели во определен социокултурен и историски контекст.

## АСФАЛИАЛОГИЈА - НАУКА ИЛИ НАУЧНА ДИСЦИПЛИНА

Едно од прашањата кои се отвораат е и тоа дали асфалиалогијата е наука или научна дисциплина на некоја од развиените науки и теориски системи. Поимот „дисциплина“ доаѓа од зборот *disciplina* со значење интеракција, образование, учење, и *discere*, да се учи. Него го користеле Римјаните како генерички поим за интеракција. Со него, исто така, се означувал поим што се однесува на која било гранка на знаењето, како што биле историјата или филозофијата. Тој, исто така, се стекнал и со конотацијата „следење на крутите правила“.

Во теорискиот дискурс, особено е оспорено значењето на општествените науки, а во тие рамки и на асфалиалогијата. Најчесто се оспорува именувањето со поимот „наука“. Но, за таа расправа на друго место. Поимот „наука“ има корени во терминот *scientia*. Како и кај останатите поими, така и поимот наука во текот на развојот на цивилизацијата го менувал значењето. Тој најчесто, но и денес, во одделни расправи е поврзан со значења што се однесуваат на природните феномени, односно дека поимот наука е врзан само за егзактната постапка. Како и кај претходниот поим, така и поимот *scientia* Римјаните го користеле кога биле во прашање и филозофијата и историјата.

Во поново време, терминот наука се користи само кога се во прашање природните науки, а терминот дисциплина кога се во прашање општествените науки и филозофијата. Ваквата поделба е вообичаена во земјите од англиското јазично подрачје. Таа поделба дошла до израз и во корпусот на знаењата од методологијата на истражувањето на безбедноста, односно на поделбата на „научни методи“ и „хуманистички методи“. Таквата поделба не се јавува во изворите од германски, руски и други словенски јазици (Savićević, 1996, стр. 132).

„Изворот на овие разлики е во начинот на разбирање на карактерот и целите на *логосот* како конститутивен елемент на нејзиниот идентитет“ (Трајковски, 2000, стр. 17). Во првиот случај станува збор за влијанието на позитивистичкиот пристап, особено на Огис Конт, односно логосот се сфаќа како „позитивно“, т.е. како научно знаење, учење или „истражување“. Ваквиот пристап под наука подразбира само она што е сврзано со стекнување објективно знаење, со строга примена на истражувачките техники во утврдувањето на стварноста онаква каква што е. Во вториот случај, научниот логос се сфаќа како хуманистичко знаење, односно како истражување на можностите за постигнување благосостојба. Станува збор за истражување на очекувањата за тоа каков треба да е човекот, за неговата морална и суштинска смисла. Значи, станува збор за третирањето на науката како нормативна категорија.

## НА КОЈА ГРУПА НАУКИ ПРИПАЃА АСФАЛИАЛОГИЈАТА?

Несомнено, таа е во редот на општествените науки, непосредно поврзана со философските, социолошките, политолошките, правните, кривично-правните, криминолошките, криминалистичките, полициските, дефендолошките, воените и други науки. Но, безбедноста не се протега само во овие сфери со кои се занимаваат и хуманистичките и природните науки, посебно воените науки, од нив особено балистиката и други природни и технички науки. Таа се развива во областите поврзани со компјутерските науки и со други дисциплини. Таа несомнено опфаќа простор кој е предмет на проучување на други науки. Со оглед на тоа што станува збор за особено сложени односи во оваа сфера, во друга прилика, кога ќе дозволува просторот, ќе презентираме повеќе за сличностите, разликите и односите со другите науки и научни дисциплини.

Но, со оглед на тоа што нашето истражување на феноменот асфалиалогија нема за цел да ги отвора филозофските, логичките, епистемолошките и други проблеми на науката, во центарот на нашето внимание ќе бидат проблемите сврзани со теоретската, нормативната и практичната примена на асфалиалогијата како наука, која на еден специфичен начин ќе обработи дел од прашањата што се во непосреден интерес на државата, но и на начинот на проектирањето на безбедносниот систем. Бидејќи просторот за овој труд е ограничен, во продолжение, во форма на хипотези, ќе разгледаме само некои елементи од прашањата поврзани со именувањето на асфалиалогијата.

## ОПРАВДАНОСТ НА АСФАЛИАЛОГИЈАТА

За оправданоста на асфалиалогијата постојат спротивставени и често амбивалентни стојалишта. Тоа е резултат на различните концепти на безбедноста и восприемањето на

истата.Така, според Богдан Шешиќ, подрачјето на сознанието што претендира кон епитетот наука мора да има развиена теорија. Токму поради сопственото значење, теоријата често се идентификува со науката. Во суштина, теоријата е речиси целокупниот фонд на знаења со кои една наука располага. Иако некои автори науката ја издвојуваат од теоријата, на пример, на научните закони и на хипотезите им даваат посебен статус во рамките на науката (Šešić, 1974, стр. 299). Определен број пристапи во теоријата вклучуваат: (1) Извесен број основни поими понекогаш не се доволно дефинирани ниту протолкувани, затоа што при разработката на теориските основи на една наука се дефинираат и се објаснуваат, но не во целина, нејзините основни поими. Така, на пример, во Хилбертовиот геометриски систем дефинираните поими „точка“, „линија“, „рамнина“, се објаснуваат како „три различни системи на нештата“ (Хилберт, 1957, стр. 3). Меѓутоа, тоа не е доволно поцелосно да се објаснат тие поими. Како и другите битни фактори за теоријата, а оттука и за науката, се извесен број ставови, на пример, принципите или аксиомите. За тој вид ставови заедничко е дека имаат фундаментално ниво, па како такви и не треба да се докажуваат. (2) Од основните поими, принципи и аксиоми се изведуваат теоремите, како сложени ставови. Меѓу стожерните теореми се вбројуваат, на пример, Питагорината теорема, Хероновата теорема итн. (Милошевић & Миливојевић, 2001, стр. 7)

Во врска со заснованоста на асфалиалогијата, ќе ги искористиме аргумените на професор Радосав Ратковиќ, кој во однос на заснованоста на политологијата ги поставува следните три елементи: а) дали постои посебен предмет и метод на истражување; б) дали науката за политиката е можна и в) дали оваа наука е потребна? (Ratković, 1987, стр. 9)

Со одговорот на овие три прашања, повеќе или помалку, се исцртуваат координатите на асфалиалогијата.

## ДАЛИ ПОСТОИ ПОСЕБЕН ПРЕДМЕТ НА АСФАЛИАЛОГИЈАТА?

Одговорот на ова прашање е тесно поврзан со дилемите дали предметот и методот на истражување на оваа наука јасно ја диференцираат асфалиалогијата од останатите научни дисциплини и врз тие претпоставки се утврдува основата за нејзиното конституирање. Кој е предметот и кои се методите на неговата интерпретација и истражување? Во зависност од тоа како ќе одговориме на поставените прашања, така ќе можеме да тврдиме што е предмет на асфалиалогијата.

Безбедноста произлегува од потребите на поединецот. Таа претставува интерес за да се зачуваат личните и колективните добра, но и да се предупредат на можните нарушувања на усвоените општествени вредности. Цивилизацијата настојува опасностите да ги направи предвидливи, а сигурноста извесна. Според современите сфаќања, безбедноста може да е поединечна, национална или глобална, економска, еколошка. Во академските кругови постои несогласување во легитимирањето на науката за безбедност. Додека некои стручњаци сметаат дека таа е потполно самостојна дисциплина, со дефинирани предмет, цели и методи на изучување, останатите ја класификуваат во граничните области на различните општествени науки, бидејќи според своите барања претставува „море без брег" (Студије безбедности: потреба или мода). Така, може да се прочита дека политичките науки, правото, социологијата, криминологијата и воената вештина за основа ја имаат безбедноста и тие неа ја сметаат за свој дериват. Во согласност со тоа, феноменот на безбедноста, под слични називи, кај нас и во светот се изучува на факултетите, на кои некои од споменатите науки се матична наука. Треба да се напомене дека постојат специјализирани високошколски установи, како што е Факултетот за безбедност во Скопје, кои безбедноста ја проучуваат како основна студиска програма. Но, според Симеуновиќ студиите за безбедност многу сериозно се изучуваат во Соединетите Аме-

рикански Држави и во Европа. Во останатите земји значително помалку внимание им се посветува на таквите студии – најмногу во рамките на науките и предметите кои немаат нагласено безбедносен карактер. Очигледно таквиот модел е последица од случувањата од 11 септември и нападите на Њујорк, иако интересирањето за таа област постоело и порано“. Имено, „на Факултетот за политички науки безбедноста се изучува како дел од науката за меѓународни односи. Во внатрешно политичкиот сегмент на истражувањата, тероризмот се дефинира како екстремен појавен облик на политичкото насилство. Значи, тој во основна смисла не може да се изучува како феномен. На правните факултети на проблемите на безбедноста им се приоѓа од правен аспект и гледиштата на правните науки. Кривичните дела, посебно оние со кои се поткопува државниот поредок, какви што се тероризмот, шпионажата, диверзијата, саботажата или вооружените побуни, се обработуваат во рамките на кривичното и кривично-процесното право. Правните науки треба да го дефинираат и начинот на кој постапува државата кога станува збор за споменатите кривични дела. Полициската и Воената академија, меѓутоа, пристапот во науката за безбедност го засноваат на спротивставувањето на нејзините појавни облици. Затоа школувањето во тие образовни установи е насочено кон потребите што ги искажуваат определени државни институции“, вели Андреја Савиќ (Студије безбедности: потреба или мода).

Кога зборуваме за безбедноста на национален или на глобален план, треба да се знае дека таа својот современ концепт и основни контури ги доби по паѓањето на Берлинскиот ѕид, односно после Студената војна. Терористичките напади од 11 септември 2001 означуваат нова ера во студиите и практиката на безбедноста. Глобализацијата и процесите што доведоа до промена во структурата на светската моќ и сила условија појавите што ја загрозуваат безбедноста да се согледуваат како предизвици, ризици и закани. Рангирањето на тие поими и појави зависи од степенот на нивното влијание

на загрозувањето на безбедноста, па затоа тие претставуваат латентни, потенцијални или фактори на непосредно загрозување.

Во научната и стручната дебата се полемизира за безбедноста и безбедносната наука, односно асфалиалогијата. Така, наместо за наука се зборува за состојба (интегрална безбедност), за подрачје (безбедносен сектор) или за определен систем. Несомнено е дека безбедноста е сето тоа заедно. Таа е значајна човечка дејност во која се испреплетени бројни процеси, субјекти и односи. Таа сфера ја карактеризираат специфични случувања и појави кои се предизвик за бројни поединци, органи и организации, а, пред сè, за државата. Но, ние овде го отвораме прашањето за називот (името, именувањето) на асфалиалогијата (науката за безбедност). Зошто е потребно тоа? Одговорот е едноставен, за да се направи дистинкција меѓу науката и човековата активност во сферата на безбедноста, која, сама по себе, заедно со другите подрачја на човековата активност, непосредно или посредно, влијае на основите на неговата безбедност.

## БЕЗБЕДНОСТ, СИГУРНОСТ И ЗАШТИТА

Во литературата нема идентична и јасна определба за јазичниот термин со кој би се определила содржината на безбедноста (Спасески, 2005, стр. 37). Не е секогаш јасно што се подразбира под поимот безбедност. Во стручните и теоретските трудови, а уште повеќе во слободниот говор, се употребуваат најмногу три термини: безбедност, сигурност и заштита за да се подразбере иста содржина, односно да се изедначат според нивното значење. Но, тоа не е така, и има потреба да направиме содржинско разграничување меѓу нив.

Терминот **безбедност** се употребува тогаш кога со него е неопходно да се објасни дека вредностите во општеството се безбедни како резултат на функционирањето на еден цел систем во кој се уредени вкупните односи со правни и морални норми, како и функционирањето на еден целосен безбедносен систем преку мерки и активности со кои се „создава“ безбедноста, се чува и се унапредува. И според теоријата за хиерархијата на човековите потреби на Абрахам Маслов, безбедноста стои веднаш до потребата за исхрана и минимум биолошка егзистенција. „Кога ќе кажеме дека живееме безбедно, тогаш мислиме на општото „миље“ во кое човекот ја остварува својата животна и својата работно-творечка егзистенција. Кога нема загрозувања под она што го нарекуваме „нормално“ – она што може да се толерира, тогаш можеме да кажеме дека постои просечна безбедна состојба“ (Спасески, 2005, стр. 37).

Називот „**сигурност**“, најчесто го среќаваме во хрватската литература и со него, во лексичка смисла, се заменува терминот безбедност. Во нашиот јазик се употребува овој термин, но со конкретно значење. И терминот **заштита** се употребува повеќе за да се објасни конкретен вид зачувување на некое добро. Тогаш имаме конкретен објект (човек, материјално или духовно добро) и конкретна мерка со која се штити (физичка, техничка, здравствена и сл.) (Спасески, 2005, стр. 37).

## БЕЗБЕДНОСТА КАКО ДЕЈНОСТ

Безбедноста како дејност во општеството е предмет на интерес на повеќе субјекти, институции и органи. Тие се ангажираат за заштита на определени вредности и добра и секој од нив применува специфични мерки и методи. Така, некои од нив ги подготвуваат и ги донесуваат правните прописи, ја вршат нормативната дејност од оваа област, други преземаат превентивни, трети преземаат репресивни, четврти образовни, петти заштитни и други мерки итн.

Класификациите на безбедноста се потпираат на повеќе критериуми. Така, според предметот на заштита се изведуваат следните **видови безбедност**: *а) лична* безбедност; б) *државна* безбедност; *в) цивилна (граѓанска)* безбедност; *безбедност во сообраќајот* на патиштата, на реките, езерата и морињата и во воздухот; безбедност на *објектите*; безбедност *во туризмот*; безбедност *во царинското работење*; безбедност на *просторот*; безбедност на *податоците, компјутерска безбедност, еколошка безбедност и слично.*

Во дефинициите на поимот безбедност се нагласуваат **три аспекти на безбедноста, како**: а) функција, б) служба и в) состојба.

Безбедноста како **функција** во државата се однесува на правните норми, на институционалната структура и на задачите на субјектите. Содржината на безбедноста како **служба** се исцрпува во оцртувањето на облиците, спецификите и задачите на институционалните решенија (Агенција за разузнавање; Дирекција за државна безбедност и контраразузнавање и Служба за јавна безбедност). И безбедноста како состојба претставува конзистенција на супстанцијата, односно во општествените односи, на општествените, економските и еколошките услови во рамките на дефинираните (очекувани) услови и потреби во: а) општеството, б) државата, в) определен простор, г) определена гранка на дејност и слично.

Тесно поврзан со овој поим е и поимот ситуација. Поимот ситуација се подразбира како актуелна состојба на материјалните и социјалните услови (Milosavljević, 1977, стр. 101). **Безбедносната ситуација**, според тоа, е постоење и својство на определени политички сили и односите меѓу нив (создадени, латентни, потенцијални, можни). Таа е констелација на интересите и средствата кои се применливи на дадениот простор и во дадено време и кои постојните сили ги користат за решавање на општествените и политичките прашања со цел

да обезбедат мир и благосостојба за непречено дејствување на човекот и неговите асоцијации и институции.

Во однос на државата, безбедноста ги синтетизира државните функции врз основа на искажаните потреби на граѓаните. Значи, во процесот на гарантирање оптимален степен на безбедност, државата остварува одредени функции. На неа се гледа како на комплексен процес кој бара учество на бројни институции. За да гарантира висок степен на национална безбедност, државата ги изведува следните работи: прво, внатрешни политички гаранции за националната безбедност. Државата, со помош на националната дипломатија, се стреми да постигне внатрешна средина во која националната безбедност е гарантирана. Второ, безбедност. Безбедноста значи гарантирање и давање поддршка на мирот и стабилноста, заштита на националните интереси и вредности, поддршка на економијата итн. и трето, менаџмент и контрола на процесот на гарантирање на висок степен на национална безбедност. Ефикасно постигнување на националната безбедност е невозможно без управувачка и контролна функција (Ванковска, 2011, стр. 16).

Значи, постигнување чувство за безбедност е фундаментална задача на државата во новата безбедносна средина во која државните институции треба да одговорат адекватно на променетата природа на внатрешните и на надворешните закани, ризици и предизвици. Така, во контекстот на намалена веројатност за воен конфликт помеѓу државите, општествата сè повеќе ги согледуваат организираниот криминал, трговијата со дрога, тргувањето со луѓе, перењето пари и економскиот криминал како главни закани по нивната безбедност. Друг голем предизвик во безбедносната средина претставува и процесот на глобализација. Глобализацијата е феномен карактеризиран од неколку процеси и услови, вклучувајќи доминација на капитализмот и слободната трговија, интеграција на економските и на политичките системи, технолошки прогрес, глобални комуникации и отсуство на бариери за протокот на

информации, ресурси, идеи и вредности. Глобализацијата го зголемува просперитетот на учесниците во процесот, но во исто време наметнува ризици и закани за државите (Laurence, 1978, стр. 2-3).

Од досегашната расправа можеме да констатираме дека асфалиалогијата своите научни сознанија ги црпи од мноштвото чинови, дејствија, процеси, односи и творби во создавањето, развивањето и зачувувањето на безбедноста. Според тоа, афалиалогијата за предмет на своето истражување ја има безбедноста како состојба, организација и функција. Безбедноста како состојба претставува заштитеност на некое добро, вредност, придобивка, општество (заедница). Во политичко-безбедносна смисла ја опфаќа целокупната заштита на државата од сите видови субверзивна дејност и другите штетни дејности и влијанија.

## ИСТРАЖУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА

*Безбедноста е појава* која ја проучуваат филозофијата и науката, но таа е и предмет на интерес и на другите облици на знаење, како што се религиските, здраворазумските и уметничките. Но, таа е и состојба, дејност и определени општествени творби кои на еден или друг начин го исполнуваат човечкиот живот или се во функција на решавање на човековите потреби.

Филозофијата на безбедноста се развива како дел на општата филозофија и во основа ги поставува прашањата поврзани со човекот и неговата егзистенција, поставува бројни прашања и бара одговор на нив кои, или се содржина на феноменот безбедност, или се во непосредна врска со безбедноста. Таа се занимава со барањето одговор за природата на деструкциите, за ризиците и условите за создавање услови и амбиент во кои ќе се создава и ќе се унапредува човековиот

живот (Pavlović, 2013, стр. 57-60). Таа се занимава и *со вредностите:* а) дали, колку, од што и зошто се загрозени; б) како да се подобри, да се унапреди или да се елиминира нивната загрозеност и тоа од кого, со какви мерки и спрема кого тие да се преземаат?

Филозофијата на безбедноста се обидува да ги открие онтолошките и гносеолошките проблеми на безбедноста, да ги дефинира принципите на сознанието за безбедноста и да понуди основи и методи за конституирањето на вистината за безбедноста. Според тоа, безбедноста не е наука која со свои методи и постапки може да одговори на прашањата за состојбата со вредностите. Тоа се прави со помош на други науки кои сепаратно ги изучуваат вредностите или појавите кои ја определуваат нивната положба во поглед на тоа дали се загрозени или не, и како може да се надмине таа загрозеност (Спасески, 2005, стр. 38).

Безбедноста е предмет на науката. Постојат бројни науки и научни дисциплини кои се занимаваат со различни пристапи во проучувањето на безбедноста, а се поврзани со: а) вредностите; б) загрозувањата на вредностите; в) методите и средствата со кои се откриваат загрозувањата на вредностите; г) мерките, методите и средствата кои треба да се употребат за попречување и сузбивање на загрозувањата; д) правото на безбедност; ѓ) безбедносната политика; е) личноста – деликвент; ж) безбедносните организации и институции; з) безбедносните односи. Но, постои и наука која се занимава општо со безбедноста позната како општа наука за безбедноста или асфалиалогија.

Безбедноста е предмет на интерес и на религиските интерпретации и знаења. Религијата преку начелата и практикувањето на истите прокламира односи меѓу луѓето проткаени со барања за мир и благосостојба на земјата и меѓу луѓето. Преку принципот ***верување*** религијата тежнее да создаде

позитивен дух кај луѓето или да го скроти немирниот дух меѓу луѓето. Таков е примерот со Десетте Божји заповеди. Тие се во функција на безбедноста на верниците, како и во функција на безбедноста на човекот како поединец (Спасески, 2005, стр. 38).

Во врска со прашањето: „***Дали асфалиалогијата е можна***?“, одговорот на ова прашање е во тесна врска со одговорот на прашањето „Што е безбедноста?“, поточно, „Како се сфаќа безбедноста?“. Од досегашното излагање можеме да констатираме дека постојат повеќе сфаќања за безбедноста. На некои од нив укажавме претходно.

Можеме да констатираме дека развојот на заедницата не е можен без развивање на безбедносните функции. А за развојот да биде поусогласен, поконзистентен и поцелосен треба да се заснова врз научни сознанија. Асфалиалогијата е наука која ги систематизира постојните научни сознанија и со помош на научноистражувачките методи, постапки, техники и инструменти врши верификација на научните сознанија, ги утврдува научните закони и придонесува за унапредување на човековата практика, на безбедносната практика.

И на крајот, третата дилема, односно елемент, ***дали оваа наука е потребна***? Ова прашање посебно се актуелизира, бидејќи постојат општествени науки кои ја истражуваат безбедноста од различни аспекти. Овде се поставува и едно друго прашање: зошто им е потребна асфалиалогијата на идните стручњаци кога тие, повеќе или помалку, се стекнале со основни знаења од социологијата, правото, политологијата, криминологијата и другите дисциплини? Човековиот развој и новите технолошки предизвици од модерниот човек нужно бараат повеќе нови сознанија и знаења. Асфалиалогијата, несомнено, е еден од интелектуалните напори на човекот да ги обедини, да ги продлабочи и да ги примени новите сознанија.

Безбедносните појави и проблеми се особено сложени и бараат широки знаења и умеења. Овие тврдења упатуваат дека не е можна и потребна асфалиалогијата. Но, денес, нема ниту едно подрачје што е еднодимензионално. Денес, решавањето на проблемите бара тимски приод, а во него и припадници со специјалистички знаења. Затоа, во асфалиалогијата поспецифично се проучуваат специфичните безбедносни проблеми.

Научното истражување на безбедносните појави првенствено е условено од карактеристиките на предметот, од теоретскиот фонд (посебно од неговиот сознаен дострел) и од јазикот на безбедносните науки. Постапките на луѓето (припадниците на органите на безбедноста) во односите со другите луѓе не се, ниту можат строго да се програмираат, туку се зависни од личноста, од емоциите, способноста, знаењата и вредностите на истата. Постапките се определени со правните норми за безбедност. Тие се темелат на квалитативните вредности на луѓето. Во нив се нагласени принципите: активност, иницијатива, хуманост, доследност итн., кои понекогаш не се во согласност со технизираните системи. Но, безбедносните структури, не само поради карактерот на работата и специфичноста на дејноста, се затворени структури. Тие се обвиени со ореол на тајност. Таквата положба им обезбедува претпоставки субјективните слабости и незнаењето да ги покриваат со принципот на тајност. Затоа, а особено од аспект на задоволување на начелото на проверливост и достапност на податоците, е отежната можноста да се проучуваат или да се истражуваат активностите на безбедносните органи.

Врз основа на досегашната расправа можеме да констатираме дека безбедноста е предмет на науката. Постојат бројни науки и научни дисциплини кои се занимаваат со различни пристапи во проучувањето на безбедноста, а се поврзани со: а) вредностите; б) загрозувањата на вредностите; в) методите и средствата со кои се откриваат загрозувањата на вредностите;

г) мерките, методите и средствата кои треба да се употребат за попречување и сузбивање на загрозувањата; д) правото на безбедност; ѓ) безбедносната политика; е) личноста – деликвент; ж) безбедносните организации и институции; з) безбедносните односи. Тие се развиваат во посебна група науки именувана како безбедносни науки.

## ПОИМОТ НАУКИ ЗА БЕЗБЕДНОСТА (БЕЗБЕДНОСНИ НАУКИ)

За да може во потполност да се разбере поимот наука за безбедноста – асфалиалогија, а оттаму и поимот за безбедносните науки, потребно е претходно да се согледа нејзината суштина. Станува збор, пред сѐ, за предметот, односно за она подрачје на општествената стварност со која се занимава асфалиалогијата и другите безбедносни науки.

За предметот на безбедносните науки теоретичарите немаат единствен став. Едни сметаат дека проблемите на безбедноста на човекот се лична работа, други сметаат дека тоа се проблеми кои настануваат во вршењето на определена професија или дејност, па оттаму се дел од стварноста која се нарекува *безбедносна дејност,* трети сметаат дека тоа се проблеми на подготовка и справување со *безбедносни проблеми,* а четврти дека тоа се проблеми на подготовка и реализација на определени *безбедносни (полициски, криминалистички, антитерористички) акции.* Заговорниците на *првиот* и *вториот* став, главно, се залагаат за систем на безбедносни науки во кои можат да се вклучат скоро сите науки во општеството: општествени и хуманитарни, технички и технолошки, природно-математички и медицински. Значаен е делот на истражувачите кои сметаат дека во овие науки припаѓаат само оние кои се занимаваат со проблемите на подготовка и реализација на активностите и акциите на полициските и други безбедносни сили, односно се науки кои се занимаваат со справувањето со

криминалот и асоцијалните појави во општеството, и во четвртата група се оние научни работници кои чувствуваат потреба наместо синтагмата *безбедносни акции и дејствија* да се зборува за справување со безбедносните предизвици на стратегиско, на оперативно и на тактичко ниво.

За именувањето на науката за безбедноста (асфалиалогија), науките за безбедноста, односно безбедносните науки постојат различни, спротивставени, па дури и исклучиви мислења. Едни сметаат дека тоа *е криминологијата,* други *криминалистиката,* трети *полициските науки,* четврти *форензиката*, петти *системот на безбедносните науки,* шести – *безбедносната анализа,* седми — *наука за полициското постапување* и осми — *асфалиалогија.*

Во определувањето на безбедносните науки се поаѓа од ставот дека безбедноста е *состојба во објективниот свет, па според тоа,* неа можат да ја создадат или да ја загрозат (нарушат) во природната средина, во општествените односи и да предизвика последици кај поединците (Спасески, 2005, стр. 36). Значи, се манифестираат основни видови појави – **природни, општествени** и **психолошки.** Оттаму, значи, безбедноста ја проучуваат три основни вида науки – природни, општествени и психолошки. Секоја од нив, со свои методи и техники ја истражува етиологијата, феноменологијата и последиците од безбедносните појави.

Оттаму, со можната глобална класификација на науките и научните дисциплини чиј предмет на проучување е некој од посочените аспекти, науките би се класификувале како науки што ги проучуваат: а) вредностите; б) загрозувањата на вредностите; в) начините, методите и средствата со кои се откриваат загрозувањата на вредностите; г) мерките, начините, методите и средствата кои треба да се употребат за спречување и елиминирање на загрозувањата; д) правото со кое се регулираат правата, обврските и одговорностите во областа на без-

бедноста; ѓ) безбедносната политика; е) личноста – деликвент. Значи, станува збор за три глобални групи науки поврзани со вредностите и нивното загрозување, со правото и политиките што произлегуваат од него, и со личноста.

Поаѓајќи од ваквите стојалишта, класификацијата би можела да се развива на следниот начин. Таа би ги опфатила следните групи науки: а) криминолошки, б) криминалистички, в) психолошки, г) полициски (правни и други аспекти на безбедноста). Ако ја прифатиме ваквата класификација, тогаш во **првата** група би биле: општата криминологија со двата, релативно самостојни, дела: криминолошка феноменологија и криминолошка етиологија; криминологијата на малолетничката деликвенција; криминологијата на политичките деликти; криминалната политика; пенологијата; социологијата на конфликтите во општеството и други. Во **втората** група би биле: криминалистиката (криминалистичката тактика; криминалистичката методика; криминалистичката техника); судската медицина; кривичното право; кривичната постапка; социологијата на казненото право итн. Во **третата** група би биле: научните дисциплини од областа на психологијата и психопатологијата – психологијата на личноста; психологијата на сведокот; криминалистичката психологија; судската психологија; судската психопатологија и сл. И, во **четвртата** група би биле: основите на науката за безбедноста (асфалиалогијата), филозофијата на безбедноста, безбедносните теории и системи, полициските науки и деонтологијата, полициското право и овластувања, полицијата во заштита на слободите и правата на граѓаните, справувањето со конфликтите, социологијата на полицијата, безбедносните и полициски стратегии и менаџмент, превенцијата и облиците на соработка со граѓаните, научните дисциплини од правно-политичката област (меѓународното право, меѓународната полициска соработка и сл.), кои се занимаваат со организацијата на општеството и државата со нејзините институции и кои во тој контекст ја проучуваат организираноста и функционирањето на безбедносниот систем во општеството

и во државата. Во оваа група би ги спомнале: уставното право; управното (административно) право; политичкиот систем; социологијата и сл.

Иако на ваквата класификација можат да ѝ се припишат и недоречености, таа, сепак, е само обид да се скицира дел од науките, од кои некои повеќе некои помалку самостојно, а некои се и на самиот почеток, обезбедиле простор во системот на науките. Во продолжение вниманието ќе се задржи на некои од науките кои имаат доминантно влијание во исцртувањето на профилот на безбедносните науки.

**Криминологијата** (од лат.*crīmen* и грч. *λογία*) е социјално-научен пристап во науката за криминалот како индивидуална и општествена појава. Областите на криминолошките истражувања ги вклучуваат степенот и формите на криминал, како и причините за и последиците од неговата појава. Исто така, тие вклучуваат социјални и владини прописи и реакции кон криминалот (Сулејманов, 2003, стр. 21).

Криминологијата е научна дисциплина која го проучува криминалитетот, односно противзаконитото однесување на поединците и групите: причините, развојот и законитостите. Во современата криминологија се изучува и проблемот на жртвите на криминалот, а таа дисциплина во рамките на криминологијата се нарекува виктимологија (Бачановиќ, 1997).

Криминологијата е општествена наука затоа што ги истражува општествените феномени кои се карактеристични само за човечкото општество. Прв пат криминологијата како поим се споменува во 1879 година од антропологот Топинард, за да се означи како наука која се занимава со изучување на извршените кривични дела. Подоцна, тој поим го презел Горофало, кој во 1884 година објавил книга (труд) која ја насловил *Криминологија*. И до денес сè уште постојат разлики во сфаќањата за поимот криминологија (Сулејманов, 2003, стр. 20). Предмет

на криминологијата е **криминалот** и **криминалците**, односно појавите на кршење на законските норми кои се утврдени во кривичниот законик на една држава и поединците кои за кршењето на законските норми се осудени од страна на судот (Ignjatović, 2009, стр. 115-138).

Криминалец е поединец што ја прекршил законската норма и за неа е осуден со правосилна пресуда. Не е криминалец оној што не е осудуван за кршење на законските норми, затоа што никој не е виновен додека тоа судот со своја пресуда не го утврди (Бошковиħ, 1995, стр. 16). Ова е една противречност, затоа што многу поединци ги кршат законските правила, но нивните противзаконити постапки не се откриени и поради тоа не се сметаат за криминалци, а во нивното поведение не се смета дека сториле кривично дело. Во криминологијата тој феномен се нарекува **„темна бројка на криминалот“**. Се претпоставува дека само десеттиот дел од сите сторени кривични дела се откриваат и се казнуваат (Ignjatović, 2009, стр. 11).

Криминологијата ги поделила видовите криминалитет и криминалците во зависност од видот на кривичното дело што го сториле и неговата тежина, односно општествената опасност. Најчести се имотните облици на криминалитет, а потоа оние против животот и телото. Денес е актуелен и своевидниот облик на политички криминалитет – тероризмот. Со развојот на општеството и со влезот во информатичкото време, се појавуваат и нови облици на криминалитет, кои до сега не биле познати, како што, на пример, е компјутерскиот криминалитет (Арнаудовски, 2007, стр. 291-518).

Со развојот на општествената свест се посветува поголемо внимание на некои облици на криминалитетот, на кои порано не им било посветувано посебно внимание, како што, на пример, е насилството во семејството, па затоа со воведување на законските норми и зголемувањето на општественото внимание кон тој вид кривични дела се откриваат повеќе

криминалци кои извршуваат кривични дела на насилство во семејството отколку порано, но тоа не значи дека порано бил помал бројот на извршителите на ова кривично дело (Кајзер, 1996, стр. 149).

Причините за криминалитет се различни по природа и во криминологијата постојат мноштво двоумења дали тоа се социјалните фактори, психичките фактори или (и) дури и биолошките фактори. Во секој случај, алкохолизмот и наркоманијата се чести причини за криминалитетот (Бошковиќ, 1995, стр. 18).

**Криминалистиката** (од лат. *criminalis* – злосторство, престап, криминал) е дефинирана како автохтона наука со сите атрибути на научна област и со свои специфичности што не ги третира која било друга наука. Таа е посебна наука, која како трихотомна целост се преточува во систем од научни сознанија со техничка, тактичка и методична димензија. Уште криминалистиката се определува „како самостојна хеуристичка наука, која ги открива и ги истражува закономерностите во настанувањето на кривичниот настан и механизмот на откривање и прибирање на предметот (или посебен објект) на криминалистиката, кој, всушност, е детерминирачки фактор за разликување на криминалистиката од другите науки" (Ангелески, 2005: 11-12).

Со терминот **криминалистика се обележува науката, истражувањето и откривањето на криминалитетот** (Савельева & Смушкин, 2009). Сè почестата употреба на овој термин е последица на повеќегодишното трагање по вистинското име на науката за справување со криминалот.

Сите овие науки со своите научни постапки ги решаваат бројните проблеми од кои зависи безбедноста и благосостојбата на луѓето, па според тоа сите тие се занимаваат и со „безбедносните појави", но водечко место меѓу нив го имаат

**криминологијата** и **криминалистиката**, затоа што предмет на истражувањето на криминологијата и на криминалистиката *се единствено* таквите појави „небезбедни“ и „безбедни“, т.е. оние кои ги загрозуваат, ги штитат или ги унапредуваат материјалните и општествените вредности на граѓаните. „Криминалистиката ја проучува техниката, тактиката и методот на откривање на кривичните дела... потоа методите на спречување на деликвентното однесување... (со тоа) ни пружа вредни сознанија кои во криминологијата го вградуваат научното проучување на феноменологијата на криминалитетот...“ (Singer, 1994, стр. 65).

Со „безбедносните“ проблеми се занимаваат и други науки, кои повеќе или помалку директно се занимаваат со општествените вредности, со нивното унапредување или со нивното загрозување. Така, на пример, економијата (економските мерки во општеството, проблемите на пазарот и цените, економската пропаганда и други.), правото (судската практика, законите, имотот и сопственоста, сведочењето на судот, одмерување на казната итн.), социологијата (меѓусебните односи на одделни групи, судирите меѓу луѓето, факторите на создавање на групните одлуки, испитувањето на јавното мислење, расните и други предрасуди итн.), психологијата (меѓучовечките односи, теоријата на донесување одлуки, постапки за менување на ставовите и однесувањата, факторите на привлекувања или одбивање меѓу луѓето итн.), педагогијата (методите на учење, воспитните фактори на родителите, училиштето и општеството итн.), и другите општествени, па и природните науки (на пример, медицината, агрономијата, архитектурата итн.).

## УНИВЕРЗИТЕТСКИ НАСТАВНИ ДИСЦИПЛИНИ

На високошколските институции во нашата земја се проучуваат наставни дисциплини како што се Основи на науката за безбедност, Глобална безбедност, Вовед во полициски на-

уки, Основи на безбедноста и безбедносен систем; Безбедност во сообраќајот; Безбедносни стратегии и менаџмент*, и Национална безбедност, Хумана безбедност; Демократска контрола на безбедносниот сектор**. Меѓутоа, без разлика на бројот на научни дисциплини кои со неа се занимаваат, изучувањето на безбедноста, непосредно или посредно, со сигурност може да се каже дека тоа научно поле е неразвиено и недоволно научно и теориски изучувано. Иако има обиди појавите, методите и институциите на безбедноста кај нас научно да се фундираат, во рамките на другите науки, сосем е јасно дека потребата за проширување на теориското знаење и на неговото влијание

* На Факултетот за безбедност во Скопје: Вовед во право и Уставно право; Кривично право; Вовед во полициски науки; Вовед во криминалистика; Криминологија; Криминалистичка тактика 1; Полиција и човекови права; Вовед во психологија со криминална психологија; Специјално физичко; Криминалистичка тактика 2; Кривично-процесно право; Основи на безбедност и безбедносен систем на Република Македонија; Превенција на криминалитетот; Криминалистичка психопатологија; Социјална патологија; Криминалистичка техника; Управно право; Методика на истражување општ криминалитет; Полиција и човекови права; Полиција во заедницата; Систем на приватна безбедност; Полициска етика со деонтологија; Виктимологија; Меѓународно јавно право; Јавно право; Методологија на истражување на безбедносни појави; Меѓународни односи и меѓународна полициска соработка; Полициско право и примена на овластување; Методика на истражување на пожари и експлозии; Психологија на комуникации и разузнавачки анализи; Методика на истражување на општ криминалитет; Економска криминалистика; Криминалистичко разузнавање; Еколошка криминалистика; Справување со конфликти; Европско право; Полиција и меѓународно хуманитарно право; Безбедносни стратегии и менаџмент; Односи со јавноста; Полиција и јавност; Топографија; Методика на истражување на тероризам; Информатички системи и служби; Современи безбедносни системи; Тактика на работење на разузнавачки служби и служби на безбедност и контраразузнавање; Безбедност во сообраќајот; Пенологија; Методика на истражување економско-финансиски криминал; Методика на истражување компјутерски криминал; Судска медицина; Малолетничка деликвенција и криминал на штета на децата; Методика на истражување на организиран криминал; Сообраќајна криминалистика; странски јазици и други академски способности. http://www.fb.uklo.edu.mk/vest.aspx?VestID=1310 [Пристапено на: 10.07.2011]

** Види: Филозофски факултет - Институт за одбрана и мировни студии: http://www.fzf.ukim.edu.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=558&Itemid=809&lang=mkMK [пристапено на 10.07.2011];

на безбедносната практика може да се остварува само со нови и на науката засновани методи, цели и средства, за *што особен придонес има асфалиалогијата.*

На настанувањето и дефинирањето на науките и дисциплините, влијаат и определен број услови од кои ќе ги назначиме следните:

- општествената и научната потреба;
- поделбата на трудот во областа на научната работа;
- постигнатиот степен на знаења и информации, како за изворите и облиците на загрозување на безбедноста на општеството, така и за потребата од воспоставување ефикасен систем на интегрална заштита;
- динамичност и сложеност на поголем број на општествените односи кои се во причинско- последична врска со проблемите на внатрешна и надворешна безбедност на една држава и
- сите бројни и деструктивни облици на загрозувања на поединечната и колективната безбедност, кои мораат да се проучуваат на научно ниво (Stajić, 2011, стр.2).

Во одделни студии за истражувањата од корпусот науки на безбедноста се користи поимот *безбедносен сектор* (Бакрески, 2006), кој повеќе или помалку, вклучува напори за комплементарноста меѓу воените и безбедносните науки, односно обидите и тие да се вклучат во системот на безбедносните науки. Тоа, не само поради фактот што положбата на одбраната, во услови на евроатлантскиот процес добива нови димензии, па подрачјето на воените, дефендолошките и други науки станува глобален проблем, туку и поради спецификите на дејностите и професиите кои треба да се развиваат (Вишњић, Д., Марчек, Ј., Ковач, М., 1997), (Даљевић, М., 1994), (Антић, В, 1971). Така, на пример, во една дебата се истакнува дека: „реформите кај цивилната и воената компонента претставуваат вистински предизвик и приоритет за многу држави, вклучувајќи ја и Репу-

блика Македонија. Оттука, еден од основните услови за успешно спроведување на реформите е воспоставување ефикасна комуникација помеѓу цивилниот и воениот сектор, која може да ја зајакне довербата помеѓу овие две структури и позитивно да се одрази врз опфатот, динамиката и квалитетот на реформите“ (Гоцевски, n.d., стр. 2).

Синтагмата *систем на безбедносните науки* се користи во процесот на истражувањата поврзани со истражувањата на криминалот, справувањето со криминалот, однесувањето на државата и нејзините органи во создавањето и јакнењето на свеста за сигурност и обезбеденост на имотот, човекот и неговите вредности, како и науките што ги обединуваат сознанијата од природните и општествените науки. Таа синтагма најчесто се користи во смисла на докажување дека безбедносните науки се системски, односно дека постои систем на безбедносни науки. Од деталната анализа на тие ставови се стекнува впечаток дека под систем се подразбираат само најопштите и најсложени поими (предмети), што во суштина не можат да се прифатат. Точно е дека одделни теоретичари системот го поставуваат на највисоко ниво на класификаторската низа на сложени предмети, но тоа не значи дека тоа место и навистина му припаѓа (Сакан, 2006, стр. 91). Богдан Шешиќ разликува повеќе видови сложени предмети. Тоа се: збир, мноштво, агрегат, група, класа (оддел, род), низа (ред), колектив, комплекс (работа-процес-однос) и систем (Šešić, 1974, стр. 34).

Значи, суштината не е во тоа дали безбедносните науки се системски или не, туку дали постои систем на безбедносни науки или не? Секоја појава (предмет или процес) може да се набљудува како систем, а деловите како потсистеми и елементи. Тоа е дозволено во методолошка смисла. Суштината е, пред сѐ, во методолошкиот пристап во процесот на дефинирање, класификување и, воопшто, истражувањата во асфалиалогијата, а методолошкиот пристап е, условно речено, онаа појдовна точка од која истражувачот поаѓа во истражувањето (Сакан, 2006, стр. 92).

Според критериумот општост, постојат ***општи, посебни и поединечни*** **науки**. Ако се користи теоријата на системите, како еден од правците на позитивистичката методолошка ориентација, тогаш во процесот на класификацијата, за различни нивоа на општост, се користат термините: *систем, потсистем и елементи.* Ако системот се набљудува статички по елементи, тогаш станува збор за состојба на системот, односно структурализмот (иако структурата може да се набљудува и функционално); а ако се набљудува динамички (како процес), станува збор за функционализам како правец на позитивизмот. Ако системот се набљудува во тоталитет (структурално и функционално), тогаш станува збор за комплексно согледување на системот и таквиот начин на методолошки пристап, во суштина, не се разликува од дијалектичката методолошка ориентација.

Безбедносната наука ја вклучува и теоријата и практиката (безбедносната, особено криминалистичката тактика), а тука особено употребата на средствата, што е предмет на форензиката, односно криминалистичката техника. По своите обележја, односно предметот што го изучуваат, тие припаѓаат на групата општествени науки, но не само на неа. Факт е дека подрачјето на нивното истражување е општествениот живот, и тоа, всушност, во онаа област која е најсложена и најкомплексна (демонстрации, судири, конфликти), и во која егзистенцијалните интереси на народите, државите, општествата и класите доаѓаат до потполна конфронтација. Но, комплексното согледување на конфликтите како појава и организирано и успешно учество во нив не може да се замисли без природните науки. Тоа особено се однесува на форензичките (криминалистичките) истраги на местото на настанот, каде покрај знаењата на криминалистите (форензичарите), се употребуваат и современи технички средства и достигања.

Значи, безбедносните науки се поврзани со скоро сите други науки и научни дисциплини и не можат со особена прецизност да се определат ниту во една наведена група науки.

Тие се универзални, но и автентични и тоа е неопходно да се има предвид во процесот на работата на научникот и во пристапот на решавањето на одделни проблеми. Автентичноста нужно постои и таа произлегува од специфичноста на безбедносното дејствување како подрачје на нивниот интерес. Методологијата на безбедносните науки ги сублимира заедничките елементи и специфичности на безбедноста во еден единствен систем на знаењата и конкретната теорија. На тој начин се развива и методологијата на асфалиалогијата, воопшто и на секоја безбедносна наука посебно, но истовремено и се придонесува и за изградба на критериуми за утврдување на вистинитоста на научните сознанија и научните теории.

## КЛАСИФИКУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСНИТЕ НАУКИ

Секоја **поделба на науките** на видови, односно нивната класификација, е **вештачка и условна**. Ова е поради тоа што светот во својата основа е единствен – сите појави во него се меѓусебно поврзани и влијаат една на друга. Затоа секое издвојување на одделните делови на светот, на поединечните видови појави што го сочинуваат предметот на одделните науки, секогаш е вештачко и крајно условно. Кон поделба на науката се прибегнува од чисто практични причини – за да се овозможи поголема специјализација и натамошно согледување на одделните сегменти на бесконечно сложената и комплексна стварност.

**Целокупниот систем на науки** најчесто се дели на пет големи комплекси. Според Шешлија (Šešlija, 2009, стр. 16), класификацијата на науките е следна:

(1) **филозофски** науки – во кои се подразбираат сите оние науки кои ги утврдуваат најопштите сознанија за природата, општеството и човековото мислење, како единствени делови на универзумот;

(2) **математичките** науки се инструментални науки – тие не се занимаваат ниту со опишување, ниту со објаснување на искуствените факти, туку со изградување  инструменти на сознавање со кои другите науки можат да се служат во остварувањето на своите цели;

(3) **природните науки** – ја проучуваат природата во потесна смисла, односно неорганските и органските појави, вклучувајќи го и човекот како природно битие;

(4) **психолошките науки** – го проучуваат психичкиот живот на човекот кој е дел природна, а дел општествена појава, и

(5) **општествените науки** – го проучуваат општеството со сите свои манифестации, вклучувајќи го и човекот како општествено битие (суштество).

## ПРОБЛЕМИ СО КЛАСИФИКУВАЊЕТО НА БЕЗБЕДНОСНИТЕ НАУКИ

Класификувањето на безбедносните науки е значајна активност и во научна и во практична смисла. Тоа треба да обезбеди елементите на класификацијата, според претходно избран критериум (безбедносните науки и научните дисциплини), да се стават во групи и класификаторски низи. Со нив се внесува ред во науката и на стручните и научните работници им овозможува поедноставен пристап во процесот на истражување и едукација. Со изградување критериуми и воспоставување класи и класификации се регулираат бројни прашања (Сакан, 2006, стр. 90-103). Станува збор за прашања кои „се однесуваат на организацијата и структурата на научните установи и нивниот однос кон планирањето на научноистражувачката работа, одвојувањето на средства за потребите на истражувањата според научните области, формирањето истражувачки тимови, контактите и координацијата на научните работници и тимовите внатре во безбедносните структури и со тимовите во образовните и научните институции во општеството, едукацијата на кадри, изработката на пишан материјал од наста-

вен и научен карактер, објавувањето на библиотекарските работи, класификување и организирање научна документација и систем на информации и други активности“ (Сакан, 2006, стр. 90).

**НАУЧНО ПОЛЕ ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ**

Подрачја на истражување во полето општествени науки се:

5.01 Антропологија; 5.02 Демографија; 5.03 Економски науки; 5.04 Кинезиологија; 5.05 Образование; 5.06 Организациони науки и управување (менаџмент); 5.07 Политички науки; 5.08 Правни науки; 5.09 Јавна управа и администрација; 5.10 Психологија; 5.11 Социологија; 5.12 Социјална работа и социјална политика; 5.13 Статистика; 5.14 Туризам и угостителство; 5.15 Одбрана; 5.16 Безбедност; види (Доневски, 2001, стр. 25)

Од досега изложеното, можеме да констатираме дека класификувањето на безбедносните науки претставува особено значајна активност, затоа што од тоа зависи развојот на кадрите и организацијата на научноистражувачката работа во оваа научна област. Тоа е посебно значајно за безбедносната наука, но уште повеќе за практиката, затоа што грешките во класификувањето непосредно влијаат на развојот на кадрите, а тие, пак, со знаењата од безбедноста, често пати, во органите и телата, одлучуваат за судбините на луѓето и државата во целина. Класификувањето на безбедносните науки е проследено со потешкотии од субјективен и објективен карактер и од етичка и епистемолошко-логичка природа (Сакан, 2006, стр. 92).

***Потешкотиите од етичка природа*** се најчесто одраз на општата состојба во науката и во општеството. Тоа не се потешкотии кои се однесуваат на научноста и етиката, воопшто (и на безбедносната етика, посебно) и на нејзиното место во

однос на другите науки, туку се однесуваат и на проблеми од аксиолошки карактер, посебно на оние проблеми кои се однесуваат на моралните вредности. Овде станува збор за усогласување на односот меѓу поединечното однесување и поединечната одлука, од една, како и барањата на асфалиалогијата, од друга страна. Кога станува збор за „моралот секогаш станува збор за меѓучовечките односи, дури и тогаш кога изгледа дека е во прашање односот на субјект кон себеси, спрема обичните нешта во светот кој го опкружува, и тоа просто затоа што човекот е општествено битие, а моралот е само еден облик на општествените односи“ (Зајечарановиќ, 1969, стр. 159).

Во тој процес на усогласување на односите, особено во сложените и конфликтните ситуации, општиот интерес на безбедносните науки не се дефинира непосредно, туку тој се јавува како дериват на судирот на поединечните и групните интереси. Во такви ситуации, за надминување на судирите е неопходна максимална непристрасност на истражувачот и подготвеност сопствената теорија да ја изложи, со аргументи да се спротивстави на квазинаучните тврдења и врз основа на продлабочените проверки нив да ги отфрли, без разлика на личните интереси и моменталниот статус во кој се наоѓа. Тоа ќе придонесе за афирмација на ставот дека вистинската наука е можна само таму каде што во нејзината основа се наоѓа етиката.

***Потешкотиите од епистемолошко-методолошка природа*** најчесто се резултат на недоволната строгост во применувањето на методолошките знаења, посебно во почитувањето на методолошкиот есенцијализам и номинализам, како и во пројавените слабости од примената на методот на класификација, посебно во класификувањето на сложените проблеми.

Од литературата се констатира дека *методолошкиот есенцијализам* го карактеризираат три елементи: а) *суштината*, б) *дефиниција на суштината* и в) *името*. Кај овие потешкотии, обично, првиот елемент се запоставува. Се поаѓа од дефини-

цијата (без вистинска суштина), а потоа се бара *името* (односно, терминот) и така тие два елемента се вртат во круг. „Дека името не е доволно, покажува создавањето на поимите за појавите: со името појавата се крштава, но не се објаснува и не се разбира. А тоа, всушност, може да се постигне со создавање за поимот за појавата. Од името може да се почне, на името не може да се застане...“ вели Шушњиќ (Šušnjić, 2007, стр. 42).

Ситуацијата кај *методолошкиот номинализам* е обратна. Тој не е „оптоварен“ со дефинициите, туку, пред сè, со суштината. Овде се тежнее да се опише и да се објасни однесувањето во различни околности и да се уочат правилностите во тоа однесување. Како резултат на ваквиот пристап, многу модерни природни науки (на пример, информатиката) доживеале револуција во својот развиток, условно речено, на симболите, односно без претерано оптоварување на дефинициите и називите. Методолошкиот номинализам, значи, наместо оптоварување со дефиниции, на пример, што е тоа полициско дејствување, се задоволува со номинална дефиниција на тој поим. Овде, значи има пристап, прво да се сознае како нешто ќе изгледа и што ќе значи за конкретната научна област, потоа да се сознае суштината и потоа, ако е можно, да се даде име и валидна дефиниција.

Еднострано прифаќање на некои поставки на есенцијализмот, запоставувањето на методолошкиот номинализам, веројатно се основните причини за недоволната класификација и развојот на безбедносните науки. Тоа условило да се води неплодна расправа околу статусот, дефинирањето, класификувањето и имињата на безбедносните науки. Притоа, видливи се и обиди на науките и на дисциплините да им се додава придавка, потоа некритички да се преземаат поими од други јазични подрачја, што создава дополнителни нејасности. Упорните обиди на дефинирањето на безбедносните науки, без согледување на суштината, очигледно воделе кон бесконечна регресија на дефиницијата, неопределеност и двосмисленост на поимите.

За таквата состојба придонеле и слабостите на методите на класификацијата, посебно на оние што се применувани во безбедносните науки. Посебно значаен проблем е и пристапот дека станува збор за подрачје, за сектор. Така, во одделни научни потфати се зборува за „безбедносен“ и „цивилен“ сектор, за „цивилна одбрана“, „безбедносни студии“ и други изрази, кои ја отвораат потребата од исцртување на доменот на безбедносните науки. Неможноста да се идентификуваат валидни правила и принципи на класификација е последица токму на разликите во пристапот и содржината на дискурсот. Тој, посебно е усложнет, кога на безбедноста ѝ се приоѓа како на глобален проблем, или, пак, се идентификува со определени организации (како НАТО, на пример) или политики (евроатлантски и сл.) што придонесува кон неможноста за примена на правилата и идентификацијата на валидните критериуми врз основа на кои ќе може експлицитно да се изврши класификацијата на безбедносните науки. Правилата на класификацијата, како што истакнуваат Коен и Нејгел „повеќе изразуваат еден идеал отколку што го изразуваат методот“, а тој „идеал е неадекватен за високоразвиената наука; тој е поадекватен за науките кои се на самиот почеток“ (Koen & Nejgl, 1977, стр. 259). Затоа е и разбирлив напорот да се дефинираат јасни критериуми за класификација на безбедносните науки.

Оттаму, можеме да констатираме дека правилата на методот на класификацијата не се спорни. Но, за класификацијата на безбедносните науки не постои ниту еден поединечен критериум, ниту група критериуми врз основа на кои во потполност (без остаток) можат да бидат определени во определени групи или класификаторски низи. Излезот, веројатно треба да се бара во мултикритериумскиот пристап (класификација според повеќе критериуми), како претпоставка за најдобри резултати. Тој пристап подразбира комбинирање на историскиот развој и комплексната анализа на постојните класификации.

## КРИТЕРИУМИ ЗА КЛАСИФИКАЦИЈА НА БЕЗБЕДНОСНИТЕ НАУКИ

За доследна класификација е неопходно да се утврдат критериумите. Тие за класификација на безбедносните науки се бројни. Во литературата како позначајни се спомнуваат: поврзаноста на науката и научните дисциплини, рационалноста, значењето на науката, состојбата на реалната практика, прагматичноста, сличностите и разликите, припадноста на матичните науки и изграденоста на конституенсите на науката.




Адаптирано според: (Сакан, 2006, стр. 94).

***Шема број 1 Критериуми за класификација на безбедносните науки***

***Критериумот за поврзаноста на науката и научните дисциплини*** упатува на тоа дека овие науки се тесно поврзани. Тоа значи дека ниту еден проблем не може научно да се набљудува издвоено и изолирано, а тој истовремено да не претставува предмет на интересирање и на други науки. Овој критериум упатува на интердисциплинарниот и мултидисци-

плинарниот пристап во проучувањето на безбедносните појави. Развојот на науката, воопшто и на безбедносните науки, посебно укажува дека многу нови науки и научни дисциплини настанувале токму како резултат на делењето на одделни науки во посебни, или со интеграција на сродните и блиски науки и научни дисциплини (Сакан, 2006, стр. 94), (Lerner, 1975).

Овде станува збор за развој на науки и научни дисциплини кои како предмет на истражување имаат ист дел од стварноста. Криминалните појави ги изучуваат мноштво науки и други научни дисциплини. Тие се предмет на интересирање на безбедносните и на други науки, како што се, на пример: социолошките, правните, кривично-правните, политичките, криминалистичките, техничките, економските, организациските, историските, педагошките, психолошките и медицинските науки и научни дисциплини. Сите тие ја изучуваат криминалната појава, на пример: вооружен грабеж на банка, но од свој специфичен (филозофски, социолошки, правен, казнено-правен, политички, криминалистички, технички, економски, организациски, историски, педагошки, психолошки и медицински) аспект.

Науките и научните дисциплини кои, посредно или непосредно, го изучуваат предметот и процесите во доменот на криминалот и безбедноста во целина се тесно поврзани, токму преку предметот на проучувањето. Тоа воедно е и обврска на научните работници со мултидисциплинарен и компаративен пристап во истражувањата на проблемите да поттикнуваат облици на соработка и проучување, за да можат новите сознанија, во оригинален или доработен облик, да се користат за потребите на асфалиалогијата и за збогатување на теоријата (Аслимоски, 2000).

***Критериумот на рационалност*** не е во релација со критериумот на поврзаност на науките и научните дисциплини (Аслимоски, 2013, стр. 55). И покрај тоа што науките се тесно поврзани, во модерните општества не секаде и подеднакво им се посветува внимание. Тоа значи дека во одделни држави

нема услови (организациски, финансиски, кадровски) или не ги развиваат рамномерно безбедносните науки и научни дисциплини. Институционалниот развој на безбедносните науки ќе овозможи соработка меѓу универзитетите, институтите, училиштата, компаниите и државите, особено во развојот на новите технологии и системи на следење и собирање податоци и слично (Сакан, 2006, стр. 95).

Критериумот на рационалност е во спротивност со идеите и барањата за развој на гломазен систем на безбедносни науки, не само поради фактот што безбедносните појави ги изучуваат бројни науки и научни дисциплини, туку поради рационалноста на нивното конституирање, особено, кога за тоа не постојат ниту кадровски ниту материјални можности. Тоа, често пати е актуелизирано и преку не докрај оправданото залагање за нив, затоа што нема ниту потреба од нив и затоа што слични науки веќе постојат во општеството. Во принципот на рационалност се актуелизираат безбедносните појави, како што, на пример, се трговијата со луѓе, со дрога и други наркотични средства. Тие се сложени и комплексни појави во кои учествуваат мноштво индивидуи, групи, а може и организации од една, две или повеќе држави. Во нивното откривање, разјаснување и спречување учествуваат полициски и криминалистички состави од една, две или повеќе држави. И оттаму, изведуваат став дека безбедноста е повеќедимензионална појава која, според обликот на манифестирање е криминална, политичка, економска, дипломатска, културна, религиозна, патолошка или од некоја друга димензија, односно појава. Значи, безбедносните појави се поливалентни и тие се предмет на интерес и на другите науки. Секоја наука своето емпириско подрачје го изучува организирано и систематски. Критериумот на рационалност се користи како аргумент во спротивставувањето на разгранувањето на науките и научните дисциплини.

Во литературата се споменува и придонесот на матичната наука, во нашиот случај асфалиалогијата, во развојот на

безбедносните науки. Тој ***критериум*** се именува и како ***критериум на водечката наука во научниот систем****.* Според критериумите за класификација на науките, врз основа на овој критериум се сретнуваат и поделбите на: *директивни, ортодоксни, инхерентни и кохерентни* науки*.* Оттаму, безбедносните науки се: *директивни, ортодоксни, инхерентни и кохерентни безбедносни науки* (Сакан, 2006, стр. 95).

Во содржината на директивните науки се основните насоки за подготовка и водење на активностите за откривање, разјаснување и спречување на безбедносна активност. Безбедносната активност е (или може да е) предмет на: природно-научната криминалистика, криминалистичката методика, безбедносните и криминалистичките стратегии и менаџмент. Природно-научната криминалистика се именува со форензика. Терминот „форензика“ потекнува од латинскиот *foren*, што значи „збор пред форумот“, т.е. истапување пред судот, судска дебата – тоа бил еден од омилените жанрови во древниот Рим... Терминот *forensics* во понов облик се јавува како *forensic science*, буквално преведен значи „судска наука“, т.е. наука за иследување на доказите – имено тоа што во рускиот јазик се именува како криминалистика (Федотов, 2007, стр. 11). Предмет на геополитиката е влијанието на природните чинители (географската положба, физичкиот изглед на земјата, природните богатства, хидрографската мрежа) за водење на политика и одбрана на земјата (Аслимоски, 2013, стр. 148).

Називот ортодоксна безбедносна наука упатува на правоверноста, изворноста на некоја појава или нешто, дека тоа е основата (центрумот на системот). Според тоа, во група на ортодоксни безбедносни науки би биле: ***асфалиалогијата*** *и* ***криминологијата***, со нивните научни дисциплини. Во групата инхерентни безбедносни науки се: ***социологијата на безбедноста***, социологијата на безбедносната организација, конфликтологијата, безбедносната историја, безбедносната географија, науката за обезбедувањето (приватната безбедност), разузнавањето и борбата против тероризмот итн., а кохерентни

безбедносни науки се: ***криминалистиката*** со својата методика, техника и тактика; економската, финансиската, еколошката, јазичната и други криминалистики, науката за полицијата, полициската деонтологија, компјутерскиот криминал, перењето пари и други (Аслимоски, 2013, стр. 150), (Николоска, 2013).

Во дебатите за потребата од конституирање на безбедносните науки се користи критериумот ***состојбите во практиката***. Аргументите се дека тој систем во практиката постои и дека, врз основа на тоа, потребно е и научно да се верификува. Ваквиот став е оправдан само доколку практиката е научно насочувана.Така, на пример, Ариф Тановиќ укажува дека „во врска со практиката, античките Грци користеле два термина – *praksis* и *dosprahia*. Првиот термин означува работа која е вредна и целисходна, а вториот лоша работа, неволја, разорување. Уривачката активност која ја деградира науката и човекот, воопшто или механичкото повторување на работните операции не можат да се сметаат за практика“ (Tanović, 1972, стр. 16).

Искуството кај нас говори дека безбедносната практика не била научно насочувана. Иако бара поширока елаборација, овде ќе назначиме две прашања: првото, „Што опфаќа поимот полиција?“ Денес ќе сретнете бројни изрази како што се криминалистичка, судска, шумска, еколошка, комунална, гранична полиција. Не знам како се именува полицијата (униформираната) дали таа е „полициска“ полиција? И второто прашање: „Дали има полициска професија?“ Имено, ако судите според практиката, оној кој е стручен за оперативни задачи (на пример, командир на полициска станица), тогаш ќе видите дека таму немате стручно-специјализиран кадар. Или, како денес се станува полицаец? Наместо образование имате обука. Наместо систем за образование има имитација на образование. Нејзиниот стихиен развој се одвивал непосредно на штета на безбедносните науки, односно оние науки кои не се изучуваат ниту во една друга институција во општеството. (И ако овде ја додадете одлуката на министерот за внатрешни работи, кој во 1995 година

предложи, а Собранието донесе Закон да се укине Факултетот за безбедност – единствената институција која ги развиваше безбедносните науки, тогаш е јасна погорната констатација). Таквата практика не е можно да се прифати како критериум за класификација. Да се прифати таквата состојба значи мирење со состојбите и согласување со воспоставените практики полициската работа и дејност да се препушти на обука и обучување и неа да ја обавуваат кадри од воените училишта, техничари, тренери, андрагози, политолози, психолози, социолози, инженери (шумарски и земјоделски) и слично, што во основа го отвора прашањето на професионалиот етос и стандард.

***Критериумот на прагматичноста,*** како што самото име покажува, се однесува на интересот и корисноста, и има придонес во досегашната методолошка ориентација. Таа практика е спротивна со основните поставки на прагматизмот како филозофија. Имено, наместо да се поаѓа од основните вредности и корист за науката, развојот на науките за безбедност најчесто ги следел поединечните и групните интереси внатре во таа наука или во влијателните средини. Така добиените решенија, најчесто, не биле засновани на основните прагматични поставки за општиот интерес на науката, туку на реалниот однос на силите во остварувањето на личните и на групните интереси.

Не влегувајќи натаму во експликацијата на прагматизмот, основното прашање кое во врска со тоа може да се постави е следното: „Каква корист очекува општеството од полицијата и од другите безбедносни структури?“ Одговорот се наметнува сам по себе: „Справување со криминалот и заштита на вредностите“. Според тоа, за безбедносни науки се сметаат само оние науки кои го изучуваат откривањето, разрешувањето и справувањето со криминалот, односно заштитата на вредностите и обезбедувањето мирен, стабилен развиток на општеството и човекот (Сакан, 2006, стр. 96).

За попрецизно да се определи местото на безбедносните науки и научни дисциплини во класификаторските низи, се користи ***критериумот за сличностите и разликите*** меѓу нив. Овој критериум обезбедува определена научна дисциплина да се приклучи на најблиската наука или да се издвои во посебна група. Овој критериум е непосредна врска со критериумот на припадност на матичната наука. Врз основа на тој критериум може да се определи припадноста на науката кон определена група науки или научни дисциплини на науката. Според овој критериум, класификацијата на безбедносните науки обезбедува претпоставки за организирање на образованието на кадрите од безбедноста (Сакан, 2006, стр. 96).

За развојот на безбедносните науки е битен и ***критериумот на состојбата на изграденост на конституенсите на науката***. Овој критериум се злоупотребува во аргументирањето против потребата од безбедносни науки. Обично тоа се кадри кои немаат базично образование од безбедноста, туку од другите научни дисциплини. Тие, од една страна, настојувале врз основа на критериумот на изграденоста на конституенсите на науката во која го стекнале образованието, да го оспорат статусот на научност на асфалиалогијата. Предмет на напад се: недоволната изграденост на теоријата, јазикот, методот, историјата и други елементи на безбедносните науки. Тие „успешно“ ги пронаоѓале аргументите и „докажувале“ дека токму науката што тие ја изучуваат го остварила статусот на научност (Сакан, 2006, стр. 97). И така, научните напори во повеќевековното искуство и традиција на градење систем за заштита на вредностите и човекот не успеале да се конституира како посебна наука – асфалиалогија. За разлика од неа, многу други безбедносно ориентирани научни дисциплини се конституирале многу порано, а некои и за неколку десетина години (Сакан, 2006, стр. 99).

## ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА БЕЗБЕДНОСНИТЕ НАУКИ

Од досегашната расправа за критериумите, може да се заклучи дека безбедносните науки можат да се разгледуваат во своето пошироко и потесно значење. Поширокото значење ги опфаќа сите науки и научни дисциплини кои од својот специфичен агол ја изучуваат безбедноста и причините за нејзиното загрозување, а потесното значење ги опфаќа само оние специфични науки кои се и одговараат на полициската организација и на другите безбедносни служби, односно оние науки кои непосредно се занимаваат со проблемите на безбедноста (Сакан, 2006, стр. 100).

Досегашната расправа упатува на ставот дека е неоспорно постоењето на безбедносните науки, оној дел од науките што ги изучуваат безбедносните појави. Притоа, предмет, домен на тие науки е безбедноста како функција, состојба и организација, односно тие се ориентирани кон заштита на вредностите и на човекот. Но, факт е дека овие прашања се предмет и на други, ќе ги наречеме, безбедносно ориентирани научни дисциплини, кои се во непосредна или посредна врска со безбедносните науки, како што се воените науки, науките за мир, или мировните студии, социологијата, правото, политологијата, економијата, медицинските, земјоделските и техничките науки (Сакан, 2006, стр. 102).




**Шема број 2** ***Приказ на системот на безбедносните науки***

Ваквиот начин на организирање на безбедносните науки никако не подразбира отсуство на соработка и развој на нови научни дисциплини. Напротив, изучувањето на други научни области е постојана обврска на научните и стручните работници и таа произлегува од мултидисциплинарноста и тесната поврзаност на безбедносните науки со другите науки и научни дисциплини. Безбедносната професија бара широко знаење кое ќе овозможи подобро познавање на луѓето и техниките на управување воопшто.

Конституирањето на безбедносните науки е сложен и по многу нешта противречен процес. Сложеноста, посебно, произлегува од бројноста на науките и научните дисциплини, кои непосредно или посредно се занимаваат или се ориентирани кон проучување на безбедноста, односно на истражувањето на доменот безбедност. Таа е и последица на недоволно развиениот теориско-методолошки концепт на безбедносните науки.

Тоа се огледа во фактот што постојат бројни дисциплини кои проучуваат одделни аспекти или појави на безбедноста и притоа сметаат дека тоа е нивен домен на истражување. Конституирањето на безбедносните науки и на асфалиалогијата како наука претпоставува бројни истражувачки напори и афирмирање на аргументите кои зборуваат или се во прилог на нејзиното конституирање. Затоа е неопходно да се разгледаат и аспектите поврзани со истражувањето и безбедносните појави.

**ПРАШАЊА**

Дефинирајте го поимот асфалиалогија?

Диференцирајте ги поимите, безбедност, безбедносно, безбедносен сектор, област на безбедност?

Како се класификуваат на безбедносните науки?

Според кои критериуми се класификауваат на безбедносните науки?

Како се врши идентификација на безбедносните науки?

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ЗА ПОГЛАВЈЕТО

Banjanin, M. K. (2006). *Naucnoistraživačka metodologija.* Beograd: Dispublic.; Belak, S. (2005). *Uvod u znanost.* Šibenik: Visoka škola za turistički menadžment u Šibeniku.;  Berelson, B. (1995). Analiza sadržaja. In B. Pejčić, *Metodologija empijskog naučnog istraživanja* (pp. 465-505). Beograd: Defektološki fakultet.; Bibić, A., & Novosel, P. (1971). *Politička znanost - metode.* Zagreb: Naprijed,.; Bibič, A., & Novosel, P. (1971). *Politička znanost - metode.* Zagreb: Naprijed.; Bognar, B. (2008). Stvaralački pristup znanosti;. *Metodički ogledi, 1*(1), 11-30.; Čuljak, Z. (2003). Gettierovi protuprimjeri i analiza znanja. *Prolegomena, 2*(2), 197-217. Retrieved 1 3, 2015, from hrcak.srce.hr/file/495; Damnjanović, I. (n.d.). Znanje je moć: ideja progresa u istoriji političke misli. *Politikologija*, 9-29. Retrieved 10 23, 2014, from http://www.fpn.bg.ac.rs/wp-content/uploads/1-Ivana-Damnjanovi%C4%87-Znanje-je-mo%C4%87-ideja-progresa-u-istoriji-politi%C4%8Dke-misli.pdf; Dietz, J. L. (2006). *Enterprise Ontology - Theory and Methodology.* New York: Springer.; Dragišić, Z. (2007). *Bezbednosni menadzment* (Edicija Studije bezbednosti ed., Vol. kn. 1). Beograd: Službeni glasnik: Fakultet bezbednosti.; Dul, J., & Hak, T. (2008). *Case Study Methodology in Business Research.* Amsterdam: Elsevier Ltd,.; Dulić, D. (Ed.). (2006). *Ljudska bezbednost* . Beograd: Fond za otvoreno društvo.; Đurić, M. (1962). *Probleimi sociološkog metoda.* Beograd: Savremena škola.; Đurić, M. (1964). *Sociologija Maksa Vebera.* Zagreb: Matica Hrvatska.; Đurić, S. (2009). *Analiza stanja humane bezbednosti na teritoriji opštine Palilula – lokalne zajednice Karaburma i Borča: izveštaj.* Beograd: Fakultet bezbednosti.; Đurić, S. (2013). *Iistraživanje bezbednosti- kvalittaivni pristup.* Beograd: Fakultet bezbednosti.; Filipović, M. (2004). *Metodologija znanosti i znanstvenog rada.* Sarajevo: Svjetlost.; Greco, J., Sosa, E., & Mikulić, B. (Eds.). (2004). *Epistemologija - Vodič u teorije znanja.* Zagreb: Naklada Jesenski i Turk.; Gredelj, S. (1995). Analiza sadržaja. In B. Pejčić, *Metodologija empirijskog naučnog istraživanja* (pp. 505-510). Beograd: Defektološki fakultet.; Habermas , J. (1975). *Saznanje i interes.* Beograd: Nolit.; Ignjatović, Đ. (2009). *Metodologija istraživanja kriminaliteta.* Beograd: Pravni fakultet u Beogradu.;

Irwin, S. P., & Walker, G. (1999). Faulty Environments and Risk Reasoning: The Local Understanding of Industrial Hazards? *Environment and Planning, 31*, 1311-1326.; Koen, M., & Nejgl, E. (1977). *Uvod u logiku i naučni metod* (2 ed.). (A. Kron, Trans.) Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva.; Laurence, M. (Ed.). (1978). *The Deffence of Western Europe.* New York: Palagrave MacMillan.; Lerner, A. J. (1975). *Principi kibernetike.* Beograd: ICS.; Masleša, R. (2001). *Teorije i sistemi sigurnosti.* Sarajevo: Magistrat.; Milić, V. (1978). *Sociološki metod* (2 ed.). Beograd: Nolit.; Milošević, N. (1983). *Osnovi metodologije ratne veštine.* Beograd: CVV.; Mužić, V. (1986). *Metodologija pedagoških istraživanja.* Sarajevo: Zavod za izdavanje udžbenika.; Mužić, V. (1999). *Uvod u metodologiju istraživanja odgoja i obrazovanja.* Zagreb: Educa.; Novaković, S. (1984). *Hipoteze i saznanje.* Beograd: Nolit.; Neuman, L. W. (2003). *Social research methods: qualitative and quantitative approaches.* New York: Pearson Education, Inc, Boston,.; Okasha, S. (2004). *Filozofija nauke: Kratak uvod.* Sarajevo: "Šahinpašić".; Pavlović, G. (2013). Razvoj ideje bezbednosti. *Sociološki diskurs, 5*(3), 51 – 66. Retrieved March 20, 2015, from http://socioloskidiskurs.com/wp-content/uploads/2013/11/SD5-GojkoPavlovic-srpski.pdf; Popović, M. (1988). *Problemi društvene strukture - Uvod u sociologiju* (3 ed.). Beograd: Naučna knjiga.; Primorac, Z. (2010). *Uvod u filozofiju znanosti* (2 ed.). Mostar: Sveuciliste u Mostaru.; Ratković, R. (1987). *Osnovi političkih nauka.* Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva.; Ristić, Ž. (1995). O istraživanju, metodu i znanju. Beograd: Institut za pedagoška istraživanja.; Royal Society. (1992). *Risk: Analysis, Perception and Management,.* London: Royal Society.; Savićević, D. M. (1996). *Metodologija istraživanja u vaspitanju i obrazovanju.* Vranje: Učiteljski fakultet u Vranju.; Šešić, B. (1974). *Osnovi metodologije društvenih nauka* (1 ed.). Beograd: Naučna knjiga.; Šešić, B. (1974). Pozitivizam. In B. Petrović, A. B. Stojković, B. Šešić, M. Cekić, Z. Micić, M. damjanović, & A. B. Stojković (Ed.), *Savremena filozofija* (pp. 110-149). Beograd: Rad.; Šešić, B. (1983). *Osnovi logike* (6 ed.). Beograd: Naučna knjiga.; Šešić, B. (1988). *Opšta metodologija* (6 ed.). Beograd: Naučna knjiga.; Singer, M. (1994). *Kriminologija.* Zagreb: Globus.; Stajić, L. (2011). *Osnovi sistema bezbednosti : sa*

*osnovama istraživanja bezbednosnih pojava* (4. izmenjeno i dopunjeno izd. ed.). Novi Sad: Pravni fakultet, Centar za izdavačku delatnost, 2011 (Petrovaradin : Futura).; Stojak, R. (1995). Osnovni trendovi u analizi sadržaja (Neke studije analize sadržaja). In B. Pejčić, *Metodologija empirijskog naučnog istraživanja* (pp. 510-520). Beograd: Defektološki fakultet.; Šušnjić, Đ. (2007). *Metodologija* (IV ed.). Beograd: Čigoja štampa.; Tanović, A. (1972). *Vrijediosti u vrednovanje.* Sarajevo: Zavod za izdavanje udžbenika.; Termiz, D. (2003). *Metodologija društvenih nauka.* Sarajevo: Šahinspahić.; Termiz, D., & Milosavljvević, S. (2002). *Praktikum iz metodologije politikologije.* Sarajevo.; Termiz, D., & Slavomir, M. (2008). *Analitika* (Vol. I). Lukavac, Bosna i Hercegovina: Grafit.; Ангелески, М. (2005). *Оперативна криминалистика.* Скопје.; Ангелески, М. (2006). Криминалистички експеримент. *Годишник на полициската академија*(1/2006).; Антић, В. (1971). Војна психологија у систему војних наука. In *Војна наука* (pp. 308-312). Београд: ВИЗ.; Арнаудовски, Љ. (2007). *Криминологија.* Скопје: „2-ри Август С“ - Штип.; Аслимоски, П. (2013). *Социологија.* Охрид: Факултет за туризам и угостителство.; Аслимоски, П., & Станојоска, А. (2015). *Криминологија* (1 ed.). Битола: Правен факултет - Битола.; Бабић Павловић, Д., Буцал, А., & Кузмановић, Д. (2009). *Научна писменост: PISCA 2003 и PISCA 2006.* Београд: Министарство просвете Републике Србије; Завод за вредновање квалитета образовања и васпитања.; Бакрески, О. (2006). *Координација на безбедносниот сектор – искуства и практики.* Скопје: Филозофски факултет Скопје.; Бакрески, О. (2007). Нови предизвици за безбедноста. *Полициска академија Скопје*, pp. 11-19.; Бакрески, О., Баткоска, Л. (2005). *Методологија на научното истражување.* Охрид: Факултет за туризам и угостителство.; Бешка Петровска, В. (1999). *Анкетирање – што, зошто, кој, како?* Скопје: Филозофски факултет.; Бован, С. Б. (2012). Мета науке (критичка мисао о науци). Београд: Правни факултет.; Бошковић, М. (1995). *Криминологија и социјална патологија.* Нови Сад: Матица Српска.; Ванковска, Б. (2011). *Меѓународна безбедност.* Скопје: Филозофски факултет.; Ванковска, ; Доневски, Б. (2001). *Класификација на научни полиња, подрачја и области (дисциплини) на истражување.*

Скопје - Битола: Tempus- Phare, CME - 03118 – 97.; Јосифовски, Ј., & Илиевски, М. (2000). *Логика.* (VI, Ed.) Скопје: Просветно дело.; Кајзер, Г. (1996). *Криминологија.* (Ѓ. Марјановиќ, Trans.) Скопје: Александарија.; Лукић, Р. Д. (1983). *Методологија права* (3 ed.). Београд: Научна књига.; Марковић, М. (1999). *Филозофски основи науке.* Београд: БИГЗ, Генес-С штампа, Просвета, СКЗ,.; Марковић, Р. (1995). *Уставно право и политичке институције.* Београд: Службени гласник.; Милат, Ј. (2015). *Основи на методологија на истражување.* (С. Јованова Митковска, Trans.) Штип: УНиверзитет „Гоце Делчев“.; Милосављевић, С., & Радосављевић, И. (2006). *Основи методологије политичких наука* (3 ed.). Београд: Служени гласник.; Милошевић, Н., & Миливојевић, С. (2001). *Основи методологије безбедносних наука.* Београд: Полицијска академија.; Мирчев, Д., & Христова, Л. (2008). *Модерна политологија - Темелите на проучувањето на политичкиот живот.* Скопје: Универзитет Фон, Скопје; Култура, Скопје.; Мојаноски, Ц. (2014). Изборно насиље и улога полиције у изборном процесу . In Д. Коларић (Ed.), *Насиље у Србији - узроци, облици, последице и друштвене реакције. I*, pp. 165-179. Београд: Криминалистичко-полицијска академија, Београд.; Мојаноски, Ц. Т. (2002). *Основи на општественото уредување.* Скопје- Штип: 2 Август С.; Мојаноски, Ц. Т. (2010). Дилеми во дефинирањето на методологијата на асфалиалогијата. In Ц. Т. Мојаноски (Ed.), *Безбедноста, еколошката безбедност и предизвиците на Република Македонија; Факултет за безбедност.* Скопје, 14-29: Факултет за безбедност.; Мојаноски, Ц. Т. (2010). За поимот наука за безбедноста (асфалиалогија). (Ц. Т. Мојаноски, Ed.) *Годишник на Факултетот за безбедност*, pp. 12-23.; Мојаноски, Ц. Т. (2012). *Методологија на безбедносните науки - Основи* (Vol. Книга I). Скопје: Факултет за безбедност.’ Мојаноски, Ц. Т. (2015). *Методологија на безбедносните науки - истражувачка постапка, Книга III* (2 ed.). Скопје: Коста Абраш - Охрид.; Мојаноски, Ц. Т., & Ѓуровски, М. (2018). *Индекс на безбедност.* Скопје: Фондација „Конрад Аденауер, Факултет за безбедност. Retrieved from http://fb.uklo.edu.mk; Мојаноски, Ц. Т., & Кулић, В. (2012). Прилог расправи о појму полиције, полицијске професије и право по-

литичког организиовања припаднника полиције. (Г. Милошевић, & С. Милашиновић, Eds.) *Култура полиса, IX*(2 посебно издање), 37-52.; Никодиновска Стефановска, С. (2008/2009). За безбедноста – нови концепти;. *Годишник на Факултетот за безбедност, 1*, 219-232.; нзова, В. (2003). *Науката како занает.* Скопје: Филозофски факултет.; Панзова, В. (2004). *Логика.* Скопје: Филозофски факултет.; Пеливанов, Т. (1995). *Методологија на правните и политичките истражувања* (1 ed.). Скопје: Правен факултет - Скопје.; Пеливанов, Т. (2002). *Методологија на правните и политичките истражувања.* Скопје: Студентски збор.; Печујлић , М., & Милић , В. (1995). *Методологија друштвених наука.* Београд: ДБ „Графика".; Ременски - Ташевска, Ф. (2007). За некои општествено-политички аспекти на исламскиот радикализам и регионалната и глобалната безбедност. *Годишник на Полициската академија Скопје*, pp. 19-32.; Ременски Ташевска, Ф. (2008). НАТО моделот за управување со кризи. (Ц. Т. Мојаноски, Ed.) *Годишник на Полициската академија Скопје*, pp. 373-388.; Сакан, М. (2006). *Методологија војних наука.* Београд: Војноиздавачки завод.; Спасески, Ј. (2005). *Македонија-столб на безбедноста и мирот на Балканот.* Скопје - Кочани: Обнова.; Спасески, Ј., Аслимоски, П., & Герасимоски, С. (2008). *Приватна безбедност.* Скопје - Охрид: Полициска академија Скопје; Факултет за туризам и угостителство Охрид.; Стајић, Љ., & Гаћиновић, Р. (2007). *Увод у студије безбедности.* Београд: Стручна књига.; Стојчев, В. (2004). *Методологија на воените науки.* Скопје: Воена академија „Генерал Михајло Апостолски". ; Студије безбедности: потреба или мода. (n.d.). *www.odbrana.mod.gov.rs/odbrana030/28-32.pdf [пристапено на 12.04.2010].* Retrieved April 12, 2010, from Студије безбедности: потреба или мода, ww.odbrana.mod.gov.rs/odbrana030/28-32.pdf; Трајковски, И. (1997). *Граѓанско содружништво* (1 ed.). Скопје: Гоцмар.; Федотов, Н. Н. (2007). *Форензика – компьютерная криминалистика.* Москва: Издательство „Юридический Мир".

# ГЛАВА ПЕТТА
# БЕЗБЕДНОСТА КАКО ПРЕДМЕТ НА НАУЧНО ИСТРАЖУВАЊЕ

## ЦЕЛИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ПОСТИГНАТ

Да се запознаат и продлабочат знаењата за безбедноста како предмет на научно истражување,

Да ги прошират знаењата за меѓународната безбедност, предизвиците, ризиците и заканите како предмет на истражување;

Да се стекнат со знаења за подрачјето на интердисциплинарното истражување на асфалиалогијата;

Да ги прошират знаењата за дисциплинарно истражување на асфалиалогијата;

**ВОВЕДНИ РАЗГЛЕДУВАЊА**

Како и во други науки, можноста за научно истражување на безбедносните појави првенствено е условена од карактеристиките на предметот, од теоретскиот фонд (посебно од неговиот сознаен досег) и од јазикот на безбедносните науки. Навистина, можноста за истражување е условена од целосна методологија на безбедносните науки, потоа од кадрите, од општиот став кон истражувањата, средствата за истражување и слично. Сепак, истражувањата, посебно методите, примарно зависат од останатите конституенси на безбедносните науки. Во методолошката теорија се инсистира на единството на предметот и методот на истражувањето. Епистемолошките карактеристики на предметот го определуваат методот (Мојаноски, 2010, стр. 15). Тоа значи дека методот на асфалиалогијата (безбедносната наука) е специфичен во однос на методот на другите науки колку што се специфични и безбедносните појави како предмет на истражување во однос на подрачјето на стварноста што ја истражуваат другите науки. Неоспорно е дека карактеристиките на безбедносните појави ги имаат истите импликации на методот и, оттука, на можноста на научното истражување во асфалиалогијата (безбедносните науки) (Мојаноски, 2010, стр. 12).

Постапките на луѓето (припадниците на органите на безбедноста) во односите со другите луѓе не се ниту можат строго да се програмираат, туку се зависни од личноста, од емоциите, способноста, знаењата и вредностите на истата (Спасески, 2005, стр. 33). Постапките се определени со правните норми за безбедност. Тие се темелат на квалитативните вредности на луѓето. Во нив се нагласени принципите: активност, иницијатива, хуманост, доследност итн., кои понекогаш не се во согласност со опремените системи. Но, безбедносните структури, не само поради карактерот на работата и специфичноста на дејноста, се затворени структури. Тие се обвиени со ореол на тајност. Таквата положба им обезбедува претпоставки субјектив-

ните слабости и незнаењето да ги покриваат со принципот на тајност. Затоа, а особено од аспект на задоволување на начелото на проверливост и достапност на податоците, е отежната можноста да се проучуваат или да се истражуваат активностите на безбедносните органи (Милошевић & Миливојевић, 2001, стр. 34). Затоа и не можат да се очекуваат егзактни резултати од истражувањата. Меѓутоа, субјективната природа на дејноста на органите на безбедност условува за таквите (неегзактни, веројатни) резултати на истражувањата да се користи сложена методска рамка и употреба на методи со чија помош индиректно ќе се сознаваат процесите и содржината на работата (Спасески, 2010, стр. 3-4).

Безбедносните појави имаат интердисциплинарен предмет на истражување, затоа што се сложени, динамични и хиерархиски и содржат фактори кои ги проучуваат различни науки. Значи, бидејќи не можат да се сведат на елементарна појава, безбедносните појави се предмет на многубројни научни дисциплини (Спасески, 2010, стр. 23). Истражувањата во безбедносните науки се интердисциплинарни, затоа што мораат да се потпираат на сознанијата на тие научни дисциплини и да ги користат методите со кои тие дисциплини се служат (Ременски Ташевска, 2007, стр. 19). Се разбира, таквите истражувања се сложени и долготрајни, а резултатите се зависни од нивото на теоријата и методот на бројните научни дисциплини (Бакрески, 2007, стр. 11).

Поради фактот што некои безбедносни појави се повремени, истражувањата го губат стабилното (трајно) емпириско тло (Ременски Ташевска, 2008, стр.373). Наместо стварните појави (на пример, граѓанските нереди, терористичките дејствија, криминалниот акт и слично), имитацијата и моделите стануваат емпириско поле (Спасески, 2008 стр. 363). Затоа некои истражувања во безбедносните науки се модални. Тоа има значајни импликации на можноста за сознание. Имено, моделите не можат да се идентични, па ниту слични со оригиналите.

Ако и се слични според просторот, времето, физичките сили и активности, не можат да бидат слични според квалитативните вредности на луѓето, ни според резултатите (на пример, загубите); тие вредности не можат валидно да се моделираат, па ниту да се истражуваат. Оттаму, резултатите можат само условно да се сигурни (Милошевић & Миливојевић, 2001, стр. 34).

Затоа што безбедносните појави се повремени и се јавуваат во конкретни облици и содржини, истражувањата се тешко проверливи. Доколку фактичките ставови на безбедносните науки се изведуваат индуктивно од претходното искуство (како критериум на верификација), можат да се вистинити и оперативни колку и тоа искуство; со искуството застаруваат, ја губат силата на фактите и стануваат хипотетички ставови. Тие, значи, треба повторно да се проверуваат за да можат во стварноста да дејствуваат како факти (Милошевић & Миливојевић, 2001, стр. 34). Притоа, секогаш треба да се има во вид дека ставовите за многубројните квалитативни чинители – луѓето – припадници на органите на безбедноста тешко можат емпириски да се проверуваат и да се мерат надвор од вистинската дејност на системот на безбедност. Доколку ставовите се верификуваат теориски, со утврдување на согласноста со најопштите ставови на безбедносните науки или дури со нормативните ставови (дедуктивно), постои опасност од позитивизам и вулгаризација, затоа што сите ставови кои се верификуваат мора да се согласни со ставовите на теориите со кои се верификува. Теоријата најчесто се прифаќа позитивистички, како априори вистинита (Милошевић & Миливојевић, 2001, стр. 34-35).

Очигледно е дека индуктивниот и дедуктивниот начин на верификација одделно не се доволни, ниту се сигурни за истражувањето на безбедносните појави. Секој од нив има извесни предности, но и недостатоци, па затоа се смета дека верификацијата може да е коректна само ако е изведена со дијалектичкиот индуктивно-дедуктивен начин. Значи, единствено со заемна емпириска и теориска верификација е можно да се

дојде до фактички ставови за безбедносните науки (Милошевиќ & Миливојевиќ, 2001, стр. 35).

Можноста за научно истражување на безбедносните појави е условена од теоретскиот фонд и од јазикот на безбедносните науки. Овде треба да се истакне дека новите научни сознанија за безбедносните појави се мошне зависни од квантитетот и од квалитетот на постојниот теориски фонд на безбедносните науки. Факт е дека безбедносните науки немаат изградена, па ниту единствена теорија; таа е збир на често оддалечени теории за потесните делови на предметот на безбедносните науки. Некои се примарно теориски, а некои применети. Секоја од нив има карактер на доктрина и/или правна регулатива; создадени се од низа ставови, упатства и принципи. Нема доволно коректни дефиниции и научни закони кои имаат капитална улога во истражувањето на безбедносните појави. Поради тоа истражувања се особено сложени и несигурни, а резултатите условни и хипотетични (Милошевиќ & Миливојевиќ, 2001 стр. 35).

## МЕЃУНАРОДНАТА БЕЗБЕДНОСТ, ПРЕДИЗВИЦИТЕ, РИЗИЦИТЕ И ЗАКАНИТЕ КАКО ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Издвојувањето на оваа група проблеми е со цел да се актуелизираат определни прашања во форма на појдовни тези, како и да се поттикнат студентите што ги проучуваат проблемите на меѓународната безбедност.

Безбедноста е предмет на проучување на различни науки и пристапи. Таа е содржина и предмет и на меѓународните безбедносни студии, како обид на најсеопфатен начин да се истражува комплексниот поим на безбедноста во модерното општество и меѓународната заедница. Во таа насока, се идентификуваат четири основни пристапи (концепти) кон истражувањето на современата безбедност: а) национален, б) меѓународен, в) регионален и г) глобален безбедносен концепт.

Безбедноста е структурален елемент на општеството, односно таа е посебна карактеристика на државата. Таа се определува како национална или како внатрешна или надворешна безбедност, односно меѓународна или глобална безбедност (Спасески & Аслимоски, 2006, стр. 43).

Националниот безбедносен концепт ја проучува безбедноста на ниво на нација-држава и е фокусиран на проблемите на безбедноста, благосостојбата и државниот опстанок.

Меѓународниот безбедносен концепт експлицитно ја разгледува безбедносната дилема на современата држава и признава дека безбедноста на државата е поврзана со безбедноста на другите држави.

Регионалниот безбедносен концепт проучува безбедносни проблеми на посебни региони во светот (на пример, Европа, Југоисточна Азија, Африка, Латинска Америка итн.).

Глобалниот безбедносен концепт ја проучува безбедноста како дел на комплексната природа на модерното општество и во просторна смисла, како безбедност во светот или на планетата (Митревска, et al., 2009, стр. 27-28).

Процесите на интернационализација и глобализација условуваат да се редефинираат постулатите карактеристични за класичната концепција на суверенитетот на државата-нација. Ќе потсетиме дека тој вид суверенитет, всушност, претпоставува речиси целосна контрола на државата-нација над својата територија, луѓето и природните ресурси. Во современи услови е ослабнат супрематот на државата-нација и во општествените активности сè поголема е инволвираноста на поединците, општествените групи, асоцијациите, односно граѓанското општество. Таквите процеси тежнеат кон повисоко ниво на унификација на светскиот поредок. Теоретски, како и практично, се афирмира нов поим за безбедноста – концепт

на хуманата безбедност. Тој во преден план ја има безбедноста на поединците. Во него се инкорпорирани „два фундаментални елемента, односно: 1) слобода од потреба и 2) слобода од страв. Меѓу основните закани на хуманата безбедност се сметаат сиромаштијата, економската нееднаквост, болестите, кршењето на човековите права, деградацијата на животната средина и природните и други катастрофи“ (Митревска, et al., 2009, стр. 29).

Определувањето на значењето на меѓународната безбедност се базира на сознанието за постоење вредности кои не се исто што и збирот на вредности кон кои тежнеат државите во остварување на нивната национална безбедност. Така, при дефинирањето на меѓународната безбедност се поаѓа од општите вредности кон кои тежнее човештвото, кои се поврзани, но не се исти со одделните вредности на националната безбедност на државите. Таа се смета за општо добро или вредност на човештвото во смисла на отсуство на опасност по опстанокот на човечкиот род. И на крајот, таа се смета и како збир на мерки со кои се гарантира нормалното постоење на сите држави и елиминирањето на војна како битен услов за опстанокот и развојот на меѓународната заедница (Никодиновска Стефановска, 2008/2009, стр. 220-229).

Меѓународната (глобална или универзална) безбедност се однесува на глобалната меѓународна заедница. Националниот опстанок бара перманентна меѓународна рамка на општо прифатени вредности, како основа за регулирањето на односите помеѓу меѓународните субјекти. Во таа насока, се смета дека на стратегијата на балансирање на моќта на државната безбедност влијаат четири тренда: а) економската меѓузависност меѓу државите; б) модернизацијата и урбанизацијата, како и развој на комуникациските системи во земјите во развој; в) достапноста на воената технологија; г) променетиот ред на приоритети во разрешување на непредвидливи меѓународни проблеми во светската политика (Митревска, et al., 2009, стр. 30).

Од друга страна, националната безбедност се дефинира како отсуството на каков било страв од напад, загрозување на интересите или закана на друга или други држави, при што безбедноста се поставува во афирмативен однос спрема несигурноста и стравот, и претставува состојба на потполна смиреност во која на државата не ѝ се заканува никаква опасност. Сепак, безбедноста кон која тежнее секоја држава, иако не може да се нарече апсолутна, подразбира физички опстанок на една земја и нејзиното население, независноста и материјалниот просперитет на земјата и доколку тие елементи не се загрозени постои нормален степен на национална безбедност (Никодиновска Стефановска, 2008/2009, стр. 223).

И покрај глобалната димензија на современата безбедност, нејзината национална (државна) димензија сѐ уште останува клучна константа. На национално ниво, современите држави ја обезбедуваат безбедноста на своите граѓани преку активностите на нивните национални безбедносни системи. Како заеднички елементи на националната безбедност на современите држави се: а) безбедносната политика; б) безбедносната структура и в) безбедносната самоорганизација на цивилното општество.

Безбедносната политика се поврзува со напредни подготовки против заканите кои произлегуваат од природата, општеството и односите помеѓу заедниците. Безбедноста во такви услови е мрежа на мерки, активности и операции со чија помош се воспоставува национален безбедносен систем. Со безбедносната политика се операционализираат политичките, организациските, техничките и други принципи на безбедносна политика.

Безбедносната структура е специфична за секоја индивидуална држава. Функциите на структурните елементи ги извршуваат: полицијата, безбедносната разузнавачка служба, царината и другите агенции за контрола.

Безбедносната самоорганизација на цивилното општество е насочена кон барања да се осигура безбедност на индивидуално ниво и на ниво на заедницата. Таа опфаќа: активности за спонтана самозаштита (самоодбрана) на поединците и различни форми и нивоа на самоорганизација на општествените групи (интересни групи, локални заедници) (Митревска, et al., 2009, стр. 36). Таа е поврзана со индивидуалната одговорност. Индивидуалната безбедност, покрај физичкиот опстанок, опфаќа и други комплексни фактори, како што се, на пример, здравјето, статусот, богатството, слободата и др. Токму поради многуте различни аспекти на индивидуалната безбедност, тешко е да се направи разлика помеѓу субјективната и објективната процена кога човекот како индивидуа е безбеден (Никодиновска Стефановска, 2008/2009, стр. 225).

Заканите и ризиците се составен дел на современите односи. Според Саше Герасимоски, ризик е можна, претпоставена, очекувана појава, веројатно случување со можен позитивен или негативен исход, но најчесто негативен, односно можна опасност, која се идентификува како негативен безбедносен ризик (Герасимоски, 2010, стр. 71-74). „Дефинирањето на ризикот е сложено поради неговата полисемичност и протејското, тешко дофатливо, а понекогаш и недофатливо значење, што произлегува како од неговата структура така и од социо-културните субјекти кои просудуваат за неговата вредност и значење“ (Герасимоски, 2009). Исто така „под поимот ризик треба да подразбереме претпоставено, очекувано, можно идно дејствие, појава или несторување предизвикано од човек, технолошки процес или природна појава, кое, под определени услови, причини или поводи може да предизвика некаков облик на загрозување на луѓето, имотот или некое друго културно или природно добро“ (Спасески, et al., 2008, стр. 109). Ризикот е поврзан со веројатноста околу случувањето на определен настан со позитивни или негативни исходи, односно придобивки или штети. Значи, ризикот има двојна природа: тој е вистинит, но и лажен; објективен и субјективен; реа-

лен и конструиран. Процената на ризиците се дефинира како „систематски и целосен приказ и опис на манифестните и латентните фактори на ризикот кои можат да доведат до закани и загрозувања на вредностите и добрата значајни за безбедносниот субјект кој ја изготвува“. Така, според Кралското научно друштво, „секое проценување на ризиците, всушност, се заснова на и зависи од, повеќе или помалку, човечката оцена, вреднување и судење, па во таа насока е и „*надминувањето на поделбата на објективна и субјективна процена на ризиците*“ и од страна на еден авторитет во светски рамки како *Кралското научно друштво* на Обединетото Кралство Велика Британија и Северна Ирска (Royal Society, 1992, стр. 89-90). Имено, во проценувањето на ризиците, самите субјекти вклучуваат и обединуваат различни извори на сознанија и фактори во определувањето на карактерот на ризиците, како лични искуства, човечки и нечовечки фактори, сознанија на локалната и пошироката средина, науката и јавноста, но секојпат тие се обработуваат на креативен начин во намерата да се излезе на крај со менливата и непостојана природа на современите ризици. Според Ирвин и Валкер (Irwin & Walker, 1999), процената на ризикот е најзначајното средство на превентивната безбедносна политика, а, исто така, и на безбедносната култура како нејзин основен чинител.

„На меѓународен план, светот се наоѓа во фаза на преиспитување на многу состојби поврзани со економската криза, меѓународниот криминал, меѓународното насилство од големи размери, арсеналот на оружје за уништување на природата и човештвото, и слично“ (Спасески, 2010, стр. 31). Затоа се смета дека безбедноста во светот на многу простори и во многу области е нарушена. Ниту луѓето индивидуално, ниту државите не се безбедни.

Оттаму, за истражувањето на безбедносните појави се користат општите научни методи. Но, особено значење имаат статистичкиот и методот на моделирање. Моделирањето

подразбира изградба на една хипотетична конструкција на истражуваната појава. Во таа смисла особено е продуктивна примената на симулацијата и изработката на сценарио, како и користењето на квалитативните методи, како што се делфи-методот и SWOT-анализта. Како заеднички општествено-истражувачки методи се вреднуваат и аксиоматскиот, хипотетично-дедуктивниот (ХД-метод), аналитично-дедуктивниот (АД-метод) и компаративниот метод. Смислата на овие методи е во објективизацијата на сознанијата, во нивната формализација и олеснувањето на примената, во усогласувањето на примената на посебните методи, додека кај компаративниот метод станува збор за споредување на истражувачки сознанија од различни поднебја или околности, со ист социјален контекст и споредливи внатрешни системи. Се користи и методот на анализа на содржина на документациски и историски извори, а не помалку и методот на набљудување (Мирчев & Христова, 2008, стр. 399-403). Поретко се истражува со методот „Студии на случај". Но, пред да се изложат нивните посебни методски и апликативни белези, треба да се дадат две забелешки околу суштината на нивната употреба и класификација. Во таа смисла, значајна е класификацијата на Павао Новосел, кој посебните методи ги групира во три целини: а) методи на откривање, при што особено ги истакнува самонабљудувањето или интроспекцијата, непосредното набљудување, експлоративното анкетирање, проучувањето на документите, матрицата на откривање итн.; б) методите на верификација, меѓу кои ги наведува факторската и димензионалната анализа, конкомитантната (истовремена, содејствувачка - м.з.) и лонгитудиналната анализа, матрицата на причинските врски на појавноста и сл.; в) методите на оперирање со искуствени податоци, меѓу кои се: непосредното набљудување, анкетата и анализата на содржината (Novosel, 1971).

Од досегашното излагање можеме да констатираме дека изградувањето на терминолошки и категоријален апарат на науките што се занимаваат со прашањата и процесите на

безбедноста е неопходна потреба и приоритетна задача. Воедначувањето на терминологијата на науката ќе придонесе да се отстранат недоразбирањата што постојат или можат да се појават во различните јазични системи, а ќе бидат во функција на развивањето на науката за безбедноста –асфалиалогијата.

## ПОДРАЧЈЕ НА ИНТЕРДИСЦИПЛИНАРНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ НА АСФАЛИАЛОГИЈАТА

Во научната литература посветена на методологијата на општествените науки, а во тие рамки и на методологијата на асфалиалогијата (науката за безбедност), се водат расправи за природата на интердисциплинарното, дисциплинарното, па дури и за трансдисциплинарното истражување (Savićević, 1996, стр. 121-122).

Така, под дисциплинарно истражување на безбедноста се подразбираат напорите на одделни науки по пат на истражување да се генерираат нови знаења за безбедноста. Интердисциплинарно истражување е она кое подразбира истражување на безбедносните феномени внатре во безбедносните науки и дисциплините, заради генерирање на новите знаења за феномените, што се пошироки и имаат допир со безбедноста, како што се стабилноста, мирот и безбедноста. Со трансдисциплинарното истражување се означуваат истражувачките зафати на општествените и хуманистичките науки и на хуманото инженерство да се генерираат нови знаења за безбедноста и асфалиалогијата. Во суштина, тоа се истражувачки зафати на повеќе дисциплини, своевиден облик на триангулација. Таквите накрсни наоди се означуваат како трансдисциплинарни или мултидисциплинарни (Savićević, 1996, стр. 123).

Расправите за овие прашања се спротивставени и предизвикуваат контроверзи, поврзани со теоретско- методо-

лошките пристапи. Но, како и да се сфаќаат проблемите за дисциплинарноста, интердисциплинарноста и трансдисциплинарноста, легитимно право на методологијата на истражувањето на асфалиалогијата е да ги разгледува соодветните проблеми и да ги сместува во определен методолошки контекст. Познато е дека методологијата на истражувањето е конститутивен елемент за секоја наука, па, се разбира, и за асфалиалогијата. Методологијата на истражувањето на една наука мора да се одреди спрема овие проблеми и дилеми, да ги објасни, да ги запознае и да укаже на предностите и недостатоците на едниот, вториот или третиот пристап, бидејќи од тоа разбирање ќе зависи и назначениот пристап на истражувачките планови. И повеќе од тоа, од разбирањето на назначените пристапи ќе зависи утврдувањето на положбата на науките за безбедноста во системот на науките што го проучуваат човекот како природно и општествено битие (Savićević, 1996, стр. 124).

Од сето претходно елаборирано, произлегува дека методологијата на асфалиалогијата има темелна улога во обликувањето на научната структура и научниот систем на корпусот на науките за безбедноста. Методологијата на асфалиалогијата својата улога, се разбира, не ја остварува во изолација, туку во динамична и творечка соработка со останатите науки.

Уважувајќи ја интердисциплинарноста како современ епистемолошки пристап, кој сè повеќе доаѓа до израз и кој се движи од природните кон општествените науки, уважувајќи ја потребата од отворање на сите науки и потребата од намалување на бариерите меѓу нив, сепак, треба да се истакне дека интердисциплинарниот пристап содржи низа проблеми од методолошка и епистемолошка природа. Така, според Војин Милиќ, истражувачкиот метод нема никаква самостојна цел, туку е средство со чија помош науката настојува да оствари некаква самостојна задача. Секоја методолошка замисла зависи од општото дејство на науката. И додава дека не е можно шаблонски да се пренесуваат методолошките постапки од една

во друга наука, не водејќи сметка за особеностите на нејзиниот предмет (Milić, 1978, стр. 182).

Што се однесува, пак, до подрачјето на безбедноста, т.е. на асфалиалогијата како наука и нејзиниот однос спрема другите општествени и хуманистички науки, поточно, воспоставувањето на дистинкции меѓу научните подрачја и научните дисциплини, никако не значи оградување од методолошките и епистемолошките искуства на другите поразвиени науки. Меѓу одделни науки секогаш струјат различни влијанија. Едно методолошко решение во една наука, може, а понекогаш и особено, да го забрзува и да го поттикнува развитокот на другите науки (Savićević, 1996, стр. 134).

Токму затоа и една од задачите на методологијата е и натаму да помогне општото научно искуство од сите науки што порационално да се употреби во развојот на секоја одделна наука и што подобро да се приспособи на таквите исклучителни услови и потреби (Milić, 1978, стр. 183).

## ДИСЦИПЛИНАРНО ИСТРАЖУВАЊЕ НА АСФАЛИАЛОГИЈАТА

Во научната литература се воделе расправи, кои посебно се интензивни од шеесеттите и седумдесеттите години на дваесеттиот век, за тоа дали може да се говори за асфалиалогијата како наука или тоа е дисциплина на некоја од општествените науки. Претходно нагласивме дека има голем број автори, дури и цела школа на мислења, кои на асфалиалогијата ѝ го оспоруваат научниот идентитет. Но, во тие расправи на виделина излезе проблемот на релацијата наука-дисциплина, а тоа непосредно е поврзано за епистемологијата и методологијата на истражувањето на безбедноста. Според Белак, „научната дисциплина е системски збир на знаења, методи, процедури (алгоритми) и техники, кои, во некое време и со доволна

сигурност ги сметаме за вистинити. Според своето значење одговараат на поимот на одделна наука, на една заокружена целина, на делот на науката, а и делот е севкупна наука“ (Belak, 2005, стр. 16).

Европската традиција и европското искуство ја сместуваат и науката или науките за безбедноста (во множина) во рамките на семејството на општествените науки. Присутни се критиките на нејзината концепција, дури и на самиот поим и предмет на истражување, но ретко ќе се најде аргументиран доказ за нејзиното оспорување. Во развитокот на концепцијата на науката – (науките за безбедноста), можат да се уочат две школи, два правца на мислење (Belak, 2005, стр. 17). Првиот би го означиле како **интегралистички правец**, а вториот како **плуралистички правец** во однос на истражувачката теорија и самиот предмет на истражување. Меѓу овие правци постојат битни епистемолошки разлики, а од нив произлегуваат и методолошките разлики во проучувањето на безбедноста и асфалиалогијата како наука за безбедноста (Belak, 2005, стр. 18).

Што е науката? Науката е систем на знаења за стварноста. За Медавор (Medawar), науката е „организирано знаење“. За Ракитов „науката е знаење... науката е систем на знаења за законите на функционирањето и развојот на објектите... науката претставува систем на знаења што непрекинато се развиваат и пополнуваат“ (Ristić, 1995, стр. 17). Притоа, под систем на научни знаења најчесто се подразбира уреден, поврзан, опфатен, проверлив и точен збир на научни факти, заснован врз определени принципи, искуствени генерализации, научни закони и научни теории. Мунц (Munz) смета дека изразите „наука“ и „знаење“ се синоними.

Но, не само што има и поинакви сфаќања за тоа што е наука, туку и што е знаење? Затоа, ако науката е знаење, тогаш што е знаењето? На вака поставените прашања, Живан Ристиќ одговара дека постојат повеќе спротивставени гледишта. Име-

но, според едно од нив, науката е трагање по знаења, настојување да се приближиме кон вистината за стварноста, а според друго, таа не е систем на знаења туку е дејност. Попер, на пример, тврди дека „...науката не е систем на извесни или добро засновани искази, ниту е систем што постојано напредува кон совршенство. Нашата наука не е знаење... не е поседување знаење, поседување несоборлива вистина што некој се обидува од науката да направи, туку тоа е неговото упорно и безобѕирно трагање по вистината...“ (Ristić, 1995, стр. 19).

Од досегашната расправа можеме да констатираме дека целите на науката и методот на нивното постигнување различно се набљудуваат и се проблематизираат од различни философски позиции и перспективи, а освен тоа и нејзините цели и нејзиниот метод еволуираат.

* * * *

Со дефинирањето на поимот асфалиалогија се артикулира ставот дека стекнувањето знаења за феномените на безбедноста е испреплетено и со практиката и со фундаменталната наука. Проблемот на појавата на резултатите од истражувањата на безбедноста може да е, деловно или на друг начин, интересен и употреблив, но за развојот на асфалиалогијата е неопходен и тоа не само за развојот на дисциплинарните туку и за интрадисциплинарните и интердисциплинарните пристапи во научното промислување на безбедноста.

Вака дефинираните односи на фундаментални и применети научни безбедносни науки, а посебно на асфалиалогијата и на научните дисциплини и доктрини како нејзини делови, го имплицираат прашањето за реконцептуализацијата на безбедносните науки. Тоа подразбира јасно омеѓување на доменот на асфалиалогијата и дефинирање на односите со блиските на неа науки, како што се воените, правните, социолошките,

политичките и некои други, дефинирање на специфичните методи и техники за собирање податоци, забележување на појави во природата и општеството, како и развивање начини на обработка на податоците и заклучоците.

**ПРАШАЊА ЗА ДИСКУСИЈА**:

Кои се основните прашања што се тематизираат во дебатата на безбедноста како предмет на научно истражување?

Како се опишува меѓународната безбедност како предмет на истражување?

Као се опишуваат предизвиците, ризиците и заканите како предмет на истражување?

Како се објаснува на интердисциплинарното истражување на асфалиалогијата?

Што се подразбира под дисциплинарно истражување на асфалиалогијата?

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРУРА ЗА ПОГЛАВЈЕТО

Banjanin, M. K. (2006). *Naucnoistraživačka metodologija.* Beograd: Dispublic.; Belak, S. (2005). *Uvod u znanost.* Šibenik: Visoka škola za turistički menadžment u Šibeniku.; Bognar, B. (2008). Stvaralački pristup znanosti;. *Metodički ogledi, 1*(1), 11-30.; Čuljak, Z. (2003). Gettierovi protuprimjeri i analiza znanja. *Prolegomena, 2*(2), 197-217. Retrieved 1 3, 2015, from hrcak.srce.hr/file/495; Damnjanović, I. (n.d.). Znanje je moć: ideja progresa u istoriji političke misli. *Politikologija*, 9-29. Retrieved 10 23, 2014, from http://www.fpn.bg.ac.rs/wp-content/uploads/1-Ivana-Damnjanovi%C4%87-Znanje-je-mo%C4%87-ideja-progresa-u-istoriji-politi%C4%8Dke-misli.pdf; Dietz, J. L. (2006). *Enterprise Ontology - Theory and Methodology.* New York: Springer.; Dragišić, Z. (2007). *Bezbednosni menadzment* (Edicija Studije bezbednosti ed., Vol. kn. 1). Beograd: Službeni glasnik: Fakultet bezbednosti.; Dul, J., & Hak, T. (2008). *Case Study Methodology in Business Research.* Amsterdam: Elsevier Ltd,.; Dulić, D. (Ed.). (2006). *Ljudska bezbednost* . Beograd: Fond za otvoreno društvo.; Đurić, S. (2009). *Analiza stanja humane bezbednosti na teritoriji opštine Palilula – lokalne zajednice Karaburma i Borča: izveštaj.* Beograd: Fakultet bezbednosti.; Đurić, S. (2013). *Iistraživanje bezbednosti- kvalittaivni pristup.* Beograd: Fakultet bezbednosti.; Filipović, M. (2004). *Metodologija znanosti i znanstvenog rada.* Sarajevo: Svjetlost.; Greco, J., Sosa, E., & Mikulić, B. (Eds.). (2004). *Epistemologija - Vodič u teorije znanja.* Zagreb: Naklada Jesenski i Turk.; Gredelj, S. (1995). Analiza sadržaja. In B. Pejčić, *Metodologija empirijskog naučnog istraživanja* (pp. 505-510). Beograd: Defektološki fakultet.; Habermas , J. (1975). *Saznanje i interes.* Beograd: Nolit.; Ignjatović, Đ. (2009). *Metodologija istraživanja kriminaliteta.* Beograd: Pravni fakultet u Beogradu.; Irwin, S. P., & Walker, G. (1999). Faulty Environments and Risk Reasoning: The Local Understanding of Industrial Hazards? *Environment and Planning, 31*, 1311-1326.; Koen, M., & Nejgl, E. (1977). *Uvod u logiku i naučni metod* (2 ed.). (A. Kron, Trans.) Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva.; Laurence, M. (Ed.). (1978). *The Deffence of Western Europe.* New York: Palagrave MacMillan.; Lerner, A. J. (1975).

*Principi kibernetike.* Beograd: ICS.; Masleša, R. (2001). *Teorije i sistemi sigurnosti.* Sarajevo: Magistrat.; Milić, V. (1978). *Sociološki metod* (2 ed.). Beograd: Nolit.; Milošević, N. (1983). *Osnovi metodologije ratne veštine.* Beograd: CVV.; Mužić, V. (1986). *Metodologija pedagoških istraživanja.* Sarajevo: Zavod za izdavanje udžbenika.; Mužić, V. (1999). *Uvod u metodologiju istraživanja odgoja i obrazovanja.* Zagreb: Educa.; Novaković, S. (1984). *Hipoteze i saznanje.* Beograd: Nolit.; Neuman, L. W. (2003). *Social research methods: qualitative and quantitative approaches.* New York: Pearson Education, Inc, Boston.; Pavlović, G. (2013). Razvoj ideje bezbednosti. *Sociološki diskurs, 5*(3), 51 – 66. Retrieved March 20, 2015, from http://socioloskidiskurs.com/wp-content/uploads/2013/11/SD5-GojkoPavlovic-srpski.pdf; Primorac, Z. (2010). *Uvod u filozofiju znanosti* (2 ed.). Mostar: Sveuciliste u Mostaru.; Ratković, R. (1987). *Osnovi političkih nauka.* Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva.; Ristić, Ž. (1995). O istraživanju, metodu i znanju. Beograd: Institut za pedagoška istraživanja.; Royal Society. (1992). *Risk: Analysis, Perception and Management,.* London: Royal Society.; Savićević, D. M. (1996). *Metodologija istraživanja u vaspitanju i obrazovanju.* Vranje: Učiteljski fakultet u Vranju.; Šešić, B. (1974). *Osnovi metodologije društvenih nauka* (1 ed.). Beograd: Naučna knjiga.; Šešić, B. (1974). Pozitivizam. In B. Petrović, A. B. Stojković, B. Šešić, M. Cekić, Z. Micić, M. damjanović, & A. B. Stojković (Ed.), *Savremena filozofija* (pp. 110-149). Beograd: Rad.; Šešić, B. (1983). *Osnovi logike* (6 ed.). Beograd: Naučna knjiga.; Šešić, B. (1988). *Opšta metodologija* (6 ed.). Beograd: Naučna knjiga.; Singer, M. (1994). *Kriminologija.* Zagreb: Globus.; Stajić, L. (2011). *Osnovi sistema bezbednosti : sa osnovama istraživanja bezbednosnih pojava* (4. izmenjeno i dopunjeno izd. ed.). Novi Sad: Pravni fakultet, Centar za izdavačku delatnost, 2011 (Petrovaradin : Futura).;; Šušnjić, Đ. (2007). *Metodologija* (IV ed.). Beograd: Čigoja štampa.; Termiz, D. (2003). *Metodologija društvenih nauka.* Sarajevo: Šahinspahić.; Termiz, D., & Milosavljvević, S. (2002). *Praktikum iz metodologije politikologije.* Sarajevo.; Termiz, D., & Slavomir, M. (2008). *Analitika* (Vol. I). Lukavac, Bosna i Hercegovina: Grafit.; Анге-лески, М. (2005). *Оперативна криминалистика.* Скопје.; Асли-моски, П., & Станојоска, А. (2015). *Криминологија* (1 ed.). Битола:

Правен факултет - Битола.; Бован, С. Б. (2012). Мета науке (критичка мисао о науци). Београд: Правни факултет. Retrieved November 23, 2011,; Бошковић, М. (1995). *Криминологија и социјална патологија.* Нови Сад: Матица Српска.; Ванковска, Б. (2011). *Меѓународна безбедност.* Скопје: Филозофски факултет.; Ванковска, Б. (2015). *Политички систем на Република Македонија.* Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје.; Вишњић, Д., Марчек, Ј., Ковач, М. (1997). Појам система војних наука. In *Војна наука и војна доктрина* (pp. 68-87). Београд: Теком Граф.; Герасимоски, С. (2009). Ризиците и приватната безбедност, Хоризонти, Год. 5., Бр., 5., Битола, (2009), стр. 193-203. *Хоризонти, V*(5), 193-203.; Герасимоски, С. (2010). Проценка на ризиците во приватниот безбедносен сектор. *Годишник на Факултетот за безбедност, 1*, 70-82; Лукић, Р. Д. (1983). *Методологија права* (3 ed.). Београд: Научна књига.; Марковић, М. (1999). *Филозофски основи науке.* Београд: БИГЗ, Генес-С штампа, Просвета, СКЗ,.; Марковић, Р. (1995). *Уставно право и политичке институције.* Београд: Службени гласник.; Милат, Ј. (2015). *Основи на методологија на истражување.* (С. Јованова Митковска, Trans.) Штип: УНиверзитет „Гоце Делчев".; Милосављевић, С., & Радосављевић, И. (2006). *Основи методологије политичких наука* (3 ed.). Београд: Служени гласник.; Милошевић, Н., & Миливојевић, С. (2001). *Основи методологије безбедносних наука.* Београд: Полицијска академија.; Мирчев, Д., & Христова, Л. (2008). *Модерна политологија - Темелите на проучувањето на политичкиот живот.* Скопје: Универзитет Фон, Скопје; Култура, Скопје.; Мојаноски, Ц. (2014). Изборно насиље и улога полиције у изборном процесу . In Д. Коларић (Ed.), *Насиље у Србији - узроци, облици, последице и друштвене реакције. I*, pp. 165-179. Београд: Криминалистичко-полицијска академија, Београд.; Мојаноски, Ц. Т. (2002). *Основи на општественото уредување.* Скопје- Штип: 2 Август С.; Мојаноски, Ц. Т. (2010). Дилеми во дефинирањето на методологијата на асфалиалогијата. In Ц. Т. Мојаноски (Ed.), *Безбедноста, еколошката безбедност и предизвиците на Република Македонија; Факултет за безбедност.* Скопје, 14-29: Факултет за безбедност.; Мојаноски,

Ц. Т. (2010). За поимот наука за безбедноста (асфалиалогија). (Ц. Т. Мојаноски, Ed.) *Годишник на Факултетот за безбедност*, pp. 12-23.; Мојаноски, Ц. Т. (2011). Начелата на отчетност и јавност во работата на полицијата. (В. Ортаковски, Ed.) *Годишник на Факултетот за безбедност Скопје*, 210-223.; Мојаноски, Ц. Т. (2012). *Методологија на безбедносните науки - Основи* (Vol. Книга I). Скопје: Факултет за безбедност.' Мојаноски, Ц. Т. (2015). *Методологија на безбедносните науки - истражувачка постапка, Книга III* (2 ed.). Скопје: Коста Абраш - Охрид.; Мојаноски, Ц. Т. (2017). *Основи на статистиката на криминалот.* Скопје: Факултет за безбедност - Скопје.;; Мојаноски, Ц. Т., & Ѓуровски, М. (2018). *Индекс на безбедност.* Скопје: Фондација „Конрад Аденауер, Факултет за безбедност. Retrieved from http://fb.uklo.edu.mkМојаноски, Ц. Т., Дујовски, Н., & Ѓуровски, М. (2018). *Полиција и јавност - анализа на истражувачки резултати 2009-2017 година.* Скопје: Факултет за безбедност.; Печујлић , М., & Милић, В. (1995). *Методологија друштвених наука.* Београд: ДБ „Графика".; Ременски - Ташевска, Ф. (2007). За некои општествено-политички аспекти на исламскиот радикализам и регионалната и глобалната безбедност. *Годишник на Полициската академија Скопје*, pp. 19-32.; Ременски Ташевска, Ф. (2008). НАТО моделот за управување со кризи. (Ц. Т. Мојаноски, Ed.) *Годишник на Полициската академија Скопје*, pp. 373-388.; Сакан, М. (2006). *Методологија војних наука.* Београд: Војноиздавачки завод.; Спасески, Ј. (2005). *Македонија- столб на безбедноста и мирот на Балканот.* Скопје - Кочани: Обнова.; Спасески, Ј. (2010, 1). Човекот и безбедноста. (Ц. Т. Мојаноски, Ed.) *Годишник на Факултетот за безбедност - Скопје*, 23-33.; Спасески, Ј., Аслимоски, П., & Герасимоски, С. (2008). *Приватна безбедност.* Скопје - Охрид: Полициска академија Скопје; Факултет за туризам и угостителство Охрид.; Стајић, Љ., & Гаћиновић, Р. (2007). *Увод у студије безбедности.* Београд: Стручна књига.; Стојчев, В. (2004). *Методологија на воените науки.* Скопје: Воена академија „Генерал Михајло Апостолски".;

# ГЛАВА ШЕСТА

## МЕТОДИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСНИТЕ НАУКИ

**ЦЕЛИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ПОСТИГНАТ**

Да се стекнат со знаења и способност да вршат диференцијација меѓу науката и методологијата;

Да се запознаат со основните карактеристики на методологијата на асфалиалогијата;

Да се стекнат со знааење за основните методи применети во асвалиалогијата,

Да се запознаат зо истжувачки постапки и техники за собирање на податоци;

Да се запознаат со методолошкиот инструментариум што се применуваат во истражувањето на безбедносните појави;

## НАУКАТА И МЕТОДОЛОГИЈАТА

Науката и нејзината методологија се тесно поврзани и меѓусебно условени. Методот е конститутивен елемент на науката. Методологијата е наука која го проучува научниот метод. Таа е наука „...чиј главен предмет е изучувањето на методите на научното сознание. Задачата на методологијата е да ги открие, да ги опише и да ги објасни методите на научното сознание, т.е. да ги покаже и да ги објасни начините за доаѓање до научни сознанија“ (Milić, 1978, стр. 16), (Милосављевић & Радосављевић, 2006, стр. 33), (Сакан, 2006, стр. 106), (Temiz, 2003, стр. 23).

Кога станува збор за методологијата, како што подвлекува Бован, тогаш „*stricto sensu* станува збор за традиционална дисциплина која се идентификува со критиката на науката“. Таквата асоцијација се темели на фактот што нејзин непосреден предмет е науката како таква, поточно сите нејзини елементи, пред сè, внатрешната структура и истражувачката практика. Треба да подвлечеме дека тие елементи се присутни кај сите науки (и природни и општествени) и дека таквите карактеристики на науката ѝ даваат активистички облик и придонесуваат таа да се профилира во посебен облик на општествена свест и форма на сознавање на стварноста. Според овој автор, елементите на наука се: предметот (односно, соодветниот теоретски пристап), научниот метод и целите (Бован, 2012, стр. 84).

Ако се појде од ставот дека таа е критика на научното сознание и на истражувачките искуства на определена наука, дека таа врши епистемолошка критика на знаењето, на оправдувањата за заснованоста на науката за проучување на сетивните искуства, т.е. искуствената стварност и за проблемот на дефинирање на искуствената стварност како предмет на науката, посебно на науката за безбедност, тогаш може да се констатира дека за својот предмет на проучување, методологијата се среќава и со конкурентските облици на сознавање, како што

се филозофијата и религијата. Тие својот предмет го проектираат вон искуството, тврдејќи дека  надискуствената стварност е примарна, универзална и вечна. Што се однесува до карактерот на разграничувањето меѓу одделните облици на општествена свест, констатираме дека е методолошки, а не онтолошки проблем, иако во литературата овој проблем се класификува во делокругот на онтологијата.

Како што веќе истакнавме, методологијата за истражување на безбедносните науки ги изучува методите што се употребуваат при занимавањето со безбедноста, односно безбедносните активности, било теориски – сознајно, или, пак, како практична дејност. Меѓутоа, јасно е дека сознајните методи се различни, најчесто и особено различни од практичните методи. Затоа, во определена смисла, и методите кои ги изучува методологијата на асфалиалогијата, до некоја мера се разликуваат, а тоа, ќе се согласите, претставува една од тешкотиите за нејзината изградба како наука за сите методи, како сознајни, така и практични. Последицата на тоа е тоа што таа од така различните методи има многу малку можност да каже што е општо за нив, та затоа нејзиниот општ дел е релативно мал во однос на посебниот дел, оној дел кој ги проучува различните методи, сознајните и практичните.

Токму тоа е и основа за издвојување на методологијата на сознавањето на безбедносните појави како посебна наука (асфалиалогија), различна од методиката на практичното занимавање со безбедноста (овој вид на занимавање најчесто се нарекува тактика и техника на безбедносната активност, а методите што тие ги користат, имајќи го предвид нивниот назив, се нарекуваат тактички и технички методи, или постапки во безбедносните активности).

Треба да се има предвид и фактот дека методите на сознавање на безбедносните појави меѓу себе, исто така, особено се разликуваат, без разлика дали притоа станува збор за филозофски или за научни методи. Токму тој факт може да се користи

како причина за посебно проучување на методите на научното сознавање на безбедноста и да се зборува и за посебна наука – методологија на асфалиалогијата, односно безбедносните науки. Кон ваквата определба придонесува и тоа што во развојот на високошколските и научни институции најмногу се афирмираат методите на безбедносните (особено криминалистичките) науки, а многу помалку или воопшто методите на филозофијата на безбедноста и безбедносната техника. Денес, сè повеќе се зборува за безбедносни (а, некаде и за мировни) студии, на тој начин избегнувајќи ја потребата од објаснување на заснованоста на науката и методологијата на асфалиалогијата.

Во однос на прашањето на критиката на научниот метод, методологијата рамноправно се занимава и со теоретските и техничките (практичните) и логичките аспекти на научниот метод. Така, кога станува збор за теоретската димензија, научниот метод е суштината на методологијата. Тој се состои од содржинското преиспитување на епистемолошките претпоставки (парадигми) врз основа на кои една наука конституира својот предмет на истражување (Бован, 2012, стр. 85). Целта на методологијата е и логичка анализа на критериумите врз основа на кои се конструира научната парадигма, како и системско и сеопфатно истражување на методолошките (хевристички) функции на тие парадигми, кои во однос на теоретските аспекти на научниот метод дедуктивно се изведуваат од нив. И, на крајот, во однос на техничките аспекти на научниот метод круцијалната задача на методологијата е логичката анализа, техниката на собирање и обработка на податоците, анализата на односите меѓу научните теории и хипотезите, од една, и непосредните истражувачки постапки, од друга страна, како и на вкупната логичка анализа, на односите на одделните фази на методолошката постапка (Бован, 2012, стр. 87).

Во однос на логичките аспекти на научниот метод, методологијата се соочува со проблемите на правилното заклучување, така што се поставува прашање за можноста од логичко

оправдување на основните облици на посредното заклучување, пред сè, индукцијата, потоа силогизмот како форма на дедукција, но и останатите облици на дедуктивно изведување, како и прашање за односот индукција и дедукција во постапката на научното истражување. Имајќи ја предвид изложената врска на логиката и методологијата, еден методолог, вели Бован (2012), мора да владее и со сите останати области на логиката (покрај заклучувањето, тука спаѓаат и проблемите на поимот, судот, доказот, логичките грешки итн.).

Сепак, поаѓајќи од гореизнесените причини се чини дека е логично да се обидеме да ја образложиме науката (или научната дисциплина) која ќе ги изучува сите методи, сознајни и технички, со цел да се создаде и да се изгради методологија на безбедноста, односно безбедносните науки, поточно методологија на асфалиалогијата. Тоа е потребно, а и корисно, затоа што на тој начин се придонесува кон продлабочување на познавањето на односните методи (Dietz, 2006).

**ОПШТ ПРИСТАП**

**Општиот пристап** е мисловна точка на набљудување и анализа од која се гледа одредено поле или област на научните проблеми кои се издвојуваат од останатите со цел теоретски да се објаснат. Теоретскиот систем или ориентација, доколку теоријата не е доволно систематизирана, е определен, како повеќе или помалку поврзан збир на општи принципи со кои се настојува да се објаснат елементите и односите во рамките на определено поле на теоретското набљудување. (стр. 20);

Општиот пристап е мисловна претпоставка, а од ниту една перспектива не се гледа предметот во целина. (стр. 21).

**Општиот пристап** се состои во тоа што теоретските ставови претставуваат содржински искази (оригинален резултат што ни соопштува некои сознанија за објективниот свет).

**Методолошкиот** пристап е упатство за истражување - пат по кој се стигнува до плодоносно сознание. Тоа не е готов резултат.

Методолошка **постапка** е, всушност, одредена активност; фази низ кои минува истражувањето и кои се некој вид „гаранција“ за релативната објективност и вистинитост на сознанието.

**Постапката** содржи и дел на логиката, ги формулира условите на вистинското сознание, како што се: начин на формирање на поимите и анализа; структура на научното објаснение (Popović, 1988, стр. 20-34).

Методологијата се занимава со сите делови и функции на научниот метод, со постојано настојување да ги унапреди, односно да им ја зголеми сознајната моќ. Методологијата е свртена кон дејствената страна на науката и го оценува и го систематизира истражувачкото искуство на дадената наука. Покрај тоа, примарната функција на методологијата „...се состои во логично-епистемолошката критика на целокупната научноистражувачка практика во сите нејзини логички, технички, организациски и стратегиски аспекти“ (Milić, 1986, стр. 17). Таа настојува, покрај методот, техниката, постапката, инструментите и средствата на истражувањето, да го опфати вкупниот научен систем, т.е. „... начинот на кој се средени научните знаења и научно значајните претпоставки“ (Milić, 1986, стр. 18). Нејзината задача е да се занимава со стратегијата на науката. Таа настојува да ги пронаоѓа целисходните начини и средства, како и соодветните организациски форми за остварување на

стратегијата на науката на која ѝ служи. Заради тоа, методологијата мора да го следи теоретскиот фонд на науката, методолошките сознанија од претходните истражувања и, на крајот, сознанијата од посебните методолошки (мета) истражувања.

***Само оној истражувач кој има соодветни знаења од оваа област може да се впушти во научно истражување, да примени соодветни средства и патишта во истражувањето, во него да внесе нешто свое и да ги соопшти и да ги објасни постапките и средствата кои биле употребени во истражувањето*** (Пеливанов, 1995, стр. 21). Ова е постапка која е од посебна важност, бидејќи резултатот на кое било истражување не може да се земе за вистина ако не постојат начини да се провери. Научните резултати не ќе можат да бидат применети во непосредната практика доколку не постои определен процент на сигурност во нивните тврдења. Секогаш во науката треба да се остави простор за проверка на научните резултати од страна на независни стручни лица за да може тие резултати да се прифатат и да станат општо добро. Тоа е едната страна на проблемот. Другата е во тоа што на овој начин полесно се решава проблемот на пренесувањето на методолошките искуства преку нивно воопштување и систематизирање.

## КАРАКТЕРИСТИКИ НА МЕТОДОЛОГИЈАТА НА АСФАЛИАЛОГИЈАТА

Научната работа не е можна без соодветно знаење за научноистражувачката постапка и за методолошките пристапи. Не само поради тоа што методологијата на научноистражувачката работа е „мапа“ изградена од научните поими и термини, методи и инструменти, техники и принципи на резонирање, процедури и стандарди во истражувањето, обработката и претставувањето на резултатите од истражувањето, туку и поради тоа, што таа е мапа на знаењата, вештините и ориентацијата која им е потреб-

на на научноистражувачките работници и на субјектите вклучени во процесот на стекнувањето на новите знаења.

Знаењето е повеќевалентен поим, а интерпретацијата на термините е особено значајна дејност на научноистражувачкиот процес. „Знаењето најчесто е индивидуално, затоа е корисно личните интерпретации да се споредат и со интерпретациите на другите автори. Иако нема единствен став за тоа што е знаењето, тоа се изедначува и со теориски конструкт, кој Платон го објаснува како *„вистинито мислење кое е поткрепено со образложение“* (Banjanin, 2006, стр.23-24).

Методологијата е применета логика. Таа ги проучува и ги развива логичките основи на научното сознание, на истражувачките постапки и средства што ги применува науката во своите истражувања и со чија помош ги открива новите сознанија. Таа го проучува методот на истражувањето, проверувањето и докажувањето на вистината за некоја наука (Јосифовски & Илиевски, 2000, стр. 11), односно на асфалиалогијата.

Општо прифатено е дека целта на секоја наука е да собира факти, да ги опишува, да ги класификува, да ги дефинира, да ги мери, да експериментира, да воопштува, да објаснува, да предвидува, да контролира и да вреднува (Стојчев, 2004, стр. 72).

Според општоста, методологијата се класификува како: а) општа, б) методологија на посебни науки (природните, општествените, хуманистичките) и в) на одделна наука, односно науки.

Методологијата на асфалиалогијата е дел на општествените науки. Но, бидејќи определени безбедносни сознанија се поврзани и со природните и со хуманистичките науки, можеме да констатираме дека таа ги црпи сознанијата и обезбедува услови за триангулација на пристапите, односно градење комплексна научна методологија. Како и кај општата методологија, така и кај методологијата на асфалиалогијата предметот на

теориското интересирање се изразува преку повеќе функции, и тоа а) критичка анализа на безбедносната теорија и практика и б) понуда на оптимална научна процедура (истражувачка постапка): збир на постапки, техники, инструменти за планирање, организирање и реализирање на истражувачка постапка.

Дефинирањето на поимот методологија е тесно поврзано со соодветна елаборација на утврдените функции. Затоа ни се чини дека расправата за методологијата на асфалиалогијата е тесно поврзана со расправата за предметот на асфалиалогијата.

## МЕТОДОЛОГИЈАТА НА АСФАЛИАЛОГИЈАТА КАКО КРИТИЧКА АНАЛИЗА НА БЕЗБЕДНОСНАТА ПРАКТИКА

Расправата за безбедносната наука (асфалиалогијата) или за безбедносните науки е актуелна. [Во употреба е и друг поим „секјуритологија", изведен од англискиот (латинскиот) поим *security* (безбедност, обезбедување,) и старогрчкиот *logia* – наука]. Таа, како посебна наука е во раната фаза од развојот, но целокупната научна практика во областа на безбедноста има долга историја и е тесно поврзана со човекот и неговиот цивилизациски развиток, особено со историјата на државата и државното уредување.

**Прво**, носителите на асфалиалошките гледишта, преку дебати со научниците од другите науки, треба да го одредат (омеѓат) оној дел од стварноста што не го истражува ниту една друга наука. Така, асфалиалогијата ќе го означи доменот, предметот на истражување – безбедноста. Да се одреди еден дел од вистината за предмет на истражување на одредена наука значи: да се именува тоа подрачје (безбедноста); да се одредат подрачјата на соседните дисциплини со научната дисциплина асфалиалогија, јасно да се разграничат подрачјата и науките што ја истражуваат безбедноста; да се издвојат оние димензии,

аспекти или карактеристики на безбедноста што не се покриени со истражувачката практика и со научниот интерес на ниту една друга наука и да се именуваат содржините на сопствениот предмет; прецизно да се дефинира значењето, содржините и облиците на сите димензии и аспекти на така именуваниот предмет на науката, со цел јасно да се разграничи од сите други слични предмети на истражување.

Во согласност со ваквото одредување на науката, всушност, се означува најопштиот приод кон безбедносните појави како предмет на истражување. Тоа е нужно поради тоа што и многу други науки го истражуваат тоа предметно подрачје, но од свој аспект (политологијата, правото, меѓународното право, дефендологијата, полемологијата, социологијата, техничките науки, медицинско-биолошките науки, хемиските итн.). Токму затоа треба да се разграничи општиот приод кон безбедноста како подрачје на истражување и асфалиалогијата како корпус на науки и научни сознанија што се разликуваат од другите науки, но сите одделно и заедно се стремат кон општото знаење и цивилизацискиот напредок (Стојчев, 2004, стр. 74).

**Второ**, научниците и научните институции планираат, организираат и реализираат истражувања на различни нивоа на сознанија и нивоа на општост, со цел од дефинираниот предмет на истражувањето да изведат што повеќе издржани теориски искази како сопствен потфат, така и со помош на теориските сознанија на другите науки што изучуваат и некои аспекти или некои чинители на безбедносните појави, како и врз основа на остварените искуства и други сознанија за безбедноста. На тој начин се развива теоријата на безбедноста како еден од клучните услови за нејзината научна изграденост. Во теоријата на асфалиалогијата како збир на развојни искази се дадени и релативно средени (класификувани и систематизирани) сознанија за безбедноста како предмет на асфалиалогијата (Стојчев, 2004).

## ДОМЕНОТ НА НАУКАТА

Секоја наука или дисциплина има свој специфичен домен и предмет. Со терминот „домен“ или „домена“, како што истакнува Ило Трајковски, најчесто се означува *поле, делокруг, област подрачје* или ***регион*** на нечие дејствување, или важење на некоја норма, а во политичка смисла со него се означува ***територија*** или „***земја“*** под власт или под јурисдикција на некоја држава. По аналогија на тоа, се дефинира и „доменот на науката“. Доменот на научните дисциплини се дефинира со следните два елемента: а) со **степенот на монополизираност** на правото научно да се дејствува, односно да се истражува во односната област и б) **со степенот на важење или признавање на сознанија на односната наука во толкувањето** и во објаснувањето на појавите во соодветниот домен (Трајковски, 2000, стр. 119).

**Трето**, сознанијата на асфалиалогијата – содржани во теоријата на асфалиалогијата се изложени, т.е. се напишани со еден специфичен јазик што најмногу ѝ одговара на природата на безбедноста. Тој јазик, всушност, претставува една конвенција, договорен систем на значења за кои научниците се согласиле дека се во состојба да ја изразат специфичноста на тој посебен предмет на истражувањата. Се разбира дека тоа не е потполно затворен и засекогаш даден систем на значења. Како и секој јазик, така и јазикот на асфалиалогијата е отворен систем што треба постојано да се доградува, да се усовршува, со цел да се пронајде поефикасно и поекономично изразување на можностите, вклучувајќи го и натамошното трагање по симболичниот јазик што досега не е доволно користен. Тоа значи дека јазикот е еден од најважните конститутивни елементи на научната изграденост на асфалиалогијата како наука.

**Четврто**, сите сознанија за асфалиалогијата –содржани и соопштени во нејзината теорија – се остварени со помош

на некаква процедура, почнувајќи од замислената апаратура (принципите на логичното мислење), преку општите научни методи до посебните методи, постапките, техниките и инструментите. Најголем број од содржините на тие елементи на истражувачката процедура се резултат на другите науки, а еден дел сосема сигурно е развиен и во научноистражувачката практика на асфалиалогијата како посебна наука. Тоа значи дека еден од нужните аргументи за научна изграденост на асфалиалогијата како наука е тој што научните сознанија во неа се остваруваат на научен и на методски валиден начин (Милошевиќ & Миливојевиќ, 2001, стр. 34).

**Петто**, сознанијата до кои се доаѓа во асфалиалогијата треба да задоволат уште еден мошне значаен услов, а тоа е да бидат научно втемелени, и да бидат практично употребливи и проверливи. Имено, сознанијата не можат да бидат цел самите за себе, туку насочени кон осмислување на практиката, треба да претставуваат воопштување на минатата и антиципација на идната практика во безбедносните активности. Колку се во состојба за пократок или за подолг период таа практика да ја антиципираат, толку тие сознанија ќе бидат практично поделотворни. Во спротивно, тие сознанија би останале само во рамките на задоцнет увид во минатото и покрај историската, не би имале никаква друга научна вредност. Тоа значи дека сознанијата до кои се доаѓа во асфалиалогијата треба да бидат практично проверливи и да можат практично да се докажуваат (Стојчев, 2004), (Милошевиќ & Миливојевиќ, 2001, стр. 35).

Претходно наведената анализа на основните аргументи на научната изграденост на асфалиалогијата се однесува на нејзината предметна одреденост, теориска, јазична и методска изграденост како наука. Методологијата на асфалиалогијата, пак, е специфична наука што за предмет на својот научен интерес ги има логичките и епистемолошките проблеми на асфалиалогијата, врши критичка анализа на нејзиното теориско и емпириско искуство, особено се занимава со начинот на стекнувањето на

новото знаење и средствата што притоа се користат. Тоа значи дека таа е метатеорија на асфалиалогијата. Зошто метатеорија? „Мета“, значи она што следува подоцна, што ќе настане по определен настан. Метатеорија на асфалиалогијата значи дека таа се занимава со веќе оствареното во асфалиалогијата, т.е. со нејзините разултати (Бован, 2012). Овде треба да се укаже дека во епистемологијата се прави разлика меѓу предметниот јазик и метајазикот. Разликата е во тоа што со предметниот јазик се опишува предметот, а метајазикот служи како средство за опишување. Значи, методологијата на асфалиалогијата како нејзина метатеорија ја потчинува на сопствена анализа на дотогашната научна практика на асфалиалогијата и одговара на следните прашања: 1) како асфалиалогијата го дефинирала својот предмет на истражување и го разграничила од предметите на другите науки; 2) каков е степенот на изграденоста на теоријата на асфалиалогијата, кои се недостатоците, несогласностите, противречностите и што треба да се преземе за недостатоците на теориската изграденост постапно да се отстранат, дали сите искази на теоријата на асфалиалогијата се однесуваат на нејзиниот предмет или се мешаат со исказите на другите науки; 3) дали сите основни искази на асфалиалогијата се изречени со јазикот што припаѓа на нејзиниот специфичен и усвоен систем на значења, кои можности на изградување на симболичниот јазик постојат и како да се реализираат (Лукић,1983, стр.7) и 4) дали знаењата на асфалиалогијата се изведени во согласност со научната процедура или тука има слабости? (Стојчев, 2004, стр. 68).

На пример: дали ставовите на теоријата на асфалиалогијата се валидно дедуцирани од доктрината на безбедноста, дали дедуктивната постапка помеѓу ставовите на стратегијата, оперативата и тактиката е валидно изведена, какви се проблемите и дали можат да се идентификуваат, што треба да се преземе и што треба да се менува, како се применува индуктивната мисловна постапка, кои се слабостите на извршените класификации, дефиниции и сл., како се применуваат општите и посебните методи и дали сите емпириски и теориско-емпириски истражувања мето-

долошки валидно се засноваат, дали има претерување во примената на квантитативните и квалитативните методи, дали оваа област е премногу потисната со мистичноста и недостапноста, дали стручната практика се наметнува како научна, како и мноштво дилеми за карактерот на истражувањата и слично?

Во оваа своја улога методологијата на асфалиалогијата, на одреден начин, се однесува како *„судија“ кон самата наука* (Стојчев, 2004, стр. 69). Значи, тука методологијата на асфалиалогијата ја гледаме како критика на науката. Таа го критикува тоа што во истражувањата на стратегијата, оперативата и тактиката не е добро, дали е добро дефиниран предметот, дали се избрани вистинските методи и дали истите се оптимално искористени, дали се применува специфичната безбедносна терминологија? Притоа, методологијата тргнува од критериумот на логиката и епистемологијата и критикува сè што направила науката, во согласност со тие критериуми, укажува на недостатоците и го поттикнува истражувачкото и критичкото промислување и проверување на фактите. Токму во овој свој елемент – *како критика на асфалиалогијата* – **методологијата на асфалиалогијата се искажува како посебна методологија**. Сè надвор од тоа е општа методологија.

Очигледно е дека меѓу методологијата како метакритика на науките и дисциплина на асфалиалогијата нема непотребни преклопувања, туку тие ја разгледуваат истата проблематика на *научната изграденост на науката за безбедноста* (асфалиалогијата), но од различни аспекти, со различни цели и на различни начини. Без оваа функција методологијата на асфалиалогијата би останала на ниво на општ регистар на методи, техники и инструменти (***разбрана како процедура***), без навлегувања во сознајно теориските основи на асфалиалогијата како една посебна наука.

## МЕТОДОЛОГИЈАТА НА АСФАЛИАЛОГИЈАТА КАКО НАУЧНА ПРОЦЕДУРА

Методологијата е сознајно теориска наука што ги проучува основните елементи на научноистражувачката постапка: поставувањето на теориско-хипотетичката рамка на истражувањето; собирањето, обработката, интерпретацијата и анализата на податоците, верификацијата на хипотезите врз основа на постојниот теоретски фонд на науката и емпириските резултати. Истражувачката постапка е сложена активност на утврдување на емпириската и теориската содржина на сознанијата, но таа е и толку формализирана, што во глобални црти, речиси и да е иста или приближно иста за сите науки. Ако е така, тогаш можеме оправдано да го поставиме прашањето *што е тоа посебно што го проучува методологијата на асфалиалогијата*, ако постои општа согласност дека елементите на истражувачката постапка се исти како и во другите науки? Или, пак, дали на методологијата на асфалиалогијата ѝ е доволно ако преземе сѐ од другите науки и тоа едноставно го вклучи во теориски фонд од каде што истражувачите ќе можат да го користат при планирањето и реализирањето на истражувањата (Драшковиќ, 1978, стр. 30-34).

Ако е така, тогаш ќе имаме само една наука и дисциплини кои развиваат определени подрачја. А истражувачката постапка ќе се сведе на рутина, на шема, на алгоритам. Но, дали е така? Тоа е само привидно така. Точно е дека секоја истражувачка постапка, набљудувана однадвор е идентична. Но, исто така, е точно дека секое истражување по многу нешта е различно. Тие се производ на разликите на науките, посебно на оние од предметот, односно доменот на истражувањето. Различноста на предметот условува разновидност на можностите за избор и примена на научната апаратура (методите, постапките, техниките и инструментите).

Затоа во истражувачките проекти и во дебатите (во научните дебати, статии, трудови, реферати и други соопштенија) се

зборува за „**методологијата на истражувањето**", за „применетата методологија", за „посебните методологии", како и други изрази со кои се супституира поимот „истражувачка постапка". Всушност, овде станува збор за разбирањето на методологијата како процедура која води кон определен резултат. Според тоа, доволно е истражувачот да ја знае процедурата за да стигне до определен резултат. Според ова сфаќање, секој кој се стекнал со степен на образование по дефиниција знае методологија. Всушност, станува збор за употреба на поими со кои не се врши дистинкција меѓу овие два поима и суштински процеси, но нивната употреба е и индикатор за недоволната прецизност во знаењата и затоа отсуствува потребата од јасна идентификација на поимите методологија и истражувачка постапка (за што пошироко се расправа во втората книга од оваа студија).

## ЕЛЕМЕНТИ НА ПОСЕБНОСТА НА МЕТОДОЛОГИЈАТА НА АСФАЛИАЛОГИЈАТА

Методологијата на асфалиалогијата својата посебност ја идентификува преку:

**Прво**, користењето на теорискиот фонд на општата методологија, на методологијата на општествените науки и методологиите на останатите науки (социологија, криминологија, право, политологија), посебно *преку селекцијата на истражувачката апаратура што овозможува најефикасно да се употреби во истражувањата на проблемите на безбедноста* (Milić, 1978).

**Второ**, методологијата на асфалиалогијата не останува само во рамките на оние методи, постапки и инструменти што ги развиле другите науки. Таа оди чекор понатаму. *Ги разработува, ги приспособува и ги развива методите во согласност со специфичностите на конкретниот предмет на истражувањето*. На тој начин се развиваат и нови елементи на научната постапка.

**Трето**, методологијата на асфалиалогијата *развива и нови, порано непознати и неразвиени методи, постапки и инструменти*. Во основа, тоа го постигнува на **два начина**: *прво*, *со воопштување на искуствата* од разните истражувања во асфалиалогијата (домашни и странски), кои ги обработува и ги сместува во фондот на својата теорија и *второ*, *презема методолошки истражувања* со цел да се откријат и да се разработат некои нови методи, постапки и инструменти на истражувањето на оние проблеми во асфалиалогијата и безбедноста пошироко, за кои во постојниот теориски фонд на методологијата нема ефикасна научна апаратура. Ваквите истражувања се ретки (Milić, 1986, стр. 413), (Ignjatović, 2009, стр. 28).

**ИСТРАЖУВАЧКА ПОСТАПКА**

**Истражувачката постапка** е целосен збир на активности што ги спроведува истражувачот (истражувачкиот тим) во текот на научното истражување на некој проблем.

Истражувачката постапка, како сознаен чин, е потребна заради добивање предметни, научно основани, логични, систематични, комплексни, конзистентни, прецизни и проверливи податоци за истражуваната појава.

Во врска со тоа се изразени две спротивставени сфаќања. Од една страна, се смета дека истражувачката постапка мора да биде прецизна и составена од поврзани активности и инструменти со чија помош е можно да се дојде до егзактни резултати. Од друга страна, се смета дека не е погодна затоа што води до редукција на целината, до парцијализација, до површен и, во крајна консеквенца, до погрешен резултат. Наместо таква постапка, се нуди филозофска дедукција во која логичната мисла преовладува над техниката и техницизмот и во која секогаш се поаѓа од тоталитетот на појавата (Milošević, 1983).

Врз основа на досегашното излагање, можеме да констатираме дека поимот методологија на асфалиалогијата е наука која се занимава со логичката и епистемолошка критика на целокупната теориска и истражувачка практика: прво, како критика на теориската практика ја вреднува научната издиференцираност на асфалиалогијата во подрачјето на предметот, теоријата, методот и јазикот, и второ, како критика на истражувачката практика на асфалиалогијата како наука, методологијата ги истражува оптималните постапки на планирањето, организирањето и реализирањето на научните истражувања во областа на безбедноста (Ignjatović, 2009, стр. 28).

Според тоа, во областа на логичко епистемолошката критика на безбедноста, методологијата е метатеорија на науката, а во областа на изучувањето, откривањето и разработката на оптималната научна процедура, методологијата на асфалиалогијата е нормативна научна дисциплина. Нормативна е затоа што пропишува, препорачува и на науката ѝ нуди и ѝ предлага елементи на научната постапка. Науката, значи, во таа смисла, е над стварноста. Истото ова може да се каже и за филозофијата, која, исто така, на свој начин, ја сознава, односно ја проучува стварноста. Наспроти тоа, практичното занимавање со предметот (науката или филозофијата) е самата стварност (во смисла во која не е науката, односно филозофијата за стварноста) (Okasha, 2004).

Според тоа, можеме да ја разликуваме стварноста како предмет на науката (односно, филозофија) од сознавањето на таа стварност, односно од исказите со кои се искажува сознанието (и како научно и како филозофско) со кои се доаѓа до стварноста, сознанијата кои во некоја рака се надградуваат над овие. Тоа значи дека тука постои стварноста, па потоа сознајната дисциплина (за стварноста) во прв ред и потоа – сознајната дисциплина (за сознајната дисциплина од прв ред) од втор ред.

Се разбира, можно е, и корисно и неопходно, постоењето и на сознајните дисциплини (за сознајната дисциплина од

втор ред) од трет ред, од четврти ред итн. – *n*-тиот ред. Секое од следните сознанија на дисциплините е сè понатаму и понатаму за стварноста, а бројот на тие дисциплини (за сознајните дисциплини) е потенцијално бесконечен (Лукиќ, 1983, стр. 9), (Трајковски, 1997, стр. 24-27).

## КОИ СЕ ЦЕЛИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТСКОТО ИЗУЧУВАЊЕ НА МЕТОДОЛОГИЈАТА?

Овие цели е можно поблиску (операционално) да се определат единствено ако се раздвојат според нивоата на студирање. Од друга страна, овие цели можат подобро да се разберат ако се изложат и средствата и крајниот „производ" на универзитетското образование. Всушност, станува збор за компетенциите. „Компетенции се дефиниции за она што се очекува да знае еден студент, да разбира и да биде способен да го прикаже по завршување на образовниот процес".

Така, „се разликуваат две категории знаења за науката: *знаења за научното истражување* (извор, потекло; цел, на пример, добивање одговор на некое научно прашање, објаснување на некоја појава, решавање на практичен проблем; експеримент – дизајн, контрола на условите; видот на научните податоци; начините на мерење, на пример, сигурноста, можноста за проверка, варирање; карактеристиките на резултатите на научните истражувања, на пример, емпириски, привремени, фалсификувани) и *знаења за научното објаснување* (типови на научните објаснувања; начините на објаснувања; правилата, на пример, логичната конзистентност на научните објаснувања, заснованоста на докази; исходите, на пример, продуцирање нови знаења, методи, нови технологии)". Знаењата за науката, всушност, се очекувања студентот „да ги разбира природонаучно заснованите знаења". Овие знаења, за разлика од здраворазумските „се стекнуваат по пат на методолошки коректно изведени научни истражувања" (Бабиќ Павловиќ, et al., 2009, стр. 7).

Притоа, описот на резултатите од учењето за одредено ниво на квалификација се изразува со помош на описите на квалификациите, како што се: а) знаења и разбирање; б) примена на знаењето и разбирањето; в) способност за процена; г) комуникациски вештини и д) вештини на учење.

## МЕТОДИ НА АСФАЛИАЛОГИЈАТА

Ако се има во вид целината на процесите на истражувањата, вклучувајќи ги и сите фази, од изборот и артикулирањето на проблемот и предметот на истражување, па сè до заклучувањето врз основа на резултатите од истражувањето и практикувањето на сознанијата стекнати со истражувањето, сите методи означени како општонаучни можат да се применат, но не подеднакво во сите фази. Најголеми отстапувања има во фазата на собирање на податоците (Милосављевиħ & Радосављевиħ, 2006, стр. 246).

Во секое научно истражување една од општонаучните методи е доминантна, примарна, детерминирачка, друга може да е истовремена (паралелна), а останатите се подразбираат како делотворни во согласност со видот на истражувањето и својствата на предметот на истражувањето. Така, во т.н. емпириски истражувања статистичкиот метод најчесто е доминантен општонаучен метод, во чија примена е неизбежен хипотетично-дедуктивниот метод, а паралелен и истовремен со нив е и методот на моделирање (Сакан, 2006, стр. 170).

Општонаучни методи кои се применуваат во истражувањето на безбедноста се: хипотетично-дедуктивниот, статистичкиот, методот на моделирање, аксиоматскиот метод, аналитично-дедуктивниот и компаративниот метод (Милосављевиħ & Радосављевиħ, 2006, стр. 246). Покрај нив се и догматскиот и нормативниот модел, затоа што тие и покрај посебноста, припадноста на правните науки, сè повеќе наоѓаат примена во

криминологијата, криминалистиката и безбедносните науки во целина. Затоа, ни се чини оправдано и неопортуно истите да се сместат во оваа група методи.

**Аксиоматскиот метод** е посебен вид општ научен метод со чија помош се доаѓа до нови научни сознанија врз основа на изведување ставови од општите ставови (односно, аксиомите) за кои се смета дека се безусловно вистинити (Сакан, 2006, стр. 227-229). Тоа е општонаучен, мисловен, непосреден и неемпириски метод на сознавање, на научно сознавање, па дури и на филозофско сознавање. Основните предности се во теориската фундираност, релативната егзактност и систематичноста на сознанијата. Суштината е во тоа што од аксиомот, како појдовен и основен став, се дедуцира посебен, а преку нив и поединечен став.

**Хипотетично-дедуктивниот метод** е посебен вид општ научен метод со чија помош се доаѓа до нови научни сознанија, врз основа на вкупното општествено и научно искуство. Тој е сличен на аксиоматскиот метод. Разликата е во тоа што, наместо аксиомот, до основните премиси, од кои подоцна се дедуцираат ставовите, теоремите и другите елементи на структурата на научната теорија, се доаѓа врз основа на научното искуство (Милосављевић & Радосављевић, 2006, стр. 256-265).

Хипотетично-дедуктивниот метод ги користи аксиомите во процесот на истражување и сознание. Меѓутоа, тие не користат аксиоми како очигледни, евидентни и непроверливи вистини, туку оние кои настануваат во процесот на постојана и систематска проверка на искуственото и теориското општествено сознание и кои се менуваат и се заменуваат со нови аксиоми. Затоа хипотетично-дедуктивниот метод истовремено е и метод на научно проверување на постојните и изградба на нови аксиоми. Тој не ја прифаќа произволноста на аксиомите, туку често инсистира на нивната општост, основаност и верификување на вистинитоста на долготрајното и особено сложе-

ното човеково искуство – на вкупната и посебно на научната и на општествената практика“ (Милосављевић & Радосављевић, 2006, стр. 257).

**Догматскиот метод**, сходно на својот предмет и задача, се состои од два елемента, поточно од два вида дејствија. Прво, тоа е утврдување на значењето (мисловно-поимната содржина) на секој одделен знак и на збировите (мноштвата) на тој знак што ја сочинуваат соодветната значенска целина – единицата, а второ, утврдување на значењето на целата правна норма, односно на определен збир – единици, па и на правото како целина, врз основа на соодветните врски меѓу одделните целини на значења, и врската на правните норми, односно на нивните збирови со правото во целина, со општеството и со другите појави со кои е во врска и кои се под влијание на утврдувањето на нивното точно значење. Првиот елемент е претежно од јазичен карактер и вообичаено е да се нарекува *јазично* (граматичко и сл.) *толкување* или метод на толкување. Вториот елемент ги опфаќа сите останати, *вонјазични* методи на толкување – логиката, правниот систем, правната историја, општествената функција на правото, општествените односи кои го регулираат правото и друго (Лукић, 1983, стр. 111).

Задачата на догматскиот метод е да утврди што точно значи правната норма, т.е. да го утврди точното или вистинското значење на правната норма. Оттаму догматскиот метод може да се дефинира како метод за утврдување на точното (вистинското) значење на правната норма со определени (јазични и други) средства. Кога се вели дека тој е метод за утврдување на вистинското значење (смислата) на правната норма, тогаш, се разбира, се подразбира дека правната норма постои и дека е создадена (Лукић, 1983, стр. 112).

Догматскиот метод се употребува кога се сака да се дојде до суштината, до значењето на правната норма. Оној кој преку употребата на овој метод доаѓа до значењето на правото

е должен правото да го примени такво какво што произлегува од употребата на таа методолошка постапка.

Нормите се проучуваат со помош на **нормативниот метод** за кој е карактеристично тоа што тој воопшто не навлегува во нивната содржина или во нивната суштина, туку нив (нормите) ги проучува такви какви што се. Преку нормативниот метод се доаѓа до општите карактеристики на нормативните појави, а не до нивните конкретни значења. До тоа се доаѓа, како што веќе е кажано, со помош на догматскиот метод. Преку нормативниот метод правото се проучува како нормативна творба. Процесот на проучување е олеснет, затоа што кај правото практично сè е познато: се знаат субјектите на правото, ја имаме целината на правото (во вид на правен систем), се знае неговата функција. Главно со нормативниот метод се врши анализа на составните делови на системот, какви се односите меѓу тие делови и какви сè посебности поседуваат одделните делови на системот. Сето тоа е потребно да се направи од аспект на функционирањето на правото, односно од аспект на остварувањето на неговата општествена улога (Пеливанов, 2002, стр. 283).

**Методот на моделирање** е специфичен вид општонаучен метод кој се заснова на користењето на моделот во сознајниот процес заради покомплексно и подлабоко сознавање на предметот на истражувањето (Сакан, 2006, стр. 171). „Моделирањето е, значи, мисловно-теоретска дејност на изградба на логички и математички системи и тоа како теориски модели на определени објективни системи, така и изградување на овие теориски модели со соодветни практично-реални аналогони, т.е. разни видови реални модели *(макети, графикони, машини)*“ (Šešić, 1988, стр. 20).

Основна карактеристика на методот на моделирањето е единството помеѓу теоријата и научната практика. Тоа значи дека научната методологија, со примената на методот на моделирање, повторно се враќа од теоријата кон практиката,

остварувајќи го единството помеѓу нив на повисоко ниво од единството што тие го имаат во статистичкиот и во аксиоматскиот метод.

**Историско-компаративниот метод** се применува во истражувањето на безбедносните појави споредувајќи ги со сличните во минатото. Методската постапка споредување на појавите е една од основните методи на човековото сознание. Споредувањето, како и анализата и синтезата, се позначајни и поприменливи методи од генерализацијата и индукцијата. Споредувањето се применува на секој чекор од новите сознанија, бидејќи човекот кога ќе се соочи со некоја нова или поинаква појава тој нужно ја споредува со некоја позната или истражена појава (Neuman, 2003, стр. 345).

Историско-компаративното истражување е погодно за истражување на комбинациите на општествени фактори кои произведуваат специфичен резултат (на пример, граѓанска војна). Тоа е, исто така, соодветно за споредување на цели општествени системи за да се види што е заедничко кај општествата а што е уникатно, и да се проучува долгорочната општествена промена. Историско-компаративниот истражувач може да примени теорија на специфични случаи за да ја илустрира нејзината корисност. Тој ги разоткрива конекциите помеѓу дивергентни општествени фактори или групи.

Суштината на **дескриптивниот метод** е во опишувањето на безбедносните појави. Со нивниот опис ги запознаваме карактеристиките на тие појави и можеме да пристапиме кон разгледување на можните причини и поврзаноста меѓу појавите – што претставува предмет за примена на каузалниот метод, со што може да придонесе и за подобрување на карактеристиките на таа појава – што претставува основна цел на секое научно истражување: усовршување на безбедносната практика (Mužić, 1986, стр. 62-72); (Баткоска, 2005, стр. 51-55).

За што потполно да се запознаат законитостите на безбедносната појава, како што порано нагласивме, треба да се тргне од дескрипцијата, треба да се истражат и **каузалните**, т.е. причинско-последичните врски. Научните постапки со кои се востановува таа врска ги систематизирал англискиот филозоф и економист Џ.С. Мил (1806-1873) уште во средината на минатиот век. Во своето дело *Системот на дедуктивната и индуктивната логика* тој изнел четири правила (канони) врз основа на кои се востановува причинско-последичната поврзаност.

Примената на каузалната анализа е битна при истражувањата на идните појави, затоа што единствено со познавањето на причинско-последичната поврзаност меѓу појавите може да се врши прогноза на иднината.

**Статистичкиот метод** има особено значење затоа што овозможува следење и утврдување на обемот, динамиката, структурата и распространетоста на безбедносните појави. Со него се утврдуваат манифестните карактеристики на појавата, појавните облици, колебањата и тенденциите, но не ги објаснува внатрешните причински врски. Податоците собрани преку примената на статистичките постапки, обработени и презентирани, даваат доволно индикатори за тоа во која насока треба да се вршат натамошни продлабочени истражувања за да се добијат одговори сврзани со сложените безбедносни појави. Затоа се смета дека работа и способност е на истражувачот да ги открие индикаторите, да ги уочи и оцени и да ги искористи за натамошни истражувања. Податоците и сознанијата што се добиваат преку статистичкиот метод имаат ограничени можности. Тие даваат доволно податоци и индикатори за опишување и објаснување на појавата, за согледување на карактеристиките што се манифестни. Истражувањата што се потпираат само врз овие методи се лимитирани на нивото на дескрипција и затоа и се викаат дескриптивни истражувања, односно дескриптивни методи (Арнаудовски, 2007, стр. 129).

## МЕТОДСКИ ПОСТАПКИ ЗА СОБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ

Методските постапки за собирање на податоците се бројни. Имено, собирањето податоци е карактеристика на секое научно и на секое истражување, воопшто. Тоа подразбира дека во сите ситуации на истражувањето се користат, или претежно се користат, анализата и синтезата, индукцијата и дедукцијата, класификацијата, специјализацијата и генерализацијата, апстракцијата, дедукцијата и конкретизацијата. И натаму, тоа подразбира користење на општонаучните методи, методот на моделирање и статистичкиот метод, во сите ситуации на научното истражување самостојно или, што во безбедносните науки е сè почесто и пооправдано, во полна меѓусебна соработка. Во определни случаи (што заслужува внимание на методологијата) се употребува и аксиоматскиот (хипотетично-дедуктивниот) метод, со чија употреба се среќаваме многу почесто отколку што се претпоставува.

Во средиштето на вниманието се наоѓа собирањето на емпириските податоци за доживувањето, мислењето, ставовите, однесувањето, процесите итн., кои се однесуваат на директните или индиректните манифестации на појавата, а до кои може да се дојде по пат на сетилно забележување, по посреден или по непосреден пат.

На овој начин дојдовме до два основни начина на собирање податоци:

Прво, собирање податоци по непосреден пат, со помош на сетилните забележувања (сетило за вид, слух, чувство, допир, мирис и вкус);

Второ, собирање податоци со помош на други – со посредство на забележување на исказите на другите за појавата.

Во начинот на собирањето на податоци со непосредно сетилно забележување се вбројуваат: набљудувањето и експериментот, а во посредното: испитувањето. Иако е основана,

оваа класификација во потполност не е коректна. На пример, квазиекспериментот, посебно *ex post facto* експериментот, не може да се вброи во непосредниот, сетилен начин на собирање податоци. Исто така, испитувањето не го исклучува непосредното сетилно забележување и сознавањето врз основа на него. Затоа, оваа класификација треба да се земе строго условно.

**Методот на случај** (или студија на случај) е релативно млад метод за прибирање податоци. Речиси и да нема природна наука во која не е применет овој метод, без разлика дали станува збор за небесните тела, или за одделните растителни и животински видови. Тој има примена во историјата, каде што одделни настани или дури и општества се третирани како случаи, потоа во етнологијата, која ги проучувала одделните култури како засебни целини. Во останатите општествени науки овој метод е пренесен подоцна. Примена нашол во психологијата и психијатријата, како студија на одделни болести и конкретни манифестации. Овој метод се дефинира како ригорозно, систематско заокружување на некоја целина, врз основа на единствен карактер, било да станува збор за појава, збир на истородни појави, процеси, односи, групи луѓе или дури и цело општество (Печујлиќ & Милиќ , 1995, стр. 130-158).

Предмет на **методот на случај** може да биде сѐ што може да се заокружи во единствена целина со своите реални особини, како што се, да речеме, сторител на кривично дело (убиец, сериски убиец), злосторничко здружение, мафија, затворска заедница, затворско одделение, регион, земја итн. Кога се применува овој метод се открива она што е карактеристично за случајот. Според В. Гуд и Е. Скетс, постојат четири изведени својства на методот на случај: 1) разновидноста на податоците кои мора да бидат од демографски, економски, политички, културен и историски карактер; 2) сеопфатноста на податоците кои ги откриваат најзначајните особини на проучуваниот случај; 3) создавањето тип на случај врз основа на прецизни критериуми и 4) зафаќањето на временската димен-

зија на податоците која го обезбедува развојот на случајот (Печујлиħ & Милиħ , 1995, стр. 132).

**Клиничкиот метод** битно не се разликува од методот на индивидуален случај. Тој се издвојува во посебен метод поради теоретскиот пристап од кој се тргнува во испитувањето на криминалитетот и деликвенцијата, организацијата на испитувањето и целите што треба да се остварат. Во неговата примена се тргнува од поставките на клиничката криминологија, според кои биолошката и психолошката конституција на личноста го одредуваат криминалното поведение. Во организациска смисла, истражувањата се спроведуваат во специјално организирани клинички центри по примерот на организацијата на медицинските клиники (Арнаудовски, 2007, стр. 116). Целта на примената на овој метод е да соберат податоци за криминалниот чин и личноста на деликвентот, но и да обезбеди третман и примена на терапија на истиот. Податоците при примената на овој метод треба: прво, да послужат за научно објаснување на појавата и второ, да се во функција на примената на мерки и постапки во текот на извршувањето на казната. Станува збор за сложена постапка во која се користат различни техники од медицинските науки, психологијата и психопатологијата, психијатријата, антрополошки, социометриски мерења и други социјални постапки.

**Анализата на содржината (*Content Analisys*)** Берелсон ја дефинира како „техника на истражување на објективните, систематски и квантитативни описи на очевидната содржина на комуникацијата“ (Berelson, 1995, стр. 467). Според Гредељ, „истражувачката постапка е насочена во определена теориско-хипотетска рамка со која се создава објективна и систематска искуствена граѓа за содржината на општественото комуницирање, што овозможува изведување релевантни заклучоци за општествениот контекст во кој се одвива комуницирањето“ (Gredelj, 1995, стр. 509). Стојак, пак, ја дефинира како истражувачки инструмент, кој е особено прецизен и „има големи можности за приспособување“ (Stojak, 1995, стр. 513).

**Методот на лични документи** се применува во бројни науки, почнувајќи од политичките до антрополошките науки, во кои е значајно искуството за поединците. Методот на лични документи се дефинира како начин на прибирање податоци врз основа на лични записи кои се однесуваат на субјективното искуство на учесниците во определени општествени ситуации и настани. Станува збор за систематско и планирано трагање по податоци со примена на логички и технички правила.

**Набљудувањето** како истражувачка техника за собирање одредени податоци за предметот на истражување се користи често. Може да се каже дека е една од најстарите техники (постапки) во безбедносните истражувања. Луѓето набљудувале, забележувале, уочувале и врз основа на тоа донесувале заклучоци за набљудуваниот предмет (Пеливанов, 2002, стр. 156).

Вредноста на набљудувањето е само тогаш кога тоа е научно. Научното набљудување треба да ги задоволи следните услови: а) да служи за усвојување нови научни сознанија, б) да се спроведува според однапред утврден план, в) да е насочено кон одреден објект на набљудување, г) перцепциите да се забележуваат истовремено со одвивањето на појавите што се набљудуваат, д) набљудувачот да е стручно оспособен за набљудување на појавите, ѓ) да постои можност за контролирање на сигурноста и на валидноста на добиените податоци (Стојчев, 2004, стр. 196).

**Методот на интроспекција** е типично психолошки метод, развиван како систематско и планско истражување на фактите на свеста (Temiz, 2003, стр. 212).

Интроспективниот метод е сличен на набљудувањето, но од него се разликува според тоа што станува збор за самонабљудување од страна на единката, кое се врши под надзор на истражувачот. Поради таквата постапка интроспекцијата е посебен

и единствен метод на создавање искуствена евиденција. Затоа, овој метод и се дефинира како самоопсервација од страна на личноста, забележување на сопствените содржини на свеста, настаните или сеќавање на настаните според однапред строго формиран план и начин на бележење на податоците, односно оценување на сите состојки на личноста (интелигенцијата, карактерот, темпераментот итн.) (Печујлиħ & Милиħ, 1995, стр. 155).

**Испитувањето е метод** на собирање податоци за безбедносните појави врз основа на мислењето на испитаниците. До податоци се доаѓа посредно, преку вербално комуницирање (усно или пишано) меѓу истражувачот и лицата од кои се претпоставува дека тие податоци ќе се добијат. Испитаникот го изнесува своето мислење за интерните и за екстерните појави (за себе и за средината), преку искази за појавата, ставовите, судовите. Станува збор за интерперсонална вербална комуникација врз основа на која се бројат, се мерат и се споредуваат фреквенциите на ставовите, односно судовите. Како метод за собирање на податоците, испитувањето ги има следните предности: прво, можат да се собираат податоци за појави кои се случувале во минатото, за актуелни состојби, како и за појави за кои се претпоставува дека ќе се случат во иднина; второ, со овој метод се собираат податоци кои се однесуваат на факти што непосредно можат да се забележат, како и на факти што се забележуваат посредно (психичката состојба, мислењето, мотивацијата, сфаќањата и сл.); трето, тој е рационален затоа што со помош на статистичкиот метод го намалува бројот на одделни изворни информации; четврто, со овој метод не се бара непосредно присуство на истражувачот на појавата што се истражува, ниту негово учество во процесот на собирањето податоци; петто, собирањето податоци се одвива со поголема брзина.

**Научниот разговор**, односно **интервјуто** е основно средство за собирање податоци во општествените науки. Холштајн и Губриум претпоставуваат дека тој метод, во над 90 % од општествените истражувања е непосредно применуван (Đurić,

2013, стр. 183). Се користи како алатка во современата квалитативна истражувачка практика. Значи, **научниот разговор** е еден од основните начини на собирање податоци. Според тоа, овој метод обично се опишува како облик на конверзација, „а во квалитативниот истражувачки пристап, понекогаш и потсетува на секојдневен разговор, интервјуто според целите на спроведување, како и според улогите на истражувачот и испитаникот значително се разликува од вообичаениот разговор" (Đurić, 2013, стр. 183). Најопштиот, **научен разговор** или **интервју** се определува како начин на „собирање податоци по пат на говорно општење, со цел добиените известувања да се употребат во научни цели" (Milić, 1978, стр. 478). За Макоби интервјуто е „меѓусебна вербална размена во која едно лице, испитувачот, се обидува да го поттикнува давањето информација или изразување на мислењата или верувањата кај некои други лица или другите лица" (Đurić, 2013, стр. 183).

Под **анкета** подразбираме начин на собирање податоци, поширок по број на испитаници, но со едноставна содржина и релативно кратко траење на собирањето. Анкетирањето е таква истражувачка техника во која на испитаниците им се поставуваат *прашања* и од нив се бара на поставените прашања да *одговорат*. Прашањата се поставуваат во *пишана* форма (за разлика од интервјуто) и одговорите се даваат во *пишана* форма. Преку тие одговори се доаѓа до резултатите (податоците) кои се однесуваат на безбедносната појава што е предмет на истражување (Бешка Петровска, 1999, стр. 162). Продлабочените истражувања со помош на разговор не ги нарекуваме анкета. Лицата кои ги водат тие разговори не се анкетари во класична смисла на зборот. Соодветен термин за нивноословување би бил терминот интервјуери. Тоа е затоа што тие мора да имаат значително поголеми стручни квалификации од анкетарите. Според тоа, тие два термина треба да се разликуваат: интервјуер не е анкетар, ниту, пак, анкетарот е интервјуер. Лицата кои одговараат на прашањата, независно на кој начин ги даваат одговорите, усмено или писмено, се нарекуваат испитаници.

Во истражувањето на безбедносните појави, особено на криминалитетот, се користат разни видови **тестови** (Банђур & Поткоњак, 1999, стр. 246). Пред сè, тоа се: *тестови на знаења* (се испитуваат знаења, вештини, способности, примената на знаењата, навиките итн.), *тестови за способности* (се испитуваат различни способности: ментални, психосензорни, психомоторни, механички и др.) и *тестови за личноста* (се испитуваат ставови, интереси, емоции, карактерни особини и сл.). Со оглед на начинот на решавање на поставените задачи се разликуваат и се користат во безбедносните истражувања тестови во кои испитаниците ги *пишуваат* своите решенија („писмени тестови" тестови „лист-молив"), тестови во кои испитаникот *усно* ги решава задачите („усни тестови") и тестови во кои испитаникот ги решава поставените задачи со *активност*, т.е. со помош на некој апарат, инструмент, машина или со некој одреден материјал („тестови за начинот и резултатите"). Во овие истражувања се користат и *тестови на нивоа* (се утврдува нивото на испитуваната особина, а испитаниците во принцип имаат доволно време за решавање на задачата во тестот) и *тестови на брзина* (се мери брзината на решавање на задачата во комбинација со постигнувањата).

Во истражувањето на одделни безбедносни појави се применува и **експериментот**. Експериментот е планско организирано и методично произведување или менување на реалните појави, со цел да се откријат непознати предмети или некои нивни својства, да се откријат определени процеси и односи или, пак, да се верификува некоја хипотеза (Банђур & Поткоњак, 1999, стр. 176-190).

Како посебен начин за истражување на меѓучовечките односи се издвојува **социометрискиот метод**. Творец на овој метод е американскиот социолог Јакоб Морено. Овој метод има особена примена во истражувањето на безбедносните појави, посебно во сферата на борбата против криминалот, разузнавањето и други сфери каде што постојат можности да се утврдуваат односите меѓу луѓето.

**Логиката на триангулацијата** се темели на премисата дека поединечните методи можат да откриваат различни аспекти на стварноста, но дека ниту една посебна метода не може да ја осветли разновидноста на целокупноста на аспектите на комплексните општествени феномени. Секој извор на податоци, начинот на нивното собирање и анализа, типот на истражувачката стратегија или теориската перспектива имаат предности и ограничувања. Затоа тие треба да се применуваат комплементарно, со што можат да се искористат предностите и да се намалат недостатоците на секој посебен пристап (Ђурић, 2013, стр. 1344).

Суштината на овој метод, според Јакоб Морено, е егзактно да ги утврдува социјално-психолошките карактеристики на поединците во групата врз основа на она што тие го забележуваат, го чувствуваат и го мислат едни за други (Банђур & Поткоњак, 1999, стр. 213).

Битна карактеристика на социометријата е примената на математичките симболи за изразување на односите меѓу поединците. Социометрискиот тест е инструмент наменет за овој вид истражување. Имено, тие ги пополнуваат тестовите со означување на изборот на поединецот, а тестот на конфигурацијата е инструмент со чија помош се утврдува кохезијата во групата.

**Методот на „накрсни култури“** е специфичен метод кој се однесува на истражувањето на значењето на културата. Тој припаѓа на низата начини кои се стремат зад феноменалната страна на општествените, значи и на безбедносните појави, да ја откријат т.н. внатрешна латентна фактичка содржина која се однесува на смислата што луѓето им ја придаваат на појавите (Печујлиќ & Милиќ , 1995, стр. 151-154).

Развојот на **етнолошките истражувања**, посебно на антрополошките, придонесува истражувањето на културата да

се прави врз основа на потемелни податоци. Така се развило сфаќањето за значењето. Тоа било поттикнато од историцизмот и неговите главни претставници: В. Дилтај, Х. Рикерт, В. Виделбанд итн., според кои, сите општествени, значи и безбедносните, појави се разликуваат од предметите затоа што се со духовно-културна содржина. Тој став кулминирал во гледиштето на Макс Вебер, особено во ставот дека значењата ја прават суштината на општествените појави.

**Етнометодолошкиот начин на прибирање податоци** тргнува од претпоставката дека луѓето создаваат свои претстави, било да станува збор за тоа дека ги усвојуваат официјалните поими што на разни начини им ги наметнува општеството, на пример, преку медиумите и сл., или за свои потреби ги реинтерпретираат разните надворешни влијанија за полесно да се снајдат и да се определат спрема другите, да ги разберат нивните напори, барања итн. Значи, ним претставите им служат за да ги ослободат своите чувства. Се претпоставува дека однесувањето кон другите не е само надворешна манифестација, туку и внатрешно доживување кое е значајно за личноста. Всушност, станува збор за доаѓање до значењето за нештата низ определени јазични претстави (Печујлиќ & Милиќ , 1995, стр. 142).

Смислата на етнометодолошката постапка е да сеприберат податоци за тоа како поединците доаѓаат до чувствените претстави за реалноста, односно кои општествени услови и ситуации влијаат на нив. Затоа се смета дека овој начин е ограничувачки фактор за истражување масовни појави, па затоа тој е ориентиран кон малите општествени групи во кои постои непосредна комуникација и каде односите меѓу испитаниците се блиски. Затоа, најчесто, предмет на проучување не е однапред подготвена комуникација, туку самиот говор или оној што се води спонтано. Во такви случаи, предмет на етнометодолошкиот начин на уочување на говорот е сѐ што се наоѓа во него, така што самите испитаници, низ претставите преку кои ги изразуваат емоциите, определуваат што им е важно (Печујлиќ &

Милиќ , 1995, стр. 142). На пример, претставата за авторитарниот настап на говорникот секогаш е проследена со излив на емоции и гестикулации. Кога, пак, станува збор за претставата за соработка, таа најчесто е проследена со благи тонови, бирани зборови и симпатии. Така, во овој метод интерпретативната процедура се прекршува низ чувствата и се наоѓа во јазикот на секојдневното однесување.

**ПРАШАЊА ЗА ДИСКУСИЈА**

Што е тоа безбедносна појава?

Направете разлика меѓу поимите науката и методологијата?

Кои се основните карактеристики на методологијата на асфалиалогијата?

Кои основни методи се применуваат во асвалиалогијата?

Кои истжувачки постапки и техники за собирање на податоци се применуваат во истражувањето на безбедносните појави?

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ЗА ПОГЛАВЈЕТО

Banjanin, M. K. (2006). *Naucnoistraživačka metodologija.* Beograd: Dispublic.; Belak, S. (2005). *Uvod u znanost.* Šibenik: Visoka škola za turistički menadžment u Šibeniku.; Berelson, B. (1995). Analiza sadržaja. In B. Pejčić, *Metodologija empijskog naučnog istraživanja* (pp. 465-505). Beograd: Defektološki fakultet.; Bibić, A., & Novosel, P. (1971). *Politička znanost - metode.* Zagreb: Naprijed,.; Bibič, A., & Novosel, P. (1971). *Politička znanost - metode.* Zagreb: Naprijed.; Bognar, B. (2008). Stvaralački pristup znanosti;. *Metodički ogledi, 1*(1), 11-30.; Čuljak, Z. (2003). Gettierovi protuprimjeri i analiza znanja. *Prolegomena, 2*(2), 197-217.; Damnjanović, I. (n.d.). Znanje je moć: ideja progresa u istoriji političke misli. *Politikologija*, 9-29.; Dietz, J. L. (2006). *Enterprise Ontology - Theory and Methodology.* New York: Springer.; Dul, J., & Hak, T. (2008). *Case Study Methodology in Business Research.* Amsterdam: Elsevier Ltd,.; Đurić, M. (1962). *Probleimi sociološkog metoda.* Beograd: Savremena škola.; Đurić, S. (2013). *Iistraživanje bezbednosti- kvalittaivni pristup.* Beograd: Fakultet bezbednosti.; Filipović, M. (2004). *Metodologija znanosti i znanstvenog rada.* Sarajevo: Svjetlost.; Greco, J., Sosa, E., & Mikulić, B. (Eds.). (2004). *Epistemologija - Vodič u teorije znanja.* Zagreb: Naklada Jesenski i Turk.; Gredelj, S. (1995). Analiza sadržaja. In B. Pejčić, *Metodologija empirijskog naučnog istraživanja* (pp. 505-510). Beograd: Defektološki fakultet.; Habermas , J. (1975). *Saznanje i interes.* Beograd: Nolit.; Ignjatović, Đ. (2009). *Metodologija istraživanja kriminaliteta.* Beograd: Pravni fakultet u Beogradu.; Irwin, S. P., & Walker, G. (1999). Faulty Environments and Risk Reasoning: The Local Understanding of Industrial Hazards? *Environment and Planning, 31*, 1311-1326.; Koen, M., & Nejgl, E. (1977). *Uvod u logiku i naučni metod* (2 ed.). (A. Kron, Trans.) Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva.; Milić, V. (1978). *Sociološki metod* (2 ed.). Beograd: Nolit.; Milošević, N. (1983). *Osnovi metodologije ratne veštine.* Beograd: CVV.; Mužić, V. (1986). *Metodologija pedagoških istraživanja.* Sarajevo: Zavod za izdavanje udžbenika.; Mužić, V. (1999). *Uvod u metodologiju istraživanja odgoja i obrazovanja.* Zagreb: Educa.; Novaković, S. (1984). *Hipoteze i saznanje.* Beograd: Nolit.; Neuman, L. W. (2003). *Social research methods: qualitative and quantitative approaches.* New York: Pearson Education, Inc, Boston,.; Popović, M. (1988). *Problemi društvene strukture - Uvod u*

*sociologiju* (3 ed.). Beograd: Naučna knjiga.; Primorac, Z. (2010). *Uvod u filozofiju znanosti* (2 ed.). Mostar: Sveuciliste u Mostaru.; Ratković, R. (1987). *Osnovi političkih nauka.* Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva.; Ristić, Ž. (1995). O istraživanju, metodu i znanju. Beograd: Institut za pedagoška istraživanja.; Savićević, D. M. (1996). *Metodologija istraživanja u vaspitanju i obrazovanju.* Vranje: Učiteljski fakultet u Vranju.; Šešić, B. (1974). *Osnovi metodologije društvenih nauka* (1 ed.). Beograd: Naučna knjiga.; Šešić, B. (1983). *Osnovi logike* (6 ed.). Beograd: Naučna knjiga.; Šešić, B. (1988). *Opšta metodologija* (6 ed.). Beograd: Naučna knjiga.; Singer, M. (1994). *Kriminologija.* Zagreb: Globus.; Stajić, L. (2011). *Osnovi sistema bezbednosti: sa osnovama istraživanja bezbednosnih pojava* (4. izmenjeno i dopunjeno izd. ed.). Novi Sad: Pravni fakultet, Centar za izdavačku delatnost, 2011 (Petrovaradin : Futura).; Stojak, R. (1995). Osnovni trendovi u analizi sadržaja (Neke studije analize sadržaja). In B. Pejčić, *Metodologija empirijskog naučnog istraživanja* (pp. 510-520). Beograd: Defektološki fakultet.; Šušnjić, Đ. (2007). *Metodologija* (IV ed.). Beograd: Čigoja štampa.; Termiz, D. (2003). *Metodologija društvenih nauka.* Sarajevo: Šahinspahić.; Termiz, D., & Milosavljvević, S. (2002). *Praktikum iz metodologije politikologije.* Sarajevo.; Бакрески, О. (2007). Нови предизвици за безбедноста. *Полициска академија Скопје*, pp. 11-19.; Бакрески, О., Триван, Д., & Митевски, С. (2012). *Корпорациски безбедносен систем.* Скопје: Комора на Република Македонија за обезбедување имот и лица.; Банђур, В., & Потковьак, Н. (1996). *Педагошка истраживања у школи.* Београд: Учитељски факултет - ЦУРО.; Баткоска, Л. (2005). *Методологија на научното истражување.* Охрид: Факултет за туризам и угостителство.; Бешка Петровска, В. (1999). *Анкетирање – што, зошто, кој, како?* Скопје: Филозофски факултет.; Бован, С. Б. (2012). Мета науке (критичка мисао о науци). Београд: Правни факултет; Доневски, Б. (2001). *Класификација на научни полиња, подрачја и области (дисциплини) на истражување.* Скопје - Битола: Tempus- Phare, CME - 03118 – 97.; Кајзер, Г. (1996). *Криминологија.* (Ѓ. Марјановиќ, Trans.) Скопје: Александарија.; Лукић, Р. Д. (1983). *Методологија права* (3 ed.). Београд: Научна књига.; Марковић, М. (1999). *Философски основи науке.* Београд: БИГЗ, Генес-С штампа, Просвета, СКЗ,.; Марковић, Р. (1995). *Уставно право и политичке институције.* Београд: Службени гласник.; Милат, Ј. (2015). *Основи на ме-*

*тодологија на истражување.* (С. Јованова Митковска, Trans.) Штип: УНиверзитет „Гоце Делчев“.; Милосављевић, С., & Радосављевић, И. (2006). *Основи методологије политичких наука* (3 ed.). Београд: Служени гласник.; Милошевић, Н., & Миливојевић, С. (2001). *Основи методологије безбедносних наука.* Београд: Полицијска академија.; Мирчев, Д., & Христова, Л. (2008). *Модерна политологија - Темелите на проучувањето на политичкиот живот.* Скопје: Универзитет Фон, Скопје; Култура, Скопје.; Мојаноски, Ц. Т. (2010). За поимот наука за безбедноста (асфалиалогија). (Ц. Т. Мојаноски, Ed.) *Годишник на Факултетот за безбедност*, pp. 12-23.; Мојаноски, Ц. Т. (2012). *Методологија на безбедносните науки - Основи* (Vol. Книга I). Скопје: Факултет за безбедност.' Мојаноски, Ц. Т. (2015). *Методологија на безбедносните науки - истражувачка постапка, Книга III* (2 ed.). Скопје: Коста Абраш - Охрид.; Мојаноски, Ц. Т. (2017). *Основи на статистиката на криминалот.* Скопје: Факултет за безбедност - Скопје.; Мојаноски, Ц. Т. (2017). *Политичка социологија.* Скопје: Факултет за безбедност - Скопје.; Мојаноски, Ц. Т., & Ѓуровски, М. (2018). *Индекс на безбедност.* Скопје: Фондација „Конрад Аденауер, Факултет за безбедност.;  Мојаноски, Ц. Т., Дујовски, Н., & Ѓуровски, М. (2018). *Полиција и јавност - анализа на истражувачки резултати 2009-2017 година.* Скопје: Факултет за безбедност.; Панзова, В. (2003). *Науката како занает.* Скопје: Филозофски факултет.; Панзова, В. (2004). *Логика.* Скопје: Филозофски факултет.; Пеливанов, Т. (1995). *Методологија на правните и политичките истражувања* (1 ed.). Скопје: Правен факултет - Скопје.; Пеливанов, Т. (2002). *Методологија на правните и политичките истражувања.* Скопје: Студентски збор.; Печујлић , М., & Милић , В. (1995). *Методологија друштвених наука.* Београд: ДБ „Графика“.; Ременски - Ташевска, Ф. (2007). За некои општествено-политички аспекти на исламскиот радикализам и регионалната и глобалната безбедност. *Годишник на Полициската академија Скопје*, pp. 19-32.; Ременски Ташевска, Ф. (2008). НАТО моделот за управување со кризи. (Ц. Т. Мојаноски, Ed.) *Годишник на Полициската академија Скопје*, pp. 373-388.; Сакан, М. (2006). *Методологија војних наука.* Београд: Војноиздавачки завод.; Спасески, Ј. (2005). *Македонија- столб на безбедноста и мирот на Балканот.* Скопје - Кочани: Обнова.; Спасески, Ј. (2010, 1). Човекот и безбедноста. (Ц. Т.

Мојаноски, Ed.) *Годишник на Факултетот за безбедност - Скопје*, 23-33.; Спасески, Ј., Аслимоски, П., & Герасимоски, С. (2008). *Приватна безбедност.* Скопје - Охрид: Полициска академија Скопје; Факултет за туризам и угостителство Охрид.; Стајић, Љ., & Гаћиновић, Р. (2007). *Увод у студије безбедности.* Београд: Сручна књига.; Стојчев, В. (2004). *Методологија на воените науки.* Скопје: Воена академија „Генерал Михајло Апостолски“.; Студије безбедности: потреба или мода. (n.d.). *ww.odbrana.mod.gov.rs/odbrana030/28-32.pdf [пристапено на 12.04.2010].*; Трајковски, И. (1997). *Граѓанско содружништво* (1 ed.). Скопје: Гоцмар.

# ГЛАВА СЕДМА ТРАДИЦИОНАЛНИ И СОВРЕМЕНИ КОНЦЕПТИ НА БЕЗБЕДНОСТА

## ЦЕЛИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ПОСТИГНАТ

Да се совладаат решенијата за проблемите на националната безбедност кои треба да се сфатат како системски безбедносен проблем во којшто и индивидуите и државите и меѓународниот систем имаат своја дел, и во кој што економските,социјалните и факторите од сферата на животната средина, подеднакво се значајни како политичките и воените. Да се стекнат искуства за  интегралната перспектива, нивоата и секторите на националната безбедност кои претставуваат многу покорисна платформа за согледување на проблемот. По определување на безбедносните концепти извршено да се дојде до сознанија за  подетално редефинирање и реафирмација на секој од следните традиционални и современи безбедносни концепти како што се: интегралната безбедност, внатрешната безбедност, хуманата безбедност, меѓународната безбедност, регионалната безбедност, колективната безбедност, заедничката безбедност, рамнотежана на сили, кооперативната безбедност, глобалната безбедност, безбедносниот режим, безбедносниот комплекс, енергетската безбедност, приватната безбедност и концептот на безбедносна соработка. Да се добијат сознанија за концептите на т.н. мека и тврда безбедност, секуритизацијата и улогата на нејзините секуритизирачки актери. Воедно како основа на развојот на широкиот концепт на безбедноста се зема рамката на Копенхашката школа која има свое место.

## ВОВЕДНИ РАЗГЛЕДУВАЊА

Безбедноста како услов за опстанок и дејствување на поединецот, општеството и државата и меѓународната заедница е една од темелните општествени функции, за што сведочи и континуираната ангажираност за постигнување на безбедноста во текот на целата историја на човештвото. Меѓутоа, повеќедимензионален и сложен поим, каков што е безбедноста, немал исто значење низ историјата, односно дефинирањето на безбедноста и нејзината содржина е различно во традиционалните концепти и во денешните, современи (Таталовић, 2006: 64).

Според тоа, имајќи предвид дека безбедноста е една динамична појава, се менуваат и концепциските определби во поглед на референтните вредности кои се штитат, опасностите кои им се закануваат, субјектите на загрозувањето, и начинот и средствата за заштита (Мијалковић, 2009: 65).

Токму поради тоа, воведувањето во научната апаратура на терминот „концепти на безбедноста" е од причини за да се истакне дека безбедноста е еден отворен динамички систем во кој токму концепцијата, односно замислата на безбедноста изразува еден долготраен процес, посакувана состојба, од становиштето на потребите и вредностите, односно нешто што допрва треба да биде (Кековић, 2009: 144).

Концептите на безбедноста (Baldwin, 1997), претставуваат теоретски и практични конструкции за заштита и унапредување на определените референтни вредности и интереси на одделни категории објекти на безбедноста, а кои настанале врз основа на релевантната безбедносна практика, првенствено со цел нејзино унапредување. Односно, концептите на безбедноста се продукт, но и средство на безбедносната теорија и практика.

## ТРАДИЦИОНАЛНИТЕ КОНЦЕПТИ НА БЕЗБЕДНОСТА

Во научните анализи долго време прашањето за безбедноста, на оние дисциплини на кои безбедноста им е едно од главните подрачја на истражување, било врзано за државата. Традиционалните дефиниции на безбедноста поаѓаа од набљудувањето на воената моќ на државите и општиот поредок на таквите држави, а беа втемелени врз три основни претпоставки, и тоа: врз уверението дека државата е одговорна за безбедноста; безбедносната политика била насочена кон зачувување на постоечката состојба; воените закани бараа ефикасна и ефективна воена одбрана која била примарен интерес (Таталовић, 2004: 50). На релативната стабилност и предвидливост на меѓународните односи придонесувало токму тоа што речиси исклучителен објект, но и субјект на безбедноста и обезбедувањето била суверената држава, како главен дел на меѓународниот систем чии темели се поставени и кој суштински е непроменет, од Вестфалскиот мир па сè до денешни денови (Симић, 2002: 22).

Според најголем број истражувачи, во периодот на биполарниот меѓународен систем важело определувањето на безбедноста, според кое означува „објективна состојба, субјективно чувство или уверение“ (Димитријевић, 1973: 43), така што за безбедноста можело да се зборува тогаш кога „нема закани кон определените усвоени вредности“ (Wolfers, 1952: 485).

Може сигурно да се каже дека јасно се распознавал не само објектот на безбедноста, туку и природата на заканите, како и субјектот кој се грижел со определени постапки, начини и средства да ги отстранува опасностите и да осигурува пожелна состојба на усвоените вредности, како и чувство на спокојство (Симић, 2002: 23).

Значи, уште од времето на востановувањето на меѓународниот систем на држави, како и во текот на целиот период на

биполаризам, стварноста на безбедноста е освојувана речиси исклучиво со воени поими, а главен објект и субјект на замислата и системот за безбедност била суверената држава. Државите, на тој начин, само преку зголемување на сопствената воена моќ или со пристапување кон соодветни сојузи, настојувале сосема да ја исклучат или во најголема мера да ја намалат можноста за пораз во вооружен судир (Павловић-Ђуровски, 2012).

Со оглед на наведеното, како традиционални концепти на безбедноста можат да се уочат два, а тоа се (Мијалковић, 2009: 61):

а) *концепт на национална безбедност* – со државно-центричен карактер, во кој централно место заземаат традиционалните витални вредности на државата, за кои се грижи државата преку својот систем за безбедност; и

б) *концепт на меѓународна безбедност* – со меѓународен карактер, во кој се промовираат вредностите на меѓународната заедница и безбедноста на меѓународните региони, за кои се грижат државите со посредство на меѓународните односи, соработка или преку извесни меѓународни организации. Традиционалните концепти на меѓународната безбедност се: рамнотежа на силите, колективна безбедност и светска влада (Бајагић, 2007).

Според тоа, може да се заклучи дека безбедноста традиционално е поимана во духот на ортодоксниот концепт на националната безбедност, како и традиционалниот концепт на меѓународната безбедност, кој се засновал врз постулатите на државно-центрична безбедност (Мијалковић-Кесеровић, 2010: 62) и дека основните поставки на традиционалната замисла на безбедноста беа тие дека државата е безбедна само тогаш кога ќе ја оствари рамнотежата помеѓу воените закани и сопствената воена способност на истите да одговори (Симић, 2002: 24).

## СОВРЕМЕНИ КОНЦЕПТИ НА БЕЗБЕДНОСТА

Кон крајот на минатит век Б. Бузан (*Barry Buzan*) истакнал пет причини поради кои нема целосна и непротивречна замисла, како ни продлабочено разбирање на безбедноста, а тоа се:

- Сложеноста на појавата на безбедноста (ги одвраќа истражувачите од целосниот пристап, па тие повеќе се насочуваат кон поопипливите димензии на таа појава, на пр., кон армијата и полицијата и другите);

- Неконструктивно спротивставување помеѓу реалистичкото и идеалистичкото учење при изработка на концептот на моќта и мирот, наместо соработка во формирање на концептот на безбедноста;

- Природа на стратегиските студии (ја нагласува преголемата поврзаност на оваа дисциплина со државната политика и со тоа предметот на проучување го стеснува на воени видови безбедност);

- Во реалното меѓународно безбедносно опкружување, кое по Втората светска војна се одликува со напнатост, недоверба и судири помеѓу држави, концептот на безбедноста е сведен врз концептот на моќта;

- Политичката и симболичката моќ на концептот на националната безбедност меѓу припадниците на политичката елита. Непрецизно и нејасно определување на поимот национална безбедност им овозможува на политичките и на воените елити обликување на стратегија со која ја зајакнуваат и сопствената моќ во државата и општеството.

Бузан заклучува дека традиционалното поимање на безбедноста преку набљудување на поимите на сила (реалис-

тичко учење, безбедноста е цел) и мирот (либерално, идеалистичко учење, безбедноста е последица) не е најпримерено за сфаќање на тој поим, и дека таков пристап не дава јасна дефиниција на безбедноста. Исто така, истакнува дека безбедноста треба да се гледа повеќе сестрано, односно пошироко од дотогашните рамки за набљудување (Buzan, 1991: 24).

Истовремено Ема Ротшилд (*Emma Rothschild*) наведува дека концептот или идејата за безбедност е проширен преку четири главни форми (Rothschild, 1995: 55). Најпрво, доаѓа до проширување од безбедноста на нациите кон безбедноста на поединците и групите. Потоа доаѓа до ширење од безбедноста на нациите кон безбедноста на меѓународниот систем, односно неговата физичка околина. Трето, безбедноста се проширува од воена кон политичка, економска, социјална и еколошка, т.е. човекова безбедност. И на крај, политичката одговорност за гарантирање на безбедноста се шири во сите правци надвор од националната држава и тоа: кон меѓународните институции, потоа кон регионалните или локалните влади, и кон невладините организации, јавното мислење и медиумите и апстрактните сили на природата или кон пазарот.

Имено, крајот на Студената војна и распаѓањето на биполаризмот влијаеја и врз разбирањето на поимот безбедност, а особено значајна расправа е водена околу прашањето за природата и значењето на безбедноста. Една група автори инсистирала врз проширување на концептот на безбедноста преку вклучување нови, пошироки потенцијални закани за безбедност, вклучувајќи ги тука, пред сè, економскиот развој, еколошката деградација, нарушувањето на човековите права, и големите миграциски движења, како пошироки потенцијални закани за безбедносниот комплекс. Втора група автори, поаѓајќи од оваа поширока димензија на безбедноста, инсистирала врз продлабочување на агендата на безбедносните студии вклучувајќи во истражувањето цела низа сегменти на безбедноста, почнувајќи од индивидуалната или човекова

безбедност, преку националната безбедност или безбедноста на општеството, па сè до регионалниот, меѓународниот и глобалниот аспект на безбедносното прашање. Додека трета група автори, останувајќи кај традиционално државно-центричен пристап кон безбедносното прашање, во него ги вклучува новите форми на определување на безбедноста (заедничка безбедност, колективна безбедност, кооперативна безбедност и др.), креирајќи со тоа нови теоретски модели на мултилатерални меѓудржавни безбедносни односи, а кои би можеле да водат кон решение на безбедносното прашање во меѓудржавните односи (Таталовић, 2004: 47).

Исто така, крајот на XX век е обележан и со глобални промени кои придонеле да стане активен процесот на пренесување на традиционалните овластувања со кои располагала единствено државата врз приватниот сектор. Односно, денес сè повеќе се зборува и се пишува за приватизација на безбедноста како појава која широко е распространета и прифатена, повеќе отколку во кој било претходен период во историјата на модерната национална држава (Small, 2006: 4). Токму ние сме сведоци дека разни компании, поединци, меѓународни организации, невладини организации, па дури и самите држави користат услуги и сè повеќе доверба му укажуваат на приватниот сектор и му препуштаат тој да се грижи за нивната безбедност (Павловић, 2011: 6).

Значи, по речиси четиристотини години државата и нејзините институции не се повеќе единствени субјекти кои се грижат за надворешна и внатрешна безбедност на своите граѓани (Петровић, 2007: 13). Вестфалскиот систем на национални држави, како неприкосновен столб на меѓународниот поредок, денес е заменет со значително покомплексна стварност која ја вратила на сцената приватизацијата на војната и конфликтите (Schreier-Caparini, 2007), а во системот за безбедност се појавил еден нов сектор, приватен по својот карактер, кој е воспоставен и дејствува врз комерцијална основа. Во те-

оријата се наведува дека овој нов модел на давање воени и безбедносни услуги им овозможува на државите и на јавните институции да ја зголемат ефикасноста концентрирајќи се врз најзначајните работи, додека одговорноста за извршување на помалку значајни работи ја префрлуваат врз приватниот сектор за безбедност (Richards-Smith, 2007: 3–5). Според тоа, денес освен државата, за безбедноста се значајни и многу други субјекти кои дејствуваат на внатрешната, но и на меѓународната сцена, како што се поединци, општествени и приватни колективи, невладини организации, меѓународни организации итн.

Токму промените кои настанале по завршувањето на Студената војна (се мисли првенствено на дезинтеграција на биполарното политичко опкружување и процесот на глобализација и меѓузависност кој забрзано се ширел) во многу работи ги мотивирале теоретичарите на безбедносните студии поимот безбедност значително да го прошират од традиционалното, односно државно-центрично сфаќање на безбедноста кон новиот глобален, односно транснационален фокус. Безбедноста сега се гледа и се сфаќа како едно комплексно прашање кое е нужно поврзано со влијанието на човекот врз промените во глобалното опкружување, како и влијание на глобалните промени врз неговото однесување (Гризолд, 1992).

Како што истакнува Д. Симиќ, „токму чинот на воведување на поединецот како самостоен субјект на глобалните односи е онаа „разделна линија“, *differentia specifica* на новиот глобален безбедносен поредок *in statu nascendi* наспроти сите сегашни и претходни организациски начела и форми на национална и меѓународна безбедност“ (Симић, 2002: 17).

Значи, ширењето на истражувачкото поле на безбедноста подразбира, секако, и ширење на содржината на поимот безбедност во сите правци надвор од конкретната национална држава, односно: нагоре – кон меѓународните институции,

надолу – кон регионалните или локалните влади и странично (и лево и десно) – кон невладините организации, јавното мислење и медиумите, и апстрактните сили на природата или кон пазарот (Башиќ-Стоетт, 2003: 152).

Основните спорови во дефинирањето на поимот безбедност во современа концептуална смисла потекнуваат од вредносните ставови, односно од одговорите на прашањето кои вредности денес треба да се штитат (физичка и имотна безбедност, политичка независност, територијален интегритет, меѓународен мир и слично), и дефинирањето на основниот субјект кој е предмет на заштита (граѓанин-поединец, држава, меѓународна заедница, социјална сигурност, економски систем, животна средина и слично) (Драгишиќ, 2009: 163).

Сите овие прашања во суштина можат да се сведат на неколку од следните прашања, а тие се (Baldwin, 1997: 16):

а) *чија безбедност?* – пред сè, потребно е да се идентификува средиштето на конструкцијата на безбедноста, а во улога на таканаречен „референтен објект", односно „референтен субјект" на заштита можат да бидат: поединец, општествени групи, држава и меѓународен систем;

б) *безбедност на што?* – треба да се идентификуваат вредностите и интересите кои се предмет на заштита, односно објект на загрозување;

в) *безбедност од кого/од што?* – подразбира идентификација на изворите, носителите и формите на загрозување на заштитените вредности, кои можат да бидат од природен, човечки и техничко-технолошки карактер;

г) *кој ја дава безбедноста?* – нужно е да се идентификуваат субјекти кои ги штитат вредностите и

д) *на кој начин се дава/остварува безбедноста?* – потребно е да се идентификуваат методите, средствата и дејностите за заштита на конкретна, загрозена вредност.

Врз основа на претходно наведените прашања, се формираат и различни концепти, т.е. поимања на безбедноста, според кои безбедноста во современата концептуална смисла се определува како (Митровић-Павловић, 2012: 20):

а) *безбедност на човекот* – поединецот, луѓето и општеството;

б) *безбедност на државата*, односно национална безбедност;

в) *меѓународна безбедност* – современи концепти: безбедносна заедница, безбедносен режим, безбедносен комплекс и соработка во безбедноста.

Според тоа, со распаѓањето на биполарната безбедносна структура дојде до битни промени на факторите на безбедноста од Студената војна. Кругот на недржавните субјекти, кои имаат влијание врз безбедноста, значително се проширил за сметка на намалувањето на улогата на државата. Истовремено, дојде и до промена на изворите и заканите за безбедноста. Исто така, бројот на објектите во тежиштата на безбедносното внимание значително е проширен, како и начинот, средствата и инструментите за остварување на безбедноста. Предмет на првокласна безбедносна грижа, покрај националната безбедност, сега се и безбедноста на поединците, заедничка, меѓународна и глобална безбедност.

Според тоа, гледајќи ги напоредно содржините на традиционалните и современите концепти на безбедноста може да се уочи дека:

- *фокусот на традиционалните концепти,* односно т.н. државно-центрична безбедност го сочинуваат: територија и граници на државата; надворешна безбедност на државата; воен фактор на безбедноста; човечки фактор; релација Исток-Запад; подготвеноста на државата за акција и централна улога на државата во безбедноста;
- *фокусот на современите концепти* – го сочинуваат поединци и заедници; внатрешна безбедност на државата и транснационална безбедност; мултидимензионални фактори на безбедноста; природните фактори и факторите на опкружувањето; глобалната безбедност; превентивната и ревитализираната улога на државата, како и појавата на недржавни, односно приватни субјекти на безбедноста.

Очигледно е дека старите теоретски концепти од Студената војна и практичните модели на пристапот кон безбедноста се надминати, а дека преформулирање на досегашните замисли и практиката на безбедноста во новонастанатите социјално-политички односи и разновидни опасности кои е тешко да се идентификуваат, станало императив на сегашноста и иднината.

## БЕЗБЕДНОСТ НА ПОЕДИНЕЦОТ/ЧОВЕКОВА БЕЗБЕДНОСТ

По светските војни прашањата за национална и меѓународна безбедност стануваат преокупација на целиот свет. Во тој поглед се јавуваат ставови дека меѓународните односи, а со тоа и прашањата за безбедноста, мора научно да се разгледуваат. Така, по Втората светска војна доаѓа и до први разгледувања на безбедноста во рамките на научните и наставните дисциплини, познати под називот безбедносни студии. Во текот на Студената војна истражувањата во безбедносните студии се насочуваат врз изучување на воената стратегија, па поради тоа и овој правец се нарекувал стратешки студии. Клу-

чен објект на безбедноста е националната држава, а клучните закани се од воена природа и доаѓаат однадвор. Достигнување на адекватно ниво на безбедност е можно само преку зголемување на воената моќ (Simić, 2002: 26).

Кон крајот на XX век главните концепти на овие студии (на пр., нуклеарно одвраќање, биполарна активност, рамнотежа на сили) ја загубиле својата релевантност (Никодиновска-Стефановска, 2015). Полето на интерес е пренесено врз етничките конфликти и нуклеарната пролиферација. Во почетокот на XXI век овие студии своето внимание го насочија врз борбата против тероризмот, приватните воени компании и сл. Исто така, другите (алетарнативни) пристапи во безбедносните студии добиваат на значење, а меѓу нив посебно: мировни студии, постструктуралистите, феминистичкиот правец, социјален конструктивизам, критички теории и др. (Ejdus, 2012: 59-60).

Една група автори инсистира на проширување на концептот за безбедност преку вклучување нови, пошироки потенцијални закани за безбедноста, вклучувајќи ги тука, пред сè, недоволниот економски развој, еколошката деградација, нарушувањето на човековите права и големите миграциски движења. Втора група автори, инсистира на продлабочување на агендата на безбедносните студии со цела низа сегменти на безбедноста, почнувајќи од индивидуалната или човекова безбедност, преку национална безбедност или безбедност на општеството, па сè до регионалниот, меѓународниот и глобалниот аспект на безбедносното прашање. Трета група автори, останувајќи му верна на традиционалниот државно-центричен пристап кон безбедносните прашања, во него ги вклучува новите форми на определување на безбедноста (заедничка безбедност, колективна безбедност, кооперативна безбедност и др.).

Според сфаќањето на Вилијамс (*Paul Williams*), иако безбедносните студии имаат свои корени во научната дисциплина на меѓународните односи, денешните предизвици наметну-

ваат потреба безбедносните студии да се гледаат засебно, т.е. како самостојно истражувачко поле. Интелектуалното јадро на овие студии го сочинуваат прашањата: што е безбедност; за чија безбедност се зборува; што сè може да се сфати како безбедносно прашање; и како може да се постигне безбедноста. Образложувајќи ги овие прашања, истиот автор истакнува дека во текот на досегашниот развој е можно да се разликуваат две филозофии за безбедноста кои преовладуваат. Притоа, секоја од нив произлегува од различни појдовни точки. Според првата, на безбедноста се гледа како на синоним за натрупување моќ, и се мисли дека моќта е патот кон безбедноста. Односно, колку што луѓето поседуваат повеќе моќ (посебно воена), дотолку ќе бидат побезбедни. Според втората, безбедноста е заснована врз еманципација, т.е. врз грижата за правда и обезбедување човекови права. Според оваа филозофија, вистинската или трајна безбедност не произлегува од можноста да се демонстрира моќ врз другите, напротив таа проистекува од соработката да се постигне безбедност без лишување на правата на другите врз неа, а што претставува промовирање на еманципаторска политика која прашањата на правдата и човековите права ги сфаќа сериозно (Vilijams, 2012: 45–46). Одговарајќи на второто прашање: За чија безбедност се зборува?, Вилијамс, имено, укажува на современите теоретски нивоа на анализа на безбедноста, а меѓу кои се наоѓа и концептот на човекова безбедност.

Во суштината на концептот на човековата безбедност се наоѓа идејата според која поединецот е референтен објект на безбедноста, а не државата или нацијата. Поединецот, инаку, е најмала единка врз која може да се сведе анализата за безбедноста. Според тоа, „основното сфаќање на човековата безбедност е она според кое терминот човекова укажува дека фокусот е врз поединецот, а терминот безбедност упатува на потребата за заштита од закани“ (Oberlajtner, 2006: 102). Ова подразбира човековата безбедност да се занимава со безбедноста на поединците.

Човекот е безбеден доколку неговиот физички интегритет, достоинство и приватност се заштитени од загрозување и повредување. Така, безбедноста на човекот се дефинира и како „состојба на заштитеност на човекот од опасност, загрозување и повредување на неговата личност, правата и имотот“ (Miletić, 1997: 1–2). Сепак, оваа дефиниција се чини тесна и може да се смета за исправна единствено во смисла на полициска улога во заштита на правата и имотот на човекот.

Исто така, идејата дека луѓето мора да бидат заштитени во секојдневниот живот не е нова. Одделни автори нагласуваат дека „фокусираноста врз човекот е, имено, одлика на политичката филозофија на либерализмот, која луѓето и поединците ги става во своето средиште и пропишува определени услови, како што се слобода и еднаквост, за тие да бидат безбедни“ (Ker, 2010: 115). Сепак, она што е ново е токму самиот термин „човекова безбедност“, односно оваа долга политичка и филозофска традиција насочена врз човекот дури од крајот на XX век се искажува под овој назив.

Во врска со тоа, во 1993 година во Извештајот за човековиот развој на Програмата на Обединетите нации за развој (UNDP, 1993), истакнато е дека концептот на безбедноста мора да биде променет. Наместо врз националната безбедност тежиштето се става врз безбедноста на луѓето. Веќе наредната година во Извештајот за човековиот развој (UNDP, 1994) во дискусијата се воведува поимот на човекова безбедност. Човековата безбедност, во споменатиот Извештај, се дефинира како безбедност во однос на хронични закани (глад, болест и репресија) и заштита од ненајдени и штетни пореметувања врз текот на секојдневниот живот.

Со Извештајот за човековиот развој од 1994 година како два клучни елемента на човековата безбедност се воведени слободата од стравот (*fredom from fear*), која ги опфаќа човековите права и безбедноста, и слобода од ускратеноста (*fredom from want)*. Обединетите нации не ја врзаа човековата безбед-

ност само за заштита на поединецот од насилство, туку и за неговиот севкупен развој. На овој начин дефинирана човековата безбедност опфаќа седум различни димензии и тоа: економска, прехранбена, здравствена, еколошка, лична, социетална и политичка безбедност (UNDP, 1994: 25–33):

- Економската безбедност подразбира доволен и предвидлив доход, предвидливо вработување, безбедност и здравје при работа, покриено социјално осигурување, задоволство со нивото на доход, диспаритет на доходот и компетитивност;
- Прехранбената безбедност подразбира физичка и економска достапност на храна, односно достапност и квалитет на прехранбените артикли и куповната моќ на луѓето;
- Здравствената безбедност се остварува преку заштитеноста на луѓето од болести и инфекции, достапност и квалитет на здравствената заштита;
- Еколошката безбедност се стварува преку заштита од загаденоста, како и непречен пристап до чиста вода и воздух и до незагадениот земјишен екосистем;
- Личната безбедност подразбира отсуство на страв од насилство и злоставување, заштитеност на луѓе од криминал и автодеструктивни појави и друго;
- Социеталната безбедност подразбира стабилност на семејството, квалитет на живеење, квалитет на живот во локалната заедница, безбедност на културниот идентитет, ефекти на етичкиот кодекс на заедниците, развиеност и слобода на медиумите и комуникациите, слобода и ефекти на синдикалното организирање;
- Политичката безбедност опфаќа развиеност и заштитеност на човековите права, влијание на политиката врз квалитетот на животот на граѓаните и влијание на органите на формална социјална контрола врз безбедноста на луѓето.

Во тековните расправи постојат најмалку три различни концепции на човековата безбедност (Hampson, 2006: 32–33).

Првата концепција е заснована врз човековите права и владеењето на правото, и ја дефинира човековата безбедност во смисла на остварливост на широкиот опсег на различни човекови права. Оваа концепција своето упориште го има во основната либерална претпоставка за основни лични права на „живот, слобода и тежнение кон среќата“, како и во обврската на меѓународната заедница да ги штити и уредува тие права.

Второто гледиште, т.е. втор пристап кон човековата безбедност е хуманитарен, според кој безбедноста (понекогаш опишана како отсуство на страв) е највисока цел на меѓународните интервенции. Овој пристап ја смета војната за главна закана за човековата безбедност и ја истакнува идејата дека луѓето би морале да бидат заштитени од закани со насилство, а таа заштита е должна да ја даде меѓународната заедница. Исто така, покрај конфликтните и вонредните ситуации, и економската беда, социјалната неправда и политичките притисоци се прифатени како закани за човековата безбедност. Со тоа целите на човековата безбедност станаа поврзани со превентивна и постконфликтна изградба на мирот, и со намалување на можноста за вооружени судири и цивилно насилство. Овие две гледишта кои се фокусираат врз основните човекови права и нивно ускратување, стојат во спротивност со третото, пошироко гледиште, со кое се сугерира дека човековата безбедност мора да биде широко изградена, за да ги вклучи разните форми на штета нанесена на животот и благосостојбата на поединците. Како главни застапници на потесното гледиште на човековата безбедност и неговата промоција можат да се означат Канада и Норвешка, кои заедно ја предводат неформалната Мрежа за човекова безбедност (покрај овие две земји во мрежата се вклучени уште: Австрија, Чиле, Грција, Ирска, Јордан, Мали, Холандија, Словенија, Швајцарија и Тајланд). Оваа мрежа е основана во 1998 година заради развивање на идејата според која поимот на човекова безбедност треба да се стесни само

на слободата од страв. Така, по иницијатива на Канада е воспоставена *ad hoc* Меѓународна комисија за интервенција и државен суверенитет, со чиј извештај од 2001 година под назив *Одговорноста за заштита/Responsibility to Protect - R2P* дополнително е поттикнато потесното сфаќање на човековата безбедност. „Во овој документ е истакнато дека државите имаат обврска да ги заштитат своите граѓани, а доколку тоа не се во состојба да го направат ги губат определените права, а одговорноста за заштита тогаш паѓа врз меѓународната заедница. Меѓународната заедница може да преземе превентивни мерки (да ја спречи хуманитарната катастрофа), реактивни мерки (да реагира доколку дојде до катастрофа) и реконструктивни мерки (изградба на општеството по катастрофа). Таканаречениот *R2P* концепт е усвоен најпрвин во Африканска унија, а потоа и на нивото на ООН, и тоа со усвојување на завршниот акт на Светскиот самит 2005 година и Резолуцијата на СБ на ОН 1674“ (Ejdus, 2012: 221 i 223).

Третото гледиште е најшироко и подразбира одржлив човечки развој, односно остварување, заштита и унапредување на економските, еколошките и социјалните права. За вистински закани за човековата безбедност се сметаат болести како сида, трговија со дрога, тероризам, глобална сиромаштија и проблеми со животната средина. Наведените закани не се локални или државни, туку глобални, а нивната основа е проблем на нееднаквост и недостиг на социјална правда во меѓународните односи (овие димензии често се нарекуваат слобода од ускратеноста). Како најзначајни застапници на поширокото сфаќање на човековата безбедност можат да се означат поранешниот генерален секретар на ООН, Кофи Анан, кој сметал дека заштитата на човековата безбедност е клучна мисија на ООН, како и поранешниот премиер на Јапонија, Кеизо Обучи, кој во 1998 година човековата безбедност ја усвоил како составен дел на надворешната политика на оваа земја. Исто така, на иницијатива на Јапонија во 2001 година е основана и Комисија за човекова безбедност. Во извештаите на оваа Комисија

можеле да се пронајдат токму пошироките сфаќања на човековата безбедност, како дефинициите од 2003 година кога е нагласено дека: „Човековата безбедност подразбира заштита на фундаменталните слободи – слободи кои ја сочинуваат суштината на животот. Таа значи заштита на луѓе од критични (тешки) и навлегувачки (распространети) закани и ситуации. Исто така, таа значи употреба на процеси кои се засноваат врз човековите сили и желби. Значи и создавање политички, општествени, еколошки, економски, воени и културни системи, кои на луѓето им даваат градивен материјал за опстанок, издржување и достоинство“ (Comission of Human Security, 2003: 4).

Човековите права се срцевина и рамка на човековата безбедност, меѓутоа човековата безбедност е, сепак, поширок поим. За разлика од човековите права, човековата безбедност опфаќа и закани со кои концептот на човековите права не се занимава примарно. Така, може да се заклучи дека расправата за човековата безбедност се проширува и врз човековите права и нивното кршење (во име на заштита на човековите права, како и кршење на човековите права од страна на недржавните субјекти).

Разгледувајќи го концептот на човековата безбедност може да се заклучи дека иако нема консензус околу прецизното значење на самиот концепт на човековата безбедност, самиот концепт набрзо стекнал голем број поддржувачи. Истовремено му беа упатени и доста критики, особено од научните кругови. Главната критика се однесува токму врз пошироката дефиниција на човековата безбедност, според која таа претставува не само слобода од немање, а која опфаќа толку содржини (физичко насилство, животна средина и др.) што не е јасно што сè е, а што не е област на човековата безбедност. Освен тоа, концептот на човековата безбедност е критикуван и поради тоа што го легитимизира хуманитарниот интервенционизам, кој досега неколку пати бил злоупотребуван (на пр., нападот на НАТО сојузот врз Сојузна Република Југославија). Меѓутоа, без оглед

на сето тоа, концептот на човековата безбедност е влезен во теоријата и практиката на безбедноста, а неговиот развој доведе до хуманизирање на поимот безбедност, воопшто, но и до секуритизација на поимот за човековите права.

## НАЦИОНАЛНА БЕЗБЕДНОСТ

Според пишувањата на одделни автори, ретко кој термин во политичкиот дискурс има таква „магиска моќ" како што ја има националната безбедност (Ејдус, 2012). Националната безбедност е производ на долготрајни историски процеси на создавање првично на суверена, а потоа и национална држава. Иако станува збор за политички мошне моќен концепт, не постои согласност околу тоа што точно се подразбира под поимот национална безбедност (Pavlović, 2018).

Националната безбедност, во претходниот период, е поистоветувана со надворешната безбедност на државата која требало да се штити со воени и невоени средства од вооружени напади однадвор. Така, Владимир Иблер ја определува безбедноста на државите како „збир на фактички околности и прилики, општа состојба во која се наоѓа државата, а која ѝ дава и гарантира сигурност од надворешни опасности кои би можеле да ги загрозат нејзините животни интереси, нејзината територијална целост... и – во краен случај – самиот нејзин опстанок" (Ibler, 1972: 273). Исто така, безбедноста е определувана како „израз на нужност на современата епоха со колективен напор да се остварува ефективна безбедност на сите земји, односно со создавање такви односи кои ќе одвраќаат од примена на сила и ќе поттикнуваат соработка и солидарност" (Aćimović, 1978: 87).

Таквата замисла на безбедноста била контрапродуктивна во смисла што заради суверенитетот и територијалната неповредливост на државата се жртвувани други човечки

вредности, односно националната безбедност е постигнувана за сметка на човековата безбедност. Наспроти ставот на Хобс, државата не им била заштита на своите граѓани туку спротивно, таа станувала закана за нивната безбедност (на пр., во тоталитарните држави). Токму на државно-центричниот пристап кон безбедноста му се припишувало запоставување на луѓето (Meller, 2006: 72). „Овој класичен и тесен поим на безбедноста почнал да се надминува во периодот по Студената војна, со проширување најпрвин на невоените закани кои го сочинуваат составниот дел на концептот на безбедноста, а потоа и со продлабочување, т.е. со воведување нови предмети на анализа (на пр., човекот)“ (Tener, 2006: 23–24).

Во врска со тоа Драган Симиќ истакнува дека „токму чинот на воведување на поединецот како самостоен субјект во глобалните односи е онаа „разделна линија“, *differentia specifica* на новиот глобален безбедносен поредок *in statu nascendi* наспроти сите сегашни и поранешни организациски начела и форми на националната и меѓународната безбедност“ (Симић, 2002: 17).

Според мислењето на професор Б. Милосављевиќ, „националната безбедност е насочена кон заштита на националните вредности од надворешно и внатрешно загрозување и таа значи отсуство на закани кон тие вредности. Листата на тие вредности може да биде во одделни земји различна и променлива во времето, со тоа што постои еден корпус на тие вредности кои се сметаат како централни за безбедноста на секоја земја“ (Милосављевић, 2014: 105). Така, Војин Димитријевиќ своевремено истакнал четири групи на вредности на држави и нации кои го штити националната безбедност, а тоа се: „нивен опстанок, територијален интегритет, политичка самостојност и квалитет на животот“ (Димитријевић, 1973: 20). Тие вредности се штитат со остварување на националните интереси, а нивната заштита е општа цел и смисла на постоењето и функционирањето на системот за национална безбедност.

Одделни автори ја застапуваат тезата за постоење на само два референтни објекти на заштита на националната безбедност, а тоа се државата и луѓето, како и за постоење дијалектички однос во кој тие се наоѓаат. Според тие сфаќања, „современата национална безбедност се јавува како среден пат помеѓу традиционалните државно-центрични и пошироките човеково-центрични пристапи кон безбедноста“ (Kerr, 2006). Во таа смисла безбедноста на луѓе опфаќа главна содржина на меѓународните односи, а тоа се зачувување на безбедноста на државата и зачувување на безбедноста на поединецот. Сепак, државата е клучна во одбраната на човековата безбедност. Се смета дека нема безбедност на држава ако нејзиниот народ не е безбеден (Pavlović, 2018).

Постојат и мислења според кои безбедноста воопшто не би требало да биде преобликувана на поединечно или на општествено ниво (човекова безбедност), за тие нивоа да ѝ бидат алтернативи на националната безбедност. Спротивно, „концептот на националната безбедност, како досега најделотворен, треба да се приспособи за да биде во состојба да се грижи за сите нивоа на безбедност. Односно, безбедноста мора да биде осмислена на основното ниво на одделно човечко суштество и неговите права, за да има смисла и на меѓународно ниво“ (Симић, 2002: 134). Според овие сфаќања, системот на суверени држави нема реални и соодветни замени во иднина ниту кога станува збор за осигурување на безбедноста, без оглед на тоа за кој концепт на безбедност станува збор, или за кој сектор на безбедност се зборува.

Според тоа, денес „под национална безбедност не се подразбира само функционирање на државата засновано врз сила, туку и врз политичка, економска, воена, социјална, еколошка и информациона стабилност, меѓународен углед и интегритет на државата“ (Спасески,Николовски,Герасимовски, 2010: 204).

Современата национална безбедност претставува синтеза на безбедноста на граѓаните (поединците) и безбедноста на државата, но и нивно партиципирање во меѓународната безбедност (Gjurovski-Bajagić-Pavlović, 2014). Заштитата на виталните вредности се остварува со реализација на функцијата на безбедноста, т.е. со активности на државниот и недржавниот сектор за безбедност, но и со помош на меѓународна соработка во областа на безбедноста. Референтните вредности кои се штитат на овој начин се (Katzenstein, 1996): мирот, слободата, човековите права, безбедноста на луѓето и општествените групи; квалитетот на животот; националното единство, достоинството, гордоста и идентитетот; животната средина, енергетската стабилност, економскиот и социјалниот просперитет; информационите ресурси; правниот поредок и владеење на правото; територијалниот интегритет; политичката самостојност и опстанокот на државата и општеството.

**ПРАШАЊА ЗА ДИСКУСИЈА:**

Кои се традиционалните концепти на безбедноста?

Кои се современите концепти на безбедноста?

Кои се елементите на човековата безбедност?

Дефинирајте ја националната безбедност?

**Користена литература за поглавјето**

Bailes, Alyson, „The Private Sector and the Monopoly of Force“. In: Bailes, Alyson, Schneckener, Ulrich, Wulf, Herbert (Ed.), *Revisiting the State Monopoly on the Legitimate Use of Force,* Policy Paper – №24, DCAF, Geneva, 2007, pp. 1–9; Baldwin, David, "The Concept of Security", *Review of International Studies*, No 23, British International Studies Association, 1997, pp. 5–26; Bentham, Jeremy, „The Principles of Civil Life“, in: Bowring, John (ed), *The Works of Jeremy Bentham*, Vol. 1, Simpkin, Marshall, London, 1837; Bošnjak, Branko i drugi, *Antologija filozofskih tekstova s pregledom povijesti filozofije*, Zagreb, 1954; Burke, Anthony, „Aporias of security“, *Alternatives*, Vol. 27, Issue 1, 2002, pp. 1–27; Buzan, Barry, *People, States and Fear: An Agenda for International Security Studies in the Post-Cold World Era,* New York-London, 1991; Бајагић, Младен, *Основи безбедности*, Београд, 2007; Башић, Неџад, Стоетт, Питер, *Сигурносне студије у транзицији*, Бихаћ, 2003; Гаћиновић, Радослав, „Класификација безбедности“, *Наука, Безбедност, Полиција*, број 2, 2007, стр. 3–23; Гризолд, Антон, *Међународна сигурност: Теоријско-институционални оквир*, Загреб, 1992; Димитријевић, Војин, *Појам безбедности у међународним односима,* Београд, 1973; Драгишић, Зоран, „Систем националне безбедности – покушај дефинисања појма“, *Војно дело*, број 3, 2009, стр. 162–176; Кековић, Зоран, *Теорија система безбједности*, Бања Лука, 2009; Мијалковић, Саша, „Национална безбедност – од вестфалског концепта до постхладноратовског“, *Војно дело*, број 2, 2009, стр. 56–57; Мијалковић, Саша, Кесеровић, Драгомир, *Основи безбједности*, Бања Лука, 2010; Мијалковић, Саша, *Национална безбедност*, Београд, 2009; Милосављевић, Богољуб, *Увод у теорију уставног права*, Београд, 2011; Митровић, Љубинко, Павловић, Гојко, *Систем безбједности Босне и Херцеговине – правни аспекти и актуелно стање*, Бања Лука, 2012; Павловић, Гојко, „Заштита људских права као императив безбедносне функције државе“, *Страни правни живот,* број 3, 2011, стр. 284–299; Павловић, Гојко, *Право приватне безбједности – упоредна студија*, Бања Лука, 2011; Pavlovic Gojko, Đurovski

Marjan, „Traditional and contemporary concepts of security“, *Security Dialogues,* Vol. 3, Number 2, Skopje, 2012, pp. 137–146; Пендаровски, Стево, *Меѓународна безбедност*, Скопје, 2009; Петровић, Предраг, „Приватизација безбедности у Србији“, *Безбедност Западног Балкана*, број 4, 2007, стр. 13–21; Richards, Anna, Smith, Henry, *Addressing the role of private security companies within security sector reform programmes,* Saferworld, London, 2007; Rothschild, Emma, „What is Security?“, *Daedalus*, Vol. 124, No. 3, Summer 1995, pp. 53–98; Schreier, Fred, Caparini, Marina, *Privatising Security: Law, Practice And Governance Of Private Military And Security Companies*, DCAF Occasional Paper No. 6, Geneva, 2005; Small, Michelle, *Privatisation of Security and Military Functions and the Demise of the Modern Nation-State in Africa*, Accord, Occasional Paper Series: Volume 1, Number 2, 2006; Симић, Драган, „Савремене теорије безбедности“, У: Јанковић, П. (Ур.): *Антологија текстова са Школа реформе сектора безбедности,* Београд, 2007, стр. 165–193; Симић, Драган, *Наука о безбедности – савремени приступи безбедности*, Београд, 2002; Стојановић, Драган, *Основна права човека*, Ниш, 1989; Таталовић, Синиша, „Концепти сигурности на почетку 21. стољећа“, *Међународне студије*, година 6, број 1, 2006, стр. 60–80; Таталовић, Синиша, „Ново разумијевање сигурности и сигурносно окружење на југоистоку Еуропе“, Вигњевић, Бранко (ур.), *Демократски надзор и контрола над безбједносним сектором у региону,* Зборник радова, М-импекс, Бања Лука, 2004, стр. 45–55; Wolfers, Arnold, „National Security as an ambiguous symbol“, *Political Science Quarterly*, vol. 67, No. 4, December 1952, pp. 481–502; Bajagić, M., 2007, *Osnovi bezbednosti*, Beograd, Kriminalističko-policijska akademija; Bajagić, M., 2012, *Međunarodna bezbednost*, Beograd, Kriminalističko-policijska akademija; Buzan, B., 1991, *People, States and Fear: An Agenda for International Security Studies in the Post-Cold World Era,* 2nd ed., London, Harvester Wheatsheaf; Buzan, B., Wæver, O., de Wilde, J., 1998, *Security. A New Framework for Analysis*, Boulder-London, Lynne Rienner Publishers; Comission of Human Security, 2003, *Human Security Now*, New York; Ejdus, F., 2012, *Međunarodna bezbednost: teorije, sektori i nivoi*, Beograd, JP Službeni

glasnik, Beogradski centar za bezbednosnu politiku; Hampson, F. O., Ljudska bezbednost, u: Vilijams, P. (pr.), 2012, *Uvod u studije bezbednosti*, Beograd, Javno preduzeće Službeni glasnik, Univerzitet u Beogradu – Fakultet bezbednosti, str. 305–323; Hampson, F.O.,Višeznačnost pojma ljudske bezbednosti, u: Dulić, D. (pr.), 2006, *Ljudska bezbednost*, Zbornik tekstova 1, Beograd, Fond za otvoreno društvo, str. 29–53; Ker, P., Ljudska sigurnost, u: Collins, A. (ur.), 2010, *Suvremene sigurnosne studije*, Zagreb, Fakultet političkih znanosti Sveučilišta u Zagrebu – Centar za međunarodne i sigurnosne studije, Politička kultura, str. 114–132; Mijalković, S., 2009, *Nacionalna bezbednost*, Beograd, Kriminalističko-policijska akademija; Mijalković, S., Popović, M., 2015, *Uvod u studije bezbednosti*, Beograd, Kriminalističko-policijska akademija; Miletić, S., 1997, *Policijsko pravo*, I knjiga, Beograd, Policijska akademija; Nikodinovska-Stefanovska, S., 2015, The concept of security and security studies, in: Kolarić, D. (ed.), *Archibald Reiss days*, Thematic conference proceedings of international significance, Volume II, Belgrade, Academy of criminalistic and police studies, pp. 49–56; Oberlajtner, G., Ljudska bezbednost i ljudska prava, u: Dulić, D. (pr.), 2006, *Ljudska bezbednost*, Zbornik tekstova 2, Beograd, Fond za otvoreno društvo, str. 99–121; Pavlovic, G., Gjurovski, M., 2012, Traditional and contemporary concepts of security, *Security Dialogues,* Vol. 3, Number 2, pp. 137–147; Rothschild, E., 1995, What is Security?, *Daedalus*, Vol. 124, No. 3, pp. 53–98; Simić, D., 2002, *Nauka o bezbednosti – savremeni pristupi bezbednosti*, Beograd, Javno preduzeće Službeni list SRJ i Fakultet političkih nauka; Simić, D., Savremene teorije bezbednosti, u: Janković, P. (ur), 2007, *Antologija tekstova sa škola reforme sektora bezbednosti,* Beograd, Centar za međunarodne i bezbednosne poslove – ISAC, str. 165–193*;* Tatalović, S., Novo razumijevanje sigurnosti i sigurnosno okruženje na jugoistoku Europe, u: Vignjević, B. (ur.), 2004, Demokratski nadzor i kontrola nad bezbjednosnim sektorom u regionu, Banja Luka, M-impeks, str. 45–55; UNDP, 1993, *Human Development Report 1993,* New York, Oxford University Press; UNDP, 1994, *Human Development Report 1994,* New York, Oxford University Press; Vilijams, P., Uvod u studije bezbednosti, u: Vilijams, P. (ur.),

2012, *Uvod u studije bezbednosti*, Beograd, Javno preduzeće Službeni glasnik, Fakultet bezbednosti, str. 39–52; Gjurovski Marjan, Pavlovic Gojko, Djukanovic Dragan: „Human security as contemporary theoretical level of analysis in security studies“, In: Thematic conference proceedings of international significance from International scientific conference *„Archibald Reiss days*”, Academy of criminalistic and police studies, Belgrade, 2016, Volume II, pp. 398–405. Ibler, V., 1972, *Rječnik međunarodnog javnog prava*, Zagreb, Informator; Aćimović, LJ., 1978, Problemi bezbednosti i saradnje u Evropi, Beograd, Institut za međunarodnu politiku i privredu, Prosveta; Видјети: Meller, B., Nacionalna, socijetalna i ljudska bezbednost, u: Dulić, D. (pr.), 2006, *Ljudska bezbednost*, Zbornik tekstova 1, Beograd, Fond za otvoreno društvo; Tener, F., Semantika u bezbednosti: iste reči – različito značenje, u: Dulić, D. (pr.), 2006, *Ljudska bezbednost*, Zbornik tekstova 1, Beograd, Fond za otvoreno društvo, str. 23–24; Kerr, P., Razvoj dijalektičkog odnosa između državocentrične i ljudskocentične bezbednosti, u: Dulić, D. (pr.), 2006, *Ljudska bezbednost*, Zbornik tekstova 2, Beograd, Fond za otvoreno društvo, str. 21–48; Спасески, Ј., Николовски, М., Герасимовски, С., 2010, *Безбедносни системи*, Скопје, Факултет за безбедност; Gjurovski, M., Bajagić, M., Pavlović, G., The concept of national security in the contex of regional security, In: Mojanoski, C. (ed.), 2014, *Macedonia and the Balkans, a hundred years after the World War I – Security and Euro-Atlantic integrations*, Proceedings from International scientific conference, University “St. Kliment Ohridski” - Faculty of Security, Skopje, Volume II, pgs. 401–416; Katzenstein, P. (ed.), 1996, *The Culture of National Security: Norms and Identity in World Politics*, New York, Columbia University press.

# ГЛАВА ОСМА
# СУБЈЕКТИ КОИ ЈА ОСТВАРУВААТ БЕЗБЕДНОСТА

## ЦЕЛИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ПОСТИГНАТ

Од методолошка гледна точка, да се согледа значењето на истражувањето и разработката на материјата претставена преку моменталната состојба, ефикасноста, оправданоста, транспарентноста, поставеноста, меѓусебната координација и соработка на субјектите на безбедноста во креирањето на безбедносната политика и превенцијата со безбедносните ризици и закани.

## ВОВЕДНИ РАЗГЛЕДУВАЊА

Еден од критериумите за поделба на државните органи е тој на вооружени и цивилни органи. Точка на раздвојување помеѓу вооружените и цивилните органи е во начинот и средствата за постапување на еден орган, а во согласност со природата на неговата дејност. Така, „доколку некое поле на општествената реалност е такво што ефикасното завршување на работа од тој вид, во одредени ситуации бара носење и користење оружје, на службените лица од одредениот орган со закон им се даваат овластувања, односно им се утврдува обврска да го прават тоа. Таквите органи се квалификуваат како вооружени“ (Томиħ, 1998: 212).

Вооружените органи првично се формираат во две исклучително значајни подрачја на општествениот живот, и тоа: во областа на одбраната на земјата и во областа на внатрешните работи. „Во тие органи се инкорпорирани најважните интереси на секоја земја, а тоа се надворешната и внатрешната безбедност, вклучувајќи го тука и принудното извршување на донесените одлуки на државните органи“ (Кунић, 2006: 111). Овие органи или вооружени сили, како што уште ги нарекуваат, во речиси секоја држава се состојат од армија, полиција, безбедносни служби, како и други органи кои имаат овластувања за примена на принуда. Сепак, сите припадници на овие органи не мора да имаат и немаат овластувања за примена на принуда, туку имаат само одредени припадници.

Притоа, армијата служи за осигурување на надворешната безбедност на државата, а само исклучително за заштита на внатрешната безбедност. Од друга страна, основната задача на безбедносните служби е зачувување на националните интереси на државата и заштита на институциите на демократскиот поредок. Полицијата се распоредува на целата територија на една држава, така што секој орган на државата има на располагање одредена вооружена сила со чија помош може, во за-

висност од потребата, да изнуди почитување на своите одлуки. Првична задача ѝ е да го чува внатрешниот ред, мир и сигурност, т.е. внатрешната безбедност на државата; да ги гони и да ги фаќа сторителите на кривичните дела и други престапи; да ги штити човековите права и слободи; и да врши внатрешна заштита на правниот поредок. Меѓутоа, професор Милосављевиќ забележува дека апаратот на силата може да се употреби и на други начини. Како примери наведува дека тие можат да бидат употребени „како прост инструмент на политичката репресија и како политичко средство за одржување или рушење на режимот на власта... па поради тоа е многу важно да се обезбеди адекватна контрола (од парламентот, судовите, јавноста и граѓаните) чија основна цел е остварување на дејноста, т.е. вршење на овластувањата, во границите на законот" (Милосављевић, 2011: 163 и 172).

Во согласност со тоа, положбата на вооружените органи во државата е различна, односно тие можат да имаат поголемо или помало влијание на државата и насоката на нејзината дејност. Во модерната држава „вооружените органи немаат одлучувачко влијание на насоката на нејзината дејност, туку напротив тие се јавуваат како помошно средство на органите во извршувањето на политиката која тие ја утврдуваат" (Кошутић, 1974: 56). Таа подреденост на вооружените органи на цивилните органи се остварува на различни начини. Во повеќето модерни држави органите кои одлучуваат за употреба на вооружените сили се токму цивилните органи, и тоа: парламентот, шефот на државата и цивилните министри за одбрана и полиција. Односно, едно од основните начела на демократската држава е токму тоа дека цивилните органи управуваат со вооружените органи.

**ВООРУЖЕНИ СИЛИ - АРМИЈА**

Николо Макијавели сметал дека главните темели на секое владеење се добрите закони и добрата армија, т.е. дека не може да постојат добри закони таму каде што нема добра армија, а каде има добра армија, треба да има и добри закони. Армијата, истакнува Макијавели, со која владетелот ја заштитува својата држава, или е негова лична, или изнајмена, или помошна или мешовита. Понатаму нагласува дека изнајмените или помошните армии се бескорисни и опасни поради тоа што доколку некој владеењето со својата држава го заснова на изнајмена армија, никогаш нема цврсто да стои и да биде сигурен (Макијавели, 2005:54).

Армиите на европските држави главно поминаа низ три фази на развиток. Во средниот век постоеја приватни армии и се водеа приватни војни. При крајот на средниот век настануваат професионалните армии, односно т.н. вооружени луѓе (*gens d`armes*) или во Италија *Кондотијери* кои примаат плата (солде, оттука солдат) и ги нудат своите услуги дури и на странските држави. Посебно беа ценети швајцарските одреди. Конечно, во времето на апсолутизмот настанаа државните армии (Спекторски, 2000:81). Според тоа, модерната армија како организација и вооружена сила за одбрана на земјата настанала во XVIII и XIX век.

Семјуел Хантингтон (*Samuel Huntington*) нагласува дека воената професија постои за да служи на државата. За да ѝ служи на најдобриот можен начин, целата професија и воената сила со која таа управува мора да биде конституирана како ефикасен инструмент на државната политика. Со оглед на тоа дека политичкото насочување доаѓа само од врвот, тоа значи дека оваа професија мора да биде организирана во согласност со хиерархиска послушност. За професијата да ја врши својата функција, секое ниво во нејзините рамки мора да биде во состојба да обезбеди моментална и лојална послушност од пот-

чинетите нивоа. Без ваков однос воениот професионализам е невозможен (Hantington, 2004: 81).

Исто така, Драган Милков истакнува дека „армијата е специфичен орган на државната управа, хиерархиски стриктно уреден по принципот на вертикална хиерархија. Таква хиерархија подразбира субординација помеѓу органите и постоење подредени и надредени субјекти“ (Милков, 2009: 76).

Армијата може да се организира како целосно професионална организација, по регрутен систем, т.е. како мешовит професионален и регрутен состав, и како полициска организација (Милосављевић, 2011: 167). Традиционално мислење е дека армијата главно служи за осигурување на надворешната безбедност на државата, а само по исклучок за заштита на внатрешната безбедност, и тоа кога е загрозена државната власт, а полициските сили не се доволни да го одржат редот. Меѓутоа, во согласност со модерното мислење за армијата, покрај одбраната на земјата од вооружено загрозување од надвор како главна задача, извршува и други задачи. Така, Ендру Хејвуд (*Endru Hejvud*) посебно ги разгледува следниве улоги на армијата: како средство за водење војни; како гарант на политичкиот поредок и стабилноста; како интересни групи и како алтернативи на цивилното владеење (Hejvud, 2004).

Уставот, стратешките документи во областа на одбраната, како и законите донесени врз основа на нив а со кои се уредува областа на одбраната и армијата, ги одредуваат мисиите и задачите на армијата во согласност со кои таа најчесто врши: одбрана на земјата од вооружено загрозување однадвор; учество во мировни мисии надвор од нејзините граници во согласност со принципите на меѓународното право за употреба на сила; поддршка на цивилните власти во справување со заканите кон безбедноста (давање помош на цивилните власти во справување со внатрешното загрозување на безбедноста, тероризам, сепаратизам и организираниот криминал,

како и во случај на природните непогоди, техничко-технолошки и други несреќи) (Павловић, 2018: 107).

Од наведените задачи или улоги кои ги има, посебно контроверзна е употребата на армијата за извршување на внатрешните безбедносни задачи, односно употребата на армијата како гарант на политичкиот поредок и стабилноста. Можноста за донесување одлуки за употреба на армијата е дадена најчесто на претседателот на Републиката и министерот за одбрана (со овластување од претседателот). Тоа значи дека во практика може да се случи армијата да биде ангажирана на недемократски начини во дејноста на внатрешна безбедност, а во согласност со потребите и интересите на моменталните носители на власта (Хаџић-Милосављевић, 2013: 29).

Во врска со тоа, професор Милосављевиќ наведува „дека би требало да се внимава на опасноста од воведување на армијата во политиката поради лошите искуства кои постојат во светот, како што се, на пример: ангажирањето на армијата во Северна Ирска (1969-1977), интервенцијата на индиската армија против Сика (1984), интервенцијата на кинеската армија на плоштадот Тјенанмен (1989) и др.“ (Милосављевић, 2011: 169–170). Исто така, Џон Ролс нагласува „дека армијата е неопходна за одбрана на државата надвор од законот... но дека армијата не се користи против сопствениот народ“ (Rols, 2003: 41).

Потребно е да се истакне дека припадниците на Воената полиција, во согласност со Законот, имаат идентични овластувања како оние што ги има полицијата во вршењето на своите задачи. Во текот на спроведување криминалистичка обработка спрема вработените во Министерството за одбрана и припадниците на Армијата, припадниците на Воената полиција имаат обврски и овластувања уредени во согласност со законот со кој се уредува кривичната постапка и законот со кој се уредува работата на полицијата. Барањата за почитување и

заштита на човековите права наметнуваат обврска за регулирање на задачите на Армијата, како и овластувањата на припадниците на Воената полиција, во примена на овластувањата кои ги имаат, да бидат попрецизни. Сето тоа се прави со цел да се унапредат стандардите при постапување на припадниците на овие органи со кои може да се задира во човековите права, како и одговорност поради евентуални пречекорувања, а посебно при злоупотреба на овластувањата (Павловић, 2018: 108).

**БЕЗБЕДНОСНИ СЛУЖБИ**

Како посебни организации, безбедносните служби настанале во нововековните држави, а се развивале најпрво во рамките на армијата и полицијата. Дејноста на безбедносните служби претставува, исто така, особена државна дејност. Покрај обележјата кои овие служби ги имаат како дел од државната управа, нив, исто како и полицијата, ги карактеризираат одредени посебни обележја. На пример, едно такво обележје е тајноста (тајната е нивна работа, нивното работење, организација и кадар, како и методи и средства за работа) (Павловић, 2018: 114).

Поради ова положбата и улогата на службите за безбедност, како неопходни институции во секое општество, битно се разликуваат во општества со автократски и демократски режими. Во првите, тие имаат неконтролирана општествена моќ и служат како главно оружје на власта, чии дејствија се насочени кон прогон на политичките противници; додека, пак, наспроти тоа, во вторите, нивната општествена моќ е ограничена и контролирана, а главната задача им е зачувување на безбедноста и заштита на институциите со демократско потекло. Основна задача на овие служби е прибирање податоци и информации кои се од значење за безбедноста и заштитата на интересите на земјата, понатаму обработка и процена на тие податоци, и

на крај нивното доставување на политичките одлучувачи. Кога со известувањето им се доверени и безбедносни задачи, како што се откривање, спречување и документирање закани (тероризам, организиран криминал и сл.) кон уставниот поредок, безбедноста и другите интереси, за нив е посоодветен називот безбедносно-разузнавачки служби (Милосављевић, 2011: 174–175).

Б. Милосављевиќ и П. Петровиќ даваат најприфатлива дефиниција на овие служби и истакнуваат: „Под безбедносни служби подразбираме специјализирани цивилни и воени организации со безбедносно-разузнавачка функција, кои се основаат во државниот апарат и кои се под контрола на владата. Безбедносните служби треба, пред сè, на највисоките државни органи да им даваат благовремени, релевантни и прецизни информации, како и со своите активности да ги штитат уставниот поредок и националните интереси од продор на странски разузнавачки служби и дејности на организираните криминални и терористички групи. Овластени се да собираат податоци од јавните извори, но и преку тајни методи, техники и средства“ (Milosavljević-Petrović, 2009: 222).

Посебен вид нивна дејност е и контаразузнавачката дејност, во рамките на која во земјата се открива и се спречува дејствувањето на странските служби. Во некои земји можат да се занимаваат и со т.н. тајни операции во странство. Според областите на дејствување, територијата и други критериуми се разликуваат надворешни и внатрешни, воени, цивилни, политички, економски и други служби. Кога ги има повеќе, тие ја сочинуваат т.н. известувачка заедница во која е овозможена координација преку повисоката служба или националниот совет (Милосављевић, 2011). За да се спречи злоупотребата на овие служби, потребно е нивната дејност да биде уредена со закон и да биде предмет на надворешен надзор (судовите, независните државни органи, парламентот).

Со цел превенција и спречување на современите безбедносни закани, на безбедносните служби им се дава можност за примена на посебни мерки за тајно собирање податоци. Со оглед на тоа дека овие мерки се бројни и разновидни, и дека постојано се менуваат и се развиваат, тешко е да се даде една прецизна дефиниција. Основна карактеристика на овие посебни мерки е токму тајноста на прибирањето податоци. „Врз основа на така собраните податоци, безбедносните служби ја анализираат и ја проценуваат загрозеноста на заштитените добра и се преземаат превентивни мерки или ги упатуваат своите процени на доносителите на надворешно-политички и други државни одлуки“ (Милосављевић, 2008: 59–60).

Со анализа на домашното и паралелното законодавство, професор Милосављевиќ дава листа на најчестите пропишани потребни мерки за тајно собирање  податоци (Милосављевић, 2008: 63–64). Тие мерки се:

- тајна соработка со физички лица (доушници, информанти)
- собирање и откуп на тајни документи;
- увид во евиденцијата на лични и со нив поврзани податоци;
- оперативно навлегување во организации и групи (скриен иследник, инфилтрација);
- тајно следење и надзор на лица на отворен простор и на јавни места со користење  технички средства за фотодокументирање и снимање разговори;
- таен надзор, снимање и претрес на внатрешни објекти, затворени простори и предмети;
- таен надзор на содржината на писмата и другите средства за комуникација;
- прислушување, снимање и надзор на разговори, телекомуникација и други средства за пренос на податоци во земјата или од странство;и
- специјални мерки, односно доказни работи, за бор-

ба против организиран криминал и одредени тешки кривични дела (давање симулирани деловни услуги и склучување симулирани правни работи, контролирана испорака, сослушување сведоци-соработници).

Исто така, на наведениот попис додава уште три посебни овластувања, со кои не се собираат податоци, туку служат за реализација на мерките за собирање на податоци (Павловић, 2018: 119), а тоа се:

- пристап до сите места заради инсталирање уреди за надзор и снимање,
- користење лажен идентитет, документи и други мерки за прикривање, а во некои земји и шифри, односно специјален софтвер за таен пристап до базите на податоци и нивно копирање или менување и
- добивање информации од провајдери на телекомуникациските мрежи за корисници на нивните услуги, направената комуникација, локација на која таа се одвива и слично.

Во согласност со законските одредби, овие мерки најчесто можат да се применат заради две цели и тоа: за потреба за водење кривична постапка или поради заштита на националната безбедност.

## ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ/ПОЛИЦИЈА

Една од областите на општествените односи кои државата ги уредува (донесување прописи) и обезбедува (со спроведување на прописите) е и областа на јавната безбедност. Областа, односно секторот на јавната безбедност е дел од една поширока област со која е испреплетена, и тоа областа на безбедноста како целина во која спаѓаат и други сектори на безбедност, а не треба ни да се запостави ни приватната безбедност која, исто така, има свое место во вкупниот безбедносен

систем. Истовремено, јавната и државната безбедност, заедно со уште некои со закон утврдени работи на јавната управа, спаѓа во една, исто така, поширока област, и тоа во областа на внатрешните работи (Miletić, 2004: 7).

Различни се основите според кои некои прашања можат да се вклучат и да се уредат во рамките на областа на јавната безбедност. Како две најчести мерила се наведуваат органското и функционалното. Според органското мислење, сите прашања кои се однесуваат на надлежноста и делокругот на полицијата која е надлежна за јавната безбедност, со самото тоа се и прашања кои се класифицираат во областа на јавната безбедност, т.е. овозможуваат остварување на јавната безбедност, се класифицираат во областа на јавната безбедност, без оглед на тоа дали за тие прашања е надлежна полицијата или за нив е надлежен некој друг орган. Погледот од функционалниот аспект може да се смета за поисправен, но во законодавството и практиката се испреплетени и двете мерила. Причина за тоа е што неретко помеѓу поединечните области на општествените односи постојат само релативни граници (Miletić-Talijan, 2011: 9–10).

Според тоа, остварувањето на јавната безбедност е во интерес на сите луѓе, што неизбежно влијае на тоа дека кругот на прашањата од областа на јавната безбедност е многу широк. Гледано воопштено, можеме меѓу тие прашања да ги разликуваме оние кои се однесуваат на самата јавна безбедност, како и прашања кои се однесуваат на полицијата, т.е. на нејзината организација, дејност, надзор и контрола. Односно, доколку од вкупното безбедносно миље се издвеме јавната безбедност па ја сметаме за состојба која овозможува ефективна заштита на луѓето од опасност, неопходно е да се земе предвид дека таа состојба се одржува и евентуално се унапредува со извршување на работите на полицијата да ја заштити безбедноста на луѓето. Не само состојбата туку и безбедносната ситуација може да биде различна со оглед на степенот на заштитеност

на луѓето од опасноста, односно од загрозеноста на нивната безбедност. Односно, секој безбедносно релавантен настан предизвикува помала или поголема промена на безбедносната ситуација, при што треба да се има предвид фактот дека нема ниту е можно да се оствари апсолутна безбедност (Jovičić, 2011: 25).

Кај јавната безбедност треба да се разликуваат два појавни облика. Првиот во областа на јавната безбедност се манифестира јавен (општ) интерес кој се конкретизира преку остварување (зачувување, унапредување) на безбедноста на сите луѓе. Вториот е дека во областа на јавната безбедност се манифестира лична (индивидуална, поединечна) безбедност на човекот, како и неговата заштитеност од опасност, односно загрозување на животот, телесниот интегритет и имотот, и во врска со тоа, како негова сигурност во остварувањето на основните и другите лични слободи и права кои му припаѓаат (Miletić, 2004: 8).

Кога е во прашање опасноста која може да се закануваа на луѓето, независно од тоа дали се работи за безбедност на група или лична безбедност, потребно е да се разликува општата опасност од поединечните опасности. Општата опасност претставува ситуации предизвикани со природна катастрофа, несреќа или други инциденти т.н. вонредни ситуации, кои ги загрозуваат животите и здравјето на луѓето во поголем обем, а бараат учество на секој во нивното отстранување. Поединечни се сите други опасности, без оглед на тоа со што се предизвикани, кои ги отстрануваат надлежните органи и други заинтересирани субјекти. Кога се зборува за полицијата и нејзината улога, треба да се има предвид дека нејзината надлежност за заштита на безбедноста на луѓето од опасност подразбира дека на сите луѓе мора да се обезбеди еднаква заштита. Таа заштита се постигнува со остварување на јавната безбедност, т.е. со нејзиното зачувување и (или) унапредување во услови на нејзината релативно поволна или неповолна состојба,

заснована на постојано следење и оценување на таа состојба (Miletić-Talijan, 2011: 10–11).

Постојат многу карактеристики на јавната безбедност, во зависност од тоа според кои критериуми се разгледуваат тие карактеристики, но, секако, најзначајно е, посебно во контекст на разгледување на самата суштина и содржина на јавната безбедност, разгледувањето на карактеристиките на јавната безбедност во однос на самата безбедност. Тоа изгледа најлогично, посебно доколку се има предвид веќе спомнатото одредување на јавната безбедност врз основа на самиот поим на безбедност како повисок поим (но, не запирајќи се само на овој однос меѓу јавната безбедност и безбедноста, што, исто така, претставува и една диференцијална карактеристика на јавната безбедност). Во согласност со тоа, како карактеристика на јавната безбедност во однос на самата безбедност можат да се разгледуваат следните карактеристики (Ivetić- Miladinović, 2013: 23–24):

- Јавната безбедност претставува дел од безбедноста и се изведува од самата перцепција на безбедноста,
- Јавната безбедност е најконкретниот облик на безбедноста,
- Насочена е кон конкретна заедница (држава) и кон конкретни поединци (граѓани),
- Во потполност е регулирана со позитивното право на конкретната заедница,
- Граѓаните имаат увид и влијание на работата на субјектите на јавната безбедност,
- Работите од јавната безбедност најчесто ги спроведува полицијата (јавна безбедност).

Анализирајќи ги претставените карактеристики на јавната безбедност, се доаѓа до заклучок дека работите од јавната безбедност најчесто ги спроведува полицијата, односно, со други зборови, во областа на јавната безбедност полицијата

врши низа на различни работи, и тоа на различни начини (методи, мерки, работи, овластувања, средства) со цел да ја зачува и да ја унапреди јавната безбедност (Иветић-Павловић: 2015). Тоа е и разбирливо, доколку се имаат предвид надлежностите кои полицијата ги има во секое општество, а посебно овластувањето за примена на принуда, која е исклучиво во надлежност на полицијата. Меѓутоа, треба да се нагласи дека постои можност дел од работите од јавната безбедност да се делегираат на други субјекти на државата, што значи дека работите од јавната безбедност не се исклучиво врзани за полицијата. Тоа е резултат на различни историски, меѓународни, моментални општествено-политички или други околности кои условуваат различни поделби на работите на јавната безбедност помеѓу поединечните субјекти во општеството. Меѓутоа, без разлика на тие можности, па и на фактичката институционализација на преносот на надлежностите од јавната безбедност на другите субјекти надвор од полицијата, најголемиот опсег на содржината на јавната безбедност, сепак, е врзан за полицијата (Потребно е да се истакне дека надзорната, контролната и инструктивната функција врз така делегираните или делените работи и понатаму е во надлежност на полицијата. Типичен пример на наведеното претставува дел од содржината од доменот на приватната безбедност, а посебно од доменот на детективската дејност.).

Во врска со тоа, полицијата би требало да се гледа како функционално (а не организациски) поврзана служба во едно општество, со оглед на многубројните институционални варијации при организацијата на полицискиот систем во општеството, кои можат да бидат централизирани, децентрализирани, единствени или мултиагенциски.

Своите работи полицијата ги врши во име и за сметка на државата, а полициските работи претставуваат посебен потсистем на државната управа по пат на кој државата врши дел од својата власт. Како еден дел од државната управа, по-

лицијата ги има обележјата кои се својствени на сите органи на државната управа, но и некои обележја кои се посебни за неа. Како прва особеност на полицијата се истакнува тоа што заштитата на општиот, односно јавниот интерес во областа на безбедноста е конкретизиран токму како заштита на јавната безбедност, односно на човековите права и безбедноста на граѓаните. Таа заштита го карактеризира целокупното дејствување на полицијата и е посебно обележје на полицијата. Втора особеност на полицијата произлегува од самата нејзина дејност. Имено, иако ја сочинува широк спектар на полициски работи, во суштина дејноста на полицијата е единствена. Односно, иако полициската активност е повеќеслојна и ја сочинуваат повеќе групи работи кои се вршат, секоја во посебен правен режим, се смета дека со вршење на различни активности полицијата придонесува во остварувањето на функцијата на власта на државата, т.е. управната, судската и законодавната. Од сето ова произлегува дека, иако е државен орган на управата, полицијата врши само еден дел од работите кои се сметаат за управни работи, додека значаен дел од работите кои таа ги врши имаат кривичен, прекршочен и нормативен карактер (Miletić, 1997: 140–145).

Под дејност на полицијата, инаку, се подразбира вкупноста на примена на сите овластувања и вршењето на сите работи на полицијата, кои произлегуваат од претходно утврдени, односно пропишани надлежности и делокруг на полицијата, кои токму ги сочинуваат истите овластувања и работи. Имено, овластувањата и работите на полицијата најпрво се утврдуваат, т.е. се пропишуваат, така што ги сочинуваат надлежностите и делокругот на полицијата, а потоа се применуваат, т.е. се вршат. Најопшто кажано, дејноста на полицијата претставува динамички израз на надлежноста и делокругот, кои се целина на овластувања и работи на полицијата. Притоа, дејноста се врши во согласност со прописот, а делокругот е самиот пропис (Miletić-Jugović, 2009: 135).

Во согласност со тоа, под делокруг се подразбира организациска категорија со која се означува рамка на дејствување на органот, област или група на работи кои конкретниот орган или организација ги извршува. Делокруг е поширока категорија од надлежност, па значи дека од доменот на делокругот се одредува и надлежноста на органите. И токму преку одредување на делокругот на органите се врши разграничување на работите кои ги вршат органите (Jovičić, 2011).

Од друга страна, под надлежност најчесто се подразбира: утврдена рамка на вршење на власта на некој орган во состав на една организација; збир на конкретни права и должности на сите органи на една организација или заедница, како и основа за овластувања и нивниот израз и збир. Самиот факт дека постои организација и помал или поголем број на нејзини органи (организациска единица) неизбежно води до потребата за уредување на нивната надлежност. Како најважна поделба на надлежноста се истакнува онаа на месна и стварна надлежност. Месната надлежност покажува на кој дел од територијата државниот орган ја врши власта, додека стварната надлежност се одредува спрема природата и видот на работите кои некој орган ги врши, односно покажува вид на дејствување, количина и својство на власта. Значи, надлежноста е збир на конкретни права и должности на една организација (Baruh, 1966: 702).

Со оглед на тоа дека не би можела да се даде една, универзална дефиниција на полицијата, која би била прифатлива за сите правни системи, исто така, не постои можност за универзално одредување на нејзината дејност. Имено, овластувањата, задачите, работите и активностите, а во согласност со тоа и дејноста на полицијата во различни земји покажуваат голема разновидност. Меѓутоа, и покрај тоа, можно е да се определат условно неколку основни групи на работи на полицијата во кои би можеле да се вклучат различни задачи кои таа ги спроведува. Притоа, треба да се има предвид дека сите овие работи, како и задачи во рамките на овие групи на работи се

меѓусебно испреплетени, па така меѓу нив постои слаба граница (Miletić, 2000: 3–4).

Така, со анализа на правниот поредок може да се уочат пет групи на работи на полицијата, а тоа се:

- заштита на безбедноста на државата;
- заштита на човековите права и безбедноста на граѓаните;
- спречување (превенција) и сузбивање (репресија) на криминалот;
- заштита на јавниот ред и мир;
- управни внатрешни работи.

Во овие основни групи на работи можат да се разделат и соодветни делови на групи на работи, т.е. поединечни задачи, а кои се однесуваат на: обезбедување на јавните собири; обезбедување одредени личности и објекти; остварување на безбедносната положба на странците; контрола на оружјето и муницијата; контрола на експлозивните и другите материи; заштита од пожар; одлучување за државјанство; евиденција и контрола на престојувалиште и живеалиште; одредување единствен матичен број; издавање лични карти и патни исправи и др. (Спореди: член 1 од Европскиот кодекс на полициската етика. Recommendation Rec(2001)10 of the Committee of Ministers to member states on the European Code of Police Ethics *(Adopted by the Committee of Ministers on 19 September 2001 at the 765th meeting of the Ministers' Deputies)* with Appendix to Recommendation Rec(2001)10 on the European Code of Police Ethics and Explanatory Memorandum).

Исто така, од правниот поредок на другите земји (Во својата студија од 1979. година, Д. Бејли уочува 25 работи и задачи кои полицијата во земјите на Западна Европа и Северна Америка во тоа време ги врши, Bayley, 1979: 111–112), а првенствено евроконтиненталните, би можело да се изведе заклу-

чок за постоење пет основни групи на работи. Првата група на работи ги опфаќа т.н. разузнавачки активности; втората група на работи опфаќа спречување, т.е. превенција на криминалот, како и другите деликти; третата група на работи опфаќа сузбивање, т.е. репресија на криминалот; четвртата група на работи опфаќа одржување на јавниот ред; конечно, петтата група на работи ги опфаќа административните должности, а што одговара на управните внатрешни работи кај нас (Miletić, 2000: 5-6).

Наведените работи на полицијата се главно безбедносни и оперативно стручни, додека другите се внатрешни работи кои ги вршат главно управните и стручните (неуправните) работи на управата кои индиректно имаат придонес кон безбедноста. По ова разликување, работите за одржување на јавниот ред и мир се, на пример, безбедносни и во функционална смисла спаѓаат во работи од јавната безбедност. Спротивно на нив, работите за издавање лични карти или патни и други исправи се, на пр., управни внатрешни работи, но се индиректно и безбедносни, т.е. придонесуваат кон остварување на јавната безбедност. Конечно, безбедносната полиција нужно врши и некои работи кои не би можеле да се стават во ниту една од претходните две групи, како што се работи на аналитика, информатика, комуникација, персонални, материјално-финаниски и други. Тие работи, по правилно, не се со закон, туку се со актот за внатрешна организација ставени во делокругот на полицијата. Суштински, се работи за придружни работи на работите од првите две групи, т.е. работи на систематска поддршка на полицијата на јавната безбедност (Miletić-Talijan, 2011: 11-12).

Во вршење на наведените работи полицијата располага со законски утврдени овластувања што можат да се применуваат единствено под услови и начин на кои се пропишани. Според тоа, со законот, во согласност со уставот, се ограничени и средствата и условите за полициска интервенција со која се задира во поединечни човекови права. Оваа ограниченост

на полициското дејствување претставува, всушност, баланс помеѓу државната принуда и индивидуалните права (Miletić-Jugović, 2009: 140-141).

## ОСТАНАТИ ДРЖАВНИ ОРГАНИ СО ОВЛАСТУВАЊА

Важењето на законодавството со кое се утврдуваат овластувањата на полицијата и режимот на вршење на полициските работи е проширено и на други поединечни државни органи во службата. Меѓу останатите државни органи кои имаат право да носат оружје и да вршат поединечни полициски овластувања спаѓаат: судската стража и службата за извршување на затворските санкции, царинските органи, даночната полиција (Savković, 2009). Покрај наведените државни органи, исто така, одредени припадници на органите на градската управа, т.е. комуналните полицајци во вршењето на работите од својата надлежност имаат одредени полициски овластувања. Посебен предизвик, од аспект на задирање во човековите права, претставува фактот што со матичниот закон само се пропишани овластувањата на секој од наведените органи, додека во врска со нивната примена се упатува на полициските прописи со кои таа материја се регулира (Павловић, 2018: 120).

Така, на пример, со законот за царина, на овластените царински службеници во Царинска служба им се даваат овластувања да носат оружје и муниција, како и право тоа оружје да го употребат под услови и на начин пропишани за овластените службени лица на полицијата. Исто така, им се даваат овластувања за запирање, преглед и претрес на возила на целото царинско подрачје.

Понатаму, со Законот за даночна постапка и администрација се утврдуваат овластувања на Даночната полиција, кои речиси се еднакви со овластувањата на криминалистичката полиција во предистражна постапка, освен она кое се одне-

сува на ограничувањето на слободата на движење (Батарило, 2008). Заради откривање на даночните кривични дела и неговите извршители, Даночната полиција, во согласност со одредбите на законот со кој се уредува кривичната постапка, може: да го повикува и да го сослушува осомничениот вклучувајќи го и неговото принудно доведување, понатаму пред поведување на кривичната постапка да се изврши претрес на стан, деловни или други простории, превозни средства и лица кога постојат основи на сомневање дека е извшено даночното кривично дело, па така да се изврши и привремено одземање на предметите кои можат да послужат како доказ во кривичната постапка за докажување на постоење на даночните кривични дела.

Понатаму, Управата за спречување на перење пари претставува своевидна „финансиско-разузнавачка служба во состав на Министерството за финансии и стопанство, чија основна мисија е борба против перење пари и финансирање на тероризмот. Врз основа на пријава на обврзниците (претставници од финансиски и нефинансиски сектор, кои се должни да ги применуваат прописите за спречување на перење пари), па на иницијатива на некој од државните органи (судови, обвинителство, Агенција за приватизација, Комисија за хартии од вредност и др.) или на сопствена иницијатива, Управата ги анализира податоците за сомнителните трансакции и лицата, собира дополнителни информации и, доколку утврди дека во дадениот случај постои основано сомневање дека е извршено перење пари или финансирање тероризам, податоците за тоа ги проследува на надлежните органи, првенствено на обвинителствата и полицијата. Управата учествува во различни облици на меѓународна соработка и разменува финансиски разузнавачки податоци со сродните институции во светот“ (Милосављевиħ и др., 2012: 46). Управата во својата надлежност го има спроведувањето на Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризмот.

Професор Милосављевиќ нагласува дека на овие органи заради откривање и спречување на царинските и даночните прекршоци и кривични дела, односно за подигнување на нивото на подготвеност на даночните и царинските органи за борба против прекуграничното шверцување, корупцијата, даночното затајување, перењето пари и слични појави, доделени им се и овластувања, како што се собирање лични и други податоци потребни заради водење на постапката, отворање на поштенските пратки и преземање други посебни работи (Милосављевић, 2008: 65). Исто така, поединечни посебни доказни дејствија можат да спроведуваат и други органи ако за тоа се овластени со закон, а, исто така, и доколку ги одреди обвинителот. Така, на пример, компјутерското пребарување на податоци можат да го вршат двата наведени органа.

Овластувањата за постапување на припадниците на Судската стража и Службата за извршување на законските санкции се уредуваат со посебни закони (на пр., Закон за уредување на судовите и Закон за извршување на кривичните санкции), а во основа се уредени според полициското законодавство. Начинот на кој припадниците на наведените служби ги употребуваат средствата за принуда во основа го следи начинот на кој ова прашање е уредено кога станува збор за полицијата (Milosavljević, 2009: 220).

Исто така, овластувањата на припадниците на комуналната полиција се уредени со посебни закони, и тоа со Законот за комуналната полиција. Со овој Закон се пропишани овластувањата кои им стојат на располагање на комуналните полицајци во вршење на работите од делокругот на комуналната полиција, вклучувајќи ги и овластувањата за употреба на одредени средства за принуда. Од средствата за принуда припадниците на комуналната полиција се овластени да употребуваат физичка сила, службена палка и средства за врзување, и тоа на начин утврден со Законот за полиција (Павловић, 2018: 122).

Давањето полициски овластувања, а со тоа и можност за задирање во човековите права, на други државни органи без поконкретно законско одредување на начинот на нивно спроведување во најмала рака е спорно. Поради тоа постои потреба, најпрво од прецизно одредување на овластувањата кои можат да се применуваат, понатаму потреба за подетално уредување на овластувањата за примена на принуда, но и други методи и средства за работење со кои овие органи можат да задираат во човековите права, и конечно, потреба за изградба на ефикасни контролни механизми, како внатре во овие органи, така и оставање можност за нивна контрола од страна на надворешни субјекти (Павловић, 2018: 122).

## ПРИВАТНА БЕЗБЕДНОСТ

Во литературата се разликуваат два основни пристапа во дефинирање на приватниот сектор за безбедност; поширок и потесен. Во согласност со поширокото одредување, приватниот сектор за безбедност би можел да се дефинира како збир на организирани облици на дејствување на доброволниот и комерцијално насочениот недржавен персонал, чија примарна дејност вклучува и спротивставување на криминалното однесување.

Така дефинираниот приватен сектор на безбедност го сочинуваат: 1) доброволното граѓанско учество; 2) приватното обезбедување и 3) приватната детективска активност. Во потесна смисла, овој сектор би можел да се дефинира како збир од законски втемелени активности од професионален тип, надвор од рамките на надлежноста на државните органи, кои се организирани заради давање одредени услуги за заштита на личната и имотната сигурност на граѓаните и собирање информации по нарачка. Во вака одредениот поим се вклучени: 1) договорното обезбедување – дејноста на приватни претпријатија и агенции специјализирани за давање физичко-тех-

ничко обезбедување на договорна основа; 2) внатрешно (сопствено) обезбедување и 3) приватна детективска дејност (Kesić, 2009: 11–12).

Дефиницијата на приватната безбедност која ја предложи А. Кржалиќ гласи: „Приватната безбедност е гранка на безбедноста која со организирано самостојно или со заедничко систематско и планско дејствување по пат на поединци, организации, приватни или професионални компании, обезбедува лична заштита или заштита на другите, како и заштита на соодветни високопозиционирани личности, простори, работење, а кои не се во надлежност на државните органи" (Kržalić, 2009: 10).

Во согласност со ова, терминот приватна безбедност може да има двојно значење. Може да означува давање услуги на безбедност кои ги вршат претпријатијата во приватна сопственост или самите тие услуги, односно работи на безбедност кои се вршат по барање на приватните лица или организациите во приватна сопственост. Меѓутоа, не е исклучена можноста одредени државни органи да ангажираат приватно претпријатие за давање одредени безбедносни услуги, па на тој начин се проширува и самиот поим.

Во најширока смисла, *поимот приватна безбедност би можел да ги означува сите безбедносни дејности кои не ги врши државата и нејзините органи,* додека *приватниот сектор за безбедност би ги опфаќал приватните претпријатија кои даваат услуги на безбедност и/или производи наменети за безбедност.*

За приватниот сектор за безбедност може да се каже дека настанал со трансформација на класичниот модел на заштитна функција на државата. Функцијата, сложеноста на работите и задачите на овој сектор, се огледуваат низ мноштво карактеристики, од кои некои се иманентни само за него. Карактеристиките на приватниот сектор за безбедност подразби-

ра дека тоа е (ULB, UNI-Europa and CoESS, 2004: 12–13):

- Сектор кој го карактеризираат мноштво поддоговори;
- Конкурентен сектор. Конкуренцијата во овој сектор е многу остра. Договорите за давање безбедносни услуги најчесто се склучуваат по системот на најповолна (најевтина) понуда, отколку по системот на најдобра понуда, односно онаа понуда која гарантира висок квалитет на услуга, добри работни услови, во склад со колективните договори, важечките закони, должности и одговорности кон клиентот. Нелојалната конкуренција, која е евидентна, аматеризмот во работењето, илегалната практика и др., ја расипуваат сликата за приватниот сектор за безбедност и имаат негативно влијание врз него;
- Флексибилен сектор. Приватниот сектор за безбедност дава услуги 24 часа дневно и седум дена во неделата и е во состојба да одговори на различни барања на клиентот. Овој вид на флексибилност се огледува на различни начини, на пр., во бројот на работници – што е поврзано со способноста на компанијата да вработи онолку работници колку што бараат различните ситуации за кои таа е одговорна. Понатаму, флексибилно работно време, односно нестандардни норми на работно време; се мисли на постојаната готовност, прекувремена и ноќна работа, работа за викенд и др., флексибилност во можностите за вршење задачи кои мораат да ги спроведат работниците. Имено, тие мораат да бидат способни во секој момент да се приспособат на потребите на претпријатието и клиентот со цел да ги исполнат нивните различни непредвидливи барања. Претпријатијата сè повеќе се потпираат на работниците кои покажуваат иницијатива во оваа смисла;
- Сектор кој сè уште е потценет. Приватните компании кои даваат безбедносни услуги помагаат во тоа јавните места да бидат уште посигурни и имаат придонес во

создавање безбедно општество во целина, така што јавните и приватните слободи и права можат да се уживаат без ограничувања. Меѓутоа, овој придонес сè уште не се забележува во целост. Ова потценување на приватниот сектор за безбедност се рефлектира во извесна мера како игнорирање и недостиг на признавање на работата која ја вршат овие претпријатија и нивниот персонал, а што може да има негативни импликации за сликата во целокупниот сектор. За овој сектор да го добие признанието кое го заслужува, потребни се иницијативи кои ќе ја зголемат свеста за улогата која приватниот сектор за безбедност ја има во општеството и проекти кои ќе ја подобрат сликата за него.

Во практиката, широкиот спектар на луѓе, организацијата и активностите можат да бидат вклучени во давањето воени и безбедносни услуги, како дома така и во странство. Меѓутоа, во стручната литература приватните претпријатија кои даваат безбедносни услуги најчесто се делат според видот на безбедносните услуги кои ги даваат и типот на внатрешната организација, на приватни воени (*Private Military Companies*) и приватни безбедносни (*Private Security Companies*) компании. Некои автори на оваа поделба ги додаваат и платениците. Меѓутоа, често приватните компании кои даваат безбедносни услуги ја комбинираат својата работа во повеќе области, па така повеќето автори кога зборуваат за приватниот сектор за безбедност ги подразбираат и првите и вторите, и ги означуваат како приватни воено-безбедносни компании (*Private Military-Security Companies - PMSCs*). Приватните воени и приватните безбедносни компании заедно можат да се дефинираат како компании кои работат на комерцијална основа, директно даваат воени и безбедносни услуги за профит (Schulz-Yeung, 2005: 1–3).

Питер Сингер, исто така, не прави разлика помеѓу приватните воени и приватните безбедносни претпријатија, па така го користи терминот приватни воени фирми (*Private Military Firms*), опфаќајќи ги на тој начин двата вида компании.

Приватните воени фирми се, според негово мислење, приватни работни ентитети кои им нудат на клиентите широк спектар на воени и безбедносни услуги (Singer, 2003: 8).

Меѓутоа, потребно е да се направи разлика меѓу овие два вида компании. Наједноставниот начин да се разликуваат овие два вида компании, како што во стручната литература често се наведува, е да се утврди дали приватните компании дејствуваат офанзивно или дефанзивно. Имено, за приватните воени компании се истакнува дека тоа се компании кои офанзивно или активно дејствуваат, додека приватните безбедносни компании дејствуваат дефанзивно или пасивно. Значи, за да може да се одреди кои вршители го сочинуваат приватниот безбедносен сектор, па така да се утврдат разликите меѓу нив, терминот приватни воени претпријатија би требало да се сочува за оние претпријатија кои учествуваат активно во борбените операции и кои имаат опрема, обука, луѓе и хиерахија слична на државната армија. За овие претпријатија најчесто се зборува и кога се спомнува приватизацијата на безбедноста и тие во последно време често се појавуваат во војните во Ирак, Авганистан и Украина, како и на други места зафатени со конфликти. Со терминот приватни безбедносни компании би требало да се означат оние субјекти кои легално даваат заштитни услуги и кои, за разлика од првите, се многу честа појава во стабилните земји, кои се регулирани и контролирани на сличен начин како и некои други деловни компании (Brooks-Rathgeber, 2008: 18). Најчестите услуги кои овие компании ги даваат се физичко и техничко обезбедување на лица, имот и објекти, во претходно неконфликтни подрачја. Нивната опрема и обука се разликуваат од опремата и обуката на припадниците на приватните воени компании (Nikač-Pavlović, 2012).

Приватните безбедносни компании би можеле да се дефинираат како јасно структурирани и хиерархиски устроени регистрирани корпоративни асоцијации кои даваат услуги од безбедносен карактер, натпреварувајќи се за добивање рабо-

та со други такви компании на пазарот. Пониските стандарди, како и помалку ризичната работа, влијаат на тоа цената на работата да биде пониска во однос на приватните воени претпријатија, што оваа професија ја прави помалку привлечна.

Приватните безбедносни компании се дефинираат и како компании кои се специјализирани за давање безбедносни услуги и заштита на луѓето и имотот. Ова значи дека нивните вработени не мора да бидат наоружани, поради тоа и се вели дека нивните услуги повеќе се од дефанзивна отколку од офанзивна природа (Schulz-Yeung, 2005: 1–3).

Услугите кои ги нудат овие компании се: физичка заштита, техничка заштита, детективски услуги, стручно советување, обука и тренинг на полициски единици, разузнавачка дејност, заштита на високоризични објекти и постројки, осигурување конвои на хуманитарна помош и превоз на стока, лична безбедност за ВИП личности, логистичка поддршка и др. (Kržalić, 2007: 20).

Тоа се компании чија цел е остварување профит и давање услуги кои се однесуваат на заштита на луѓето и имотот, пред сè, во неконфликтни подрачја и се многу честа појава во современите држави.

Најчесто можат да се поделат на три вида компании, иако оваа поделба може да се разгледува условно, со оглед на тоа дека повеќето приватни безбедносни компании ја комбинираат својата работа, односно ги даваат сите наведени видови услуги, а тоа се:

- компании за физичко обезбедување,
- компании за техничко обезбедување и
- компании кои даваат услуги на истрага и анализирање на ризикот, односно приватни детективски компании.

## ФИЗИЧКО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ

Компаниите за физичко обезбедување се најголемата и највидливата компонента на приватните безбедносни компании. Физичкото обезбедување претставува збир на оперативни и тактички мерки, работи, средства и сила на заштита на луѓе, личности на одредени функции, простори и објекти од посебно значење. Тоа е еден вид обезбедување кое го вршат за тоа посебно обучени и оспособени кадри, а може да биде јавно, тајно и комбинирано. Кај позначајните објекти се комбинира со мерките и средствата на техничкото обезбедување – со примена на алармни средства, електронски и механички уреди за заштита (Bošković, 1999: 376–377).

Физичкото обезбедување организациски најчесто се поставува во облик на служба за физичко обезбедување (раководен кадар и непосредни извршувачи), кое се состои од одреден број работници кои поседуваат оружје и опрема, а чија цел е обезбедување лица и компании со сите нивни вредности и интереси. Физичката заштита, во согласност со ова, претставува заштита на луѓе и имот од уништување, оштетување, кражба и други облици на дејствување кои се опасни или штетни по животот и имотот на претријатието.

Три основни организациски облици на службата за физичко обезбедување се (Ivetić-Pavlović, 2015):

- сопствена служба за физичко обезбедување (служба за физичко обезбедување како организациска целина на претпријатието, односно установата),
- ангажирана служба за физичко обезбедување (служба за физичко обезбедување која ја изнајмуваат претпријатијата специјализирани во оваа област), и
- комбинирана служба за физичко обезбедување (делумно сопствено, делумно изнајмена служба за физичко обезбедување).

Исто така, постојат три основни облици на дејствување на претпријатијата за физичко обезбедување, и тоа: обезбедување со постојана физичка заштита, обезбедување со патрола во движење и оперативно обезбедување.

Физичкото обезбедување со непосредно присуство претставува еден од основните модалитети на работење на обезбедување лица и имот. Класичната функција на постојаната физичка заштита е превенцијата. Со присуството напаѓачот се одвраќа од загрозување на лицата и имотот кој се обезбедува. Се презема во случај на постоење умерена или сериозна закана, а може да се користи и кај мала закана со изрично барање од личноста која се обезбедува.

Работникот на обезбедувањето непосредно го чува и го контролира просторот или објектот врз основа на план на обезбедување, спречува влез на неовластени лица во објектот или просторот кој го чува и ги употребува средствата за техничка заштита на објектот.

Исто така, непосредно врши физичка заштита на објектот, собира безбедносни сознанија на работното место во врска со заштитениот објект, врши надзор врз влезовите на објектот, врши легитимирање, односно спречува пристап на неовластени лица во непосредна близина на заштитениот објект, води потребна евиденција, составува соодветни извештаи и врши и други работи.

Специфично за физичкото обезбедување со непосредно присуство е тоа дека работникот мора да биде видлив или барем едниот дел од работниците во обезбедувањето да бидат видливи, додека останатите можат да бидат прекриени или да престојуваат во посебна просторија или во објектот.

Обезбедување со патрола во движење е карактеристично за постоење мали закани кога се смета дека со повременото

надгледување би се постигнал ефектот на квалитетна заштита. Во обезбедување на објекти, патролата е воведена како:

- интервенција – за итно излегување на терен, снимање на состојбата, известување од лице место, приведување, обезбедување докази итн. и
- мера на заштита – покривање на повеќе објекти со помалку сила.

Предности на патролата се: подвижност, брзина, работа на длабинско обезбедување, вклучување патроли во оперативното обезбедување, давање помош на непосредното физичко обезбедување. Недостатоците се тоа што не се покриени со заштита 24 часа, можна е голема оддалеченост меѓу објектот, слаба прегледност од автомобил и слично.

Поради тоа, на патролата најчесто ѝ се издава план на движење со назначено време на задржување на поединечни објекти. На тој начин рамномерно се покриваат сите објекти во текот на 24 часа. Работниците во патролата со непосредно присуство или надгледуваање остваруваат увид во состојбата на безбедност и спречуваат приод на неповикани лица до објектот, па така вршат контрола на безбедноста на сите објекти со план за надгледување. Со доаѓање во заштитениот објект, преземаат обврски како и работниците на непосредно физичко обезбедување.

Конечно, оперативното обезбедување по правило го врши лидер на тимот, но можат да бидат и работниците на физичкото обезбедување кога им е дадено да вршат повеќе оперативни работи на терен. Просторот на оперативното обезбедување покрива поширок простор околу заштитениот објект, покривајќи населби и улици, автобуски и железнички станици, пазари, трговски центри и други простори. Со оперативното обезбедување се собираат податоци кои се битни за обезбедување лица и имот.

Таквите информации се доставуваат на други надлежни тела кои понатаму постапуваат и врз основа на нив се врши процена на безбедносната ситуација со оцена на загрозеност.

Кај нас се користат сите овие модалитети на физичкото обезбедување, т.е. се врши користење услуги на специјализирани компании за давање физичка заштита. Исто така, се организираат сопствени служби за обезбедување, што е најчест и најприфатлив облик на организирање на безбедносните служби, посебно за поголемите претпријатија, па така се организираат заеднички служби за обезбедување повеќе претпријатија кои се сместени во иста зграда или се во објект кој се наоѓа во непосредна близина.

Инаку, работите на физичко обезбедување можат да се поделат во четири групи и тоа: заштита на лица и имот; транспорт на пари и останати вредности; лична заштита на лица (bodyguard) и обезбедување собири (Bošković-Keković, 2003: 29).

## ТЕХНИЧКО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ

Компаниите за техничко обезбедување се компании кои се занимаваат со вградување и одржување на системите за техничка заштита. Некои од тие системи се врзани со инсталирање аларм, уред за брза реакција, заштита, контрола на пристап и слично. Според ова, техничкото обезбедување подразбира механичка и електронска заштита на лица и имот, а најчесто е организациско поставено во рамките на службата за обезбедување во оние претпријатија каде е организирано (Ivetić-Pavlović, 2015).

Значи, под техничко обезбедување и заштита на лица и имот се подразбира обезбедување кое се остварува со технички средства и уреди чиј вид, намена, квалитет и примена се одредуваат со посебни прописи. Притоа техничкото обезбедување се врши на подрачје на простор или објект кој се обезбедува, во придружба и обезбедување при превоз на лица

кои непосредно се обезбедуваат, потоа при транспорт на пари, вредносни хартии, благородни метали и други вредности по барање на заинтересирани странки.

Односно, техничко обезбедување претставува заштита и спречување на неовластен пристап до лице или објект, документ, средство и слично, со помош на употреба на технички средства и опрема. Неговата појава е разбирлива во ерата на техничко-технолошки достигнувања и, секако, има придонес за ефикасноста на системот воопшто. Меѓутоа, тоа не значи намалување на улогата на физичкото обезбедување. Човекот управува со техничките средства за заштита, а во моментот на настанување на опасноста или услови за нејзино изразување активира и презема мерки за спречување или отстранување на опасноста (Bošković-Keković, 2003: 29).

Средствата и опремата за техничко обезбедување можат да бидат механички, електронски или комбинирани, кои најчесто се употребуваат. Механичките средства се различни видови огради, рампи, специјални градежни конструкции, каси, трезори и сл. Различните облици и видови, т.е. системи на електронски уреди и опреми овозможуваат: непрекинат надзор врз објектот за обезбедување од едно место, поекономично ангажирање  обезбедување, реконструкција на настани, откривање на неовластено лице или недозволена состојба, постигнување психолошки ефект во превентивна смисла, овозможување контрола врз работата на службата за обезбедување, подобра контрола на внес на експлозивни или други опасни материи, побрзо откривање на провални, препадни и диверзантски средства, пожари и сл.

Изборот на техничките средства и системи кои ќе се применат во конкретната заштита на одреден објект, во прв ред зависи од безбедносната процена, односно од процена на загрозеноста и пропишаниот степен на заштитеност на објектот. Притоа, мора да се земат предвид следниве околности: вид, намена, големина и изглед на објектот; режим на работа и начин на користење на објек-

тот; опрема, предмети и документи кои се наоѓаат во објектот или ќе се наоѓаат и степен на ризик од нивно оштетување, отуѓување или уништување. На изборот на техничкото обезбедување можат да влијаат и следниве фактори (Ivetić-Pavlović, 2015):

- Физичка природа на објектот (на пр., положба, близина на други поважни воени или други објекти, материјали (од кои се изградени), големина, план на зградата и друго);
- Активност која се изведува во објектот или околу него;
- Природа на моменталниот и околниот амбиент (на пр., топографија, клима и временски услови);
- Можност за закана (на пр., криминал или тероризам);
- Досегашно искуство во врска со работата на безбедносната заштита, како и филозофија на сопственикот на објектот, односно менаџментот.

Во согласност со европските стандарди, степенот на загрозеноста, а со самото тоа и нивото на заштита на објектот можно е да биде во повеќе категории – од минимум (што е најчест облик на заштита за куќите и становите), до највисок степен на заштита, кој се применува во нуклеарните центри и сл. Во секој случај, употребените средства мора да бидат сигурни, брзи во пренос на информациите и заштитени.

Во согласност со тоа, за системи на техничка заштита се сметаат системи кои се изведени, одржувани и сервисирани во согласност со подзаконската регулатива. Станува збор за системи за физичко спречување на недозволен пристап до објектот (специјални огради, рампи, барикади, сите видови брави, непробојни стакла и др.) и електронски безбедносни системи. Со оглед на тоа, техничкото обезбедување се однесува на електронските системи, системите на затворена телевизија, системите на контрола и надзор врз пристапот и влезот во објектот и електронските системи кои ги исполнуваат специфичните барања на корисникот.

Спроведувањето на техничка заштита, меѓу останатото, подразбира: изработка на процена за загрозеност на објектот кој се штити; изработка на безбедносен елаборат; дефинирање на проектната задача; проектирање на системот за техничка заштита; изработка на систем за техничка заштита; стручен надзор врз изведување на работите; вршење технички преглед и прием на системите за техничка заштита и одржување и сервисирање на системите за техничка заштита (Mandić, 2004).

Во литературата најчесто се истакнуваат следниве содржини на техничките компоненти на системите за безбедносна заштита на лице и имот: природни, физички пречки и бариери; механичка заштита; електронска заштита – алармни системи (алармни централи, сензори, сирени, магнетни контакти, дојави на аларми); системи на затворени телевизии – CCTV; системи за контрола на пристап и детекција; системи за контрола на надзор врз објектот; систем за електронски средства за надзор; системи за заштита од електронска шпионажа и интегрирани системи за заштита (Simić-Bošković, 1995).

## ДЕТЕКТИВСКИ РАБОТИ

Детективската дејност како облик на севкупна истражувачка или откривачка дејност е стара колку и вкупната дејност на полицијата во областа на нејзиното дејствување. Приватната детективска дејност претставува еден специфичен вид на приватно безбедносно ангажирање на одредени лица во согласност со законските норми кои ја регулираат детективската дејност и другите позитивни правни норми кои се применливи на детективската дејност (Bošković, 2006: 21).

Оваа дејност, како и сите останати дејности на приватниот сектор за безбедност, спаѓа во комерцијални работи и се одвива надвор од полициската дејност, а со договор можат да бидат опфатени само оние работи кои се законски дозволени. Во

согласност со тоа, приватните детективи (детектив – лат. *detegere* да се открие, анг. *detective*, затајувач, службеник кој ги открива злосторствата и неговите извршители, таен полицаец. приватен детектив – лице кое, по нарачка за награда, потајно ја надгледува работата на одредени личности), претставуваат едни од субјектите на приватниот сектор за безбедност (Pavlović, 2008).

Зборувајќи генерално за природата на работата на приватните детективи, во најопшти црти може да се каже дека нивната работа се однесува на пронаоѓање и анализирање на информациите за потреба на нивните клиенти. Собраните информации можат да бидат правни, деловни или од лична природа. Клиенти на приватните детективи можат да бидат граѓани на кои им се потребни одредени информации до кои приватниот детектив може да дојде со својата работа. Покрај тоа, приватните детективи собираат информации за потребите на адвокатските канцеларии или деловните компании. Во одредени земји приватните детективи собираат информации за потребите на државни институции. Тие нудат различни услуги, како што се собирање информации и докази во кривични и граѓански предмети, ја проверуваат валидноста на барањето за парични надоместоци врз основа на осигурување, злоупотреба на правото на боледување и други облици на измама. Приватните детективи собираат и податоци во врска со старателство, пронаоѓаат исчезнати лица, врачуваат судска пошта на лицата кои избегнуваат врачување, собираат информации за деловните партнери и претпријатија, проверуваат податоци за лица кои аплицираат на одредена работна позиција, собираат информации и докази во врска со кражба на авторски права и сл. (Vejnović i dr., 2008: 14–15).

Приватните детективи мора да бидат оспособени за детективската работа. Во светот, главно, практиката е детективите да имаат дозвола за работа од надлежна институција. Голем број детективи имаат универзитетско образование и претходно искуство во агенциите за спроведување закони. Детективите кои немаат претходно искуство, го стекнуваат во текот на работењето. Оние кои работат за компании кои се занимаваат со финансиски истра-

ги, главно, завршуваат курсеви за работење, менаџмент или различни финансиски прашања. Приватните детективи кои се специјализирани за компјутерска форензика мора постојано стручно да се усовршуваат во согласност со напредувањето на компјутерската технологија. Новите знаења и вештини приватните детективи ги стекнуваат на стручни конференции или на специјалистички курсеви кои ги организираат професионални здруженија. На пазарот е во пораст побарувачката за услугите кои ги нудат приватните детективи. Причините за тоа се зголемените безбедносни ризици, како што е пораст на криминалитетот, посебно различите видови измами и кражби преку интернет (Vejnović i dr., 2008: 17).

Со оглед на кажаното, може да се заклучи дека приватните детективи имаат различни улоги во превенцијата и детекцијата на криминалитетот, од тајни задачи и надзор, до измами со осигурување и ситни кражби во супермаркетите. Оваа компонента е најмалку видлива, но веројатно е најпроблематична и потенцијално опасна за државата.

**ПРАШАЊА ЗА ДИСКУСИЈА:**

Која е улогата на Армијата во безбедносниот систем?

Кои ги сочинуваат безбедносните служби?

Дефинирајте го одделот за јавна безбедност

Кои државни органи имаат посебни овластувања?

Што опфаќа приватната безбедност?

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ЗА ПОГЛАВЈЕТО

Томић, З., 1998, *Управно право – Систем*, Треће новелирано и проширено издање, Београд, Јавно предузеће Службени лист СРЈ; Кунић, П., 2006, *Управно право*, Бања Лука, Правни факултет и Висока школа унутрашњих послова; Хаџић, М., Милосављевић, Б., 2013, *Правна уређеност сектора безбедности Србије*, Београд, Београдски центар за безбедносну политику; Милосављевић, Б., 2011, *Увод у теорију уставног права*, Београд, Правни факултет Универзитета Унион и Јавно предузеће Службени гласник; Кошутић, Б., 1974, *Увод у право*, Београд, Виша школа унутрашњих послова; Спекторски, Е.В., 2000, *Држава и њен живот*, Београд, Правни факултет Универзитета у Београду – Центар за публикације; Hantington, S., 2004, *Vojnik i država: teorija i politika civilno-vojnih odnosa*, Beograd, Centar za studije Jugoistočne Evrope, Fakultet političkih nauka, Diplomatska akademija; Милков, Д., 2009, *Управно право I, Уводна и организациона питања*, Нови Сад, Центар за издавачку делатност – Правни факултет; Hejvud, E., 2004, *Politika*, Beograd, Clio; Лукић, Р., 1970, *Увод у право*, Београд, Научна књига; Милосављевић, Б., Поповић, Д., 2009, *Уставно право*, Треће измењено и допуњено издање, Београд, Правни факултет Универзитета Унион и Јавно предузеће Службени гласник; Rols, DŽ., 2003, *Pravo naroda sa „Još jednom o ideji javnog uma“,* Beograd, Alexandria Press, Nova srpska politička misao; Milosavljević, B., Petrović, P., Bezbednosno-obaveštajne službe Republike Srbije, u: Hadžić, M., Petrović, P., Stojanović, S. (ur.), 2009, *Godišnjak reforme sektora bezbednosti u Srbiji*, Beograd, Centar za civilno-vojne odnose; Милосављевић, Б., Овлашћења полиције и других државних органа за тајно прикупљање података: домаћи прописи и европски стандарди, у: Хаџић, М., Петровић, П. (ур.), 2008, *Демократски надзор над применом посебних овлашћења,* Београд, Центар за цивилно војне односе, Организација за европску безбедност и сарадњу, стр. 59–60; Savković, M., Državni organi sa određenim policijskim ovlašćenjima, u: Hadžić, M., Petrović, P., Stojanović, S. (ur.), 2009, *Godišnjak reforme sektora bezbednosti u Srbiji*, Beograd, Centar za civilno-vojne odnose, str. 253–280; Батарило, Б., Пореска полиција, у: Хаџић, М., Петровић, П. (ур.), 2008, *Демократски надзор над применом посебних овлашћења,* Београд, Центар за цивилно војне односе, Организација за европску безбедност и сарадњу, стр. 97–102; Милосављевић, Б., и др., 2012, *Скупштинска контрола и надзор сектора безбедности Србије, Приручник,* Београд,

ОЕБС, Београдски центар за безбедносну политику; Milosavljević, B., Pravna uređenost delovanja policije, u: Hadžić, M., Petrović, P., Stojanović, S. (ur.), 2009, *Godišnjak reforme sektora bezbednosti u Srbiji*, Beograd, Centar za civilno-vojne odnose; Miletić, S., *Osnovi javne bezbednosti – Poslovi i način rada*, Beograd, 2004; Miletić, S., Talijan, M., *Javna bezbednost*, Novi Sad, 2011; Jovičić, D., *Javna bezbjednost*, Banja Luka, 2011; Miletić, S., *Policijsko pravo,* I knjiga, Beograd, 1997; Miletić, S., Jugović, S., *Pravo unutrašnjih poslova,* Beograd, 2009; Baruh, I., (Ur.), *Mala politička enciklopedija*, Beograd, 1966; Miletić, S., *Policijsko pravo*, II knjiga, Beograd, 2000; Evropsкi kodeks policijske etike. Recommendation Rec(2001)10 of the Committee of Ministers to member states on the European Code of Police Ethics *(Adopted by the Committee of Ministers on 19 September 2001 at the 765th meeting of the Ministers' Deputies)* with Appendix to Recommendation Rec(2001)10 on the European Code of Police Ethics and Explanatory Memorandum; Bayley, D., „Police Function, Structure, and Control in Western Europe and North America: Comparative and Historical Studies", *Crime and Justice*, Vol. 1., 1979, pp.109–143; Ivetić, S., Miladinović, A., *Javna bezbjednost*, Banja Luka, 2013; Иветић, Стево; Павловић, Гојко: *Упоредни модели приватног обезбјеђења личности и објеката*, Монографија, ОЕБС Мисија у БиХ, Сарајево, 2015; Kesić, Z., *Privatni sektor u kontroli kriminaliteta*, Beograd, 2009; Kržalić, A., *Stanje privatne sigurnosti u Bosni i Hercegovini*, Sarajevo, 2009; ULB, UNI-Europa and CoESS, *Preventing occupational hazards in the private security sector (manned guarding and surveillance services)*, Bruxelles, 2004; Schulz, S., Yeung, C., *Private Military and Security Companies and Gender*, DCAF, Geneva, 2005; Singer, P., *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry*, New York, 2003; Brooks, D., Rathgeber, S.L., „The Industry Role in Regulating Private Security Companies", In: *Human Security Bulletin: Security Privatization: Challenges and Opportunities*, Vol. 6, Issue 3, 2008; Nikač, Ž., Pavlović, G., *Pravo privatne bezbednosti*, Beograd, 2012; Kržalić, A., *Privatna sigurnost*, Sarajevo, 2007; Bošković, M., *Kriminološki rečnik*, Novi Sad, 1999; Bošković, M., Keković, Z., *Obezbeđenje lica, imovine i poslovanja preduzeća (studija),* Beograd, 2003; Mandić, G., *Sistemi obezbeđenja i zaštite*, Beograd, 2004; Simić, R., Bošković, M., *Fizičko-tehnička zaštita objekata*, Beograd, 1995; Bošković, M., *Osnovi detektivske delatnosti*, Novi Sad, 2006; Pavlović, G., „Pravni aspekti detektivske djelatnosti (uporedni prikaz zakonskih odredbi kojima je regulisana detektivska djelatnost u bivšim jugoslovenskim republikama)", *Defendologija*, broj 23-24, 2008, str. 113–121; Vejnović, D., i dr., *Detektivska djelatnost*, Banja Luka-Ljubljana, 2008.

# ГЛАВА ДЕВЕТТА
# ЈАВНО-ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО ВО ОСТВАРУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА

## ЦЕЛИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ПОСТИГНАТ

Да се разбере концептот на Јавно-приватно партнерство кое претставува соработка помеѓу јавниот сектор (централната или локалната власт) и приватниот сектор, за дејности кои се во надлежност исклучиво на јавен орган и истото е уредено со Законот за концесии и јавно-приватно партнерство (Службен весник на РМ,бр. 6/12). Споменатиот Закон пропишува можност за договорно регулирана соработка која за безбедноста би се однесувала на јавна набавка на услуга. Треба да се согледа синергијата на јавните и приватните капацитети и ресурси од областа на безбедноста, со што ќе се придонесе за зголемување на ефикасноста и ефективноста во борбата против сите форми на криминал и загрозувања на општата безбедност.

## ВОВЕДНИ РАЗГЛЕДУВАЊА

Речиси четири века во светот владееше т.н. вештачки модел на организација заснован на територијален суверенитет, забрана за мешање во внатрешните работи, државен монопол врз средствата за принуда, релативно ниско ниво на соработка и непостоење надреден над државата. Меѓутоа, при крајот на XX век сите овие работи беа доведени во прашање. Новите форми и облици на мултилателарна соработка и кооперација во глобалната политика воспоставуваат голем број владини, меѓувладини и невладини организации кои дејствуваат наместо горенаведените принципи. На почетокот на 20 век постоеја 37 меѓувладини и 176 меѓународни невладини организации, а при крајот на истиот век тој број достигна импресивни  6 743 меѓувладини и 47 098 невладини организации (Held and Mc Grew, 2002:18). Надворешните и внатрешните работи, различни правни механизми и др. повеќе не се во надлежност само и исклучиво на државата.

Во осумдесеттите години на XX век дојде до бран на приватизација во кој голем број од јавните сервиси и инфраструктура беа преместени во приватниот сектор. Податоците укажуваат на тоа дека помеѓу 1980-1992 година осумдесет држави во светот приватизирале приближно 6 800 државни претпријатија. Предводник беше Велика Британија која најпрво ја денационализираше британската воена индустрија, за во текот на 1980 година оваа програма ја прошири и на споредните одбранбени услуги, како што се набавка, обезбедување, обука, снабдување и поддршка на операциите. Ова беше урнек кој го следеа владите на бројни земји во тој период, како САД, земјите на Африка, Латинска Америка, а главниот аргумент беше намалување на трошоците, префрлање на ризикот, како и зголемување на економската флексибилност и ефикасност на државните институции (Buckland and Winkler, 2011:14–15). И покрај сето ова, националната држава сѐ уште е реален чинител на современиот свет, но големи очекувања од нејзиното по-

степено укинување и слабеење на нејзината моќ имаат следбениците на глобализацијата, пред сѐ, неолибералите, кои на тој начин видоа шанса за забрзување на процесот на глобализација и оставање на економските текови без контрола. Како што наведува Хабермас, „процесот на исчезнување на општествата организирани во национални држави, постмодернизмот го препознава „крајот на политиката“, на што се надева и неолиберализмот, кој би сакал, колку што е можно, да ги препушти управувачките функции на пазарот“ (Habermas, 2002:67).

Преносот на државните функции на приватниот сектор се случува на сите полиња на државната активност, вклучувајќи ги и оние врз кои националната држава порано држеше монопол (Schreier and Caparini, 2005:86), а најдраматичниот напад на приватниот сектор во јавниот живот можеби беше токму во доменот на безбедноста. Одговарајќи на прашањето зошто безбедноста е приватизирана, Питер Сингер, еден од познатите автори кои се занимаваат со оваа тематика, истакнува дека не постои една проста причина која довела до оваа појава. Наместо тоа, тој наведува дека приватизацијата на безбедноста е јасен и впечатлив претставник на променетата глобална безбедност и работно опкружување на почетокот на XXI век (Singer, 2003:49). Како главни фактори на приватизацијата на безбедноста воопшто, Сингер ги наведува намалувањето на јавната потрошувачка и *outsourcing* услугите во приватниот сектор т.н. маркетизација на јавната управа, како и други фактори кои настануваат како последица на завршувањето на Студената војна, а меѓу кои се намалувањето на бројот на припадници во армијата, полицијата и безбедносните служби.

Денес приватните безбедносни компании даваат воени и безбедносни услуги на држави, меѓународни организации, невладини организации, глобални корпорации и богати поединци. Така, на пример, според наводите на Дебора Авант (*Deborah Avant)* „секоја мировна операција која од деведесеттите години на минатиот век ја водеа Обединетите нации,

вклучуваше присуство на приватни безбедносни компании, додека големите компании редовно ги ангажираат да го чуваат нивниот персонал и постројки. Во текот на деведесеттите години на XX век приватните фирми ги обучуваа армиите во повеќе од 42 земји, а, исто така, се тврди дека неколку стотици компании глобално дејствуваа во повеќе од 100 земји на шест континенти" (Avant, 2012:553).

Кај нас, т.е. во нашите општествени околности можат да се разликуваат два начина на кои се манифестира дејноста на овој сектор. Првиот, го сочинуваат услугите кои ги даваат приватните безбедносни компании, односно приватните претпријатија, а за чие користење се плаќа надомест. Вториот, го сочинуваат самостојни безбедносни служби кои се организираат во состав на јавните и приватните претпријатија, а кои се финансираат, организираат и управуваат за сопствени потреби (Павловић, 2015). Во врска со тоа, треба да се потенцира дека приватниот безбедносен сектор не е конкуренција на државата и нејзината безбедност, туку напротив, израз на потребата на општеството, граѓаните и приватниот капитал во соработка со државните органи да придонесат кон тоа општата безбедност да биде на повисоко ниво во интерес на сите. Допрва со потполна соработка на јавниот и приватниот безбедносен сектор потенцијалите на двата сектора можат да се искористат на најдобар можен начин. Заедничките активности за зачувување и унапредување на внатрешната безбедност се согледуваат првенствено во напорите кои ги вложуваат јавните и приватните субјекти во изнаоѓање решенија кои придонесуваат кон спречување на современите безбедносни закани (Report of the Seminar Public-Private Partnership, 2003:6). Услов за изнаоѓање на овие решенија е најпрво воспоставување меѓународна комуникација и соработка која како краен исход треба да доведе до партнерски односи помеѓу овие два сектора. Меѓутоа, постоечката правна рамка не придонесува кон развивање на соработката и партнерството на овие два сектора за заштита на критичната инфрастуктура.

## МОДЕЛИ НА ЈАВНО-ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО ВО БЕЗБЕДНОСТА

Треба да се нагласи дека прецизно дефинирање на партнерството на јавното и приватното не е едноставно. Поголемиот дел автори нагласуваат дека неговата основна цел е поекономично, поделотворно и поуспешно давање услуги во однос на традиционалните начини. Така, одредени го опишуваат јавното-приватно партнерство како соработка помеѓу јавниот и приватниот сектор на подрачјата на планирање, производство, давање услуги, финансирање, работење или наплатување на јавните работи (Даничић; Максимовић, 2012: 95). Жан–Етјен Бетигнис (*Jean-Etienne Bettignies*) и Томас Рос (*Thomas Ross*) од економски аспект го дефинираат јавното-приватно партнерство како договорен однос помеѓу јавниот сектор и приватните инвеститори во изградба на јавните објекти и испорака на јавните услуги кои претходно традиционално беа испорачувани од страна на јавниот сектор (Bettignies and Ross, 2004). Според тоа, партнерството на јавниот и приватниот претставува кооперативно дејствување на јавниот сектор со приватниот сектор со цел давање јавни услуги, изградба или производство на стока.

Јавното-приватно партнерство (анг. *PPP - Public Private Partnership*) е модел на давање јавни услуги, (кратенката ППП најмногу се користи, но постојат и други како, на пример, PPI – *Private Participation in Infrastructure*; P3 - северноамерикански назив за ППП; PFP - *Privately Financed Projects* – како израз кој најмногу се користи во Австралија; PSP - *Private Sector Participation* – израз кој е чест во банкарскиот сектор во развојните банки; PFI - *Privat Financing Initiative* – често се користи во Велика Британија, Јапонија; P-P - *Private partnership*, Bačelić i Bačelić, 2013: 89), кој се наоѓа помеѓу т.н. *contracting out* соработка и приватизација. *Contracting out* соработка подразбира дека на приватниот давател на услугите му е сè однапред дефинирано (услугата, стандардот и начинот на давањето на услугата) од страна на јавниот сектор, додека приватниот сектор ја испорачува услугата со помали трошоци

за јавниот сектор. Значи, тоа е своевиден облик на *outsourcing* услуга, додека приватизацијата претставува конечно и целосно препуштање на некоја јавна услуга на приватниот сектор. Кај јавното-приватно партнерство основот и суштината на односот е во партнерското усогласување на ставовите и заедничкото одлучување за ефикасниот начин на испорака на јавната услуга (Osborne, 2000, според: Bačelić i Bačelić, 2013:89).

Гледано од аспект на безбедноста, главната цел на овој вид соработка, т.е. на ниво на партнерство би морала да биде размената на информациите заради спречување и ублажување на заканите и подобрување на подготвеноста за итни одговори на сите безбедносни закани (Carter, 2008:235–236).

Објаснувајќи ја природата на односот помеѓу јавниот и приватниот сектор на безбедност и реакциите на канадската полиција на процесот на пораст на секторот на приватната безбедност, Филип Стенинг (*Philip Stennig*) своевремено уочува седум фази на приспособување на овој процес. Тоа се следниве фази: „одрекување; неволно признавање; конкуренција и отворено непријателство; повик за поголема контрола, заемна недоверба и амбивалентност; активно партнерство и рамноправно партнерство“ (Reisig and Kane, 2014:583, спрема: Radivojević, 2015:210).

Моделите на јавните-приватни партнерства во областа на безбедноста веќе постојат во други земји, како, на пример, во САД[*], Велика Британија[**] и Србија[***]. Меѓу познатите е т.н.

[*] Види: Операција „Соработка“ (*Operation Cooperation*); Програма *LEAPS* – соработка на регионалната полиција и приватната безбдност; Советодавно тело за безбедност во странство (*OSAC*); Подрачје на заедничко дејствување на полицијата/приватната безбедност (*APPL*) (Marjanović, 2015:277–280).

[**] Види: Проект Грифин, http://www.met.police.uk/projectgriffin/aims.html, пристап: 18.09.2015. година, во 11.30 часот; Проект Пегаз, http://www.sussex.police.uk/policing-in-sussex/your-community/counter-terrorism-projects/project-pegasus пристап: 18.09.2015. година, во 13.30 часот.

[***] Види: Комисија за јавно-приватно партнерство во секторот на безбедност на Р Србија http://www.pks.rs/ONama.aspx?id=254&p=0&, пристап: 18.09.2015. година, во 14.00 часот.

Проект Грифин (*Project Griffin*) во Велика Британија. Задачата на овој проект е да ги советува и да ги информира менаџерите, службениците на приватната безбедност и вработените во јавниот и приватниот сектор за прашањата на безбедност и борба против тероризмот, како и за прашањата за превенција на криминалот. Најважните цели на програмата се: подигање на свеста за актуелните прашања за тероризмот и криминалот; делење и собирање разузнавачки податоци и информации; градење и одржување ефикасни работни односи; барање решенија за сузбивање на тероризмот и криминалот; одржување на довербата во полицијата и другите органи; како и овозможување и оспособување на луѓето да пријавуваат сомнителни активности и однесувања (Marjanović, 2015:277). Во Република Србија постои Комисија за јавно-приватно партнерство во секторот на безбедноста. Оваа Комисија е основана на почетокот на 2012 година, врз основа на меморандум за соработка на Министерството за внатрешни работи и Стопанската комора. Главна цел е зајакнување на функционалната соработка и остварување на заедничките интереси на МВР на РС и ПКС, следејќи го процесот на придружување на ЕУ и членството во Здружението за приватно обезбедување во CoESS организацијата. Придонесот се гледа во реализацијата на дел од Стратегијата на националната безбедност на Република Србија која се однесува на активното учество на актерите од секторот на приватната безбедност во структурата на системите за национална безбедност. Како приоритети во својата работа Комисијата ги наведе: Заеднички одговор на критичните инциденти; Координација на обезбедување на критичната инфраструктура; Комуникација и интероперабилност на податоците; Информирање и размена на информациите (Комисија за јавно-приватно партнерство во секторот на безбедност на Р Србија, 2013).

## ПРЕДВИЗИЦИ И МОЖНОСТИ ВО ПАРТНЕРСТВОТО

Во својата публикација од 2010 година работната група за критичната инфраструктура на Центарот за студии за европската политика од Брисел, од организациски аспект ги наведе следните предизвици во заштита на критичните инфраструктури: „односот на јавниот и приватниот сектор; безграничност, особено од аспект на критичната информациска инфраструктура која не познава физички бариери и политички граници; многуслојно вмрежување; комплексност; зависност од одлуките кои ги носат луѓето од ранливост" (Heammerli and Renda, 2010, според: Perinić и Mikac, 2014: 1147-1148). Според Б. Бакланду и Т. Винклеру, општо гледано, постојат четири групи предизвици, во рамките на кои понатаму постојат подргупи, т.е. конкретни предизвици, а тоа се: надзор, правни мерки, саморегулирање, договори (Buckland and Winkler, 2011). Додека Г. Максимовиќ подетално ги разработува овие групи на предизвици, наведува: системски, формално-правни, предизвици на организациски култури, предизвици на надзор и саморегулирање (Maksimović, 2014).

Исто така, бројни се предизвиците во заштита на критичната инфраструктура која се управува со помош на современите технологии и информациските системи. Како предизвици се наведуваат: управување и безбедносен менаџмент, безбедносен дизајн на мрежна архитектура и контрола, безбедносна комуникација помеѓу контролните уреди, систем за самопоправање во случај на напад, моделирање и симулација, ситуациона спремност, форензички техники, едукација, приватност (Alcaraz and Zeadally, 2015). Мерките за заштита во овие случаи би требало да вклучуваат не само традиционални механизми за откривање и реагирање на потенцијалните закани, туку системот на заштита би требало да содржи и механизми способни да идентификуваат ранливости кои можат да доведат до загрозување.

Предизвиците и можностите во развивањето на партнерските односи на полицијата и секторот за приватна безбедност општо во странската литература се објаснети, пред сè, со укажување на одредени разлики и сличности кои постојат помеѓу овие два сектора, како и со истакнување на нивните предности и недостатоци (Radivojević, 2015:210). Така, во 1977 година Американското советодавно тело за приватна безбедност идентификува седум клучни точки кои ја оневозможуваат соработката помеѓу секторот на јавна и приватна безбедност. Тоа се: 1) недостиг на заемно почитување; 2) недостиг на комуникација; 3) недостиг на (формална) соработка; 4) недостиг на знаење на припадниците на полицијата за приватната безбедност; 5) конкуренција; 6) недостиг на стандарди (во приватната безбедност) и 7) корупција (во двата сектора) (Prenzler, 2013:18). Од наведените, првите три точки, секако, важат и денес.

Во врска со тоа, треба да се нагласи дека кај нас моментално постојат силни критички сфаќања во врска со приватниот сектор за безбедност и неговите можности. Ова, пред сè, поради тоа што во општествата во транзиција сè уште е застапено традиционалното разбирање во согласност со кое само државата има монопол врз работите од безбедноста (т.н. државно-центрично сфаќање на безбедноста, при што се занемаруваат другите концепти на безбедноста, на пр., човековата безбедност), како и поради често неадекватно регулиран приватен сектор на безбедност. Оттаму произлегува и недовербата кон приватните иницијативи, така што приватниот сектор во најдобар случај се доживува како конкуренција, а понекогаш дури и како закана за државните служби за безбедност (Pavlović, 2015). Исто така, постојат сфаќања според кои приватните претпријатија основани за давање услуги на безбедност не се погодни да бидат партнери со јавниот сектор за безбедност поради својата профитно ориентирана природа.

Како еден од предизвиците, исто така, многу често се истакнува професионализацијата на секторот на приватната без-

бедност. Се нагласува дека високата профитабилност на приватниот сектор за безбедност мора да биде доведена во согласност со барањата на владеењето на правото и истовремените реформи во секторот за безбедност кој е квантитативно во пораст, но чиј квалитет на услугите сè уште е под знак прашалник. Во врска со тоа се заклучува дека „оспособеноста мора да се подигне на многу повисоко ниво на стандарди на давање услуги на заштита што гарантира непречено работење и функционалност на критичните инфраструктури без пречки“ (Nađ i dr., 2014: 1128).

Одделни автори предупредуваат на тоа дека е потребно да се води сметка и за тоа приватниот сектор да се развива на контролиран начин. Доколку би било поинаку, т.е. доколку овој сектор излезе надвор од системот на демократска контрола, постои опасност да се трансформира во приватизирана и отуѓена сила, со што би можела да се изгуби смислата на постоење како правен субјект во системот на безбедноста. Оваа ситуација, исто така, би можела да генерира и различни други облици на отуѓување и деформации кои понатаму би можеле да произведат големи ризици за правата и слободите на граѓаните, како и за демократијата во една земја (Spaseski, 2009). Приватните актери во безбедносниот сектор кај нас не се директно одговорни на избирачкото тело и демократските институции. Иако за своите престапи би можеле во правна смисла да бидат „гонети“ врз основа на кривичната и договорната одговорност, сепак, ги избегнуваат повеќето процедурални контроли и буџетски ограничувања кои важат за другите државни агенции. Исто така, многу често се изземени од законодавниот, од извршниот и од судскиот надзор со кој државните агенции мораат да се усогласат (Buckland and Winkler, 2011:19). Во развиените земји е поинаку. Таму со правната рамка јасно е уреден секторот за приватна безбедност и неговиот однос кон државните служби кои ја препознаваат неговата општествена корист.

Од друга страна, се нагласува и тоа дека доколку меѓу овие субјекти постои вистинска рамнотежа, јасно и прецизно

регулирани односи и подготвеност за соработка, дефинирана надлежност, одговорност и поделба на работата, нивните капацитети ќе бидат мултиплицирани. Ваквата состојба би се одразила позитивно на вкупната безбедност во општеството. Поделбата на ризикот, исто така, претставува елемент кој оди во прилог на јавниот сектор и кој ја намалува одговорноста на јавниот сектор во делот на работите доверени на приватниот сектор, во смисла на нивното правовремено и ефикасно вршење. Делењето на ресурсите и информациите меѓу овие сектори ги намалува трошоците за ангажирање на нивните капацитети (Đurovski, 2013:180).

Исто така, партнерството дава и многу погодности во однос на традиционалните облици на давање јавни услуги и во поглед на побрзата интеграција на новите технологии во системот на заштита. Конечно, ангажирањето на приватниот сектор за безбедност при заштита на критичната инфраструктура би овозможило на јавниот сектор за безбедност да ги пренасочи своите ресурси кон спречување организиран криминал, тероризам и други тешки облици на загрозување на безбедноста (Daničić, Maksimović, 2012:106-107). Меѓутоа, она што допрва треба да стане реалност е комуникацијата, т.е. делењето информации помеѓу овие два сектора, а потоа и соработка на еден општ концепт на заштита на критичната инфраструктура.

И покрај бројните дилеми и неодговорени прашања во врска со приватизацијата во секторот на безбедноста, јасно е дека таа е присутна (истражувањата за состојбата на приватната безбедност укажуваат на тоа дека во Европа во приватниот сектор за безбедност дејствуваат околу 52 300 приватни безбедносни компании кои вработуваат вкупно околу 2 170 589 работници, така што европската индустрија на приватна безбедност генерира годишен промет од околу 23 милијарди евра, De Clerck, 2010:5). Денес бројни приватни актери се ангажирани во повеќе области: одбрана, собирање разузнавачки податоци, воени операции, обуки, служби за обезбедување,

затвори и многи други. Услугите кои ги нудат, односно дејноста на овие компании е: физичка заштита, техничка заштита, детективски услуги, стручно советување, обука и тренинг на полициските единици, разузнавачка дејност, заштита на критичната инфраструктура, осигурување конвои за хуманитарна помош и превоз на стока, лична безбедност, логистичка поддршка и др. (Gjurovski-Pavlovic-Milevska-Stefanovska, 2016).

И покрај тоа, сè уште се силни критичките сфаќања на приватниот сектор за безбедност. Во врска со предизвиците во воспоставување на јавно-приватно партнерство неопходно е да се укаже најпрво на неможноста за институционална соработа меѓу овие два сектора. Во законите со кои се регулирани овие области на јавната и приватната безбедност кај нас не постојат претпоставки кои би овозможиле приближување на двата сектора, ниту нивна продлабочена соработка која би требала да резултира со партнерство. Исто така, не постојат организациски претпоставки за соработка меѓу овие два сектора. Потоа, не се регулирани начините (механизмите) за остварување комуникација и соработка. Притоа секторот за приватна безбедност и понатаму е во подредена положба во однос на јавниот сектор за безбедност и сл.

Имајќи го предвид претходно наведеното, за значајно унапредување на состојбата во оваа област би било добро најпрво да се изгради соодветна политичка и правна рамка. Имајќи го предвид фактот дека во Европската Унија постои согласност за неопходноста за вклучување на државите кои не се членки на ЕУ, би требало, по пример на Европската Унија, да се изработат најпрво Стратегии за внатрешна безбедност, во кои како еден од субјектите за остварување на безбедноста би морал да се препознае и приватниот сектор за безбедност. Истовремено би требало да се изменат постоечките закони со кој е регулирана областа на приватната безбедност кај нас, поради тоа што моментално тие не се соодветни и не даваат можност за воспоставување соработка на ниво на партнерства

со јавниот сектор за безбедност (Gjurovski-Pavlovic-Milevska-Stefanovska, 2016).

Развивањето на правните капацитети ќе влијае и на јакнењето на институционалните капацитети во областа на соработка на јавниот и приватниот сектор за безбедност. Таквите капацитети ќе послужат, пред сè, за воспоставување комуникација и меѓусебно разбирање на овие два сектора, потоа соработка и конечно изградба на партнерски односи на јавниот и приватниот сектор за безбедност. Ова, секако, ќе има позитивни ефекти во остварувањето на безбедноста воопшто.

**ПРАШАЊА ЗА ДИСКУСИЈА:**

Кои се моделите на јавното приватно партнерство во безбедноста?

Кои можности ги дава концептот на јавно приватно партнерство?

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ЗА ПОГЛАВЈЕТО

Alcaraz C., Zeadally S. (2015), Critical infrastructure protection: Requirements and Challenges for the 21st century, *International Journal of Critical Infrastructure Protection*, Volume 8, pp. 53 – 66; Avant, D. (2012), Privatna bezbednost, u: Vilijams, P. (pr.), *Uvod u studije bezbednosti*, Beograd, Javno preduzeće Službeni glasnik, Univerzitet u Beogradu – Fakultet bezbednosti, str. 549–566; Bačelić, J., Bačelić, Z. (2013), Javno-privatno partnerstvo – redefiniranje potreba i ciljeva u krizama, u: Toth, I. (ur.), *Dani kriznog upravljanja,* Zbornik radova sa 6. Međunarodnog naučnog skupa, Velika Gorica, Veleučilište Velika Gorica, str. 805–827; Bettigness de J. - E., Ross, T. (2004), The Economics of Public Private Partneship, *Canadian Public Policy – Analyze the Politiques*, Vol XXX, No. 2, pp. 135–154; Buckland, B., Winkler, T. (2011), *Javno-privatna saradnja: izazovi i mogućnosti upravljanja bezbjednošću*, Beograd, Forum za bezbednost i demokratiju; Carter, J. G. (2008), The structure and function of public-private partnerships for homeland security, *Homeland Security Review*, 2(3), pp. 235–251; Daničić, M., Maksimović, G. (2012), Izazovi privatno-javnog partnerstva u sektoru bezbjednosti Republike Srpske, *Bezbjednost Policija Građani,* godina VIII, broj 1-2, str. 93–108; De Clerck, H. (2010), *Critical Infrastructure Security and Protection, The Public-Private Opportunity*, Wemmel, CoESS; Dutch Ministry of Justice, Dutch Association of Insurers (2003), *Report of the Seminar Public-Private Partnership (PPP) held on 16 and 17 December 2002*, The Hague; Đurovski, M. (2013), National platform of the Republic of Macedonia for reducing the risks of catastrophes efficiency mechanism, in: Keković, Z., Čaleta, D., Kešetović, Ž., Jeftić, Z. (ed.), National critical infrastructure protection regional perspective, Belgrade, University of Belgrade – Faculty of Security Studies, Institute for Corporative Security Studies Ljubljana, pp. 179–188; Habermas, J. (2002), *Postanacionalna konstelacija*, Beograd, Otkrovenje; Heammerli, B., and Renda, A. (2010), *Protecting Critical Infrastructure in the EU*, Brussels, Centre for European Policy Studies; Held, D., Mc Grew, A. (2002), *Globalization/Anti-globalization*, Cambridge, Polity Press; Komisija za javno privatno partnertstvo (2013), *Javno privatno partnertstvo u sektoru bezbednosti R. Srbije*, Beograd, Seminar TAIEX, 24/25.04.2013. godine;

Maksimović, G. (2014), Izazovi privatno-javnog partnerstva u sektoru zaštite kritične infrastrukture, u: Nađ, I. (ur.), *Dani kriznog upravljanja*, Zbornik radova sa 7. Međunarodne znanstveno-stručne konferencije, Velika Gorica, Veleučilište Velika Gorica, str. 475–488; Marjanović, M. (2015), Partnerstvo između privatnog i javnog sektora bezbjednosti, u: Kolarić, D. (ur.), *Suprotstavljanje savremenim oblicima kriminaliteta – analiza stanja, evropski standardi i mere za unapređenje*, Zbornik radova sa Naučno-stručnog skupa sa međunarodnim učešćem, Tom 3, Beograd, Kriminalističko-policijska akademija, Hans Zajdel fondacija, str. 275–285; Nađ, I., i dr., (2014), Privatna zaštita kao čimbenik u zaštiti kritične infrastrukture, u: Nađ, I. (ur.), *Dani kriznog upravljanja*, Zbornik radova sa 7. Međunarodne znanstveno-stručne konferencije, Velika Gorica, Veleučilište Velika Gorica, str. 1111–1128; Osborne, S. (2000), *PPP Theory and Practise in International Perspective*, London, Routledge; Pavlović, G. (2015), Javno-privatno partnerstvo u sektoru bezbjednosti - izazovi i mogućnosti u zaštiti kritične infrastrukture od terorizma, u: Vejnovoć, D., Pavlović, G. (ur.), *Zaštita kritične infrastrukture u Republici Srpskoj,* Tematski zbornik, Evropski defendologija centar, Banja Luka, str. 38–53; Perinić, J., Mikac, R. (2014), Politike zaštite kritične infrastrukture na primjerima Europske Unije, u: Nađ, I. (ur.), *Dani kriznog upravljanja*, Zbornik radova sa 7. Međunarodne znanstveno-stručne konferencije, Velika Gorica, Veleučilište Velika Gorica, str. 1145–1158; Prenzler, T. (2013), *Outsourcing of Policing Tasks: Scope and Prospects – Report,* Australian Security Industry Association Limited; Radivojević, N. (2015), Neki problemi u odnosima policije i sektora privatnog obezbeđenja, u: Kolarić, D. (ur.), *Suprotstavljanje savremenim oblicima kriminaliteta – analiza stanja, evropski standardi i mere za unapređenje*, Zbornik radova sa Naučno-stručnog skupa sa međunarodnim učešćem, Tom 3, Beograd, Kriminalističko-policijska akademija, Hans Zajdel fondacija, str. 209–220; Reisig, D. M., Kane, J. R. (2014), *Police and Policing*, New York, Oxford University Press; Schreier, F., Caparini, M. (2005), *Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies*, Geneva, DCAF; Singer, P. (2003), *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry*, Ithaca, Cornell University Press; Spaseski, J. (2009), Private Security as an Integral Part of the Single Security System, *VARSTVOSLOVJE*, year 11,

no. 2, pp. 305–315; Marjan Gjurovski, Gojko Pavlovic, Verica Milevska-Stefanovska: „Izazovi i mogućnosti javno-privatnog partnerstva u sektoru bezbjednosti na zaštiti kritične infrastrukture“, U: Zborniku radova sa 9. Međunarodne znanstveno-stručne konferencije *Dani kriznog upravljanja*, Veleučilište Velika Gorica, Split, 2016, str. 125–131.

## *ИНДЕКС НА АВТОРИ*


Aćimović, LJ, 228
Aligijeri, D. 18
Avant, D. 280
Avramov, S. & Kreca, M., 45
Bailes,A. 20
Bajagić, M. 15
Baldwin, D. 81, 83, 87, 211, 218
Banjanin, M.K. 177
Baruh, I. 253
Bayley, D. 254
Belak, S. 162
Bošković, M. 265, 268, 269, 271
Bošnjak, B. 21
Buckland, B & Winkler, T. 279, 285, 287
Burke, A. 24, 35, 87
Buzan, B. 214, 215
Buzan, B., Wæver,O., de Wilde, J. 83
Deudneu, D. 57
Dillon, M. 78
Dimitrijević, V.&Stojanović, R. 16
Dragišić, Z. 25
Đurić, M. 199
Đurovski, M. 288
Ejdus, F. 221, 226
Femić Vukčević, D. 17, 18
Gjurovski, M., Pavlović, G., Milevska-Stefanovska, V. 289, 290
Gredelj, S. 197
Grizold, A. 15, 18, 24, 26, 29
Hampson, F.O., 225
Hantington, S. 242
Heammerli,B., & Renda,A. 285
Held, D. & Mc Grew, A. 279
Hobbes, T. 21
Homer-Dixon, T. 56
Ibler, V. 228
Ignjatović, Đ. 119, 186, 187
Irwin, S.P. & Walker, G. 157
Ivetić, S. & Miladinović, A. 250
Ivetić, S. & Pavlović,G. 265, 268
Jovičić, D. 249, 253
Kant, I. 23
Katzenstein, P. 78, 231
Keković, Z. 25, 268, 269
Kesić,Z. 260
Koen, M. & Nejgl,E. 131
Kržalić, A. 260, 264
Laurence, M. 111
Leibniz, G.W. 21
Levy, M. 57
Lipman, W. 6
Makijaveli,N. 19
Mandel, R. 27
Marjanović, M. 284
Mayers, N. 56
Medawar, P. 100, 162

Meller, B. 229
Mijalković, S. 25, 26, 28, 44
Mijalkovič,S. & Keserović 37
Miletić, S. 223, 248, 249, 250, 252, 254, 255
Miletić, S., & Jugović, S. 256
Milić, V., 161, 171, 175, 185, 186, 200
Milosavljević, B., 20, 21, 25, 109, 245
Milošević, N., 186
Montesquieu, C. 21
Mužić, V., 193
Nađ, I. 287
Nikač, Ž., & Pavlović,G. 263
Novosel, P. 158
Neuman, L. 193
Oberlajtner, G. 222
Okasha, S. 187
Osborne, S. 283
Pavlović, G. 21, 23, 24, 27, 77, 112, 228, 230, 231, 265, 258, 270, 272, 286
Pavlović, G., & Gjurovski, M. 77
Perinić, J. & Mikac, R., 285
Pertz, B. 96
Petrović, P. 28, 245
Popović, M. 175
Prins, G. 57
Radivojević, N. 283, 286
Ratković, R. 104
Ristić, Ž. 100, 162, 163
Rols, DŽ. 243
Rothschild, E. 20, 21, 22, 23, 24, 79, 215
Rousseau, J.J. 23
Savićević, D.M. 102, 159, 160, 161
Savković, M. 256
Schratz, M. & Walker, G. 98
Schreier, F.,& Caparini, M. 20, 28, 215, 280
Schulz, Z.,& Yeung, C. 262, 264
Šešić, B. 104, 124, 192
Šešlija, Ž. 96, 126
Simić, D. 26, 221, 271
Singer, W. 27, 121, 263, 280
Smith, A.K. 22, 28, 217
Spaseski, J. 287
Spektorski, E.V., 22
Stajić, LJ. 123
Stajič L.J; Mijalkovič, S. Stanarevic, S. 44
Steans, J., 55
Stojak, R. 197
Stojanović, R., 22
Šušnjić, Đ., 130
Tanović, A. 136
Tatalović, S. 24, 27, 28, 29
Tener, F. 229
Таталовић, С. 81, 82, 86, 216
Vejnović, D. 272
Vilijams, P. 222
Vukadinović, R. 16, 18, 19, 20

Walt, L. 3
Wolfers, A. 6, 14, 81, 212
Živković, M. 50
Актон, Л. 2
Ангелески, М. 125
Антић,В. 123
Арнаудовски, Љ. 119, 194, 197
Аслимоски, П. 133, 135, 136
Бабић-Павловић,Д. 188
Бајагић. М. 78, 88, 213
Бакрески, О. 123
Банђур, В., & Потконјак, Н. 201, 204
Баткоска, Л. 193
Бачановиќ, О. 118
Башић,Н., & Стоетт, П. 218
Бован, С. 171, 173, 182
Бошковић, М. 119, 120
Ванковска, Б. 110
Вишњић, Д., Марчек, Ј., Ковач, М 123
Георгиева, Л. 3, 38
Герасимоски, С. 156
Гоцевски, Т. 124
Грамбозов, Б. 99
Гризолд, А. 81, 217
Гроздановски, Р. 99
Даљевић, М. 123
Димитријевић, В. 212, 229
Доневски, Б. 128
Драгишић, З. 218
Драшковиќ, Д. 184
Ејдус, Ф. 82, 89, 228
Зајечарановић, Г. 129
Јосифовски, Ј., & Илиевски, М. 177
Кековић, З. 211
Конт, О. 102
Лукић, Р. 182, 188, 191
Макијавели, Н. 18, 19, 61, 241
Марковић, М. 96
Мијалковић, С. 211, 213
Милетић,С. 82, 85
Милков, Д. 242
Милосављевић, Б., 79, 80, 87, 88, 89, 229, 242, 243, 245, 246, 258
Милосављевић, С. & Радосављевић, И. 189, 190, 191
Милошевић, Н., & Миливојевић, С., 104, 150, 151, 152, 181
Мирчев, Д. & Христова, Л. 158
Митревска, М. 7, 153, 154, 156
Митревска, М., & Гризолд, А., 7
Митровић, Љ., & Павловић, Г., 219
Мојаноски, Ц.Т. 149
Никодиновска Стефановска, С. 4, 154, 156, 221
Николоска, С., 136
Павловић, Г. 77, 82, 213, 216, 243, 244, 251, 256, 258, 259, 281

Панзова, В., 97

Пеливанов, Т. 176, 192, 198

Петровић, П., 216

Печујлић, М. & Милић, В.
98, 196, 199, 202, 203

Радуловић, Р. 81

Сакан, М., 95, 124, 125, 127, 128, 132, 133, 134, 135, 137, 138, 139, 171, 189, 190, 192

Симић, Д. 212, 213, 217, 229, 230

Спасески, Ј., 107, 108, 112, 113, 116, 149, 150, 153, 156, 157

Спасески, Ј., Николовски, М., Герасимовски, С., 230

Стајић, Љ. 6

Стојчев, В., 177, 179, 181, 182, 198

Сулејманов, З. 118

Таталовић, С. 82, 86, 216

Томић, З. 239

Трајковски, И. 102, 180, 188

Федотов, Н.Н. 135

Хаџић, М. & Милосављевић, Б.,
243

## *ИНДЕКС НА ПОИМИ*

аксиоматскиот метод,189

Анализата на содржината (Content Analisys), 197

анкета, 200

апсолутна безбедност, 36, 83, 88, 249

армијата, 5, 214, 239, 242, 243, 244

армијата во политиката, 243

асфалиалогија, 98, 100, 101, 103, 104, 105, 107, 111, 112, 113, 114, 115, 116, 117, 123, 124, 126, 129, 133, 134, 138, 159, 160, 161, 162, 172, 176

безбедносен сектор, 107, 123, 263, 281

безбедносен систем, 8, 76, 77, 108, 122, 155

безбедносна активност, 135

безбедносна комуникација, 285

безбедносна наука, 97, 98, 100, 126, 135

безбедносна ситуација, 53

безбедносната дилема, 60, 61, 63, 153

безбедносната појава, 51, 53, 54, 194, 200

безбедносната полиција, 255

безбедносната ситуација, 53, 108, 248, 249, 260

безбедносни закани, 8, 42, 57, 246, 283

безбедносни предизвици, 14, 57, 59, 88

безбедносни структури, 137

безбедносни услуги, 28, 217, 260, 261, 262, 264, 280

безбедносниот амбиент, 54

безбедносниот сектор, 122, 287

безбедносниот систем, 69, 117

безбедносните гаранции, 62

безбедносните науки, 51, 115, 124, 134, 135, 136, 137, 138, 140, 163

безбедносните служби, 239, 244, 245, 246, 268, 280

безбедносните студии, 3, 27, 217, 220, 221, 222

Безбедносните факти, 53

безбедносно-конструктивни појави, 52

безбедносно-разузнавачка функција, 245

безбедност во сообраќајот, 109

безбедност во туризмот, 109

безбедност и сигурност, 37, 79, 100

безбедност, сигурност и заштита, 107

безбедноста е појава, 111

безбедноста е сознајна појава, 35

безбедноста и обезбедувањето, 212

Безбедноста како дејност, 108

безбедноста како служба, 109

безбедноста на државите, 18, 60, 228

безбедноста на општеството, 27, 123

Вестфалскиот систем на национални држави, 28, 216

видови тестови, 201

внатрешната безбедност, 28, 210, 239, 240, 242, 281

воена и цивилна одбрана, 41,

воената професија, 241

воени и невоени, 42, 89, 228

воените закани, 212, 213, 229,

воените науки, 103, 139

вооружените органи, 239, 240

гарантирање на безбедноста, 215

глобализацијата, 88, 105, 160

глобалната безбедност, 1, 58, 210

даночната полиција, 256

дејност на полицијата, 252, 271

дејноста безбедност и науката, 100

дескриптивниот метод, 193

детективски услуги, 264, 289

дефинирани референтни објекти, 2

догматскиот метод, 191, 192

државна безбедност, 23, 99, 100

државно-центричен пристап, 27, 216, 221

државно-центрична безбедност, 213, 220

едукацијата на кадри, 127

еколошка безбедност, 44, 109

еколошката безбедност, 224

еколошката деградација, 27, 215, 221

економска и социјална безбедност, 43, 44

економска стабилност, 43

економскиот криминал, 110

експериментот, 195, 201

емпириска и теориска верификација, 151

енергетска стабилност, 43, 47

епистемолошката критика на безбедноста, 187

етнолошките истражувања, 202

етнометодолошката постапка, 203

ефективна воена одбрана, 212

загрозување на безбедноста, 37, 262

заедничка безбедност, 15, 21, 27, 216, 221

заедничка безбедност и слобода, 15

заканите за безбедноста, 89, 219

заштита на безбедноста на државата, 254

заштита на јавниот ред и мир, 254

заштита на критичната инфраструктура, 285, 288, 289

заштита на човековите права и безбедноста на граѓаните, 254

зборот безбедност, 22, 24, 77, 78, 79, 80, 98

здравствената безбедност, 224

знаења за научното истражување, 188

знаења за научното објаснување, 188

знаење за стварноста, 100

значењето на безбедноста, 26, 84, 215

значењето на зборовите, 97

именската страна на јазикот, 97

индикаторите, 53, 194

интегралната безбедност, 210

интроспекцијата, 158, 198

испитувањето, 121, 195

историско-компаративниот метод, 193

истражување на безбедноста, 54, 111, 159

истражувањето на доменот безбедност, 140

истражувачка практика, 187, 200

истражувачката постапка, 178, 184

јавната безбедност, 247, 248, 249, 250, 251, 255

јавниот сектор за безбедност, 286, 288, 289

јавното-приватно партнерство, 282, 283

Јазикот на науката, 98

клиничкиот метод, 197

кодекс на полициската етика, 254

колективна безбедност, 27, 213, 216

компјутерска форензика, 273

комуналните полицајци, 256, 258

контаразузнавачката дејност, 245

контрола на оружјето и муницијата, 254

концепти на безбедноста, 103, 212, 213, 214, 219

концептот на безбедноста, 4, 5, 34, 55, 210, 214, 215, 223, 229

кооперативна безбедност, 27, 210, 216

користење лажен идентитет, 247

криминалистика, 116, 120, 121, 135, 144

криминалистичката тактика, 117, 125

криминологијата, 105, 113, 116, 117, 118, 119, 120, 121, 134, 190

културниот идентитет, 224

легална и легитимна власт, 47

лична безбедност, 23, 46, 109, 249, 264, 289

личната безбедност, 224

матичните науки, 132

меѓународна – регионална стабилност, 43

меѓународна и глобална безбедност, 219

методологијата на асфалиалогијата, 126, 145, 159, 160, 172, 173, 177, 178, 181, 182, 183, 184, 185

методологијата на истражувањето, 102, 160, 161, 185

методолошката теорија, 149

методолошки истражувања, 186

методолошки пристап, 125

методот на истражување, 95, 105

методот на лични документи, 95, 105

методот на моделирање, 198

методот на случај, 196

методските постапки за собирање на податоците, 195

мировните студии, 139

мултидисциплинарен и компаративен пристап, 133

набљудувањето, 195, 198, 212

надворешната безбедност, 19, 42, 228, 242

наднационални механизми, 41

нарушување на човековите права, 27

наука за безбедност, 98

науката е орудие на мислата, 98

науката за безбедност, 55, 56, 57, 58, 59, 105, 106, 107, 121, 159, 171

науката за полицијата, 136

науките за безбедност, 126

научен разговор, 137

научна дисциплина, 101, 138, 187

научни дисциплини, 103, 105, 112, 122, 125, 133, 134, 135, 138, 139, 140, 150

научни закони и принципи, 95

научни хипотези, 95

научниот јазик, 98

научно истражување, 38, 149, 152, 176, 189, 193

научноистражувачката работа, 127, 128

научното сознание, 96, 171, 177

национална безбедност, 1, 24, 26, 55, 61, 69, 78, 110, 122, 154, 155, 214, 219, 220, 221, 228, 229

националните вредности и интереси, 46, 47, 48

недржавниот сектор за безбедност, 78, 231

нови науки и научни дисциплини, 133

нови теоретски модели, 27, 216

номиналистичката теорија, 98

нормативниот метод, 192

ограничување на насилството, 15

Одбрана, стабилност, мир, 41

оперативното обезбедување, 266

општествени вредности, 41, 43, 76, 105

организиран криминал, 247, 288

организираниот криминал, 9, 242

органите за безбедност, 114, 150, 151

отсуство на закани, 38, 60, 80, 81, 82, 229

перењето пари, 110, 136, 258

поимот безбедност, 2, 6, 7, 26, 38, 39, 42, 76, 77, 80, 81, 83, 84, 86, 87, 88, 97, 99, 100, 107, 109, 215, 217, 218, 228

поимот наука, 95, 101, 115

политичка безбедност на граѓаните, 43

политичка стабилност, 43

Политичката стабилност, 47

полициска интервенција, 255

полициската деонтологија, 136

полициски единици, 264

полициски овластувања, 256, 259

полициски работи, 252

полицискиот систем, 251

посебните методологии, 185

предмет на истражување, 54, 133, 149, 165, 173, 177, 178, 179, 197, 200

предмет на науката, 96, 112, 114, 171, 187

приватизација на безбедноста, 27, 231

приватизацијата на безбедноста, 263, 280

приватизацијата на војната и конфликтите, 28, 216

приватна безбедност, 274, 275, 286, 287, 288, 289

приватната безбедност, 135, 210, 247, 251, 260, 283, 284, 286, 288, 289

приватни актери, 288

приватни воени фирми, 262

приватни субјекти на безбедноста, 220

приватниот живот, 87

приватниот сектор за безбедност, 216, 259, 260, 261, 262, 271, 272, 284, 285, 287, 288, 289, 290

приватните безбедносни компании, 262, 263, 264, 280

приватните безбедносни претпријатија, 262

приватните детективи, 272, 273

применетата методологија, 185

природни или технолошки несреќи, 89

природните непогоди, 243

пристапи во теоријата, 104

процедурални контроли, 287

работи полицијата, 251, 255

разузнавачка дејност, 264, 289

референтни вредности и интереси, 45, 53

Референтни интереси на безбедноста, 44

ризици и закани, 88, 111

секјуритологија, 99, 178

секторот за приватна безбедност, 286, 287, 289

систем на безбедносните науки, 124

систем на кризен менаџмент, 9
слобода на медиумите, 224
слобода од закани, 2
собирање и откуп на тајни документи, 246
собирање разузнавачки податоци, 284, 288
собирањето на емпириските податоци, 195
состојба на загрозеност, 82
социологијата на безбедноста, 135
социометрискиот метод, 201
Статистичкиот метод, 199
стратегии и менаџмент, 117, 122, 135
структурно насилство, 1, 5, 25, 34, 42
студиите на безбедноста, 57
таен надзор, снимање и претрес, 246
тајно следење и надзор, 246
тврда и мека безбедност, 8
теорија на секуритизација, 82
територијалниот интегритет, 47, 78, 83, 88
Територијалниот интегритет, 47, 48
тероризам, сепаратизам и организираниот криминал, 242
тероризмот и криминалот, 284
техничка заштита, 40, 266, 268, 270, 271, 289
технички термини, 97
техничко обезбедување, 263, 264, 268, 269
техничко обезбедување и заштита на лица и имот, 268
тешки кривични дела, 247
трговијата со дрога, 110
тргувањето со луѓе, 110
физичка заштита, 264, 266, 289
физичкиот и психичкиот интегритет, 87
физичко обезбедување, 265, 266, 267, 268
Филозофијата на безбедноста, 111
хиерархија на човековите потреби, 86
хипотетички ставови, 151
хипотетично-дедуктивниот метод, 189, 190
царинските органи, 256, 258
цивилна (граѓанска) безбедност, 109
цивилна контрола на војска, 42
цивилната заштита, 40
човековата безбедност, 222, 223, 224, 225, 226, 227, 228, 229, 230, 286
човековите права, 13, 27, 45, 46, 77, 78, 154, 215, 222, 223, 224, 225, 226, 227, 228, 231, 240, 244, 252, 254, 256, 259
чувството за безбедност, 110

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека «Св. Климент Охридски», Скопје

355/359(075.8)
351.74(075.8)

МОЈАНОСКИ, Цане Т.
Вовед во безбедноста / Цане Т. Мојаноски, Марјан Ѓуровски, Гојко Павловиќ. - Скопје : Факултет за безбедност : Фодација Конрад Аденауер, 2019. - VI, 266 стр. ; 25 см

Фусноти кон текстот. - Библиографија кон главите, - Регистри.

ISBN 978-608-4828-41-9 (Факултет за безбедност)
ISBN 978-608-4648-42-0 (Фодација Конрад Аденауер)
1. Ѓуровски, Марјан [автор] 2. Павловиќ, Гојко [автор]
а) Безбедност - Високошколски учебници
COBISS.MK-ID 109476874